Врз основа на член 6 од Законот за Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19) и член 27-а став 1 од Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/01, 98/02, 9/03, 47/03, 64/03, 67/03, 51/06, 5/07, 15/07, 26/07, 30/07, 58/07, 105/07, 116/07, 129/07, 157/07, 29/08, 51/08, 86/08, 144/08, 42/09, 62/09, 141/09, 162/09, 40/10, 83/10, 166/10, 172/10, 95/11, 151/11, 170/11, 67/13, 145/14, 62/15, 41/16, 153/16 и 113/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.228/19, 72/20 и 215/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 19 јануари 2021 година, донесе

# ПРОГРАМА

## за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година

Програмата за работа на Владата на Република  Северна Македонија за 2021 година е согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија 2020-2024 година, Методологијата за стратешко планирање и подготвување на Годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/08 и 58/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.223/19), Упатство за начинот за постапување на министерствата и другите органи на државната управа при подготвувањето и следењето на спроведувањето на Годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија бр.22/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.222/19) и Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.243/20).

Програмата за 2021 година е во функција на остварување на стратешките приоритети и приоритетните цели за 2021 година на Владата на Република Северна Македонија содржани во Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија 2020-2024 година:

- Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните
- Справување со светската пандемија предизвикана од Коронавирусот COVID 19
- Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија
- Владеење на правото, независност на правосудството, доследна и неселективна борба против криминалот и корупцијата со широка и обврзувачка транспарентност
- Квалитетно образование достапно за сите согласно побарувачката на пазарот на трудот
- Модерна и ефикасна јавна администрација базирана на дигитализација која обезбедува квалитетни и брзи услуги за граѓаните и деловните субјекти
- Целосно спроведување на Охридскиот рамковен договор и градење на граѓанска држава со етничка и социјална кохезија врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување
- Заштита на животната средина, зелен развој, намалување на аерозагадувањето и влијанието на климатските промени.

Програмата за работа на Владата за 2021 година содржи конкретни политики во функција на остварување на стратешките приоритети и приоритетните цели, како и мерки и активности за кои Владата ќе расправа / одлучува или ќе се информира.

При подготовката на Програмата за работа на Владата особено беше земен во предвид стратешкиот приоритет на Владата - Целосно спроведување на Охридскиот рамковен договор и градење на граѓанска држава со етничка и социјална кохезија врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување, со што се изразува посветеноста на Владата за реално имплементирање на придобивките од Охридскиот рамковен договор во духот на меѓусебното разбирање и соживот.

Ова во пракса значи правична и адекватна застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во органите на државната управа и нивен реален придонес кон поефикасна реализација на Програмата за работа на Владата за 2021 година.

Содржината на Програмата е поделена по тематски подрачја и по месечна динамика за секој приоритет и ниво поодделно:

1) Акти и материјали по кои одлучува Собранието на Република Северна Македонија

2) Акти и материјали по кои одлучува Владата на Република Северна Македонија

А) Подзаконски акти

Б) Материјали

# I ДЕЛ

# Акти и материјали по кои одлучува Собранието на Република Северна Македонија

# Јануари

## Иницијатива со висок приоритет

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

***Предлог - одлука за распоредување на припадници на Армијата на Република Северна Македонија во мировната операција на ООН „УНИФИЛ“ во Либан***

**Образложение:** Преку придонес во мисиите предводени од ООН ја потврдуваме посветеноста на Република Северна Македонија кон глобалниот мир и безбедност. Придонесот во меѓународните операции е елемент на оценување на Европската комисија во поглавјето 31 на НБОП. Со заедничкиот придонес со Република Италија во мисијата УНИФИЛ во Либан, ја продлабочуваме билатералната соработка со Република Италија и се создаваат услови за понатамошно унапредување на истата.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Презентирање на Република Северна Македонија како рамноправен партнер во рамките на ООН кој се залага за зачувување на заедничките вредностите и споделување на обврските. Позитивна евалуација од страна на ЕУ. Продлабочување и унапредување на билатералната соработка со Република Италија.

**Фискални импликации:** Има: 8,624,914 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Министерство за одбрана

***Предлог - одлука за распоредување на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во мировна операција на Европската Унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР, АЛТЕА***

**Образложение:** Со продолжување на учеството на Република Северна Македонија во мировната операција „Алтеа“, Република Северна Македонија останува посветена на заедничкиот ангажман на Европската унија за придонес кон безбедноста и стабилноста на Босна и Херцеговина.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Потврда на цврстата определба на Република Северна Македонија за силен придонес кон Заедничката безбедносна и одбранбена политика (ЗБОП) и Заедничката надворешна и безбедносна политика (ЗНБП) на Унијата. Придонесот во меѓународните операции е елемент на оценување на Европската комисија во поглавјето 31 на НБОП. Потврда на севкупните напори на Република Северна Македонија за интеграција во Европската Унија и промовирање на заложбите за воспоставување на безбедност и мир на глобално и регионално ниво.

**Фискални импликации:** Има: 2,659,568 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Министерство за одбрана

***Предлог-закон за изменување и дополнување на Закон за постапување со бесправно изградени објекти***

**Образложение:** Со Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти во делот на прекршоците се врши негово усогласување со новиот Закон за прекршоците. Воедно, се продолжува рокот на важење на законот, кој истекува на 03 март 2021 година, за да може постојните тековни предмети по барањата за утврдување на правен статус на бесправни објекти поднесени во претходно предвидените законски рокови да се решат.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Усогласување со Законот за прекршоците и решавање на тековните предмети по барањата за утврдување на правен статус на бесправни објекти поднесени во претходно предвидените законски рокови. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за транспорт и врски

***Предлог –закон за донесување Закон за изменување и дополнување на Законот за јавни набавки во областа на одбраната и безбедноста***

**Образложение:** Предлог – законот, содржи прилагодувања и подобрувања на одредбите кои се во функција на доследно транспонирање на Директивата за јавни набавки во областа на одбраната и безбедноста. Станува збор за Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки во областа на одбраната и безбедноста. Искуството од примена на законот за кои се бараат измени и дополни покажа дека истиот може да се доработи со ефективно и ефикасно спроведување на јавните набавки во областа на одбраната и безбедноста. Законот е особено важен за регулирање на планираните набавки за опремување и модернизација на Армијата, а особено на декларираните единици за мировни мисии во рамките на Алијансата.

**НПАА-поглавје:** 3.05 Јавни набавки

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2020.0700.8174

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Да се допрецизираат и подобрат одредени одредби од постојното законско решение согласно со Директивата за јавни набавки во областа на одбраната и безбедноста. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

## *Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за управување со кризи*

**Образложение:** 1. Измената и дополнувањето на Законот за управување со кризи се предлага од Унгарската компанија Bonumstad Consulting, избрана за имплементатор на Европскиот број за итни повици во Република Северна Македонија 112, на меѓународниот јавен повик распишан од Канцеларијата на Европската Унија во Скопје и подржан од Центарот за управување со кризи. Станува збор за Европски проект утврден како задолжителен со директива на Европската комисија (91/396/ЕЕЗ Council Decision, Official Journal of European Communities, No, L 217/31)
2. Барањето финансиски средства се однесува за прием и вработување на лица во новиот формиран Сектор за 112 како и финансиски средства за завршување на адаптацијата и реконструкцијата на седумтте (7-те) Оперативни центри за 112, во кои средствата и опремата ја набавува Канцеларијата на Европската Унија во Скопје, врз основа на избор на најповолен понудувач за информатичко-телекомуникациските средства и опрема потребни за сите осум оперативни центри за 112.

**НПАА-поглавје:** 3.10 Информатичко општество и медиуми

**НПАА-подрачје:** 3.10 Информатичко општество и медиуми

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2020.1000.8084

**Очекувани влијанија:** Подобра, поефикасна и координирана акција на сите оперативни служби за пружање на помош во случај на опасност на животот на луѓето или спасување на материјални добра на Републиката. (Почитување и исполнување на утврдените европски стандарди за пружање итна потребна помош).

**Фискални импликации:** Има: 37,276,000 ден, Користење и имплементација на фондови од ЕУ ИПА

**Предлагач:** Министерство за одбрана

## *Предлог- закон за изменување и дополнување на Законот за авторското право и сродните права*

**Образложение:** Со транспонирањето на Директивата 2014/26/ЕС година за колективно управување со авторското право и сродните права и мулти- територијално лиценцирање на музички дела за користење преку интернет, се утврдуваат дефинициии за колективното управување, а особено за: организациите за колективно управување на правата –како субјекти основани или под контрола на носителите на правата и со непрофитна цел, како и независните тела за управување со правата – како можни субјекти за колективно управување во определени ситуации што функционираат како правни лица што не се основани и не се под контрола на носителите на правата и се со профитна цел, како и други термини релевантни за остварувањето на правата. Воедно, на носителите на правата им се овозможува слобода на избор за овластување организација за колективно управување (ОКУ) на своите права, категории на права или за видови на дела, било за комерцијално, било за некомерцијално користење, право на слобода на раскинивање на овластувањето за колективно управување на правата, категориите на правата или видовите на дела, со разумен рок од најмногу шест (6) месеци, како и одземање на правото на ОКУ да влијае врз носителите на правата за овластување за застапување да даде на друга ОКУ за одредени права, категории на права или видови на дела, да се овозможи носителите на правата да изберат опција која организација ќе ги застапува, со што ќе се поттикне позитивна конкуренција меѓу организациите за КУ и ќе се унапредат условите за работа на уметниците. Со правилата за членство од Директивата се определува дека истите треба да се засновани на објективни, транспарентни и недискриминаторни критериуми. Со измените се врши усогласување и со Директивата 2011/77/ЕУ за изменување на Директивата 2006/116/ЕУ за времетраењето на заштитата на авторското право и сродните права, во однос на заштитата на коавторите на музички дела со текст, како и на времетраењето на заштитата на изведувачите и фонограмските продуценти на снимени музички изведби, односно фонограми од 50 на 70 години), како и соодветно воведување на одредбите од Директивата 2012/28/ЕУ за дозволено користење на делата сираци. Со измените се врши усогласување и со Договорот од Маракеш за олеснување на пристапот до објавени дела за лицата кои се слепи, имаат оштетен вид или на друг начин оневозможени да користат печатени материјали.

**НПАА-поглавје:** 3.7 Право на интелектуална сопственост

**НПАА-подрачје:** Авторско право и сродни права

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2014.0300.7110

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со донесување на Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за авторското право и сродните права ќе се придонесе кон воспоставување основи за создавање стабилен систем на заштита на авторското право и сродните права, кој ќе обезбеди ефикасно и соодветно колективно управување на правата, преку усогласување на одредбите на Законот со законодавството на Европската унија во оваа област. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за култура |

## *Владеење на правото, независност на правосудството, доследна и неселективна борба против криминалот и корупцијата со широка и обврзувачка транспарентност*

### *Предлог -закон за изменување и дополнување на Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета*

**Образложение:** Усогласување со Извештајот од Прибе и Извештајот од Оценската мисија.

**НПАА-поглавје:** 23- Правосудство и фундаментални права

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2016.0100.7354

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Воспоставување стабилен граѓанско-правен систем преку пополнување на постоечките правни празнини и негово усогласување со европски стандарди и современите општествени текови и целосно ревидирање на системот на граѓанската одговорност за навреда и клевета. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за правда |

## *Квалитетно образование достапно за сите согласно побарувачката на пазарот на трудот*

### *Предлог-закон за образование на возрасните*

**Образложение:** Целта на Законот за образование на возрасните е усогласување со европската регулатива во делот на признавање на неформалното и информалното образование и учење

**НПАА-поглавје:** 3.26-Образование и култура

**НПАА-подрачје:** 3.26.1 Образование

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2019.1400.7787

**Очекувани влијанија:** Со донесувањето на овој закон се очекува усогласување со најдобрите европски практики

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за образование и наука

## *Модерна и ефикасна јавна администрација базирана на дигитализација која обезбедува квалитетни и брзи услуги за граѓаните и деловните субјекти*

### *Предлог -закон за изменување и дополнување на Законот за управната инспекција*

**Образложение:** Навременото, економично и ефикасно извршување на надлежностите на органите од јавниот сектор, кога одлучуваат за правата, обврските и правните интереси на граѓаните во управна постапка, взаемно со предвидената реформа во јавната администрација, се од клучно значење за воспоставување на современ демократски систем кој ќе се темели на начелото на владеење на правото. Приоритетна надлежност на Државниот управен инспекторат е преку инспекциските надзори да влее доверба и надеж кај граѓаните дека ова начело доследно ќе се почитува во институциите од јавниот сектор, со превентивна функција кај истите тие институции, да се делува онаму каде што ќе се утврди дури и најмал недостаток во постапувањето. Потребата од усогласување на Законот за управната

инспекција со одредбите од Законот за инспекциски надзор и Законот за прекршоци, се од приоритетна природа заради реализација на крајната цел - усогласени закони кои нема да создаваат правна несигурност при нивна имплементација.

**НПАА-поглавје:** Поглавје 34

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2017.0007.7464

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Јасно определен статус, надлежности и овластувања на Државниот управен инпекторат, подобрување на функционалноста на управната инспкција како и усогласени законски решенија со цел обебзедување на правна сигурност, унифицирано и законско дејствување. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за информатичко општество и администрација |

## *Заштита на животната средина, зелен развој, намалување на аерозагадувањето и влијанието на климатските промени*

### *Предлог - закон за управување со пакување и отпад од пакување*

Образложение: Основни цели на регулативата се: - намалување на количината на создаден отпад од пакување - зголемување на количината на искористување на корисните компоненти од отпадот од пакување - поттикнување на економските активности за искористување на корисните компоненти на отпадот од пакување - намалување на негативното влијание врз животната средина - усогласување со законодавството на Европската унија (Директива 94/62 / ЕК ) Донесувањето на регулативите ќе резултира со заштеда на трошоците за Република Северна Македонија, и ќе придонесе кон евро-интегративните процеси на Република Северна Македонија. Заштедите на трошоците ќе дојдат благодарение на тоа што рециклирањето на отпадот се покажа како поефективна мерка во поглед на трошоците отколку фрлање на целиот отпад во депонии. - Воедно, законот ќе придонесе кон зголемување на конкурентноста на македонските производи на европскиот пазар.

**НПАА-поглавје:** 3.27-Животна средина

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2015.0000.7268

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Намалување на депонирањето односно намалени количини на отстранет отпад, а зголемување на преработката и рециклирањето на отпадот; - намалување на нелегално депонирање, кое покрај заштитата на животната средина меѓу другото ќе доведе до зголемување на приходите; - зголемување на вработеноста во индустријата за отпад и обезбедување на поврзан пораст на приходите што ќе придонесат за зголемување на бруто домашниот производ; - развивање на циркуларна економија со што ќе се овозможи поголема искористенот на ресурсите, а самото тоа ќе доведе и до економски развој. |
| **Фискални импликации:** | / |
| **Предлагач:** | Министерство за животна средина и просторно планирање |

### *Предлог - закон за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема*

**Образложение:** Основни цели на регулативата се: намалување на количината на создаден отпад од електрична и електронска опрема - зголемување на количината на искористување на корисните компоненти од отпадот од електрична и електронска опрема - поттикнување на економските активности за искористување на корисните компоненти на отпадот од електрична и електронска опрема - намалување на негативното влијание врз животната средина - усогласување со законодавството на Европската унија (Директива 1999/31/ЕК) Донесувањето на регулативите ќе резултира со заштеда на трошоците за Република Северна Македонија и ќе придонесе кон евро-интегративните процеси на Република Северна Македонија. Заштедите на трошоците ќе дојдат благодарение на тоа што рециклирањето на отпадот се покажа како поефективна мерка во поглед на трошоците отколку фрлање на целиот отпад во депонии. Воедно, законот ќе придонесе кон зголемување на конкурентноста на македонските производи на европскиот пазар.

**НПАА-поглавје:** 3.27-Животна средина

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2018.0000.7703

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | намалување на депонирањето односно намалени количини на отстранет отпад, а зголемување на преработката и рециклирањето на отпадот; намалување на нелегално депонирање, кое покрај заштитата на животната средина меѓу другото ќе доведе до зголемување на приходите; зголемување на вработеноста во индустријата за отпад и обезбедување на поврзан пораст на приходите што ќе придонесат за зголемување на бруто домашниот производ; развивање на циркуларна економија со што ќе се овозможи поголема искористенот на ресурсите, а самото тоа ќе доведе и до економски развој. |
| **Фискални импликации:** | / |
| **Предлагач:** | Министерство за животна средина и просторно планирање |

## *Предлог - закон за управување со отпадот*

**Образложение:** Основниот закон со кој се уредува управувањето со отпадот во Република Северна Македонија е Законот за управување со отпадот (ЗУО) („Службен весник на РМ“ бр. 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 134/08, 09/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15,192/15, 29/16 и 63/16). Управувањето со посебните текови на отпад се уредува со Законот за пакување и отпад од пакување, Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпад од електрична и електронска опрема, Законот за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори. Во областа на управување со отпад со досегашниот Закон за управување со отпад се утврди рамката за воспоставување на инфраструктура за управување со отпад, која претежно беше заснова на преземање на активности од единиците на локалната самоуправа. Резултатите од неговото спроведување покажаа слабости и недоречености во случаи кога не постојат доволно капацитети на локалната самоуправа во изнаоѓање на средства за изградба на нова инфраструктура за отпад, како и во неможноста да се обезбеди меѓусебна координација меѓу сите засегнати страни. Дополнително, од досегашното искуство се покажа дека за развивање на инфраструктура за отпад се потребни големи финансиски средства за чие изнаоѓање е неопходно да постои јасно и прецизно дефинирање на надлежностите и обврските помеѓу централната и локалната власт.

**НПАА-поглавје:** 3.27-Животна средина

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2015.0000.7269

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со донесувањето на нов закон за управување со отпад ќе се овозможи воспоставување на функционален систем за регионално управување со отпад и изградба на регионални депонии, а истовремено ќе се затворат сите нестандардни депонии и ѓубришта. Воедно, ќе се овозможи регионално собирање, транспорт, селектирање, рециклирање на отпад, како и третман и искористување, со што ќе се зголеми степенот на заштита на здравјето на луѓето и заштита на животната средина, а сето тоа ќе биде чекор напред кон овозможување на циркуларна економија за овој сектор. Воспоставувањето на регионално управување со отпад ќе овозможи подобра контрола врз животната средина од активностите во областа на управувањето со отпадот во Република Северна Македонија преку: - намалување на депонирањето односно намалени количини на отстранет отпад, а зголемување на преработката и рециклирањето на отпадот; |
| **Фискални импликации:** | / |
| **Предлагач:** | Министерство за животна средина и просторно планирање |

## *Предлог - закон за изменување и дополнување на Закон за водите*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за водите ќе се изврши понатамошно усогласување со соодветните правни акти на ЕУ во областа на водите, поточно усогласување со ЕУ Рамковната Директива за води ( 2000/60 /ЕЗ), ЕУ Директивата за урбани отпадни води 91/271/ЕЕЗ, Директивата за води за пиење 98/83/ЕЗ, Директивата за стандарди за квалитет ( 2008/105/ЕЗ) и ЕУ Директивата за подземни води ( 2006/118/ЕЗ). |

**НПАА-поглавје:** 3.27-Животна средина

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2015.0000.7249

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со донесувањето на Законот се очекува подобрување на Националното законодавство во областа на водите со цел негова полесна имплементација и доусогласување со ЕУ законодавството. |
| **Фискални импликации:** | / |
| **Предлагач:** | Министерство за животна средина и просторно планирање |

***Предлог- закон за проширена одговорност на производители***

**Образложение:** Во Република Северна Македонија не постојат доволно капацитети за собирање на различните текови на отпад (отпад од пакување, отпадни масла, гуми итн.) кои не треба да завршат на депонија туку да се искористат како ресурси. Со донесувањето на Законот за проширена одговорност на производителите во Република Северна Македонија се воведуваат попрецизно начелата на „загадувачот плаќа„ и „одговорност на производителот„ преку кои обврските за покривање на трошоците на животната средина првенствено паѓаат на товар на субјектите првенствено во ланецот на движење на производот на пазарот го предизвикале негативното влијание врз животната средина. Овој закон е рамковен закон на останатите посебни закони за сите посебни текови на отпад ( Закон за управување со пакување и отпад од пакување, Закон за батерии и акумулатоси и отпадни батерии и акумулатори и др.). Доколку не се воведат овие начела и не бидат правно регулирани постои опасност македонските производи да бидат вратени од пазарите на ЕУ заради фактот што во цената на производот не се вклучени трошоците за животна средина и поради тоа можат да доведат до нарушување на еднаквата конкурентност на европскиот пазар (т.н. еколошки дампинг). Посебните текови на отпад имаат големо негативно влијание врз животната средина. Можно е решавање само со регулаторни мерки преку воведување на задолжителни стандарди за дизајнирање и управување со посебните текови на отпадот. Решавање преку не-регулирани (доброволно) или само-регулирани методи (контрола од соодветно професионално здружение / комора) нема да ги дадат неопходните ефекти и може да доведат до нарушување на пазарот.

**НПАА-поглавје:** 3.27-Животна средина

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2018.0500.7628

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Намалување на депонирањето односно намалени количини на отстранет отпад, а зголемување на преработката и рециклирањето на отпадот; - намалување на нелегално депонирање, кое покрај заштитата на животната средина меѓу другото ќе доведе до зголемување на приходите; - зголемување на вработеноста во индустријата за отпад и обезбедување на поврзан пораст на приходите што ќе придонесат за зголемување на бруто домашниот производ; - развивање на циркуларна економија со што ќе се овозможи поголема искористеност на ресурсите, а самото тоа ќе доведе и до економски развој |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за животна средина и просторно планирање

## *Предлог - закон за управување со посебни текови на отпад*

**Образложение:** Основни цели на регулативата се: - намалување на количината на создаден отпад од масла, гуми, текстил и искористени возила - зголемување на количината на искористување на корисните компоненти од отпадот од масла, гуми, текстил и искористени возила - поттикнување на економските активности за искористување на корисните компоненти на отпадот од масла, гуми, текстил и искористени возила - намалување на негативното влијание врз животната средина - усогласување со законодавството на Европската унија ( Директивата 2000/53/ЕК, 1999/31/ ЕК и 2008/98/ЕЗ ) - Донесувањето на регулативите ќе резултира со заштеда на трошоците за Република Северна Македонија, и ќе придонесе кон евро-интегративните процеси на Република Северна Македонија. Заштедите на трошоците ќе дојдат благодарение на тоа што рециклирањето на отпадот се покажа како поефективна мерка во поглед на трошоците отколку фрлање на целиот отпад во депонии. - Воедно, законот ќе придонесе кон зголемување на конкурентноста на македонските производи на европскиот пазар.

**НПАА-поглавје:** 3.27-Животна средина

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2018.0500.7627

| | |
|---|---|
| **Очекувани** | Намалување на депонирањето односно намалени количини на |

| | |
|---|---|
| **влијанија:** | отстранет отпад, а зголемување на преработката и рециклирањето на отпадот; - намалување на нелегално депонирање, кое покрај заштитата на животната средина меѓу другото ќе доведе до зголемување на приходите; - зголемување на вработеноста во индустријата за отпад и обезбедување на поврзан пораст на приходите што ќе придонесат за зголемување на бруто домашниот производ; - развивање на циркуларна економија со што ќе се овозможи поголема искористеност на ресурсите, а самото тоа ќе доведе и до економски развој. |
| **Фискални импликации:** | / |
| **Предлагач:** | Министерство за животна средина и просторно планирање |

# Иницијатива со среден приоритет

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

***Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за инвестициски фондови***

**Образложение:** Во насока на усогласување со европското законодавство, ќе се донесе Закон изменување и дополнување на Законот за инвестициски фондови кој ќе биде усогласен со Директивата за друштвата за колективно инвестирање во преносливи хартии од вредност.Со донесувањето на овој закон ќе се постигнат следниве цели: - олеснување на условите за работа на инвестициските фондови, преку бришење на обврската отворениот инвестициски фонд да прибере парични средства од најмалку 300.000 евра за да може да се основа и на обврската да ја одржува нивната висина, бришење на обврската на друштвата за управување со инвестициски фондови да доставуваат ревидирани полугодишни извештаи за друштвото и за инвестициските фондови со кои тоа управува и намалување на минималното времетраење на приватниот фонд од осум на пет години, -зголемување на заштита на интересите на инвеститорите, преку воведување на можност за доброволен пренос на управувањето со инвестицискиот фонд на друго друштво за управување, воведување на обврска друштвото за управување и потенцијалниот купувач на

удели во фонд со кој управува друштвото да склучат договор за вложување, воведување на обврска средствата на инвестициските фондови да се водат на посебна сметка, која друштвото за управување ќе ја отвора во свое име, а за сметка на секој поединечен фонд, -усогласување со Директивата 2009/65/ЕУ во врска со Друштва за колективно инвестирање во преносливи хартии од вредност и тоа: уредување на постапката за статусни промени на инвестициските фондови - спојување и припојување на инвестициски фондови, воведување на документ со клучни информации за инвеститорите, уредување на постапката за отворање на филијала на странско друштво за управување на територијата на РСМ и воведување можност друштво за управување од РСМ да може да врши работи на управување со инвестициски фондови преку стекнување на квалификувано учество во странско друштво или преку отворање на филијала во странство и воведување на нови видови инвестициски фондови - главен фонд и фонд напојувач.

**НПАА-поглавје:** 3.09 Финансиски услуги

**НПАА-подрачје:** 4-Пазар на хартии од вредност и инвестициски услуги

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2010.0700.6047

**Очекувани влијанија:** Со донесувањето на законот ќе се изврши усогласување на домашната регулатива со европското законодавство односно со Директивата за друштвата за колективно инвестирање во преносливи хартии од вредност.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

## *Предлог-закон за финансиска стабилност*

**Образложение:** Со цел намалување на ризиците во финансискиот систем и одржување на финансиската стабилност во Република Северна Македонија, потребно е да се донесе Закон за финансиска стабилност. Со Законот ќе се изврши усогласување со Регулативата 1092/2010 за макропрудентен надзор на финансискиот систем и за воспоставување на Одбор за системски ризик на Европската комисија.

**НПАА-поглавје:** 3.09 Финансиски услуги

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2020.0700.7923

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со донесувањето на Закон за финансиска стабилност ќе се воспостави тело кое ќе ги идентификува опасностите и ризиците за финансиската стабилност и синхронизирано со надлежните органи за супервизија на одделните сегменти на финансискиот систем ќе презема макропрудентни мерки заради одржување на финансиската стабилност во Република Северна Македонија. Основната цел на законот е намалување на ризиците во финансискиот систем кој може да има сериозни негативни последици врз економијата на Република Северна Македонија. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

# Февруари

## Иницијатива со висок приоритет

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

***Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија***

**Образложение:** Измените и дополнувањата на Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија се вршат заради усогласување со Законот за услуги односно уредување на пристапот и вршење на услужни дејности.

**НПАА-поглавје:** 3.12 Безбедност на храна, ветеринарство и фитосанитарна политика

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2020.0800.8163

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Овозможување на слобода на давање на услуги и отстранување на барања од Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија кои се спротивни на Законот за услуги. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |

## *Владеење на правото, независност на правосудството, доследна и неселективна борба против криминалот и корупцијата со широка и обврзувачка транспарентност*

### *Предлог - закон за академија за јавни финансии*

**Образложение:** Донесувањето Закон за академија за јавни финансии произлегува од потребата за понатамошно подобрување на јавните финансии и создавање услови за градење стручна, ефикасна, отчетна и транспарентна администрација во јавниот сектор.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2021.0700.8196

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со донесување на Закон за академија за јавни финансии ќе се обезбеди континуирана едукација на јавната администрација за областа на јавнире финансии што ќе придонесе за унапредување на управувањето со јавните финансии. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за финансии |

## *Квалитетно образование достапно за сите согласно побарувачката на пазарот на трудот*

### *Предлог-закон за учебници за основно и средно образование*

**Образложение:** Врз основа на анализа на најдобрите искуства и практики од неколку

европски, скандинавски и земји од регионот, ќе се изготви целосно нов систем за унапредување на квалитетот на наставата кој подразбира не само употреба на учебници, туку и изработка и употреба на разни видови на наставни и дидактички материјали за наставниците и учениците

**НПАА-поглавје:** 3.26-Образование и култура

**НПАА-подрачје:** 3.26.1 Образование

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2019.1400.7778

**Очекувани влијанија:** Со донесувањето на овој закон се очекува усогласување со најдобрите европски практики, обезбедување на квалитетни материјали за учење на учениците и надминување на постојаните реакции од јавноста, родителите/старателите, учениците, но и самите наставници за квалитетот на учебниците, долгите постапки за нивно одобрување, како и честите повлекување на учебници поради стереотипи, предрасуди, грешки и недоследности

**Фискални импликации:** Има: Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Министерство за образование и наука

## *Модерна и ефикасна јавна администрација базирана на дигитализација која обезбедува квалитетни и брзи услуги за граѓаните и деловните субјекти*

### *Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за воведување на систем за управување со квалитетот и заедничката рамка за процена на работењето и давањето на услуги во државната служба*

**Образложение:** Целта на овие измени и дополнувања на Законот за воведување на систем за управување со квалитетот и заедничката рамка за процена на работењето и давањето на услуги во државната служба е да се усогласи овој закон со Законот за услугите со кој се врши усогласување со Директивата 2006/123/ЕЗ на Европската Унија за услугите на внатрешниот пазар, CELEX број 32006L0123, како и да се воспостави процедура за надворешна проверка која ќе им овозможи на државните институции кои ја спровеле заедничката рамка за

проценка да ја потврдуват успешноста во имплементацијата на оваа алатка за управување со квалитет преку добивање повратни информации за воведување на концептот на целосно управување со квалитет. Добивањето повратни информации се базира на принципите на извонредност и не се однесува само на процесот на самопроценка, туку и на континуираниот процес на подобрување на долг рок.

**НПАА-поглавје:** 3.23-Политички критериуми/РЈА

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2020.0007.8175

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Добивање на повратни информации за успешноста на спроведување на ЦАФ процедурите во институциите кои ја спровеле институциите во самопроценката како и подобрување на услугите на внатрешниот пазар. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за информатичко општество и администрација |

# Иницијатива со среден приоритет

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

***Предлог-Закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Финансискиот договор за обезбедување на заем, наменет за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти – VI фаза, кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје***

**Образложение:** Согласно Законот за јавен долг, услов за потпишување на Договор за заем и Договор за гаранција со соодветната меѓународна финансиска институција е претходно донесување на Закон за гаранција.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Очекувани влијанија: Со склучување на Договорот за заем и Договорот за гаранција, се обезбедува заем односно кредитна линија за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти – VI фаза. |

**Фискални импликации:** Има: Други извори

**Предлагач:** Министерство за финансии

***Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија***

***Предлог- закон за ратификација на Хашка конвенција за договорите за избор на надлежен суд од 30 јуни 2005 година***

**Образложение:** Оваа Конвенција е потпишана од македонска страна во декември 2019 година. Истата треба да се ратификува во нашата држава со цел да стапи во сила.

**НПАА-поглавје:** 3.23-Правосудство и фундаментални права

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2020.1200.8166

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Ратификацијата на Конвенцијата ќе овозможи истата да стапи во сила во внатрешниот правен поредок и да се прибилижи националното законодавство на Република Северна Македонија кон законодавството на Европската Унија. Истата треба да се ратификува во нашата држава со цел да стапи во сила. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за надворешни работи

# Март

## Иницијатива со висок приоритет

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

### *Предлог-закон за пасишта*

**Образложение:** Со текстот на законот ќе се воспостави систем на давање под закуп на пасиштата кои се во државна сопственост кај физички и правни лица. Со предлог законот се уредува управувањето, унапредувањето и користењето на пасиштата во државна сопственост.

**НПАА-поглавје:** Поглавје 11 - Земјоделство

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Со овој Закон се очекува да се утврдуваат природните услови и можности на пасиштето, негова обнова, развој, мерките за одгледување, заштита, унапредување и проширување на пасиштата.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

### *Предлог - закон за изменување и дополнување на Закон за енергетика*

**Образложение:** Овој закон има цел да дополни усогласувања со ЕУ и обврските кон Енергетска заедница, отвара можност за подобрување на енергетскиот сектор.

**НПАА-поглавје:** Поглавје 3.15 Енергетика

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** Донесувањето на овој стратешки документ е обврска која Република Северна Македонија е должна да ја исполни како земја потписничка на ратификуваниот Договор за основање на енергетска заедница

**ЕПП:** 2019.0400.7894

**Очекувани влијанија:** Со измените и дополнувањата на законот ќе се допринесе за

обезбедување на интегритет и транспарентност, како и спречување на недозволени манипулативни дејствија на пазарите на енергија на големо што истовремено треба да придонесе кон создавање на ефикасен, конкурентен и финансиски одржлив енергетски сектор, заснован на начелата на недискриминација, објективност и транспарентност, кој што обезбедува високо ниво на сигурност во снабдувањето со енергија.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за економија

***Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја***

**Образложение:** Усогласување со Законот за услуги.

**НПАА-поглавје:** 12 Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика

**НПАА-подрачје:** Фитосанитарна политика

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2020.0800.8068

**Очекувани влијанија:** Усогласен текст на Закон за услуги.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

***Предлог - закон за официјални контроли во храна, фитосанитарна и ветеринарна политика***

**Образложение:** Со предлог законот се уредуваат официјалните контроли во храна, фитосанитарна, ветеринарна политика, органско земјоделско производство, вино и заштитени производи. Се воспоставува годишна програма за официјални контроли во сите горенаведени области.

**НПАА-поглавје:** 3.11 - Земјоделство

**НПАА-подрачје:** фитосанитарна политика

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2019.0800.7877

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Вооедначен систем на сите чинители во ланецот на храна, фитосанитарна и ветеринарна политика. Правење дистинкција помеѓу субјектите надлежни за определни области од ланецот на храна. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |

## *Предлог- закон за метрологија*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Заради редефинирање на статусот на институциите кои се занимаваат со законската и научната метрологија, испитување односно тестирање на квалитетот на нафтата и нафтените деривати, како и нивно усогласување со ЕУ законодавството, дефинирање на пакуваните производи, инспекцискиот надзор и соодветните прекршочни одредби, а имајќи го во предвид фактот дека постојниот закон за метрологија во многу делови и одредби не кореспондира со реалните потреби, како и фактот дека и покрај неколкуте измени, овој закон суштински ги нема акцептирано наметнатите потреби, се оцени дека е потреднода се пристапи кон изработка на нов Закон за метрологија. |

**НПАА-поглавје:** 3.01 Слободно движење на стоки

**НПАА-подрачје:** 3.01.2 Хоризонтални мерки Ц6 1 Закон за изменување и дополнување на Законот за метрологија

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2015.0400.7277

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со донесување на предметниот закон се очекува редефинирање на статусот на институциите кои се занимаваат со законската и научната метрологија, испитување односно тестирање на квалитетот на нафтата и нафтените деривати, како и нивно усогласување со законодавството на ЕУ, дефинирање на пакуваните производи, инспекцискиот надзор и соодветните прекршочни одредби. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за економија |

### *Предлог - закон за исхрана на растенија*

**Образложение:** Со предлог законот се уредува пазарот за производи кои се користат за исхрана на растенијата како и сите супстрати кои се користат во агротехниката. Исто така се воспоставува уредување на почвата како супстрат и водата за наводнување. Се уредува и културата на ткива и производи кои се користат во нивно производство.

**НПАА-поглавје:** Поглавје 12 - безбедност на храна, ветеринарство и фитосанитарна политика

**НПАА-подрачје:** фитосанитарна политика

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2019.0800.7868

**Очекувани влијанија:** Регулирање на ставање во промет на производите кои се користат во исхрана на растенијата-Регулирање на материјалите кои се користат во растително производство на култура на ткива-Регулирање на контаминентите во почва за безбедно производство на примарни земјоделски производи-Регулирање на контаминенти во вода за безбедно производство на примарни земјоделски производи

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

### *Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за стратешки инвестиции во Република Северна Македонија*

**Образложение:** Овој закон има цел да поттикнува, привлекува и создава услови за спроведување на стратешките инвестиции во Република Северна Македонија.

**НПАА-поглавје:** Поглавје 3.15 Енергетика Подрачје 3.15.1 Сигурност во снадување

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** Донесувањето на овој стратешки документ е обврска која Република Северна Македонија е должна да ја исполни како земја потписничка на ратификуваниот Договор за основање на енергетска заедница

**ЕПП:** 2020.0400.8195

**Очекувани влијанија:** Зголемување на економски пораст, вработување и примена на нови технологии и иновации, зголемување на конкурентските економски можности на Република Северна Македонија, зголемување на извозот и намалување на трговскиот дефицит и подобрување на добросостојбата и условите за живеење на граѓаните на Република Северна Македонија.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за економија

## *Владеење на правото, независност на правосудството, доследна и неселективна борба против криминалот и корупцијата со широка и обврзувачка транспарентност*

### *Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за гранична контрола*

**Образложение:** Измената и дополнувањето на наведениот закон е неопходна со цел да се транспонирање на Директивата на ЕУ бр. 618 од 27 април 2016 година и имплементација на проект за воспоставување на систем за PNR – Passenger Name Record и API – Advance passenger information за потребите на МВР , Царинската управа, АНБ и др. Low enforcement agencies во Република Северна Македонија

**НПАА-поглавје:** 24 Правда, слобода и безбедност

**НПАА-подрачје:** 24.4 Шенген и надворешни граници

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2012.0600.6823

**Очекувани влијанија:** Зајакнување на внатрешната и меѓународната безбедност преку борбата против тероризмот и сериозните облици на криминал

**Фискални импликации:** Има: Други извори

**Предлагач:** Министерство за внатрешни работи

### *Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за матична евиденција*

**Образложение:** Целта на предложените измени е уредувањее на постапката за правно признавање на род односно промена на ознаката на пол согласно меѓународните стандарди. Воедно цел е и спроведување на пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот "Лицето X против Република Северна Македонија".

**НПАА-поглавје:** 3.23-Правосудство и фундаментални права

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2020.0100.7906

**Очекувани влијанија:** Превенција и заштита од дискриминација на ЛГБТ популацијата.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за правда

***Модерна и ефикасна јавна администрација базирана на дигитализација која обезбедува квалитетни и брзи услуги за граѓаните и деловните субјекти***

## *Предлог - закон за висока раководна служба*

**Образложение:** Во законодавството во Република Северна Македонија не постои јасно разграничување меѓу политичкото и професионалното ниво, односно не е јасно дефиниран и утврден опфатот за висока раководна служба. Со новиот Закон за Висока Раководна Служба (ВРС), ќе се воспостави воедначена процедура за назначување на раководна позиција, професионализација на раководните позиции - издвоена од политичкото управување, со политичка одговорност. Основна цел од воспоставување на Висока Раководна Служба (ВРС) е унапредување на јавните услуги, подобар придонес кон модернизација на државната администрација и зајакнување на доброто владеење како иманентен принцип на работење во јавната администрација.

**НПАА-поглавје:** Политички критериуми/PJA

**НПАА-подрачје:** 1.2 Реформа на јавна администрација

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2019.0007.7736

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Разграничување на политичкото од професионалното ниво во администрацијата |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за информатичко општество и администрација |

## *Предлог-закон за јавнообвинителска служба*

**Образложение:** Во Стратегијата за реформа на правосудниот сектор утврдено е усогласување на Законот за јавнообвинителска служба со Законот за административни службеници. По донесувањето на измените на Законот за административни службеници ќе се пристапи кон усогласување на Законот за јавнообвинителската служба со истиот.

**НПАА-поглавје:** Поглавје 23

**НПАА-подрачје:** Правосудство и фундаментални права

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2019.0100.7755

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Подобрување на начинот на уредување на правата, обврските и одговорностите на судските службеници и унапредување на системот на јавнообвинителската служба воопшто. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за правда |

## *Предлог - закон за вработените во јавниот сектор*

**Образложение:** Согласно Стратегијата за реформа на јавната администрација и недостатоци од практичната примена на одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор, Министерството за информатичко општество и администрација ќе пристапи кон измена на постојната регулатива во насока на унапреден процес на планирање на вработувањата и олеснета мобилност на вработените во институциите од јавниот сектор. Со оглед на обемноста на измената на овој закон, министерството ќе пристапи кон донесување на нов Закон за вработените во јавниот сектор.

**НПАА-поглавје:** Политички критериуми/РЈА

**НПАА-подрачје:** 1.2 Реформа на јавната администрација

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2019.0007.7743

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Унапреден процес на стратешко, буџетско и планирање на човечки ресурси |
| **Фискални импликации:** | / |
| **Предлагач:** | Министерство за информатичко општество и администрација |

## *Предлог-закон за судска служба*

**Образложение:** Во Стратегијата за реформа на правосудниот сектор утврдено е усогласување на Законот за судска служба со Законот за административни службеници. По донесувањето на измените на Законот за административни службеници ќе се пристапи кон усогласување на Законот за судска служба со истиот.

**НПАА-поглавје:** Поглавје 23

**НПАА-подрачје:** Правосудство и фундаментални права

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2019.0100.7754

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Подобрување на начинот на уредување на правата, обврските и одговорностите на судските службеници и унапредување на системот на судската служба воопшто. |
| **Фискални импликации:** | / |
| **Предлагач:** | Министерство за правда |

## *Предлог-закон за административни службеници*

**Образложение:** Согласно Стратегијата за реформа на јавната администрација и недостатоци од практичната примена на одредбите од законот за административни службеници, Министерството за информатичко општество и администрација ќе пристапи кон измена на постојната

регулатива со преземање на мерки насочени кон намалување на ризиците од партизација на администрацијата, преку унапредување на постапките за селекција, јасно дефинирани услови за вработување и унапредување, зајакнување на капацитетите на комисиите за селекција, подобрување на системот за оценување, стручното усовршување на административните службеници, единствено и квалитетно управување со човечките ресурси. Со оглед на обемноста на измената на овој закон, министерството ќе пристапи кон донесување на нов Закон за административни службеници.

**НПАА-поглавје:** Политички критериуми/РЈА

**НПАА-подрачје:** 1.2 Реформа на јавна администрација

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2019.0007.7741

**Очекувани влијанија:** Намалување на ризиците од политизација преку воведување на јасни критериуми во постапките за селекција и вработување и унапредување на процесот на оценување.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за информатичко општество и администрација

# Иницијатива со среден приоритет

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

## *Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употреба*

**Образложение:** Законот се предлага со цел негово усогласување со законодавството на ЕУ, со регулативата на Европската унија 428/09 за воспоставување на режим за контрола на извоз, трансфер, брокеринг, техничка помош и транзит на стоки и технологии со двојна употреба.

**НПАА-поглавје:** 3.30. Надворешни односи

**НПАА-подрачје:** 3.30.1. Заедничка трговска политика

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** Нема

ЕПП: 2016.0400.7381

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со донесувањето на Законот ќе се оствари напредок во усогласувањето на националното законодавство со законодавството на ЕУ и ќе се исполнат меѓународните обврски на Република Северна Македонија во меѓународната борба против современите безбедносни закани и предизвици, вклучително тероризмот, насилниот екстремизам и феноменот на странските борци и миграциите. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за економија |

## *Предлог-закон за платежни услуги и платни системи*

**Образложение:** Со донесувањето на новиот Закон за платежни услуги и платни системи, националното законодавство ќе се усогласи со Директивата за платежни услуги (2007/64/ЕУ), Директивата за платежни услуги 2 (2015/2366/ЕК), Директивата за електронски пари (2009/110/ЕК), Директивата за конечност на порамнувањата (98/26/ЕК), Директивата за платежни сметки (2014/92/ЕЗ), како и соодветни одредби на Регулативата за заменски надоместоци за картично засновани платежни трансакции (2015/751/ЕЗ) и Регулативата за воспоставување технички и деловни барања за кредитни трансфери и директни задолжувања во евра (260/2012/ЕЗ).

**НПАА-поглавје:** 3.04 Слободно движење на капитал

**НПАА-подрачје:** 2-Платен систем

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2013.0700.6862

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со донесувањето на новиот закон се очекува засилена конкуренција преку дозволен влез на пазарот на не-банкарските институции кои ќе понудат иновативни форми на плаќања, засилени права на корисниците на платежни услуги, преку давање на навремена и појасна информација, намалени цени за корисниците на платежните услуги, транспарентност и спогредливост на провизиите во врска со платежните сметки и картично засновани платежни трансакции на национално ниво, како и натамошно унапредување на стабилноста на платните системи. Со донесување на Законот за платежни услуги и |

платни системи ќе се воспостави правна основа за вклучување на Република Северна Македонија во СЕПА (Единствената европска платежна област).

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

***Предлог-закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за Проект за изградба на интерконективен гасовод меѓу Република Северна Македонија и Република Грција кој ќе се склучи меѓу Европска инвестициона банка и АД МЕР***

**Образложение:** Согласно Законот за јавен долг, услов за потпишување на Договор за гаранција и Договор за заем со соодветната меѓународна финансиска институција е претходно донесување на Закон за задолжување.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

**Очекувани влијанија:** Со склучување на Договорот за заем и Договорот за гаранција се обезбедуваат средства за финансирање и изградба на интерконективен гасовод меѓу Република Северна Македонија и Република Грција, кој воедно е идентификуван како проект за заеднички интерес од страна на Енергетската заедница.

**Фискални импликации:** Има: Други извори

**Предлагач:** Министерство за финансии

***Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри***

**Образложение:** Предложените измени и дополнувања на Законот за игрите на среќа и за забавните игри имаат за цел утврдување на оддалеченост на деловните простории во кои се приредуваат игрите на среќа (автомат клубови, обложувалници, казина) не помалку од 500 метри од основни и средни училишта, високообразовни институции и верски

објекти. Дополнително, со Предлог законот ќе се зајакнат одредбите кои се однесуваат на приредувачите на игри на среќа од аспект на висината на надоместоците и начинот на нивно пресметување и утврдување.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Со Законот за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри ќе се придонесе кон заштита на малолетната популација од стекнување на лоши навики и од штетните последици што можат да ги предизвикаат игрите на среќа.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

***Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за техничката инспекција***

**Образложение:** Со Предлог - законот за изменување и дополнување на Законот за техничката инспекција се врши усогласување на прекршочните одредби согласно член 132 став (1) од Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/2019), и усогласување со Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.102/2019), Закон за управна постапка како и други суштински измени во текстот на законот согласно иницијативите на пратеници во Собрание на Република Северна Македонија.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Безбедност на производите кои се ставаат во употреба; остварување и заштита на јавниот интерес; заштита на животот и здравјето на луѓето, животната средина и заштита на имотот.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за економија

## *Предлог- закон за изменување и дополнување на Законот за државен пазарен инспекторат*

**Образложение:** Со Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за државен пазарен инспекторат се врши усогласување на прекршочните одредби согласно член 132 став (1) од Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/2019), и усогласување со Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.102/2019), Закон за управна постапка како и други суштински измени во текстот на законот согласно иницијативите на пратеници во Собрание на Република Северна Македонија.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Безбедност на производите кои се ставаат во употреба; остварување и заштита на јавниот интерес; заштита на животот и здравјето на луѓето, животната средина и заштита на имотот, заштита на правата на потрошувачите.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за економија

## *Предлог-закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на “Проектот за изградба на автопатска делница Кичево – Гостивар за делница Кичево - Букојчани кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Јавното претпријатие за државни патишта*

**Образложение:** Согласно Законот за јавен долг, услов за потпишување на Договор за гаранција и Договор за заем со соодветната меѓународна финансиска

институција е претходно донесување на Закон за гаранција.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Со склучување на Договорот за заем и Договорот за гаранција, се обезбедуваат средства за финансирање на изградбата на автопатската делница Кичево - Букојчани

**Фискални импликации:** Има: Други извори

**Предлагач:** Министерство за финансии

***Предлог - закон за продажба на станови кои потекнуваат од станбениот фонд на поранешна ЈНА***

**Образложение:** Министерството за одбрана иницираше меѓуинституционална координација заради трајно решавање на ова прашање.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Унапредување на стандардот на вработените.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за одбрана

## *Владеење на правото, независност на правосудството, доследна и неселективна борба против криминалот и корупцијата со широка и обврзувачка транспарентност*

***Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за адвокатура***

**Образложение:** Континуирано унапредување на професијата адвокатура и

подготовка на сеопфатна анализа на постојната законска поставеност и работа на адвокатската професија и пристапување кон нејзина реформа согласно реформите во останатите сегменти во правосудниот сектор.

**НПАА-поглавје:** Поглавје 23

**НПАА-подрачје:** Правосудство и фундаментални права

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2020.0100.7905

**Очекувани влијанија:** Воведување обврска за обука на адвокатите согласно Стратегијата за реформа на правосудниот систем со законски утврден фонд на часови на годишно ниво.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за правда

## *Предлог- закон за изменување и дополнување на Законот за процена*

**Образложение:** Со изменувањето на законското решение е планирано укинување на електронско полагање на стручните испити и воведување на усмено и писмено полагање на кандидатите пред стручните комисии, врз основа на мерливи и објективни критериуми за проценка на нивните знаења.

**НПАА-поглавје:** 3.23 - Правосудство и фундаментални права

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

**Очекувани влијанија:** Донесување на законското решение со кое електронското полагање на испитите ќе биде заменето со усмен испит и писмена вежба " студии на случај " пред Комисија.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за правда

### *Предлог-закон за прогласување на дел од Шар Планина за заштитено подрачје*

**Образложение:** Иницијативата се спроведува согласно Законот за природа. Со донесување на Законот за прогласување на дел од Шар Планина за заштитено подрачје во категоријата националерн парк ќе се пропишат категоријата на заштита за заштитеното подрачје, географски карактеристики и други основни обележја, картографски приказ со граници на заштитеното подрачје, типовите на зони во заштитеното подрачје и границите на зоните, режим на заштита, субјект кој ќе управува и други прашања утврдени со актот за прогласување.

**НПАА-поглавје:** Закон за заштита на природата

Национална стратегија за заштита на природата со Акционен План (2017-2027)

Национлана стратегија за билошка разновидност со Акциски план (2018-2023)

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Обезбедување на интегрална заштита на природното наследство и зголемување на процент за заштитени подрачја на национално ниво.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за животна средина и просторно планирање

# Април

## Иницијатива со висок приоритет

**Приоритет:**

## *Предлог - закон за здравје на растенијата*

**Образложение:** Со Предлог- законот за здравје на растенијата се усогласува со Регулативата 2016/2031 на Европскиот Парламент и Советот од 26 октомври 2016 година за заштитните мерки против штетни организми на растенијата, дополнета со Регулативите (ЕУ) број 228/2013, (ЕУ) број 652/2014 и (ЕУ) број 1143/2014 на Европскиот Парламент, Регулативата на Комисијата (ЕУ) 2019/2072 од 28 ноември 2019 година со која се воспоставуваат униформни услови за спроведување на Регулативата (ЕУ) 2016/2031 и отповикување на Регулативата (ЕУ) 690/2008 и дополна на Регулативата на Комисијата (ЕУ) 2018/2019, а кои се однесуваат на новите услови и барања за извоз на растенија и растителни производи во Европската Унија.

**НПАА-поглавје:** 3.12 - Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика

**НПАА-подрачје:** фитосанитарна политка

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2020.0800.8057

**Очекувани влијанија:** Со Предлог - законот за здравје на растенијата ќе се воспостават правилата за утврдување на фитосанитарниот ризик што претставува за било кој вид, сој или биотип на патоген причинител, животни или паразитски штетен организам за растенијата и растителните производи и мерки за ублажување на тие ризици до одреден степен, се уредува здравјето на растенијата, мерките и обврските во врска со појавата на штетните организми кај растенијата.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

## *Предлог на закон за нус-производи од животинско потекло*

**Образложение:** Со носење на Законот за нус – производи од животинско потекло се усогласи националното законодавство од оваа област со тогашното ЕУ законодавство преку транспонирање на Регулативата Бр. 1774 / 2002 на Европскиот Парламент и Совет од 3 октомври 2002 година за утврдување на здравствените правила во врска со нус – производите

од животинско потекло кои не се наменети за исхрана на луѓето. Европскиот Парламент и Советот на Европската Унија во 2009 година ја донесоа Регулативата (ЕЗ) Бр. 1069/2009 на Европскиот Парламент и Советот од 21 октомври 2009 година за утврдување на здравствени правила за нус - производи од животинско потекло и производите добиени од нив кои не се наменети за исхрана на луѓето и за укинување на Регулативата (ЕЗ) бр. 1774/2002 (регулатива за нус - производи од животинско потекло) а во 2011 година Европската Комисија ја донесе Регулативата (ЕУ) Бр. 142 / 2011 на Комисијата од 25 февруари 2011 година за спроведување на Регулативата (ЕЗ) Бр. 1069/2009 на Европскиот Парламент и на Советот за утврдување на здравствените правила во однос на нус - производи од животинско потекло и добиените производи од нив кои не се наменети за исхрана на луѓето и за спроведување на Директива 97/78/ЕЗ на Советот во однос на одредени примероци и предмети кои се изземени од гранични ветеринарни проверки според истата директива. Преку укинување на Регулативата 1774/2002 и носење на две нови регулативи 1069/2009 и 142/2011 година во законодавството на ЕУ се воведоа измени во пристапот на официјалните контроли на нус – производите од животинско потекло, се проширија можностите за употреба на нови технологии во искористувањето на нус – производите од животинско потекло и се утврдија нови здравствени правила за одредени нус – производи од животинско потекло. Во врска со погоре кажанато Законот за нус – производи од животинско потекло, кој е усогласен со укинатата Регулатива 1774/2002, веќе не ги рефлектира новите принципи и правила воспоставени со Регулативите 1069/2009 и 142/2011 и потребно е да се донесе нов Закон за нус – производи од животинско потекло кој ќе биде целосно усогласен со Регулативата 1069/2009 и ќе даде основа за транспонирање на Регулативата 142/2011 преку донесување на релевантни подзаконски акти кои ќе произлезат од новиот закон. Од тука, Агенцијата за храна и ветеринарство изготви предлог Законот за нус – производи од животинско потекло во кој се врши транспонирање на начелата на Регулативата 1069/2009 и се дава основ за донесување на релевантни подзаконски акти со кои ќе се изврши транспонирање на Регулативата 142/2011. Со новиот Закон за нус – производи од животинско потекло се поедноставува севкупната законска рамка од областа на нус – производите од животинско потекло, истовремено следејќи ја целта за подобро регулирање и имплементирање на правилата кои се однесуваат на нус – производите од животинско потекло и усогласување со регулативата

на Европската Унија од оваа област.

**НПАА-поглавје:**3.12 - Безбедност на храна, ветеринарство и фитосанитарна политика

**НПАА-подрачје:** Ветеринарство

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2017.0800.7393

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Новиот Законот за нус – производи од животинско потекло има за цел да обезбеди високо ниво на заштита на јавното здравје и здравјето на животните, а посебно заштитата на безбедноста на ланецот на исхрана и ланецот на храна за животните, преку утврдување на начинот на собирањето, транспортот, отстранувањето, постапката, преработката, обработката, претварањето, складирањето, ставањето во промет, дистрибуцијата, употребата и нештетното отстранување на нус - производите од животинско потекло и производите добиени од нив. Овој закон се заснова на следните начела: законитост, заштита на јавниот интерес, обезбедување на задоволителен степен на ветеринарно јавно здравство и обезбедување на соодветен степен на здравствена заштита на животните, Основни решенија на законот се воведување на правила за нус - производите од животинско потекло и производи добиени од нив во врска со јавното здравје и здравствените правила за животните како би се спречиле и намалиле ризиците поврзани со тие производи за јавното здравје и здравјето на животните. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

## *Предлог - закон за сточарство*

**Образложение:** Со предлог законот се уредуваат зоотехниката, заштита на биолошката разновидност во сточарството и производството на високо квалитетен приплоден материјал

**НПАА-поглавје:** 3.11 - Земјоделство

**НПАА-подрачје:** зоотехника

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2019.0800.7867

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Уредување од областа на зоотехниката и заштита на биолошката разновидност во сточарството |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |

## *Предлог - одлука за распоредување на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во мировна операција на Европската Унија во Централноафричка Република – ЕУТМ ЦАР*

**Образложение:** Со учество во мировната операција ЕУТМ ЦАР, Република Северна Македонија останува посветена на заедничкиот ангажман на Европската унија за придонес кон безбедноста и стабилноста на ЦАР. Со заедничкиот придонес со Република Франција во мисијата ЕУТМ ЦАР, дефакто се продлабочува билатералната соработка со Република Франција и се создаваат услови за понатамошно унапредување на истата.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Потврда на цврстата определба на Република Северна Македонија за силен придонес кон Заедничката безбедносна и одбранбена политика (ЗБОП) и Заедничката надворешна и безбедносна политика (ЗНБП) на Унијата. Придонесот во меѓународните операции е елемент на оценување на Европската комисија во поглавјето 31 на НБОП. Потврда на севкупните напори на Република Северна Македонија за интеграција во Европската Унија и промовирање на заложбите за воспоставување на безбедност и мир на глобално ниво. Ја продлабочуваме и унапредуваме билатералната соработка со Република Франција. |

**Фискални импликации:** Има: 5,749,943 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за одбрана |

## *Предлог - закон за интероперабилност во железничкиот систем*

**Образложение:** Со цел усогласување со четвртиот пакет на Директиви од Европската унија, потребно е да се донесе нов Закон за железничкиот систем, Закон за безбедност во железничкиот систем и Закон за интероперабилност во железничкиот систем.

**НПАА-поглавје:** 3.14 Транспортна Политика

**НПАА-подрачје:** 3.14.2. Железнички сообраќај

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2020.0200.7913

**Очекувани влијанија:** Услови кои треба да се исполнат за постигнување на интероперабилност на железничкиот систем во Република Северна Македонија, со цел да се дефинира оптимално ниво на техничка усогласеност, која ќе придонесе кон олеснување, подобрување и развој на железничките транспортни услуги со оние на Европската унија и да придонесе кон создавање на единствен европски железнички простор и за постепено создавање на единствен внатрешен пазар на Европската унија, надзор над постапките за интреоперабилност и административен и инспекциски надзор.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за транспорт и врски

## *Предлог - закон за железничкиот систем*

**Образложение:** Со цел усогласување со четвртиот пакет на Директиви од Европската унија, потребно е да се донесе нов Закон за железничкиот систем, Закон за безбедност во железничкиот систем и Закон за интероерабилност во железничкиот систем.

**НПАА-поглавје:** 3.14 Транспортна Политика

**НПАА-подрачје:** 3.14.2. Железнички сообраќај

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2015.0200.7168

**Очекувани** Правилата кои се применуваат за управување со железничката

| | |
|---|---|
| **влијанија:** | инфраструктура и активностите во областа на железничкиот транспорт, спроведени од железничко претпријатие, критериумите што се применуваат при издавањето, продолжувањето или измената на дозволи, наменети за железничко претпријатие, начелата и постапките применливи во однос на дефинирањето и собирањето на надоместок за користењето на железничката инфраструктура и на распределбата на железничкиот инфраструктурен капацитет за домашни и меѓународни железнички услуги, работа на регулаторно тело. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за транспорт и врски |

## *Предлог - закон за безбедност во железничкиот систем*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со цел усогласување со четвртиот пакет на Директиви од Европската унија, потребно е да се донесе нов Закон за железничкиот систем, Закон за безбедност во железничкиот систем и Закон за интероерабилност во железничкиот систем. |

**НПАА-поглавје:** 3.14 Транспортна Политика

**НПАА-подрачје:** 3.14.2. Железнички сообраќај

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2020.0200.8126

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Услови за развој и подобрување на безбедноста на железничкиот систем, како и подобрување на пристапот до пазарот на железничките траспортни услуги преку: усогласување на регулаторната структура, дефинирање на одговорностите меѓу учесници во железничкиот систем, развивање на заеднички цели за безбедност и заеднички методи за безбедност, со цел постепено отстранување на потребата за национални правила, утврдување на принципите за издавање, продолжување, измена и ограничување или поништување на сертификати и одобрувања за безбедност, основање и работење на органот надлежен за железничка безбедност и органот за истрага на железнички несреќи и дефинирање на заеднички принципи за управување, регулирање, надзор на безбедноста на железницата, и инспекциски надзор. |

**Фискални импликации:** Има: Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Министерство за транспорт и врски

## ***Владеење на правото, независност на правосудството, доследна и неселективна борба против криминалот и корупцијата со широка и обврзувачка транспарентност***

### ***Предлог-закон за исплата на паричен надоместок на жртва од кривични дела со насилство***

**Образложение:** Основата за донесување на законот произлегува од Законот за кривичната постапка каде што е пропишано дека во согласност со посебните прописи жртвата на кривично дело за кое е пропишана казна затвор од најмалку 4 години има право на материјална и нематеријална штета од државен фонд , под услови и начин пропишан со посебен закон, доколку надоместокот на штетата не може да се обезбеди од осудениот. При изготвувањето на овој закон ќе бидат земени предвид: - Директивата 2004/80/ЕЗ за надоместок на жртвите на кривично дело. - Директивата 2012/29/ЕУ за воспоставување на минимални стандарди за правата, поддршката и заштитата на жртвите од кривични дела. - Директивата 2011/36/ЕУ против трговија со луѓе и заштита на жртвите. - Препораката РЕЦ 8 за помош на жртвите од криминал. Појдовна точка во изготвувањето на овој закон ќе бидат и компаративните искуства од повеќе држави, а посебен акцент ќе биде ставен на државите од регионот.

**НПАА-поглавје:** Поглавје 23

**НПАА-подрачје:** Правосудство и фундаментални права

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2018.0100.7622

**Очекувани влијанија:** Пополнување на правната празнина која постои во оваа област и ќе се изврши со правото на ЕУ.

**Фискални импликации:** Има: Други извори, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Министерство за правда

***Предлог-закон за заштита на физичките лица во однос на обработката на личните податоци за цели на спречување, истрага, откривање или гонење на кривични дела или за извршување на кривични санкции***

**Образложение:** Усогласување со Европската директива 2016/680.

**НПАА-поглавје:** 3. 23-Правосудство и фундаментални права

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2020.0100.8167

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Усогласување со Европската директива 2016/680 Нов закон со кој ќе се транспонираат одредбите од ЕУ директивата 2016/680 за заштита на физичките лица во процесот на обработката на личните податоци за цели на спречување, истрага, откривање или гонење на кривични дела или за извршување на кривични санкции. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за правда |

***Квалитетно образование достапно за сите согласно побарувачката на пазарот на трудот***

***Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за Државниот испитен центар***

**Образложение:** Целта на Законот за изменување и дополнување на Законот за Државниот испитен центар е усогласување со Законот за основното образование.

**НПАА-поглавје:** 3.26-Образование и култура

**НПАА-подрачје:** 3.26.1 - Образование

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2020.1400.8063

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со донесувањето на овој закон се очекува усогласување со законската регулатива. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за образование и наука

## *Предлог-закон за стручно образование и обука*

**Образложение:** Со Законот за стручното образование и обука се имплементира Стратегијата за стручно образование и обука во контекст на доживотно учење 2013-2020, мерките „Атрактивно стручно образование и обука" „Квалитет и релевантност – гаранција за конкурентност" и „Добро владеење, ресурси, капацитет и одговорност во идниот систем за СОО ", со цел зголемување на квалитетот на средното стручно образование, како и усогласување со Законот за национална рамка на квалификации

**НПАА-поглавје:** 3.26-Образование и култура

**НПАА-подрачје:** 3.26.1 Образование

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2019.1400.7790

**Очекувани влијанија:** Со донесувањето на овој закон се очекува започнатите реформи да придонесат во подобрување на квалитетот на средното образование согласно со приоритетите дадени во Стратегијата за образование 2018-2025 и хармонизација со потребите на пазарот на трудот

**Фискални импликации:** Има: Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Министерство за образование и наука

## *Предлог-закон за средно образование*

**Образложение:** Целта на Законот за средното образование е подобрување на воспитно-образовниот процес во средните училишта, подобрување на условите за работа на наставниот и друг кадар во училиштата, поедноставување на одредени административни процедури, подобрување на начинот на водењето на педагошката евиденција и документација, како и други реформи, а со цел на генерално зголемување на квалитетот на средното образование, како и усогласување со Законот за национална рамка на квалификации

**НПАА-поглавје:** 3.26-Образование и култура

**НПАА-подрачје:** 3.26.1 Образование

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2019.1400.7789

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со донесувањето на овој закон се очекува подобрување на квалитетот на средното образование согласно со приоритетите дадени во Стратегијата за образование 2018-2025 |

**Фискални импликации:** Има: Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за образование и наука |

## *Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за високо-образовни установи за образование на наставен кадар во предучилишно, основно и средно образование*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Целта на Законот за изменување и дополнување на Законот за високо-образовни установи за образование на наставен кадар во предучилишно, основно и средно образование е усогласување со Законот за основното образование и Законот за наставници и стручни соработници во основното и средното образование |

**НПАА-поглавје:** 3.26-Образование и култура

**НПАА-подрачје:** 3.26.1 Образование

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2017.1400.7437

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со донесувањето на овој закон се очекува усогласување со законската регулатива |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за образование и наука |

## *Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за просветната инспекција*

**Образложение:** Целта на Законот за изменување и дополнување на Законот за просветната инспекција е усогласување со Законот за основното образование

**НПАА-поглавје:** 3.26-Образование и култура

**НПАА-подрачје:** 3.26.1 Образование

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2020.1400.8061

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со донесувањето на овој закон се очекува усогласување со законската регулатива |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за образование и наука |

***Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за Бирото за развој на образованието***

**Образложение:** Целта на Законот за изменување и дополнување на Законот за Бирото за развој на образованието е усогласување со Законот за основното образование

**НПАА-поглавје:** 3.26-Образование и култура

**НПАА-подрачје:** 3.26.1 Образование

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2019.1400.7854

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со донесувањето на овој закон се очекува усогласување со законската регулатива |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за образование и наука |

# Иницијатива со среден приоритет

**Приоритет:**

## *Предлог-закон за ревизија*

**Образложение:** Со донесувањето на новиот Законот за ревизија, националното законодавство ќе се усогласи со Директивата 2014/56/ЕЗ со која се менува Директивата 2006/43 за законска ревизија на годишните сметки и консолидираните сметки и со Регулативата 537/2014 за посебните услови за законска ревизија на субјектите од јавен интерес. Со донесувањето на новиот Закон, ќе се зајакнат кредибилноста на ревидираните финансиски извештаи на правните лица од јавен интерес, како и улогата на супервизорскиот орган.

**НПАА-поглавје:** Поглавје 3.06- Право на трговски друштва

**НПАА-подрачје:** Подрачје 2 – Сметководство и ревизија

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2019.0700.7825

**Очекувани влијанија:** Со донесувањето на Законот за ревизија, ќе се зајакне надзорот над овластените ревизори и друштвата за ревизија преку вршењето на контролата на квалитет од страна на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

## *Предлог-закон за технички барања на производите и оцена на сообразност*

**Образложение:** Основна цел на Предлогот на закон е понатамошно хармонизирање на законодавството во областа на слободното движење на стоките на внатрешниот (единствен) пазар согласно Европското законодавство и обезбедување на еднаков третман на производите кои се пуштаат на пазарот или се ставаат употреба во Република Северна Македонија заради: заштита на животот и здравјето на луѓето, животните и растенијата, животната средина и природата, заштита на потрошувачите и на другите корисници на производите, како и заштита на јавниот интерес. Со Предлогот на закон се врши доусогласување на националното законодавство за безбедноста на производите и Директивата за техничките стандарди и прописи 98/34

| | |
|---|---|
| | , Регулативите 764/2008 и 765/2008 и Одлуката 768/2008 на Европскиот парламент и на Советот за општата безбедност на производите и вклучување на Република Северна Македонија во внатрешниот пазар, притоа исполнувајќи ги обврските преземени со ССА за елиминирање на техничките бариери за слободно движење на производите. во март беше поднесено предлог – проект во рамките на ИПА фондот за законодавството од областа на безбедност и усогласување на правилниците согласно новите директиви. |

**НПАА-поглавје:** Поглавје 3.1 Слободно движење на стоки

**НПАА-подрачје:** Внатрешен пазар

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2019.0400.7802

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Создавање на Внатрешен пазар без технички бариери за слободно движење на безбедните производи кои се пуштаат на пазарот и ставаат во употреба; остварување и заштита на јавниот интерес; заштита на животот и здравјето на луѓето, животната средина и заштита на имотот. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за економија |

## *Предлог - закон за заштита на потрошувачите*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | „Сообразување на законодавството и спроведување на законите", член 68 приспособување на законите на Република Северна Македонија со правото на Европската Унија. |

**НПАА-поглавје:** 3.28 – Заштита на потрошувачите и јавно здравје

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2020.0400.7933

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | При спроведувањето на одредбите содржани во директивите за заштита на потрошувачите кои ќе се транспонирааат во Законот за заштита на потрошувачите, ќе се земе предвид следново: постојано следење на принципите на минимално и максимално усогласување: потребата за целосна имплементација на директивите; потребата да |

| | |
|---|---|
| | се постигне прецизна, детална и реална хармонизација; генерализација на индивидуалните правила содржани во неколку директиви. Новиот Закон за заштита на потрошувачи ќе обезбеди високо ниво на заштита на правата за потрошувачите, а истовремено ќе гарантира полесни услови за деловно работење; ќе се воспостави соодветна административна структура за развој и координација на оваа политика со сите други засегнати страни, ќе се зајакне независноста и репрезентативноста на здруженијата за заштита на потрошувачите, ќе се подобрат механизмите за поддршка на потрошувачите за решавање на нивните приговори и ќе се обезбедат адекватни услови за имплементација на политиките за безбедност на производи, се со цел да се постигне понатамошен напредок во оваа област. |

**Фискални импликации:** Има: Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Министерство за економија

### *Предлог-закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка по Договорот за заем за дополнително финансирање на Проектот за поврзување на локални патишта*

**Образложение:** Согласно Законот за јавен долг, услов за потпишување на Договор за заем со соодветната меѓународна финансиска институција е претходно донесување на Закон за задолжување.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Со склучување на Договорот за заем и Договорот за гаранција, се обезбедуваат средства за дополнително финансирање на Проектот за поврзување на локални патишта

**Фискални импликации:** Има: Други извори

**Предлагач:** Министерство за финансии

## ***Владеење на правото, независност на правосудството, доследна и неселективна борба против криминалот и корупцијата со широка и обврзувачка транспарентност***

### ***Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси***

**Образложение:** Од досегашната примена на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, согледана е потребата за измена и дополнување на одредени негови одреби во насока на нивно прецизирање односно усогласување на нивна примена.

**НПАА-поглавје:** 3.23 -Правосудство и фундаментални права

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2020.0100.8168

**Очекувани влијанија:** Унапредена примена на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за правда

### ***Предлог- закон за изменување и дополнување на Изборниот законик***

**Образложение:** Се предлага Предлог на закон за изменување и дополнување на Изборниот законик согласно препораките на ОБСЕ/ОДИХР.

**НПАА-поглавје:** 3.23 - Политички критериуми/Избори

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2019.0100.7859

**Очекувани влијанија:** Заради надминување на постоечките проблеми утврдени во Извештајот на Набљудувачката мисија за избори на ОБСЕ/ОДИХР на Република Северна Македонија за предвремените парламентарни избори во јули 2020 година, ќе се земат предвид препораките во наведениот Извештај при изготвување на измените и дополнувањата

| | |
|---|---|
| | на законот. |
| **Фискални импликации:** | / |
| **Предлагач:** | Министерство за правда |

# Мај

## Иницијатива со висок приоритет

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

***Предлог на закон за безбедност на храна за животни***

**Образложение:** Со носење на новиот Закон за безбедност на храната за животни, ќе се усогласи националното законодавство од оваа област со актуелното ЕУ законодавство и прецизно ќе се уредат основните и посебните барања за храната за животни наменета за исхрана на животни кои се одгледуваат за производство на храна за луѓе и храната за животни наменета за исхрана на животни кои не се одгледуваат за производство на храна за луѓе, основните принципи и одговорности на операторите со храна за животни, ставањето во промет и употребата на храната за животни наменета за исхрана на животни кои се одгледуваат за производство на храна за луѓе, вклучувајќи ги и барањата за означување, пакување и рекламирање на храната за животни, како и употребата и ставањето во промет на адитиви за храна за животни, утврдување на правилата за надзор и обележување на адитивите и премиксите со цел да се обезбеди високо ниво на заштита на здравјето на луѓето, здравјето на животните и нивната благосостојба, заштита на животната средина и интересите на корисниците и потрошувачите во однос на адитивите за храна за животни, производството на медицирана храна за животни, постапките за одобрување и надзор на генетски модифицираната храна и одредбите за обележување на генетски модифицираната храна и органското производство на храната за животни. Во новиот закон соодветно се транспонираат одредбите од Регулативата (ЕК) 183/2005, Регулативата (ЕК) 767/2009 и Регулативата на Советот (ЕК)

1831/2003, особено во делот на надлежностите на органите вклучени во спроведување на стручните и управните работи утврдени со овој закон и процесите на регистрација и одобрување на објектите и операторите со храна за животни во зависност од активноста која ја вршат. Одделите I до V од глава VI од актуелниот Закон за безбедност на храната за животни се бришат и се заменуваат со одредби од Регулативата (ЕК) 767/2009. Одредени членови од Регулативата (ЕК) 767/2009 кои претходно се транспонирани само во подзаконски акти, а кои треба да се транспонираат во форма на закон, се наведени како членови во новиот закон. Во новиот Закон за безбедност на храната за животни, следејќи го поглавјето за несакани супстанции во храната за животни, додаден е член кој се однесува на забраната за употреба на одредени супстанции во исхрана на животните, со што се обезбедува основ за евентуално транспонирање на дел од одредбите од Регулативата 999/2001/ЕЗ во подзаконски акт, доколку се појави потреба од негово донесување врз основа на овој закон. Во новиот Закон за безбедност на храната за животни, се регулира и ставањето во промет на органското производство согласно Регулативата на Советот (ЕК) 834/2007 за органско производство и етикетирање на органски производи и се обезбедува правен основ за донесување на подзаконски акти за транспонирање на одредбите од Регулативата (ЕК) 889/2008 за утврдување на детални правила за спроведување на Регулатива на Советот (ЕК) 834/2007 за органско производство и етикетирање на органски производи во однос на органското производство, етикетирањето и контролата. Со Законот за безбедност на храната за животни се врши усогласување со Законот за прекршоците („Службен весник на РСМ“ бр. 96/2019).

**НПАА-поглавје:** 3.12 - Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика

**НПАА-подрачје:** Безбедност на храна

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2019.0800.7760

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Новиот Закон за безбедност на храната за животни овозможува правна рамка за соодветно транспонирање на Европското законодавство, а со негова имплементација операторите со храна за животни подобро ќе се подготват за пристап на пазарот во Европската Унија и конкуренцијата во индустријата за храна за животни. Со Законот за безбедност на храната за животни ќе се обезбеди подобра заштита на здравјето на луѓето и животните, |

| | |
|---|---|
| | правна сигурност на операторите со храна за животни при вршење на официјалните контроли и почитување на јавниот интерес на граѓаните за безбедна храна од животинско потекло преку употреба на безбедна храна за животни во исхрана на животните. Со целосна имплементација на Законот за безбедност на храната за животни ќе се подобрат условите за заштита на животната средина. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

## *Предлог-завршна сметка на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година*

**Образложение:** Со Завршната сметка на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година се искажуваат планираните и остварените износи на приходите и приливите, расходите и одливите за изминатата 2020 година како и реализацијата на планираните политики.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Завршната сметка на Буџетот на Република Северна Македонија го отсликува степенот на реализацијата на планираните политики и проекти на Владата на РСМ и ја зголемува отчетноста и транспарентноста на трошењето на јавните финансии.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

## *Предлог-закон за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост*

**Образложение:** Со текстот на законот ќе се воспостави систем на продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост. Да се воспотават практики на продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост предходно по постапка дадени во закуп кај физички и правни лица. Со предлог законот треба да се воспостави Фонд за

земјоделско земјиште со кое ќе се спроведува постапка на управување, одржување и укрупнување на земјоделското земјиште.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Воспоставување на систем на продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост под закуп - воспоставување на систем за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост кое е слободно - воспостсвување на фонд за земјоделско земјиште |

**Фискални импликации:** Има: Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |

## *Предлог-Фискалната стратегија на Република Северна Македонија за среднорочен период 2022-2024 година*

**Образложение:** Со Фискалната стратегија на Република Северна Македонија 2022-2024 година се дефинираат насоките и целите на фискалната, макроекономската и политиката на јавниот долг на среден рок и се утврдуваат износите на главните категории на приходите и расходите и буџетскиот дефицит за дадениот среднорочен период.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со Фискалната стратегија се обезбедува финансиска сигурност и стабилност на јавните финансии во нареден среднорочен период и се воспоставува појака врска меѓу дефинираните стратешки приоритети и расположивите извори на финансирање. Истата претставува основа за изготвување на Предлог-Буџетот за наредната година. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за финансии |

## *Предлог - закон за биогорива*

**Образложение:** Со цел за целосно заокружување на законската и подзаконска регулатива во насока на промоција на биогоривата потребно е да се донесе нов Закон за биогорива, Акционен план за употреба на биогоривата (врз основа на овој закон), како и соодветни подзаконски акти со кои ќе се заокружи правната рамка и ќе се регулира проблематиката во врска со употребата на биогоривата, согласно методологија за определување на задолжителниот процент на застапеност на биогоривата, како и воспоставување на систем за верификација на биогоривата, цената на намешаните биогорива, можностите за субвенционирање на производство и употребата и др.

**НПАА-поглавје:** 3.15 - Енергетика

**НПАА-подрачје:** 3.15.4 - Обновлива енергија

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2013.0400.6936

**Очекувани влијанија:** Поттикнување на производството и користењето на биогоривата во транспортот, утврдување поттикнувачки мерки за постигнување на националната задолжителна севкупна цел за учеството на енергија од обновливи извори што се користи во транспортот, задоволување на потребите на потрошувачите за гориво за транспорт, сигурност во снабдувањето со гориво на еколошки одржлив начин, постигнување на целите за одржлив развој во транспортниот сектор, исполнување на обврските преземени од страна на Република Северна Македонија со ратификуваните меѓународни договори во однос на заштедите на емисиите на стакленички гасови и поттикнување на производството и користењето на биогорива во транспортот и заштита на животната средина.

**Фискални импликации:** Има: Други извори

**Предлагач:** Министерство за економија

***Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за заштита и спасување (пиротехничари)***

**Образложение:** Регулирање на статусот на пиротехничарите кои во извршувањето на секојдневните работни задачи ( наоѓање, отстранување и уништување на неексплодирани убојни средства и минскоексплозивни средства со евентуално присуство на бојни отрови и други хемиски состојки) се изложени на висок ризик по нивното здравје и со последици кои би можеле да доведат до нивен траен инвалититет или загуба на живот.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** 3,27 Животна средина и климатски промени

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2018.1000.7708

**Очекувани влијанија:** Утврдување на стаж на осигурување со зголемено траење поради тешка и штетна работа по здравјето Регулирање на додаток на плата за посебни услови за работа -работа изложена на висок ризик.

**Фискални импликации:** Има: 5,500,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Министерство за одбрана

# Иницијатива со среден приоритет

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

***Предлог – закон за заштита на културното наследство***

**Образложение:** Со Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19) се утврдуваат видовите, категориите, идентификацијата, начините на ставање под заштита и другите инструменти на заштита на културното наследство, режимот на заштита и користењето на културното наследство, правата и должностите на имателите и ограничувањата на правото на сопственост на културното наследство

во јавен интерес, организацијата, координацијата и надзорот, стручните звања и други прашања што се од значење за единството и функционирањето на системот за заштита на културното наследство во Република Северна Македонија. Законот за заштита на културното наследство е донесен во 2004 година, а во меѓувреме повеќепати е менуван и дополнуван, пред сè, заради негово усогласување со други системски прописи и меѓународни документи релевантни за оваа област. Во текот на имплементацијата на Законот е утврдено дека одредни одредби содржани во Законот негативно влијаат врз спроведувањето на мерките за заштита на културното наследство. Новиот Закон за заштита кој се предлага да се донесе треба да обезбеди решавање на сите проблеми кои се пројавија во изминатиот период преку нова организациона поставеност на институциите за заштита на културното наследство особено во однос на предметот на работа на институциите за заштита (преку изработка на Листа на културно наследство од национално значење со утврдена категорија која ќе биде составен дел на Законот) и јасно дефинирани надлежности на Управата за заштита на културно наследство.

**НПАА-поглавје:** 3.01-Слободно движење на стоки

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2021.0300.8197

**Очекувани влијанија:** Со изработката на нов Закон за заштита на културното наследство, ќе се обезбедат услови за системска заштита на културното наследство на сите нивоа. Со изработката на листата на културно наследство од национално значење, што ќе се регулира со Законот, ќе се направи усогласување со стандардите на земјите членки од ЕУ во оваа област.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за култура

## *Предлог - закон за цвеќарство и хортикултурно уредување*

**Образложение:** Со Предлог-законот се воспоставува систем на регистрација на цвеќарството како и хортикултурното планирање. Се воспоставува систем на делување како и на контрола на цвеќарството како гранка во земјоделскиот сектор.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Да се воспостави систем на контрола на цвеќарстсвото; Да се има контрола на декоративните растенија како вектори на пренесување на болести кај растенијата; Да се има систем на одобрување на проектите за хортикултурно уредување. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |

### *Предлог-закон за изменување и дополнувања на Законот за консолидација на земјоделско земјиште*

**Образложение:** Со измени и дополнувања на Законот за консолидација на земјоделско земјиште ќе се овозможи поефикасно и непречено спроведување на проектите за консолдација, односно ќе се изготват системски решенија со превземање и регулирање на правни механизми кои се релевантни за процесите на консолидација а до сега биле регулирани во други закони.

**НПАА-поглавје:** 3.11-Земјоделство и рурален развој

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2019.0800.7782

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Заштита на земјоделското земјиште и развој на земјоделството и рационално користење на земјоделското земјиште како ограничен природен ресурс; Намалување на расцепканоста на земјишните парцели, нивно групирање, подобрување на формата на парцелите заради примена на посовремените техники и технологии на производство; Зголемување на просечната големина и обезбедување на пристап на парцелите до новите или рехабилитирани системи за наводнување и до обновената или новоизградена патна инфраструктура. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |

## *Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија*

### *Предлог - закон за уредување на трговијата со стоки кои можат да се користат за смртна казна, мачење или друго сурово, нечовечно или деградирачко постапување или казна*

**Образложение:** Со овој закон ќе се уредат меѓународните обврски на Република Северна Македонија врзани за заштита на човековите права. Уредувањето на националното законодавство по ова прашање ќе биде усогласено со законодавството на ЕУ - со Регулативата на Заедницата (ЕЗ) бр. 1236/2005 и со Регулативата на Комисијата (ЕУ) бр.775/2014 за измена и дополна на Регулативата на Заедницата (ЕЗ) бр. 1236/2005.).

**НПАА-поглавје:** 3.30. Надворешни односи

**НПАА-подрачје:** 3.30.1. Заедничка трговска политика

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2018.0400.7502

**Очекувани влијанија:** Со донесување на законот ќе се оствари напредок во усогласувањето на националното законодавство со законодавството на ЕУ и ќе се исполнат меѓународните обврски на Република Северна Македонија врзани за заштита на човековите права.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за економија

## *Владеење на правото, независност на правосудството, доследна и неселективна борба против криминалот и корупцијата со широка и обврзувачка транспарентност*

### *Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор*

**Образложение:** Измената на Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор е неопходна заради подобрување на ефикасноста на финансиската инспекција при вршење контрола на користењето на јавните финансиски средства кај субјектите од јавниот сектор и користењето

на финансиските средства од ЕУ фондовите.

**НПАА-поглавје:** 3.32-Внатрешна контрола

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2020.0700.8109

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Ефикасна заштита на финансиските интереси на субјектите од јавниот сектор и заштита на финансиските средства од ЕУ фондовите. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за финансии |

# Јуни

## Иницијатива со висок приоритет

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

### *Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за волонтерство*

**Образложение:** Законот се предлага заради надминување на предизвиците од 13-годишната имплементација на Законот за волонтерство, и за понатамошен развој на волонтерските политики во државата. Законот се предлага на иницијатива на повеќе невладини организатори, како и поради потребата од усогласување со други законски прописи кои се во корелација со истиот.

**НПАА-поглавје:** 3.19 Социјална политика и вработување

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2020.0900.8118

| | |
|---|---|
| **Очекувани** | Унапредување и поттикнување на волонтертсвото во земјата. |

**влијанија:**

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за труд и социјална политика

## *Предлог - закон за стечај*

**Образложение:** Се подготвува нов Закон за стечај со техничка помош на Светска банка – групација на светска банка (IFC). За таа цел формирана е работна група од сите засегнати страни (Професор од Правен факултет, Министерство за економија, Министерство за финансии, Министерство за правда, судии кој работат на стечај, претставници од банки, претставник од Комора на стечајни управници) Целите кои треба да се постигнат со измените на постоечката законска регулатива за стечај се: 1.Усогласување со Директивата 2019/1023 на Европскиот Парламент и Советот од 20.06.2019 година за рамката за превентивно преструктуирање и дополнувања на Директивата (ЕУ) 2017/1132 (Директива за преструктуирање и инсолвентност), со што се постигнува вградување во законскиот текст на најдобрите европски и светски практики за водење на постапките за инсолвентност. 2. Нова постапка за превентивно преструктуирање на друштвото со потешкотии 3. Предстечајна реорганизација врз основа на предложен план за реорганизација 4. Измени на законските одредби кои ја регулираат стечајната постапка

**НПАА-поглавје:** 3.06 -Трговски друштва

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2020.0400.7902

**Очекувани влијанија:** Создавање на поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис секторот, зголемување на конкурентноста на економијата и целосно почитување на правната држава.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за економија

## *Предлог - закон за шумска полиција*

**Образложение:** Во последните години сведоци сме на зголемена сеча на шумите, зголемена кражба на дрва како и оформени добро организирани групи за кражба на дрва и нелегална сеча. Сето ова придонесе за да дрвокрадството стане јако доходовен бизнис со лесни и брзи заработени пари. Ваквите сечи се спротивни на одржливиот раст во шумарството, со намалување на шумскиот фонд се зголемува аерозагаденоста и загрозување на здравата животна средина. Да се формира нов правен субјект управа или Секторот шумска полиција да премине под Министерството за внатрешни работи.

**НПАА-поглавје:** 3.27-Животна средина, шумарство

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2021.0800.8198

**Очекувани влијанија:** Професионална шумска полиција која поефикасно ќе се справува со криминалните групи, поефикасно чување на шумите, зачувување на постоечкиот и зголемување на шумскиот фонд кој долгорочно ќе придонесе за намалување на аерозагаденоста знаејќи дека шумите се белите дробови на еден регион.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

## *Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за пожарникарство*

**Образложение:** Според Законот за пожарникарство, кој е во сила, средствата од буџетот на Република Северна Македонија може да се користат само за финансирање на платите и надоместоците на платите на вработените во противпожарните единици. Со измените и дополнувањата на Законот за пожарникарство, ќе се доуреди материјата поврзана со формирањето, организацијата, функционирањето и финансирањето на територијалните противпожарни единици, кое ќе го вклучи и начинот на утврдување и распределба на годишните дотации за финансирање на противпожарната заштита на локално ниво од Буџетот на Република Северна Македонија. Според член 50 став (1), средствата од членот 49 став (1) алинеја 1 на овој закон, се обезбедуваат за финансирање на платите и надоместоците на платите на вработените во

противпожарните единици од член 5 од истиот закон, согласно со законот со кој се уредува финансирањето на единиците на локалната самоуправа, доколку со овој закон поинаку не е уредено.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Ќе се обезбеди воедначен пристап и подобрување на обемот и квалитет на услугите кои ги обезбедуваат територијалните противпожарни единици. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за одбрана |

## *Владеење на правото, независност на правосудството, доследна и неселективна борба против криминалот и корупцијата со широка и обврзувачка транспарентност*

### *Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за вознемирување на работното место (мобинг)*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Донесување на нов Закон за вознемирување на работното место (мобинг) со кој ќе се овозможи вистинска и ефикасна заштита на работниците од мобинг. |

**НПАА-поглавје:** 3.19 -труд и социјална политика/ под поглавје 19.7 Антидискриминација и еднакви можности

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2020.0900.7995

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Подобрување на правата на работниците во Република Северна Македонија. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за труд и социјална политика |

### *Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за еднакви можности на жените и мажите*

**Образложение:** Усогласување со новите ЕУ директиви во делот на еднаквост и недискриминација и во насока на поефикасна легислатива за родова еднкавост. Унапредување на родовата машинерија согласно препораките на Комитетот за елиминација на сите форми на дискриминација на жените. Воспоставување на правен основ за Ресурсен центар (тренинг центар) за родово одговорно буџетирање и родови политики.

**НПАА-поглавје:** 3.19-Труд и социјална политика / под поглавје 19.7 Антидискриминација и еднакви можности

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2020.0900.7993

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Подобрување на состојбата со родовата еднаквост во Република Северна Македонија. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за труд и социјална политика |

### *Предлог-закон за парнична постапка*

**Образложение:** Надминување на проблемите во практичната примена на дел од одредбите во законот, особено оние кои се однесуваат на вкрстеното испрашување, задолжителното вештачење со поднесување на самата тужба и слично.

**НПАА-поглавје:** 3.23-Правосудство и фундаментални права

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2019.0100.7751

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Воспоставување стабилен граѓанско-правен систем преку пополнување на постоечките правни празнини и усогласување на |

законот со европските стандарди и современите општествени текови.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за правда

## *Квалитетно образование достапно за сите согласно побарувачката на пазарот на трудот*

### *Предлог-закон за младински стандард*

**Образложение:** Во соработка со Владата на Република Северна Македонија и невладиниот сектор, Министерството за образование и наука работи на предлог Закон за младински стандард, кој ќе ги обедини законите за ученички и студентски стандард и законот за субвенциониран студентски оброк

**НПАА-поглавје:** 3.26-Образование и култура

**НПАА-подрачје:** 3.26.1 Образование

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2020.1400.7919

**Очекувани влијанија:** Подобрен младински стандард

**Фискални импликации:** Има: Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Министерство за образование и наука

### *Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за национална рамка на квалификации*

**Образложение:** Целта на Законот за изменување и дополнување на Законот за национална рамка на квалификации е усогласување со европските регулативи и препораките добиено во рамки на ИПА проектот „Понатамошно унапредување на системот на квалификации"

**НПАА-поглавје:** 3.26-Образование и култура

**НПАА-подрачје:** 3.26.1 Образование

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2017.1400.7433

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со донесувањето на овој Закон се очекува усогласување и хармонизација и со останатите законите кои го регулираат основното образование, средното образование, стручното образование и обука, образованието на возрасните и високото образование и ќе придонесе во осигурување на квалитет во стекнувањето на потребните квалификации |
| **Фискални импликации:** | / |
| **Предлагач:** | Министерство за образование и наука |

## *Модерна и ефикасна јавна администрација базирана на дигитализација која обезбедува квалитетни и брзи услуги за граѓаните и деловните субјекти*

### *Предлог- закон за организација на органите на државната управа*

**Образложение:** Организацијата на институциите на јавниот сектор е од клучно значење за воспоставување на современ демократски систем кој ќе се темели на начелото на владеење на правото. Формирањето, статусот и надлежностите на органите на државната управа, агенциите и инспекциските служби од централната власт се регулирани со Законот за организација и работа на органите на државната управа и посебни закони. Притоа, не е водено сметка за хиерархиската поставеност, субординацијата на органите, преклопување на надлежностите, стриктната надлежност на ресорите и/или за соодветно алоцирање на функциите на органите/институциите што во пракса предизвикува сериозни проблеми во однос на вршењето на основните функции на институциите. Во правниот систем често се воспоставуваат нови органи заради усогласување на домашното со европското законодавство, без при тоа да се води сметка за уставните рамки и претходните системски решенија кои не содржат соодветна правна рамка. Ваквата состојба е резултат на лошата практика на избрзано носење на закони и неспроведување на процесот на ПВР, како и на недоволно вклучување на сите засегнати страни во процесот на подготвување на законите.

**НПАА-поглавје:** Политички критериуми/PJA

**НПАА-подрачје:** 1.2 Реформа на јавна администрација

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2020.0007.7912

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Јасно определување на критериумите и начинот на основање, статус, надлежната институција пред кого одговара, самостојност, улога и овластувања на надлежната институција, политичка одговорност за делувањето, договорната автономија, буџетската самостојност, сопствени приходи, статусот на вработените, организациската самостојност, раководењето и структурата на управување. Воведување на посебна постапка за претходна проценка на потребата за креирање на нови тела со цел да се ублажи ризикот од „неоправдан брз и ненадеен пораст" на нови органи. Новата организациска поставеност јасно ќе ги утврди критериумите и начинот на креирање/спојување/укинување на институции, задржување/пренесување/укинување на надлежност со цел за унапредување на ефикасноста и ефективноста на институциите, подобрување на организациската поставеност, подобро искористување на човечките, финансиските и управувачките ресурси, која ќе се темели на начелото на владеење на правото и ефикасно извршување на функциите на државата. |

**Фискални импликации:** Има: Користење и имплементација на фондови од ЕУ ИПА

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за информатичко општество и администрација |

## ***Предлог-закон за безбедност на мрежи и информациски системи***

**Образложение:** Овој Закон ги утврдува мерките со цел постигнување на високо ниво на безбедност на мрежните и информативните системи во Република Северна Македонија, соодветни на стандардите и мерките определени во рамките на Европската Унија со цел да се подобри функционирањето на внатрешниот пазар. Со овој закон ќе се транспонира НИС директивата на Европската унија (DIRECTIVE (EU) 2016/1148 OF THE EUROPEAN PARLIAMENT AND OF THE COUNCIL concerning measures for a high common level of security of network and information systems across the Union).

**НПАА-поглавје:** 10. - Информатичко општество и медиуми

**НПАА-подрачје:** 10.1. Електронски комуникации и информациски технологии

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2020.0007.7986

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Безбедност и стабилност на мрежи и информациски системи Развој на економски активности |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за информатичко општество и администрација |

## ***Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за општа управна постапка***

**Образложение:** Досегашната примена на Законот за општа управна постапка покажа дека не е воспоставен систем на воедначена управна пракса на ниво на јавните органи, постои висок процент на јавни органи кои од објективни причини (недостаток на правници) не можат да определат овластени лица за водење на управната постапка и воопшто не функционира или во многу мал процент функционира комуникацијата меѓу јавните органи во задолжителната електронска форма.

**НПАА-поглавје:** Политички критериуми/РЈА

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2019.0007.7744

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Брзо и ефикасно остварување на права на граѓаните и барањата на бизнисите; Гаранција на правната сигурност и предвидливост; Унапредена комуникација меѓу јавните органи; Државната комисија за одлучување во втор степен во управна постапка и работни односи и управните судови |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за информатичко општество и администрација |

## ***Предлог-закон за надворешни работи***

**Образложение:** Законот има за цел реформа на дипломатската служба, со цел нејзина целосна професионализација и приближување кон европските

текови за современи дипломатски служби.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со донесување на Законот ќе се изгради професионална и ефикасна дипломатска служба која ќе биде соодветен соговорник во светската дипломатија. |

**Фискални импликации:** Има: 26,849,800 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за надворешни работи |

## *Заштита на животната средина, зелен развој, намалување на аерозагадувањето и влијанието на климатските промени*

### *Предлог- закон за инспекција во животната средина*

**Образложение:** Заради организирање на инспекцијата во областа на животната средина согласно барањата кои произлегуваат од правото на ЕУ во областа на животната и инспекциски надзор за животна средина, во Државниот инспекторат за животна средина се спроведе ЕУ Твининг Проект „Зајакнување на административните капацитетите на централно и локално ниво за спроведување на законодавството од областа на животната средина". Од проектот произлегоа препораки и насоки за подобрување на системот за инспекција во животната средина согласно барањата на ЕУ законодавството за инспекциски надзор во животната средина.

**НПАА-поглавје:** 3.27-Животна средина

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2014.0500.7116

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со донесување на Законот за инспекција во животната средина ќе се придонесе кон воспоставувањето на поефикасен систем на инспекцијата во животната средина кој ќе се заснова на: - повеќе |

| | |
|---|---|
| | годишно планирање на инспекцијата во животната средина кое ќе се воспостави врз основа на воспоставени критериуми за процена на ризикот кој субјектите на надзорот го имаат врз животната средина; - зголемување на соработката и координацијата на централни и локално ниво во инспекцијата во животната средина и - зајакнување на административните капацитети преку континуирано планирање на потребите за стручно усовршување и оспособување |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за животна средина и просторно планирање

## *Предлог - закон за индустриски емисии*

**Образложение:** Со Законот се врши усогласување со Законодавството на ЕУ во областа на индустриските емисии.

**НПАА-поглавје:** 3.27-Животна средина

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2010.0500.6102

**Очекувани влијанија:** Со донесување на Законот за индустиски емиисии ќе се придонесе кон регулирање на емисиите од индустискиот сектор, унапредување на целокупниот процес на регулирање и надзор мерење на емисиите. Се очекува заштита на сите медиуми на животна средина, а посебно за намалување на загадувањето на воздухот.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за животна средина и просторно планирање

## *Предлог закон за заштита на природата*

**Образложение:** Со Законот се врши усогласување со законодавството на ЕУ во областа на заштита на природата.

**НПАА-поглавје:** 3.27-Животна средина

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2012.0500.6792

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Унапредување на целокупните процеси кон заштита и унапредување на природата. |
| **Фискални импликации:** | / |
| **Предлагач:** | Министерство за животна средина и просторно планирање |

## Иницијатива со среден приоритет

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

### *Предлог-закон за проспекти и обврски за транспарентност на издавачите*

**Образложение:** Со донесувањето на Законот за проспекти и обврски за транспарентност на издавачите ќе се изврши усогласување на домашната регулатива во областа на пазарот на капитал со европските директиви и регулатива во оваа област и тоа со Директивите: - 2013/50/ЕУ за усогласување на барањата за транспарентност во врска со информациите за издавачите на хартии од вредност чии хартии од вредност се примени за тргување на регулиран пазар со која се менуваат Директивите 2004/109/ЕУ. - Регулативата (ЕУ) бр. 2017/1129 за проспектот што треба да се објави кога хартиите од вредност и се нудат на јавноста или се примени за тргување на регулиран пазар со која се заменува Директивата 2003/71ЕУ за издавање на проспект, - Директивата 2001/34/ЕЗ за прием на хартии од вредност на официјална котација на берзата и на информациите кои ќе бидат објавени за тие хартии од вредност. Законот ќе ја регулира постапката за издавање и понуда на хартии од вредност и барањата за прием на хартии од вредност на регулираниот пазар , како и обврските за транспарентност на издавачите при тргување со хартии од вредност

**НПАА-поглавје:** Поглавје 9 - Финансиски услуги

**НПАА-подрачје:** Подрачје 4 – Пазари на хартии од вредност и инвестициски услуги

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2015.0700.7245

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со донесувањето на Законот за проспекти и обврски за транспарентност на издавачите ќе се уреди можноста за издавачите на хартии од вредност да издаваат проспект како единствен документ, или како проспект составен од повеќе документи, како што се документ за регистрација, белешка за хартиите од вредноси и резиме на проспектот. Ќе има одредни олеснувања при изработката на проспектот и за оние компании кои почесто објавуваат јавни понуди на хартии од вредност. Ќе се воспостави единствен систем за одобрување на проспектот, односно проспектот кој ќе биде одобрен пред објавување на јавна понуда, истиот ќе важи и при прием на хартиите од вредност за тргување на берзата. Ќе се овозможат највисоки стандарди за заштита на инвеститорите во согласност со Европската унија во делот на обелоденување на информациите од страна на издавачите, со користење на идентичен систем за објавување на податоци од страна на издавачите. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за финансии |

## *Предлог-закон за систем на адреси*

**Образложение:** Причината поради која се предлага Законот за систем на адреси е воспоставување на стандардизиран систем за адреси со интегрирани графички и атрибутни податоци која еднозначно ќе ја определи локацијата на адресата, како и да се уреди надлежноста, Агенцијата за катастар на недвижности да го воспостави и води Адресниот Регистар на РС Македонија. Описните и просторни податоци за адресите во Адресниот Регистар ќе се чуваат и водат во централизирана база на податоци. Во Предлог Законот се содржани и одредби во кои се транспонирани дел од одредбите на „Директива 2007/2/ ЕС на Европскиот парламент и Советот на ЕУ од 14 Март, 2007 год. Воспоставување на Инфраструктура за Просторни Информации во Европската Заедница (INSPIRE)- D2.8.I.5 Спецификација за адресни податоци - Технички упатства".

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** нема

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со Предлог на Законот за систем на адреси ќе се овозможи да се надминат одредни слабости и недостатоци во однос на начинот и постапката за донесување на одлуката за определување на име на улица, булевар, плоштад, кеј и на друг инфраструктурен објект како и во делот на водењето на евиденцијата за имиња на улици, булевари, плоштади, кејови и на други инфраструктурни објекти, и за броевите за нумерирањето на објектите, а кои беа содржани во постојните законски решенија кои ја опфаќаат оваа област. |

**Фискални импликации:** Има: 18,300,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за транспорт и врски |

## *Предлог-закон за финансиски инструменти*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со донесувањето на Законот за финансиски инструменти ќе се изврши усогласување на домашната регулатива од областа на пазарот на капитал со најновите европски директиви и регулативи во оваа област. Дел од директивите и регулативите кои ќе бидат имплементирани во Законот за финансиски инструменти се: • Директива 2014/65/ЕУ за пазари на финансиски инструменти и Регулатива (ЕУ) бр. 600/2014 за пазарите на финансиски инструменти – МИФИД II, • Директива 2014/57/ЕУ за злоупотреба на пазарот и Регулатива (ЕУ) бр. 596/2014 за злоупотреба на пазарот – МАД II, • Директивата 2013/36/ЕУ за вршење активности на кредитните институции и за прудентна супервизија на кредитните институции и инвестициските друштва и Регулатива (ЕУ) бр. 575/2013 за прудентните барања на кредитните институции и адекватност на капиталот на инвестициските фирми и кредитните институции и • Регулатива (ЕУ) бр. 909/2014 за подобрување на порамнувањето на хартиите од вредност во ЕУ и за централни депозитари. Со имплементацијата на горенаведените Директиви и Регулативиќе бидат воведени одредби кои се однесуваат на следното: - дефинирање на сите видови на финансиски инструменти кои ќе им се достапни за инвестирање на инвеститорите, - воведување на нови барања за начинот на вршење на дејност и барања за организациска поставеност на давателите на инвестициски услуги, односно брокерските куќи во постапката на нивно лиценцирање, - воведување на дополнителни организациски барања и други правила кои инвестициските фирми ќе треба да ги имплементираат и следат кога |

нудат инвестициски услуги на клиентите, вклучувајќи ги и барањата за чување на информации и известување на клиентите, - воведување на нов пристап за капиталните барања со што брокерските куќи ќе издвојуваат соодветно ниво на средства кое ќе ги одразува реалните ризици кои тие ги преземаат при вршењето на својата дејност, - воведување на одредби за заштита на имотот и интересите на клиентите на инвестициските друштва, со цел зајакнување на рамката за давање на услугата за инвестициско советување и управување со портфолио, како и подобрување на квалитетот на информациите поврзани со инвестициските услуги кои им се даваат на клиентите, - воведување на нови платформи за тргување МПТ (мултилатерална платформа за тргување) и ОПТ (организирана платформа за тргување), како дел од пазарот за тргување со хартии од вредност, - воведување на одредби во врска со обелоденувањето на податоци за реализирани трансакции пред јавноста, како и податоците за извршените трансакции пред контролните органи, во врска со голем број на финансиски инструменти, - попрецизно дефинирање на однесувањата на учесниците на пазарот на капитал, кои ќе се сметаат за злоупотреби на пазарот, вклучително и внатрешно тргување и незаконско обелоденување на инсајдерски информации, како и пазарните манипулации, со цел да се обезбеди поголема правна сигурност за учесниците на пазарот

**НПАА-поглавје:** Поглавје 9 - Финансиски услуги

**НПАА-подрачје:** Подрачје 4 – Пазари на хартии од вредност и инвестициски услуги

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2010.0700.6055

**Очекувани влијанија:** Со донесувањето на Законот за финансиски инструменти ќе се обезбеди усогласеност на домашната регулатива со релевантните Европски Директиви и Регулативи во областа на пазарот на капитал, што ќе овозможи повисоко ниво на стабилност и ефикасност на пазарот, како и прилагодување кон работењето на овластените пазарни учесници на европските стандарди и принципи. Преку имплементацијата на директивите ќе се воспостави ефикасен, транспарентен и конкурентен пазар на капитал. Исто така, ќе се зајакне заштитата на инвеститорите во хартии од вредност, ќе се стимулира конкуренцијата помеѓу учесниците на пазарот на капитал, ќе се намалат трошоците за тргување, ќе се зајакне довербата во пазарот, ќе се зачува интегритетот на пазарот и ќе се поттикне

развојот на пазарот на хартии од вредност во Република Северна Македонија.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

## *Предлог -закон за изменување и дополнување на Законот за Народната банка на Република Севрна Македонија*

**Образложение:** Со предложените измени и дополнувања на Законот за Народната банка на Република Северна Македонија, Народната банка на Република Северна Македонија ќе има законски мандат за преземање макропрудентни мерки спрема банките и штедилниците, во насока на одржување на финансиската стабилност во Република Северна Македонија. Воедно, со Предлог-законот ќе се зајакне водечката улога на Народната банка во креирањето и спроведувањето на макропрудентната политика и одржувањето на финансиската стабилност во земјава.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2020.0700.7909

**Очекувани влијанија:** Со Законот за изменување и дополнување на Законот за Народната банка на Република Северна Македонија ќе се придонесе кон одржување на стабилноста на финансискиот систем во целина, како и кон спречување и намалување на кумулирањето на системските ризици, особено ако се земе во предвид дека структурата на финансискиот пазар во Република Северна Македонија од аспект на учесниците на пазарот се карактеризира со изразена доминација на банкарскиот сектор.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

## *Предлог- закон за гробишта и погребални услуги*

**Образложение:** Причината поради која се предлага нов Закон за гробишта и

погребални услуги е да се надминат одредни слабости и недостатоци на постоечкиот закон а особено во делот на управувањето со гробиштата и вршењето на погребалните услуги. Со Предлог Законот за гробишта и погребални услуги се уредуваат начинот на определување, изградба, одржување, употреба, видови на гробишта, управување со гробиштата, употреба на гробно место и гробница, условите и начинот на вршење на погребални услуги, изградба на надгробни споменици, како и надзор над спроведување на овој закон.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со овој предлог на закон, односно решенијата содржани во него ќе ги разрешат на најприфатлив начин насобраните проблеми, слабости и недостатоци во постојните законски решенија од оваа област, како и во процесите на хармонизација на проблемите во областа на управувањето со гробиштата и погребалните услуги. |
| **Фискални импликации:** | / |
| **Предлагач:** | Министерство за транспорт и врски |

## *Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија*

### *Предлог -закон за ратификација на Конвенцијата за меѓународна издршка на деца и други облици на семејна издршка и на Протокол од 23 ноември 2007 година за правото што се применува на обврските за издржување*

**Образложение:** Оваа Конвенција и Протокол се потпишани од македонска страна во декември 2019 година. Истите треба да се ратификуваат во нашата држава со цел да стапат во сила.

**НПАА-поглавје:** 3.23-Правосудство и фундаментални права

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2018.0900.7586

| | |
|---|---|
| **Очекувани** | Ратификацијата на Конвенцијата и на Протоколот ќе овозможи |

**влијанија:** истите да стапат во сила во внатрешниот правен поредок како и да се прибилижи националното законодавство на Република Северна Македонија кон законодавството на Европската Унија со оглед дека Европската Унија е нивна договорна страна.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за надворешни работи

***Предлог- закон за изменување и дополнување на Законот за личната карта***

**Образложение:** Измената и дополнувањето на наведениот Закон е неопходна поради тоа што од повеќегодишната имплементација на одредбите од Законот, констатирани се одредени недоречености и недоследности, што предизвикува проблеми кои негативно се рефлектираат во делот на евиденциите што ги води министерството, а со тоа и врз квалитетот на податоците кои министерството ги доставува до други субјекти, а се одразува врз остварувањето на права и обврски на граѓаните на Република Северна Македонија.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Со измените на Законот за личната карта, ќе се овозможи поголема ефикасност на постапување на Министерството, подобрување на квалитетот и контролата на податоците за граѓаните на Република Северна Македонија, како и овозможување на подобар пристап кон граѓаните во насока на доследно остварување на нивните права и обврски. Во таа насока, наведениот Закон целосно ќе се усогласи со Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за внатрешни работи

***Предлог- закон за изменување и дополнување на Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните***

**Образложение:** Измената и дополнувањето на наведениот Закон е неопходна поради тоа што од повеќегодишната имплементација на одредбите од Законот, констатирани се одредени недоречености и недоследности, што предизвикува проблеми кои негативно се рефлектираат во делот на евиденциите што ги води министерството, а со тоа и врз квалитетот на податоците кои министерството ги доставува до други субјекти, а се одразува и врз остварувањето на права и обврски на граѓаните на Република Северна Македонија.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Со измените на Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните, ќе се овозможи да се отстранат пропустите во делот на регулирање на пријавување на живеалиштето на граѓаните и промената на адресата. Исто така ќе се надминат недореченостите кои произлегуваат од воспоставување на точна евиденција која меѓу другото ќе биде и вистинска основа за воспоставување на Регистарот на население на Република Северна Македонија, како и целосно усогласување на наведениот Закон со Законот за личната карта.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за внатрешни работи

***Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Северна Македонија***

**Образложение:** Измената и дополнувањето на наведениот закон е неопходна поради тоа што од повеќегодишната имплементација на одредбите од Законот, констатирани се одредени недоречености и недоследности, што предизвикуваат проблеми кои негативно се рефлектираат во делот на евиденциите што ги води Министерството за внатрешни работи, а со тоа и врз квалитетот на податоците кои министерството ги доставува до други субјекти, а се одразува врз остварувањето на права и обврски на граѓаните ан Република Северна Македонија.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со измените на наведениот Закон, ќе се овозможи поголема ефикасност во постапувањето при издавање на патни исправи, подобрување на квалитетот и контролата на податоците за граѓаните на Република Северна Македонија, преку воспоставување на точна евиденција со цел олеснување на пристапот на граѓаните до документот во насока на доследно остварување на нивните права и обврски. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за внатрешни работи

# Јули

## Иницијатива со висок приоритет

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

### *Предлог- закон за службеници во одбраната*

**Образложение:** Со полноправното членство во Алијансата се зголемија и обврските на вработените службеници во Министерството за одбрана. Националните обврски од членството во Алијансата во најголем дел се на товар на Министерството за одбрана, а зголемена е и потребата од работа со НАТО класифицирани информации и документи. Дополнително членството во НАТО побарува квалитетен, стручен, високо мотивиран и искусен персонал, кој ќе биде носител на процесите и реформите во Министерството за одбрана и Армијата. Со тоа досегашниот статус на административни службеници вработени во одбраната согласно Законот за административни службеници и Законот за вработените во јавниот сектор е неодржлив и ја наметнува потребата од донесување на Закон за службеници во одбраната со кој

детално ќе се уредат правата од работен однос на вработените во Министерството за одбрана, како составен дел на националниот безбедносен систем.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со имплементацијата на Стратегискиот одбранбен преглед 2018 и новата структура ќе се редуцира бројот на вработените во Министерството за одбрана. Дополнително, Законот за службеници во одбраната ќе влијае на мотивираноста на персоналот, ќе се зголеми ефективноста во работата на вработените во Министерството за одбрана и ќе се изгради персонална структура која е одговорна и способна да одговори на современите безбедносни предизвици. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за одбрана |

# Иницијатива со среден приоритет

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

## *Предлог-закон за градежно земјиште*

**Образложение:** Уредување на правата и обврските во поглед на градежното земјиште и уредувањето на тоа земјиште.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани** | Уредување на прашањата со кои се регулираат правата врз |

| | |
|---|---|
| **влијанија:** | градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија и врз градежното земјиште во сопственост на физички и правни лица, начинот и постапката на правото на долготраен закуп, краткотрајниот закуп и уредувањето на градежното земјиште. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за транспорт и врски

# Август

## Иницијатива со висок приоритет

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

***Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година***

**Образложение:** Доколку има промени во реализацијата на приходите и расходите со Измена и дополна на Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година се обезбедуваат неопходни прилагодувања на приходната и расходната страна од Буџетот во однос на иницијално планираните.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Со ревидирање на приходите и расходите со Измена и дополна на Буџет на Република Северна Македонија за 2021 се обезбедува одржување на макроекономската и фискалната стабилност, умерено ниво на буџетски дефицит и јавен долг и поддршка на економијата со значителни инвестиции во продуктивни проекти.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

# Септември

## Иницијатива со висок приоритет

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

### *Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за јавните патишта*

**Образложение:** Уредување на начинот на управувањето, планирањето, изградбата, реконструкцијата, заштитата и надзорот на јавните патишта.

**НПАА-поглавје:** 3.14 -Транспортна политика

**НПАА-подрачје:** 3.14.1 Патен сообраќај

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2020.0200.8112

**Очекувани влијанија:** Подобрување на патната инфрструктура и подигање на нивото на безбедност.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за транспорт и врски

### *Предлог-Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година*

**Образложение:** Со Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година се планираат/утврдуваат износите на приходите и расходите и нивото на буџетскиот дефицит за следната фискална година по буџетски корисници на централната власт и фондовите.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година се обезбедуваат средства за реализација на политиките и проектите планирани во Програмата на Владата на Република Северна Македонија и се определува максималниот износ на финансиски средства со кои можат да располагаат буџетските корисници на централната власт и на фондовите, над кој не можат да се превземат дополнителни обврски. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

## *Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на храната*

**Образложение:** Усогласување со новите политики и барања на ЕУ поврзани со безбедноста на храната.

**НПАА-поглавје:** 12 - Безбедност на храна, ветеринарство и фитосанитарна политика

**НПАА-подрачје:** Безбедност на храна

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2018.0800.7505

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Одржување на висок степен на безбедност на храната за крајните потрошувачи во Република Северна Македонија, почитувајќи ги највисоките стандарди, стандардите на Европската Унија. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

## *Предлог - закон за пчеларство*

**Образложение:** Со предлог законот се регулира пчеларството како гранка во земјоделството. Со предлог законот се воведува и пчелин катастер со редослед на пчеларење. Со предлог законот треба да се уредат и стандардите на производтво на садови во кои што ќе може да се одгледуваат пчелите. Како и условите кои треба да ги исполнуваат одгледувачите на пчели.

**НПАА-поглавје:** 3.11.-Земјоделство и рурален развој

**НПАА-подрачје:** Земјоделство

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2020.0800.8162

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Да се воспостави ред на одгледувањето на пчелите. Да се воспостави ред на производството на пчелните сандаци и други материјали кои се користат во пчеларството. Да се воспостави пчелен катастар. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

### *Предлог-закон за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година*

**Образложение:** Со Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година прецизно се регулираат условите и начинот на извршувањето на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година се обезбедува дефинирање на процедурите за управување и извршување на буџетите на буџетските корисници на централната власт и фондовите, а со цел рационално и наменско користење на одобрените финансиски средства. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

### *Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за работното време, задолжителните одмори на мобилните работници и возачите во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај*

**Образложение:** Со предложувањето на наведениот закон се уредува работното време и задолжителните одмори на мобилните работници во патниот сообраќај.

**НПАА-поглавје:** 3.14 Транспортна политика

**НПАА-подрачје:** 3.14.1 Патен сообраќај

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2018.0200.7521

**Очекувани влијанија:** Подобрување на условите за вршење превоз во патниот сообраќај.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за транспорт и врски

### *Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај*

**Образложение:** Регулирање на начинот и условите за вршење на превоз на патници и стоки во патниот сообраќај.

**НПАА-поглавје:** 3.14 Транспортна политика

**НПАА-подрачје:** 3.14.1 Патен сообраќај

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2018.0200.7520

**Очекувани влијанија:** Подобрување на патната инфрструктура и подигање на нивото на безбедност.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за транспорт и врски

### *Предлог - закон за директни плаќања во земјоделството*

**Образложение:** Со Предлог - законот за земјоделство се воспоставува генерална рамка за развој и унапредување на земјоделството како стратешки

приоритет на Република Северна Македонија. Со текстот на Законот се врши усогласување со политиките на Европската Унија во делот на директните плаќања.

**НПАА-поглавје:** 3.11 - Земјоделство и рурален развој

**НПАА-подрачје:** Земјоделство

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2020.0800.8074

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Воспоставување законски основ во политиката на директните плаќања како основ во развојот на земјоделството како стратешки приоритет на Република Северна Македонија. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |

## *Владеење на правото, независност на правосудството, доследна и неселективна борба против криминалот и корупцијата со широка и обврзувачка транспарентност*

### *Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за кривичната постапка*

**Образложение:** Согласно Стратегијата за реформи во правосудниот сектор за 2021-2023 година предвидено е донесување на измени и дополнувања на Законот за кривичната постапка. Новиот Закон беше донесен во 2010 година, а почна да се применува во декември 2013 година. Од неговата примена до денес лоцирани се одредени слабости, поради што се јавува потребата од прецизирање на одредени одредби, како и негово усогласување со меѓународните стандарди и директиви од оваа област.

**НПАА-поглавје:** Поглавје 23

**НПАА-подрачје:** Правосудство и човекови права

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2020.0100.7910

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Да се зголеми ефикасноста во кривичните постапки. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за правда

### *Предлог-закон за облигациони односи*

**Образложение:** Воспоставување стабилен граѓанско- правен систем преку пополнување на постоечките правни празнини и усогласување со европските стандарди и современите општествени текови. Со предложеното законско решение се врши усогласување со неколку Директиви на ЕУ и тоа: - Директивата 2011/7/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот за борба против задоцнето плаќање во трговските трансакции, во поглед на казнените камати. - Директивата 2011/83/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот за правата на потрошувачите, во поглед на правата на патниците кај договорите за организирање патување. - Директивата на Советот 86/653/ЕЕЗ - Директивата 2015/2302 на Европскиот парламент и на Советот. Покрај наведеното, се врши и дополнително усогласување со одредени одредби од Виенската конвенција, UNIDROIT и Ландо начелата.

**НПАА-поглавје:** Поглавје 23

**НПАА-подрачје:** Правосудство и фундаментелни права

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2020.0100.7922

**Очекувани влијанија:** Целосна ревизија на систематизирањето и регулирањето на облигационите односи согласно Страгегијата за реформи во правосудниот сектор 2017-2022 година.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за правда

### *Предлог - закон за помилување*

**Образложение:** Отстранување на лоцираните недостатоци во досегашната примена на Законот и посебно доуредување на прашањата поврзани со членот 11 од Законот.

**НПАА-поглавје:** Поглавје 23

**НПАА-подрачје:** Правосудство и фундаментални права

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Надминување на проблемите во досегашната пракса во оваа област. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за правда |

## *Предлог - Кривичен законик*

**Образложение:** Согласно Стратегијата за реформи во правосудниот сектор за 2021-2023 година предвидено е донесување на нов Кривичен законик. Причина за ова предложено законско решение се честите измени и дополнувања на Законикот во изминатите години, кои во пракса предизвикуваа тешкотии во неговата примена од страна на судиите и јавните обвинители. Воедно, се предвидува усогласување на казнената политика во однос на тежината на кривичните дела и усогласување на одредбите од Законикот со најновите меѓународни стандарди од казнено-правната област. Покрај овие измени ќе биде разгледана и потребата од дополнување на Законикот со нови кривични дела согласно лоцираните слабости од праксата.

**НПАА-поглавје:** Поглавје 23

**НПАА-подрачје:** Правосудство и фундаментални права

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2018.0100.7515

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Хармонизација на казните и кодификација на сите кривични дела во Кривичниот законик. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за правда |

## *Квалитетно образование достапно за сите согласно побарувачката на пазарот на трудот*

### *Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за спортска академија*

**Образложение:** Целта на Законот за изменување и дополнување на Законот за спортска академија е усогласување со Законот за прекршоци

**НПАА-поглавје:** 3.26-Образование и култура

**НПАА-подрачје:** 3.26.1-Образование

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2020.1400.8067

**Очекувани влијанија:** Со донесувањето на овој закон се очекува усогласување со законската регулатива

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за образование и наука

### *Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење*

**Образложение:** Целта на Законот за изменување и дополнување на Законот за обука и испит за директот на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење е усогласување со Законот за прекршоци.

**НПАА-поглавје:** 3.26-Образование и култура

**НПАА-подрачје:** 3.26.1 - Образование

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2017.1400.7438

**Очекувани влијанија:** Со донесувањето на овој Закон се очекува усогласување со законската регулатива.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за образование и наука

***Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за отворените граѓански универзитети за доживотно учење***

**Образложение:** Целта на Законот за изменување и дополнување на Законот за отворените граѓански универзитети за доживотно учење е усогласување со Законот за прекршоци.

**НПАА-поглавје:** 3.26-Образование и култура

**НПАА-подрачје:** 3.26.1 Образование

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2020.1400.8066

**Очекувани влијанија:** Со донесувањето на овој Закон се очекува усогласување со законската регулатива.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за образование и наука

***Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност***

**Образложение:** Целта на Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност е усогласување со Законот за прекршоци.

**НПАА-поглавје:** 3.26-Образование и култура

**НПАА-подрачје:** 3.26.1 Образование

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2020.1400.8065

**Очекувани влијанија:** Со донесувањето на овој закон се очекува усогласување со законската регулатива.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за образование и наука

## Иницијатива со среден приоритет

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

***Предлог-закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските под Договорот за заем за Проектот за изградба на магистрални гасоводи делница Гостивар - Кичево и делница Свети Николе – Велес, кој ќе се склучи помеѓу Европската банка за обнова и развој и АД НЕР***

**Образложение:** Согласно Законот за јавен долг, услов за потпишување на Договор за гаранција и Договор за заем со соодветната меѓународна финансиска институција е претходно донесување на Закон за гаранција.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Со склучување на Договорот за гаранција и Договорот за заем, ќе се обезбедат потребните средства за финансирање на изградбата на магистрални гасоводи делница Гостивар - Кичево и делница Свети Николе – Велес

**Фискални импликации:** Има: Други извори

**Предлагач:** Министерство за финансии

***Предлог - закон за лекови***

**Образложение:** Во 2019 година започна спроведувањето на Twining project со Литванската агенција за лекови којшто беше одобрен од Европската унија. Целта беше усогласување на Националното законодавство за лекови со законодавството на Европската унија, како и зајакнување на капацитетите на Агенцијата за лекови и медицински средства на РСМ за имплементација на истото. Проектот заврши во април 2020

година. Во таа насока, се подготвува нов Предлог на Закон за лековите.

**НПАА-поглавје:** 3.28-Заштита на потрошувачи и јавно здравје

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2015.1300.7278

**Очекувани влијанија:** Унапредена здравствена заштита преку обезбедување на ефикасни, квалитетни и безбедни лекови, воспоставување на систем на следење на потрошувачката на лековите, унапредување на сите постапки поврзани со издавање на одобрение за ставање на лек во промет, одобрение на клиничките испитувања на лековите, следењето на несаканите дејства од употребата на лековите, како и зајакнување на инспекцискиот надзор над лековите.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за здравство

***Предлог -закон за изменување и дополнување на Закон за спортот***

**Образложение:** Измени и дополнувања на Закон за спортот, во насока на уредување на прашања врзани за одредени сегменти во дејноста спорт, како и бришење на членови кои во постојниот Закон, немаат примена и истиот го оптеретуваат и го прават неприменлив.

**НПАА-поглавје:** 3.26

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2020.1400.8133

**Очекувани влијанија:** Уредување на дејноста спорт

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за правда

### *Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за финансиска поддршка на инвестициите*

**Образложение:** Целта на предложеното изменување и дополнување на Законот за финансиска поддршка на инвестициите е создавање на транспарентна правна рамка за поттикнување на економскиот раст и развој преку финансиската поддршка која ја дава Владата на Република Северна Македонија да се зголеми конкурентноста на економијата и да се зголеми вработувањето.

**НПАА-поглавје:** 20 Претпријатија и индустриска политика

**НПАА-подрачје:** Инструменти

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2020.0400.8153

**Очекувани влијанија:** Забрзување на економски раст и развој преку финансиска поддршка на деловните субјекти кои ќе инвестираат во Република Северна Македонија.

**Фискални импликации:** Има:

Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Министерство за економија

### *Предлог - закон за изменување на Законот за заштита на населението од заразни болести*

**Образложение:** Промени на законот во правец на усогласување со европското законодавство од обласста на заштита на населението од заразни болести. Пред се усогласувањата треба да се спроведат во делот на регистрацијата на заразните болести. Во 2016 година беше спроведена оценска мисија на Европската Комисија во однос на контролата на системот за заразни болести. Врз основа на наодите од мисијата, доставен ни е Технички извештај со препораки, меѓу кои е и препораката да се усогласи националното законодавство за заразни болести со европското. Оваа препорака е адресирана во Акцискиот план за заразни болести усвоен од страна на Владата на 142-та седница одржана на 4 јули 2019

**НПАА-поглавје:** 3.28-Заштита на потрошувачи и јавно здравје

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2019.1300.7884

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Унапредена здравствена заштита, обезбеден ефикасен, функционален и одржлив систем на превенција, контрола, надзор и одговор на заразни болести |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за здравство

***Предлог-закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за изградба на автопатска делница Скопје - Блаце, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Јавното претпријатие за државни патишта***

**Образложение:** Согласно Законот за јавен долг, услов за потпишување на Договор за гаранција и Договор за заем со соодветната меѓународна финансиска институција е претходно донесување на Закон за гаранција.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со склучување на Договорот за заем и Договорот за гаранција, се обезбедуваат средства за финансирање и комплетирање на автопатската делница Скопје – Блаце. |

**Фискални импликации:** Има: Други извори

**Предлагач:** Министерство за финансии

***Предлог- закон за медицински средства***

**Образложение:** Во 2019 година започна спроведувањето на Twining project со Литванската агенција за лекови којшто беше одобрен од Европската

унија. Целта беше усогласување на националното законодавство за медицински средства со законодавството на Европската унија, како и зајакнување на капацитетите на Агенцијата за лекови и медициснки средства на РСМ за имплементација на истото. Проектот заврши во април 2020 година. Во таа насока, се подготвува нов Предлог на Закон за медицински средства.

**НПАА-поглавје:** 3.28-Заштита на потрошувачи и јавно здравје

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2015.1300.7279

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Унапредена здравствена заштита преку обезбедување на квалитетни и безбедни медицински средства, унапредување на постапките поврзани со регистрација на медицинските средства, следењето на несаканите дејства од употребата на медицинските средства, како и зајакнување на инспекцискиот надзор над медицинските средства. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за здравство |

## *Владеење на правото, независност на правосудството, доследна и неселективна борба против криминалот и корупцијата со широка и обврзувачка транспарентност*

### *Предлог - закон за сопственост и други стварни права*

**Образложение:** Согласно Стратегијата во правосудниот сектор 2017-2022 предвидено е донесување на нов Закон за сопственост и други стварни права.

**НПАА-поглавје:** Поглавје 23

**НПАА-подрачје:** Правосудство и фундаментални права

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2020.0100.7908

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Воспоставување на стабилен граѓанско-правен систем преку пополнување на постоечките правни празнини и негово усогласување со европските стандарди и современите општествени текови. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за правда

***Предлог-закон за наследување***

**Образложение:** Согласно Стратегијата за реформи во правосудниот сектор 2017-2022 предвидено е донесување на нов Закон за наследување заради усогласување со европското законодавство во областа и најсовремените европски практики.

**НПАА-поглавје:** Поглавје 23

**НПАА-подрачје:** Правосудство и фундаментални права

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2020.0100.8181

**Очекувани влијанија:** Воспоставување на стабилен граѓанско- правен систем преку пополнување на постоечките правни празнини и негово усогласување со европските стандарди и современите општествени текови.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за правда

# Октомври

## Иницијатива со висок приоритет

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

***Предлог - закон за рурален развој***

**Образложение:** Со Предлог - законот за рурален развој се воспоставува генерална рамка за развој и унапредување на руралните средини како стратешки приоритет на Република Северна Македонија. Со текстот на Законот се врши усогласување со политиките на Европската Унија во делот на директните плаќања.

**НПАА-поглавје:** 3.11 - Земјоделство и рурален развој

**НПАА-подрачје:** Земјоделство

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2020.0800.8073

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Воспоставувања законски основ во политиката на руралениот развој како основ во развојот на земјоделството како стратешки приоритет на Република Северна Македонија. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

## *Предлог - закон за советодавни услуги*

**Образложение:** Со Предлог- законот за советодавни услуги се воспоставува генерална рамка за развој и унапредување на советодавните услуги како систем како стратешки приоритет на Република Северна Македонија. Со текстот на законот се врши усогласување со политикте на Европската Унија во делот на директните плаќања.

**НПАА-поглавје:** 3.11 - Земјоделство и рурален развој

**НПАА-подрачје:** Земјоделство

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2020.0800.8072

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Воспоставувања законски основ во советодавната политиката како основ во развојот на советодавните услуги во земјоделството и храната како стратешки приоритет на Република Северна Македонија. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

## *Предлог - закон за ловството*

**Образложение:** Законот за ловството е донесен во 2009 година и досега е сменет осум пати. Низ текот на имплементирањето увидени се многубројни недостатоци на Законот, а истовремено се јавува потреба за воведување на новини кои ги бара современото управување со дивечот, развојот и унапредувањето на ловството, заштитата на

дивата фауна и сл.

**НПАА-поглавје:** 27 Животна средина

**НПАА-подрачје:** Шумарство

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Ќе се донесе нов сеопфатен Закон за ловството, кој ќе биде поттик за унапредување на националната политика во областа на ловството, во согласност со домашните економски и социјални текови, но и меѓународните заложби на Република Северна Македонија, како во областа на ловството и заштита на дивата фауна, така и во областа на животната средина, климатските промени, шумарството итн. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

## *Предлог - закон за заеднички пазари на земјоделски производи*

**Образложение:** Со Предлог - законот за заеднички пазари на земјоделски производи се воспоставува генерална рамка за развој и унапредување на заеднички пазари како стратешки приоритет на Република Северна Македонија. Со текстот на Законот се врши усогласување со политикте на Европската Унија во делот на уредувањето на зедничките пазари.

**НПАА-поглавје:** 3.11 - Земјоделство и рурален развој

**НПАА-подрачје:** Заеднички земјоделски пазари

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2020.0800.8075

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Воспоставувања законски основ во политиката на заеднички пазари како како основ во развојот на заедничките пазари на земјоделските производи како стратешки приоритет на Република Северна Македонија. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

### *Предлог - закон за винарство*

**Образложение:** Со предлог Законот за винарство се воспоставува генерална рамка за развој и унапредување на винарскиот сектор како стратешки приоритет на Република Северна Македонија. Со текстот на законот се врши усогласување со политикте на Европската Унија во делот на винските дестилати, останатите вински производи и виното.

**НПАА-поглавје:** 3.11.-Земјоделство и рурален развој

**НПАА-подрачје:** Земјоделство

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2020.0800.8179

**Очекувани влијанија:** Воспоставувања законски основ во политиката на ставањето во промет вининските дестилати, останатите вински производи и виното постапка за нивна регистрација, вински објекти, мали винарии.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

## *Владеење на правото, независност на правосудството, доследна и неселективна борба против криминалот и корупцијата со широка и обврзувачка транспарентност*

### *Предлог - закон за судскиот буџет*

**Образложение:** Новиот закон ќе овозможи одредби за структурата и рамномерната распределба на судскиот буџет согласно европските стандарди.

**НПАА-поглавје:** 3.23-Правосудство и фундаментални права

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2020.0100.8177

**Очекувани влијанија:** Надминување на утврдените слабости од постојниот Закон.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за правда

# Иницијатива со среден приоритет

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

***Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за даночна постапка***

**Образложение:** Со Законот за даночна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.13/06, 88/08, 159/08, 105/09, 133/09, 145/10, 171/10, 53/11, 39/12, 84/12, 187/13, 15/15, 97/15, 129/15, 154/15, 23/16, 35/18, 275/19) се уредува општото даночно право, постапката на утврдување на данок, постапката на контрола на данок, постапката на наплата на данок, правата и обврските на даночниот обврзник и други прашања од даночната постапка. Овој закон е единствена основа на општото даночно право и на даночната постапка. Даночен обврзник е оној кој што должи данок, гарантира за данок, треба да плати или наплати данок за сметка на трето лице, треба да поднесе даночна пријава и/или даночно објаснување, мора да води книги или записи, или мора да исполнува други обврски кои што му се наложени со даночните закони.

**НПАА-поглавје:** 3.16-Оданочување

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2020.0700.8164

**Очекувани влијанија:** Со донесување на Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за даночна постапка ќе се овозможи подобрување на работата на УЈП, а воедно и подобрување на наплата на даноците и споредните даночни давачки кои ги управува Управата за јавни приходи, т.е. се очекуваат позитивни ефекти при неговата имплементација и негова еднообразна примена.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

***Предлог-закон за осигурување***

**Образложение:** Донесување на нов Закон за осигурување, со цел усогласување со Директивата 2009/138/ЕЦ за основање и водење на деловни активности за осигурување и реосигурување (Солвентност II).

**НПАА-поглавје:** 09-Финансиски услуги

**НПАА-подрачје:** 2-Осигурување и капитално финансирано пензиско осигурување

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2008.0700.4828

**Очекувани влијанија:** Со донесувањето на нов Закон за осигурување ќе се подобри стабилноста и одржливоста на осигурителниот сектор во насока на подобра заштита на правата на осигурениците, ќе се унапреди подготвеноста на секторот за соочување со конкурентските притисоци во рамки на Европската Унија и ќе се изврши понатамошна хармонизација со директивите на Европската унија по однос на осигурувањето.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

***Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за финансиска дисциплина***

**Образложение:** Со измената и дополнувањето на Законот за финансиска дисциплина се врши понатамошно усогласување на Законот за финансиска дисциплина со Директивата2011/7/ЕУ за борба против задоцнетото плаќање во комерцијалните трансакции во делот на рокот за исполнување на паричните обврски помеѓу субјектите од јавниот сектор и економските оператори од приватниот сектор.

**НПАА-поглавје:**Економски критериуми; 3.17 Економска и монетарна унија

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2013.0700.6854

**Очекувани влијанија:** Со Законот за изменување и дополнување на Законот за финансиска дисциплина ќе се изврши постепено намалување на рокот за

| | |
|---|---|
| | исполнување на паричните обврски помеѓу субјектите од јавниот сектор и економските оператори од приватниот сектор од 60 на 30 дена. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за финансии |

### *Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за стоковни резерви*

**Образложение:** Со предложените измени и дополнување на Закон за стоковни резерви се врши усогласување со други донесени закони, односно усогласување со новиот Закон за прекршоците, Законот за инспекциски надзор, Законот за лекови и медицински средства што претставува битна претпоставка за непречена примена на законот во пракса. Со законот се планира измена во начинот на обновување на стоковните резерви со цел да се обезбеди навремено и квалитетно обновување на стоковните резерви, со минимални трошоци.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со донесување на измените и дополнувањата на Законот за стоковни резерви се менува начинот на формирање и обновување на стоковните резерви, се очекува намалување на трошоците за обновување на стоковните резерви, подобрување на условите за работење со стоковните резерви, подобрување на начинот на контрола на чувањето и обновувањето на стоковните резерви. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за финансии |

### *Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за индустриски и зелени зони*

**Образложение:** Целта на предложеното изменување и дополнување на Законот за индустриски и зелени зони е овозможување на индустриските и

зелени зони да заживеат во пракса и да станат атрактивни за инвеститорите.

**НПАА-поглавје:** 3.20 Претпријатија и индустриска политика

**НПАА-подрачје:** Инструменти

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** Нема

ЕПП: 2020.0400.7899

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Забрзување на економски раст и развој со привлекување на странски и домашен капитал за развој на единиците на Локалната самоуправа и економијата на РСМ, како и зголемување на конкурентноста и вработувањето. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за економија |

## *Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија*

### *Предлог – закон за изменување и дополнување на Законот за странци*

**Образложение:** Законот за странци отпочна со примена во јуни 2019 година и во изминатиот период на имплементација констатирана е потреба од определени измени во текстот со цел допрецизирање на одредбите од Законот, доуредување на определени постапки и корекции на констатираните пропусти во постојниот текст. Истовремено, ќе се изврши дополнителен увид во степенот на усогласеност со релевантните прописи на ЕУ поврзани со постапките за регулирање привремен и постојан престој, со цел соодветно прилагодување на текстот на Законот за странци со релевантните прописи на ЕУ

**НПАА-поглавје:** 3.24 -Правда, слобода и безбедност

**НПАА-подрачје:** Визна политика, Миграции

Надворешни граници и граници на Шенген зоната

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2020.0600.7927

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Допрецизрање и доуредување на текстот на законот, со цел поголем степен на усогласеност со релевантните прописи на ЕУ. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за внатрешни работи

# Ноември

## Иницијатива со висок приоритет

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

***Предлог - закон за жестоки алкохолни пијалоци***

**Образложение:** Со Предлог- законот за жестоки алкохолни пијалоци се воспоставува генерална рамка за развој и унапредување на производството и ставањето во промет на ракија и останати жестоки алкохолни пијалоци како стратешки приоритет на Република Северна Македонија. Со текстот на Законот се врши усогласување со политиките на Европската Унија во делот на ставањето во промет на ракија и останати жестоки алкохолни пијалоци.

**НПАА-поглавје:** 11 - Земјоделство и рурален

**НПАА-подрачје:** Земјоделство

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2020.0800.8071

**Очекувани влијанија:** Воспоставување законски основ во политиката на ставањето во промет ставањето во промет на ракија и останати жестоки алкохолни пијалоци постапка за нивна регистрација, воспоставување стандарди за квалитет и обележување на ракија и жестоки алкохолни пијалоци.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

***Предлог на закон за здравствена заштита на животните***

**Образложение:** Усогласување со последниот пакет на Законодавството на Европската Унија, Закон за здравствена заштита на животните.

**НПАА-поглавје:** 3.12 - Безбеднст на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика

**НПАА-подрачје:** Ветеринарство

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2019.0800.7762

**Очекувани влијанија:** Новиот Закон за здравствена заштита на животните ги има за цел неколку јасни резултати и тоа: Модерна и соодветна рамка за здравје на животните; Подобро спречување, надзор и подготвеност за кризи поврзани со здравствена заштита на животните; и Науката, иновациите и истражувањето. Со новиот концепт на здравствена заштита на животните не се опфатени само отсуството на болести кај животните, туку преставува и столб за политиката на Европската Комисија, воедно и Република Северна Македонија во однос на здравјето на населението и безбедноста на храната. Клучната цел што ќе се постигне е нова политика за здравствена заштита на животните усогласена со политиките и законодавсвото на ЕУ.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

## *Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија*

## *Предлог-закон за воздухопловство*

**Образложение:** Република Северна Македонија ја ратификуваше Спогодбата за ЕЗВО во 2007 година („Службен весник на РМ“ бр.27/07, 98/09 и „Службен весник на РСМ“ бр.259/19). Донесувањето на нов Закон за воздухопловство е со цел негово усогласување со новите прописи на Европската унија содржани во новиот Анекс I на Спогодбата за ЕЗВО.

**НПАА-поглавје:** 3.14 Транспортна политика

**НПАА-подрачје:** 3.14.5 Воздушен сообраќај

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2016.0200.7314

**Очекувани** Имплементирање на нови обврски кои произлегуваат од одредени ЕУ

| | |
|---|---|
| **влијанија:** | мерки. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за транспорт и врски |

## ***Владеење на правото, независност на правосудството, доследна и неселективна борба против криминалот и корупцијата со широка и обврзувачка транспарентност***

### ***Предлог - закон за вештачење***

**Образложение:** Со изменување на законското решение е планирано допрецизирање на одредени норми, како и укинување на електронско полагање на стручните испити и воведување на усмено и писмено полагање на кандидатите пред стручни комисии, врз основа на мерливи и објективни критериуми за прценка на нивните знаења. Исто така, предвидено е ревидирање на системот на судско вештачење преку законски измени.

**НПАА-поглавје:** 3.23-Правосудство и фундаментални права

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2019.0100.7748

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Електронското полагање ќе биде заменето со усмен испит и писмена вежба "студии на случај" пред Комисија. Ќе се зголеми ефикасноста преку воспоставување на функционален систем за судско вештачење. Исто така, измените на Законот за вештачење се во насока на прецизирање на нормите за влез во професијата вештак, вршење на дејноста и продолжување на лиценците. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за правда |

## ***Квалитетно образование достапно за сите согласно побарувачката на пазарот на трудот***

***Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за високото образование***

**Образложение:** Целта на Законот за изменување и дополнување на Законот за високото образование е усогласување со препораките од римското министерско комунике 2020

**НПАА-поглавје:** 3.26-Образование и култура

**НПАА-подрачје:** 3.26.1 - Образование

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2020.1400.8062

**Очекувани влијанија:** Со донесувањето на овој закон се очекува унапредување на квалитетот на високото образование

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за образование и наука

***Предлог-закон за заемно признавање на професионалните квалификации***

**Образложение:** Обврска која произлегува од Договорот за ССА и Извештаите за напредок на РСМ во ЕУ процес

**НПАА-поглавје:** 3.03 -Право на основање и слобода на давање на услуги

**НПАА-подрачје:** 3.03.04 -Заемно признавање на професионални квалификации

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2012.1400.6839

**Очекувани влијанија:** Усогласување со ЕУ регулативите

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за образование и наука

## *Заштита на животната средина, зелен развој, намалување на аерозагадувањето и влијанието на климатските промени*

***Предлог-закон за вонредна и воена состојба***

**Образложение:** Доработување на уставните одредби за вонредна состојба.

**НПАА-поглавје:** Поглавје 23

**НПАА-подрачје:** Правосудство и фундаментални права

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Да се регулираат правните празнини кои произлегуваат од уставните одредби за вонредната состојба, со оглед на тоа што досега не е законски уредена оваа материја.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за правда

## Иницијатива со среден приоритет

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

***Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за девизно работење***

**Образложение:** Донесувањето на Закон за изменување и дополнување на Законот за девизното работење е со цел усогласување со новиот Закон за платежни услуги и платни системи, во кој ќе бидат транспонирани релевантните ЕУ Директиви.

**НПАА-поглавје:** 3.04 Слободно движење на капитал

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2020.0700.7921

**Очекувани влијанија:** Со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за девизното работење ќе се изврши усогласување со новиот Закон за платежни услуги и платни системи, во кој ќе бидат

транспонирани релевантните ЕУ Директиви

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

***Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за финансиските друштва***

**Образложение:** Во насока на развој на факторингот во Република Северна Македонија како алтернативен начин на финансирање, ќе се изврши измена и дополнување на Законот за финансиските друштва. Со измените на Законот, ќе се изврши доуредување на вршењето на финансиската активност - факторинг ќе се усогласи со новиот Закон за платежни услуги и платни системи

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Со Законот за изменување и дополнување на Законот за финансиските друштва ќе се подобри правната рамка за вршење на активноста - факторинг. Факторингот како еден од алтернативните начини на финансирање и обезбедување на финансиски средства позитивно ќе влијае на финансирањето на компаниите пред се на финансирањето на малите и средните претпријатија.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

***Предлог-закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем за проектот „Рехабилитација на источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII, фаза 3 -делница Крива Паланка – Деве Баир, граница кон Република Бугарија“***

**Образложение:** Согласно Законот за јавен долг, услов за потпишување на Договор за заем со соодветната меѓународна финансиска институција е

претходно донесување на Закон за задолжување.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** НЕ

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со склучување на Финансискиот договор се обезбедуваат средства за ко-финансирање и изградба на третата делница Крива Паланка – Деве Баир, од источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII кон границата кон Република Бугарија. |

**Фискални импликации:** Има: Други извори

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за финансии |

## *Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност*

**Образложение:** Предмет на оданочување со овој закон е оданочувањето на прометот на добра и услуги како и увозот на добрата. Промет на добра со смисла на овој закон претставува преносот на правото на располагање со движен или недвижен материјален имот, а додека пак како промет на услуги во смисла на овој закон претставува секоја дејност која не е промет на добра во смисла на овој закон. Во законот се утврдени редовни повластени даночни стапки. Во Законот за данокот на додадена вредност се утврдени начинот и рокот за регистрација за целите на данокот на додадена вредност, правото на одбивка од претходен данок, даночен должник како и дефинирањето на местото на настанување на прометот. Со измените и дополнувањата во Законот за данокот на додадена вредност ќе се доуреди дефинирањето на местото на промет на услугите, ќе се воведи терминот даночен.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани** | Со донесување на Предлог на законот за изменување и дополнување |

| | |
|---|---|
| **влијанија:** | на Законот за данокот на додадена вредност се очекуваат позитивни ефекти при неговата имплементација и негова еднообразна примена. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за финансии |

***Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за Царинската тарифа***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со донесувањето на Предлог законот ќе се овозможи поддршка на домашната преработувачка индустрија, преку намалување на царинските стапки. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Подобрена конкурентност на домашните компании преку намалени царински давачки. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за финансии |

***Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за акцизите***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Доуредување, појаснување и прецизирање на одредбите од Законот за акцизите. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Подобра и поефикасна имплементација на одредбите од Законот за акцизите. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

***Предлог-закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за проектот „Рехабилитација на источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII, фаза 3 -делница Крива Паланка – Деве Баир, граница кон Република Бугарија***

**Образложение:** Согласно Законот за јавен долг, услов за потпишување на Договор за заем со соодветната меѓународна финансиска институција е претходно донесување на Закон за задолжување.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Со склучување на Договорот за заем се обезбедуваат средства за ко-финансирање и изградба на третата делница Крива Паланка – Деве Баир, од источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII кон границата кон Република Бугарија.

**Фискални импликации:** Има: Други извори

**Предлагач:** Министерство за финансии

***Предлог-закон за банките***

**Образложение:** Со донесување на новиот Закон за банките ќе се изврши усогласување на домашното законодавство со Директивата 2013/36/EU за пристапот на активностите на кредитните институции и прудентната супервизија на кредитните институции и инвестициските фирми и Регулативата (EU) бр.575/2013 за прудентните барања за кредитните институции и инвестициските фирми.

**НПАА-поглавје:** 09-Финансиски услуги

**НПАА-подрачје:** 1-Банки и финансиски конгломерати

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2014.0700.7094

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Донесувањето на новиот Закон за банките ќе го зајакне капацитетот на банките за адекватно управување со ризиците поврзани со нивните активности, како и апсорбирање на загубите кои можат да настанат во деловното работење. Дополнително, имплементацијата на предложеното законско решение ќе го подигне нивото на квалитетен капитал на банките и ќе ја зајакне супервизијата, во насока на зголемување на сигурноста на банкарскиот систем и заштита на депонентите. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

### *Предлог- закон за закрепнување на банки со проблеми*

**Образложение:** Со донесување на Законот за закрепнување на банки со проблеми ќе се имплементира Директивата 2014/59/EU за формирање на рамка за заздравување и решавање на кредитни институции и инвестициски фирми

**НПАА-поглавје:** 09-Финансиски услуги

**НПАА-подрачје:** 1-Банки и финансиски конгломерати

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2014.0700.7095

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со Законот за закрепнување на банки со проблеми ќе се уреди органот надлежен за решавање на банките со проблеми (resolution authority), институциите кои треба да имаат план за заздравување (recovery plan) и неговата содржина. Дополнително, со Законот ќе се пропише процесот и инструментите за решавање на банките со проблеми, како и воспоставувањето на банка-мост (bridge-bank). На тој начин, ќе се овозможи брза реакција на супервизорските органи во случај на појава на ризици во работењето на банките. Основната цел на Законот е да се одржи финансиската стабилност (преку обезбедување на пазарната дисциплина и довербата на јавноста во банкарскиот сектор), да се минимизира употребата на јавни средства и да се заштитат депонетите |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

## *Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за вршење на услуги брз трансфер на пари*

**Образложение:** Донесувањето на закон за изменување и дополнување на Законот за вршење на услуги брз трансфер на пари е со цел усогласување со новиот Закон за платежни услуги и платни системи, во кој ќе бидат транспонирани релевантните ЕУ Директиви.

**НПАА-поглавје:** Поглавје 4

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2020.0700.7924

**Очекувани влијанија:** Со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на законот за вршење на услуги брз трансфер на пари ќе се изврши усогласување со новиот Закон за платежни услуги и платни системи, во кој ќе бидат транспонирани релевантните ЕУ Директиви.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

## *Владеење на правото, независност на правосудството, доследна и неселективна борба против криминалот и корупцијата со широка и обврзувачка транспарентност*

## *Предлог -закон за објекти за спорт*

**Образложение:** Во изминатиот период најголемиот капитал на спортот, објектите за спорт не се уредени, во однос на нивната сопственост, стопанисување, користење, одржување и др. што предизвикува сериозни проблеми во однос на нивата функционланост, безбедност и можности за користење. Во Законот за спорт од 1996, од 1999, од 2002 година како и измените во периодот 2002-2019 година се уредува само еден дел со што остануваат многу работи неуредени. Затоа, во дејноста спорт неопходно е донесување на Закон за објекти за спорт.

**НПАА-поглавје:** 3.26

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Уредување на сопственоста, користењето, одржувањето и функционлноста на спортските објекти. Ќе ги анализираме сите договори за концесија на спортските објекти и сали. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за правда |

## *Модерна и ефикасна јавна администрација базирана на дигитализација која обезбедува квалитетни и брзи услуги за граѓаните и деловните субјекти*

### *Предлог-закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој по Договорот за заем за финансирање на проектот за воспоставување на интегриран информациски систем за управување со финансии (ИФМИС) и интегриран даночен информациски систем (ИТИС)*

**Образложение:** Согласно Законот за јавен долг, услов за потпишување на Договор за заем со соодветната меѓународна финансиска институција е претходно донесување на Закон за задолжување.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Новите системи ИФМИС и ИТИС ќе ги поедностават, рационализираат и модернизираат основните бизнис процеси, а со тоа ќе се зголеми ефикасноста во управувањето со јавните финансии. Зајакнување на фискална стратегија и буџетирање преку подготовка на повеќегодишно планирање и воведување на програмска класификација. |

**Фискални импликации:** Има: Други извори

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за финансии |

***Заштита на животната средина, зелен развој, намалување на аерозагадувањето и влијанието на климатските промени***

***Предлог-закон за гаранција на Република Северна Македонија по Договорот за заем за Проектот „ФЕ Осломеј 2 и ФЕ Битола", кој ќе се склучи помеѓу Европската банка за обнова и развој и АД ЕСМ Скопје***

**Образложение:** Согласно Законот за јавен долг, услов за потпишување на Договор за заем и Договор за гаранција со соодветната Меѓународна финансиска институција е претходно донесување на Закон за гаранција.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Со склучување на Договорот за заем и Договорот за гаранција, се обезбедуваат средства за финансирање на проектот за поставување на фотонапонски електрани во Осломеј 2 и во Битола

**Фискални импликации:** Има: Други извори

**Предлагач:** Министерство за финансии

# Декември

## Иницијатива со висок приоритет

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

***Предлог - закон за рибарство и аквакултура***

**Образложение:** Унапредување на политиките во рибарството и аквакултура и усогласување со политиките на ЕУ во одбласта на слатководно

рибарство и аквакултура.

**НПАА-поглавје:** 13 Рибарство

**НПАА-подрачје:** Рибарство и аквакултура

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2020.0800.7956

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Унапредување на состојбите и економски раст како и заштита на ихтиофауната и биодиверзитетот во слатководното рибарство и аквакултура. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |

## *Предлог - закон за работните односи*

**Образложение:** Со Законот за работните односи се уредуваат работните односи меѓу работниците и работодавачите. Од неговото донесување од 2005 година, Законот имаше 23 измени, кои и покрај пречистените текстови на Законот, создаваа конфузија во неговата примена. Истиот содржи одредби кои се нејасни, двосмислени и водеа кон правна несигурност на работниците и работодавачите и истовремено нарушување на уставниот принцип на еднаквост на сите пред законите. Дополнително, динамиката на пазарот на трудот наметна потреба од детално уредување на постоечките договори и уредување на нови видови на договори.

**НПАА-поглавје:** 3.19 Социјална политика и вработување

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2018.0900.7566

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со новиот Закон се очекува да се вклопиме во современите трендови во областа на трудовото право, во насока на овозможување на зголемена флексибилност на работодавачите, но и зголемена сигурност на работниците, со највисоко инкорпорирање на трудовите стандарди воспоставени со меѓународните договори. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за труд и социјална политика

## *Предлог - закон за шумите*

**Образложение:** Законот за шумите е донесен во 2009 година и досега е сменет 12 пати. Низ текот на имплементирањето увидени се многубројни недостатоци на Законот, а истовремено се појавува потреба за воведување на новини кои ги бара современтот управување со шумите, развојот и унапредувањето на шумарството, заштитата на шумите и сл. Воедно, поради статусот на Република Северна Македонија како земја кандидат за членка на ЕУ, потребно е усогласување на Законот за шумите со законодавството на ЕУ во делот на заштитата на шумите од илегална сеча, спречување на увоз-извоз на илегално посечена дрвна маса, инвентаризација на емисиите на стакленички гасови и отстранувања на покривка/биомаса од земјиштето, промената на користењето на земјиштето и шумарството (LULUCF), но и усогласување со Стратегијата за шумарство на ЕУ (незадолжително).

**НПАА-поглавје:** 3.27 - Животна средина

**НПАА-подрачје:** шумарство

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2020.0800.8070

**Очекувани влијанија:** Ќе се донесе нов сеопфатен Закон за шумите, кој ќе биде поттик за унапредување на националната политика во областа на шумите, во согласност со домашните економски и социјални текови, но и меѓународните заложби на Република Северна Македонија, како во областа на одржливото управување со шумите, нивна заштита, така и во областа на зачувување и унапредување на животната средина, намалување на ефектите од климатските промени, енергијата добиена од биомаса од шума итн.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

## *Предлог - закон за безбедност и здравје при работа*

**Образложение:** Постоечкиот Закон за БЗР е донесен во 2007 година и во досегашниот

период истиот имаше поголем број на измени и дополнувања кои ја отежнуваа неговата примена. Идентификувани од страна на социјалните партнери и стручните лица во областа на БЗР се и поголем број на одредби и делови од Законот кои не се доволно јасни и прецизни и со тоа влијаат негативно врз ефикасноста на примената, а исто така постојат и делови кои е потребно да бидат подобрени и унапредени, во насока на следење на современите стандарди и пракси во областа и целосно усогласување со европската и меѓународната легислатива и практика во област. За таа цел се спроведуваат интензивни консултации со сите релевантни чинители, што ќе резултира со нов и подобрен текст на Законот.

**НПАА-поглавје:** 3.19 Социјална политика и вработување

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2019.0900.7773

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со новиот Закон се очекува да подобри и унапреди вклопувањето во современите европски трендови во областа на безбедноста и здравјето при работа, како и да се отстранат идентификуваните слабости и недостатоци на актуелната законска рамка, со што и ќе се подобри и унапреди и практичната примена на стандардите и системите за БЗР во компаниите. А тоа ќе придонесе кон зголемено ниво на безбедност и здравје на работните места во државата. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за труд и социјална политика |

## *Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија*

### *Предлог - закон за научно-истражувачка дејност*

**Образложение:** Целта за изготвување и донесување на нов Закон за научно-истражувачката дејност произлегува од потребата за негово подобрување, функционалност, прагматичност, негово усогласување со Законот за високото образование, како и со Европските препораки и меѓународните добри практики

**НПАА-поглавје:** 3.25-Наука и истражување

**НПАА-подрачје:** 3.25.1 политика на истражување

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2017.1400.7439

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со донесувањето на овој закон се очекува подобрување на статусот на научно-истражувачкиот кадар во Северна Македонија и поголемо инвестирање во научниот потенцијал, зголемување на инвестициите во истражувачката инфраструктура во земјата, интегрирање и инкорпорирање на напредни научни концепти, технологии и иновации. |

**Фискални импликации:** Има: Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за образование и наука |

## ***Владеење на правото, независност на правосудството, доследна и неселективна борба против криминалот и корупцијата со широка и обврзувачка транспарентност***

### ***Предлог - закон за Единствен регистар за осигуреници од задолжително социјално осигурување***

**Образложение:** Инстустициите од задолжително социјално осигурување (ФОНД на ПИОСМ, Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, АВРСМ, МАПАС и УЈП) добиват податоци и водат евиденција за осигурениците од задолжително социјално осигурување. Дополнително, податоците за осигурениците ги користат и приватните пензиски фондови и истите се од влијание за идните пензии на членовите во двостолбниот пензиски систе. Со донесување на посебна законска регулатива за едниствениот реистар на осигуреници ќе се надминат недостатоците и проблемите во размената и ажурурањето на податоците од задолжително социјално осигурување. Преку воведување на регистар за осигуреници ќе се овозможи единствена евиденција за секој осигуреник како и едновремено ажурирање на сите промени на податоците.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Ќе се имплементира единствен регистар на податоци за осигуреници од задолжително социјално осигурување преку кои сите засегнати институции ќе даваат и примаат ажурирани податоци во секое време. Ова ќе придонесе во подобрување на квалитетот на податоците за осигурениците, намалување на грешките поради ненавремено ажурурање на промените, ефективност во промената и побрзо остварување на правата од социјално осигурување. |

**Фискални импликации:** Има: 413,587,500 ден, Светска Банка

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за труд и социјална политика |

## *Предлог- закон за изменување и дополнување на Законот за извршување*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Прецизирање на одредбите од Законот за извршување при спроведување на извршување врз недвижности, редоследот на намирување на доверителите, дисциплинските повреди и основите за разрешување на извршителите. |

**НПАА-поглавје:** Поглавје 23

**НПАА-подрачје:** Правосудство и фундаментални права

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Прецизирање на одредбите од Законот за извршување со цел воедначена примена на Законот и зголемување на ефикасноста на работата на извршителите. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за правда |

## *Предлог- закон за изменување и дополнување на Законот за јавните претпријатија*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со примена на постојното законско решение во самата пракса, извршената анализа во реализацијата на ваквата законска можност и при проценка на регулативата на ова законско решение е утврдено дека бројот на членови на управните и надзорните одбори е премногу голем и не соодејствува со реалните потреби на претпријатието но и со финансиските можности на јавните претпријатија. Со |

предложеното законско решение се намалува бројот на членови на управниот одбор на јавните претпријатија од три до пет членови а бројот на членови на надзорниот одбор се ограничува на три членови.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | 1.Економски влијанија: Ефикасното функционирање на јавните претпријатија ќе придонесе зголемување на квалитетот на услугите кои им се даваат на граѓаните и бизнис заедницата. 2. Фискални влијанија : ќе се обезбедат заштеди по оваа основа |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за економија |

## *Предлог-закон за плати во правосудство и Уставен суд*

**Образложение:** Усогласување со европските стандарди.

**НПАА-поглавје:** 23 -Правосудство и фундаментални права

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2020.0100.7904

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Подигнување на степенот на независност, непристрасност и објективноста преку платите, а со тоа и намалување на ризикот на корупција. |

**Фискални импликации:** Има: Други извори, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за правда |

## *Предлог- закон за изменување и дополнување на Законот за нотаријатот*

**Образложение:** Прецизирање на одредбите од Законот за нотаријатот во делот на

постапката за донесување на нотарски платен налог и судските такси кои се наплатуваат во таа постапка, прецизирање на одредбите за времето на постапување на нотарот кој е определен од Нотарската комора привремено да ја врши нотарската служба до започнување со работа на нов нотар на подрачјето на кое нема нотар и прецизирање на други одредби во насока на зголемување на ефикасноста на нотарите во вршење на нотарската служба.

**НПАА-поглавје:** 3.23 - Правосудство и фундаментални права

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2020.0100.8170

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Зголемување на ефикасноста на нотарите во вршењето на нотарската служба. |
| **Фискални импликации:** | / |
| **Предлагач:** | Министерство за правда |

## ***Модерна и ефикасна јавна администрација базирана на дигитализација која обезбедува квалитетни и брзи услуги за граѓаните и деловните субјекти***

### ***Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за користење на податоците од јавниот сектор***

**Образложение:** Унапредување на политиките за отворени податоци и минималните технички можности на јавните институции за објавување на податоците со опфат на техничките аспекти на форматот на податоци и начинот на нивното објавување

**НПАА-поглавје:** Поглавје - 34

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2019.0007.7753

**Очекувани влијанија:** /

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за информатичко општество и администрација

## *Предлог - закон за архивска дејност*

**Образложение:** Со овој Закон се уредува заштитата, чувањето, обработката и користењето на архивскиот материјал, инспекцискиот надзор и надлежностите на Државниот архив на Република Северна Македонија.

**НПАА-поглавје:** 10 - Информатичкото општество и медиуми

**НПАА-подрачје:** 10.2.- Услуги на информатичкото општество

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2019.0007.7734

**Очекувани влијанија:** Соодветна имплементација на стандарди за обработка на архивски материјал и воведување на дигитализација при вршење на архивската дејност .

**Фискални импликации:** Има: Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Министерство за информатичко општество и администрација

# *Заштита на животната средина, зелен развој, намалување на аерозагадувањето и влијанието на климатските промени*

## *Предлог - закон за климатска акција*

**Образложение:** Со Законот се врши усогласување со законодавството на ЕУ во областа на климатската акција.

**НПАА-поглавје:** 3.27-Животна средина

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2014.0500.7102

**Очекувани** Со донесување на законот за климатска акција ќе се поставаат

**влијанија:** основите за климатските промени на национално ниво, од повеќе аспекти.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за животна средина и просторно планирање

# Иницијатива со среден приоритет

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

## *Предлог -закон за измена и дополнување на Законот за Управата за јавни приходи*

**Образложение:** Подобрување во делокругот и надлежностите на Управата за јавни приходи во поглед на систематизацијата на работни места и др.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Се очекуваат позитивни влијанија.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

## *Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за облигационите и стварно-правните односи во воздушниот сообраќај*

**Образложение:** Усогласување и хармонизација со последните директиви на Европската Унија.

**НПАА-поглавје:** 3.14-Транспортна политика

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2018.0200.7713

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Подобрување на облигационите и стварно-правните односи во воздушниот сообраќај. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за транспорт и врски |

## *Предлог -закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување*

**Образложение:** Со измените и дополнувањата на Законот за пензиското и инвалидското осигурување ќе се изврши усогласување со забелешките дадени од Државниот завод за ревизија на Република Северна Македонија и подобрување на постапките и деловните процедури за постапување на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија.

**НПАА-поглавје:** 3.19 Социјална политика и вработување

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2019.0900.7864

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со измените и дополнувањата на Законот за пензиското и инвалидското осигурување се очекува да се подобри работењето на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија и негово усогласување со забелешките на Државниот завод за ревизија на Република Северна Македонија. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за труд и социјална политика |

## *Предлог- закон за изменување и дополнување на Законот за надзор на пазарот*

**Образложение:** Сообразување на законодавството и спроведување на законите", член

68 приспособување на законите на Република Северна Македонија со правото на Европската Унија.

**НПАА-поглавје:** 3.1 Слободно движење на стоки

**НПАА-подрачје:** Внатрешен пазар

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2015.0400.7281

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со Законот за надзор на пазарот („Службен весник на Република Македонија" број. 48/10 и 79/13) се уредува општата рамка за координацијата на надзорот на пазарот за производите кои се пуштааат на пазарот, контролата на производите кои се внесуваат на пазарот дали истите ги исполнуваат суштествените барања за општата безбедност, безбедноста на здравјето на луѓето и висок степен на заштитана јавните интереси , заштитата на потрошувачите и животната средина, а кои со одредени во постојните хармонизирани прописи на Република Северна Македонија. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за економија |

## *Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија*

### *Предлог - закон за експлозивни материи за цивилна употреба*

**Образложение:** Предлагањето на донесување на Законот за експлозивни материи за цивилна употреба е неопходно поради тоа што со имплементација на одредбите од Законот за промет на експлозивни материи („Службен весник на Социјалистичка Република Македонија" бр. 30/85, 6/89 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 12/93,66/07 и 86/08) и Законот за заштита од експлозивни материи („Службен весник на Социјалистичка Република Македонија" бр. 4/78, 10/78, 54/88, 36/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 12/93, 31/93, 66/07, 84/08 и 135/11) констатирани се одредени недоречености. Од тие причини потребно е да се днесе нов Закон кој ќе ги опфати клучните одредби од двата наведени закони кои се уште се во сила, но истовремено ќе се надминат недореченостите и проблемите кои се појавуваат при практична примена на двата закони. Наведениот Закон ќе биде усогласен со Законската регулатива на ЕУ.

**НПАА-поглавје:** 3.01 слободно движење на стоки

**НПАА-подрачје:** 3.01.5 процедурални мерки

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2019.0600.7803

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Целосно усогласување со Европското законодавство и надминување на сите недоречености кои произлегуваат поради застареноста на предметните закони. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за внатрешни работи |

# II ДЕЛ

# Акти и материјали по кои одлучува Владата на Република Северна Македонија

# Јануари

## Иницијатива со висок приоритет

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

А) Подзаконски акти

### *Предлог-програма за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2021 година*

**Образложение:** Согласно член 15 од Законот за рибарство и аквакултура и Националната програма за развој на земјоделството и руралниот развој за период 2018-2022 година, Владата на РСМ на предлог на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесува годишна програма за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата заради реализација на мерките предвидени во делот IX од законот и активностите утврдени со Програмата за унапредување на рибарството и аквакултурата за период од 2012-2024 година.

**НПАА-поглавје:** 13 -Рибарство

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Трајно користење на рибите преку одржлив начин со реализација на мерките за финансиска поддршка во рибарствотот и зголемување на производствотот на риба во рибници преку овозможување на искористување на постоечки рибници и изградба на нови рибници, како и зголемување на производствотот по единица површина како и овозможување на изградба на капацитети за преработка на риби.

**Фискални импликации:** Има: Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

***Предлог-програма за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2021 година***

**Образложение:** Со оваа програма се дефинираат потрошувачите кои спаѓаат во оваа категорија, мерките за заштита кои се превземаат, мерки за заштеда на електрична енергија вклучувајќи и енергетска ефикасност, начините за реализација на мерките, мерките што ги преземаат операторите на системите за дистрибуција на енергија, мерките што ги преземаат снабдувачите со обврска за обезбедување на јавна услуга, односно универзална услуга во снабдувањето со енергија, и потребните средства и извори за финансирање.

**НПАА-поглавје:** 3.15 -Енергетика

**НПАА-подрачје:** 3.15.4 -Обновливи извори на енергија

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** нема

**ЕПП:** 2020.0400.8059

**Очекувани влијанија:** Оваа програма има за цел заштита на ранливите потрошувачи на енергија преку примена на соодветни мерки со кои ќе се обезбеди Директна финансиска поддршка на ранливи потрошувачи на енергија, Директна финансиска поддршка за заштеда на енергијата и подобрување на енергетската ефикасност, мерки што ги презема операторот на системот за дистрибуција на енергија, мерки што ги презема операторот на системот за дистрибуција на енергија, а заради обезбедување на непрекината и квалитетна испорака на енергија до ранливите потрошувачи на енергија.

**Фискални импликации:** Има: 8,000,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Министерство за економија

***Предлог - оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на труд за 2021 година***

**Образложение:** Имајќи го во предвид проблемот на релативно висока стапка на невработеност (16,7% II квартал 2020 година) и стапката на невработеност на младите лица во Република Северна Македонија (29,1% II квартал 2020 година), во Оперативниот план за 2021 година, ќе се дефинираат видови на програми/мерки за вработување што ќе се имплементираат и со кои ќе се настојува да се зголеми опфатот на

невработени лица, потребните финансиски средства за имплементација на програмите/мерките за вработување и извори на финансирање, како и институциите надлежни за спроведување.

**НПАА-поглавје:** 3.19 Социјална политика и вработување

**НПАА-подрачје:** 3.19.4 Политики за вработување и Европскиот социјален фонд

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Сите невработени лица евидентирани во Агенцијата за вработување ќе имаат право на пристап до услугите и програмите за вработување утврдени во Оперативниот план за 2021 година. Приоритетот за учество се определува врз основа на условите и критериуми утврдени за секоја одделна услуга/програма. Како општо правило, во сите услуги и програми за вработување наведени во Оперативниот план ќе се настојува да се постигне еднаква застапеност на мажите и жените и стапка на учество на младите (до 29 години) од најмалку 30%. |

**Фискални импликации:** Има: 2,000,000,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за труд и социјална политика |

## *Предлог-програма за фитосанитарна политика за 2021 година*

**Образложение:** Програмата за фитосанитарна политика за 2021 година опфаќа реализација на: фитосанитарен мониторинг за 2020 година со што ќе се следи и утврдува статусот со карантински штетни организми на територијата на Република Северна Македонија кај семенски и меркантилен компир, овошни видови и винова лоза, градинарски култури на отворено и во затворен простор и тутун. Фитоснитарниот мониторинг е согласно Регулативата 2016/2031 на Европскиот Парламент и Советот од 26 октомври 2016 година за заштитните мерки против штетни организми на растенијата, дополнета соа Регулативите (ЕУ) број 228/2013, (ЕУ) број 652/2014 и (ЕУ) број 1143/2014 на Европскиот Парламент, Регулативата на Комисијата (ЕУ) 2019/2072 од 28 ноември 2019 година со која се воспоставуваат униформни услови за спроведување на Регулативата (ЕУ) 2016/2031 и отповикување на Регулативата (ЕУ) 690/2008 и дополна на Регулативата на Комисијата (ЕУ) 2018/2019, а кои се однесуваат но новите услови и барања за извоз на растенија и растителни

производи во Европската Унија.

**НПАА-поглавје:** 12 -безбедност на храна и фитосанитарна политка

**НПАА-подрачје:** фитосанитарна политка

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | континуирано следење на состојбата со штетни организми на територијата на Република Северна Македонија со цел внесување и ширење на штетни организми кај растенијата и растителните производи, и преземање на фитосанитарни мерки во случај на нивна појава. Дополнително, во Програмата се опфатени Активности кои произлегуваат од законската регулатива од областа на фитосанитарната политика |

**Фискални импликации:** Има: Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |

## *Предлог - програма за развој и унапредување на ловството и заштита на дивечот под заштита во репроцентрите за 2021 година*

**Образложение:** Врз основа на член 7 став 5 од Законот за ловството („Сл. весник на РМ" БР. 26/09, 82/09, 136/11, 1/12, 69/13, 164/13, 187/13, 33/15, 147/15, 193/15 и 83/18), Владата на РСМ секоја година донесува Програма за развој и унапредување на ловството и заштита на дивечот под заштита во репроцентрите, во која се утврдува видот и обемот на активностите кои ќе се финансираат, извршители на работата, изворот и износот на средствата, како и начинот на користење на средствата за развој и унапредување на ловството и одгледување и заштита на дивечот под заштита во репроцентрите.

**НПАА-поглавје:** 27 - Животна средина

**НПАА-подрачје:** Шумарство

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Ќе се овозможи изградба на простори за интензивно одгледување и застрел на дивечот, со што ќе се зголеми бројната состојба на дивечот, |

|  |  |
|---|---|
|  | како и неговата квалитативна вредност. Исто така, од оградените простори, дивечот може да се населува и во отворениот дел на ловиштата. |

**Фискални импликации**: Има: Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |

### *Предлог-програма на економски реформи 2021-2023 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Програмата за економски реформи претставува кохерентен стратешки документ кој ја презентира националната економска политика на земјата. Програмата се осврнува на остварените економски движења, ги претставува предвидувањата за наредниот тригодишен период, тригодишната фискална рамка и ги презентира клучните структурни реформи за поддршка на економскиот раст и конкурентноста на земјата. Преку изработка на оваа Програма, Република Северна Македонија како земја кандидат за членство во ЕУ ја применува праксата на интегрирано економско управување со цел, по зачленувањето, полесно да се премине во процесот на Европскиот семестар на ЕУ за водење на економските политики, како и да биде способна да се справи со конкурентскиот притисок и пазарните сили во Унијата. |

**НПАА-поглавје:** Економски критериуми; 3.17 Економска и монетарна унија

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со Програмата треба да се воспостави среднорочна макроекономска и фискална рамка, со агенда за структурни реформи, конзистентна со севкупните политики за обезбедување на економски раст и конкурентност на земјата, како и подготовка за постепено интегрирање во мултилатералното фискално известување во контекст на ЕМУ (Европска монетарна унија). |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за финансии |

***Предлог - програма за проширена репродукција на шумите за 2021 година***

**Образложение:** Врз основа на член 96 од Законот за шумите („Службен весник на РМ" бр. 64/09, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13, 43/14, 160/14, 33/15, 44/15, 147/15, 7/16, 39/16 и 147/17), Владата на РСМ секоја година донесува Програма за проширена репродукција на шумите во која се дефинирани мерките и активностите што ќе се финансираат во тековната година од областа на шумарството, како што се: пошумувањето, негата со прореди на шуми и шумски култури, мелиорација на деградирани шуми и шикари, санирање на опожарени шумски површини, заштита на шумите од биотски и абиотски фактори, обезбедување садници за пошумување на земјиште во приватна сопственост и др.

**НПАА-поглавје:** 27 - Животна средина

**НПАА-подрачје:** Шумарство

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Зголемување на шумскиот фонд по површина и дрвна маса, подобрување на квалитетот на шумите, зголемување на отпорноста на шумите од негативни влијанија, намалување на штетите на шумите од биотски и абиотски фактори и заштита и подобрување на животната средина.

**Фискални импликации:** Има: Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

***Предлог -програма за имплементација на спогодба за сукцесија на архивски материјал од поранешната СФРЈугославија***

**Образложение:** Имплементација на спогодбата за сукцесија на поранешна СФР Југославија (потпишана на 29.06.2001 која стапува на сила на 02.06.2004 година по ратификувањето од страна на сите држави сукцесори), односно анексот Д од спогодбата кој ги регулира прашањата за сукцесија на архивскиот материјал во насока на интеграција во ЕУ. Соработката со останатите архиви и разменување на архивските материјали од сукцесија е од големо значење за нашата држава од историско и културно значење. Исто така ќе биде

достапен и за истражувачите во читалните на Државниот архив на Република Северна Македонија.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Соработка со државните архиви од поранешните републики на СФР Југославија, во насока на заеднички активности во врска со имплементацијата на спогодбата за сукцесија/ анекс Д и дигитализирање на заедничкото архивско наследство од поранешната СФР Југославија. Обезбедување на соодветна опрема и дигитализирање на архивскиот материјал од особено значење на историјата на Македонија кој се наоѓа во поранешните сојузни архивски и државни институции во Србија. |

**Фискални импликации:** Има: 2,900,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Државен архив на Република Северна Македонија |

## *Предлог-одлука за координација на обврските од НАТО процесот на одбранбено планирање*

**Образложение:** НАТО процесот на одбранбено планирање е комплексен и се спроведува во циклуси од по 4 години, преку пет фази во секој циклус. За имплементација потребна е меѓуресорска координација и соработка на национално ниво, со НАТО и со земјите членки. Овој процес покрај за Министерството и Армијата предизвикува обврски за повеќе национални институции, односно содржи и обврски за цивилна подготвеност и стабилизација и реконструкција. Порцесот побарува постојана координација, следење на реализацијата и превземање мерки за унапредување на националните капацитети, како и нивна подготовка за распоредување во НАТО операции согласно прифатените рокови.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Северна Македонија се приклучи кон НАТО процесот на одбранбено планирање во јуни 2019 година. Од страна на Владата, Министерството за одбрана е задолжено редовно да ги следи сите обврски за Република Северна Македонија кои произлегуваат од НАТО Процесот на одбранбено планирање, да ги информира сите вклучени институции за следните чекори и да го координира целокупниот процес; по укажана потреба, во НАТО Процесот на одбранбено планирање за Република Северна Македонија да предложи вклучување и на други национални институции и да ја информира Владата на Република Северна Македонија (два пати годишно), како и Работниот комитет за интеграција на Република Северна Македонија во НАТО, за периодичните препораки од НАТО во НАТО Процесот на одбранбено планирање. Со континуирана имплементација на овој процес Република Северна Македонија ќе ги исполни обврските од членството во НАТО и ќе стане кредибилен придонесувач во безбедносната структура на Алијансата. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за одбрана |

## *Предлог - програма за семе и саден материјал во 2021 година*

**Образложение:** Со Програмата за семе и саден материјал се овозможува запишување на сорти на земјоделски растенија во националната сортна листа, постконтрола над производството на сертифициран семенски и саден материјал, чување на семенски и саден материјал, имплементација на подзаконски акти од областа на семенски и саден материјал и нивно изготвување и усогласување со ЕУ законодавството.

**НПАА-поглавје:** 3.12 - Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика

**НПАА-подрачје:** Фитосанитарна политика

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со активностите ќе се воспостави контрола над произведениот сертифициран семенски и саден материјал од земјоделските растенија со единствена цел зголемување на приносот по единица површина, како и запишување на сорти кои се пуштаат во трговија. |

**Фискални импликации:** Има: 1,500,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

## *Предлог - програма за финансиска поддршка во земјоделството за 2021 година*

**Образложение:** Согласно член 7 став 6 од Закон за земјоделство и рурален развој и Националнта програма за развој на земјоделството и руралниот развој за период 2018-2022 година, Владата на РМ на предлог на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесува годишна програма за финансиска поддршка во земјоделството заради спроведување на мерките и активностите согласно Националната програма за развој на земјоделството и руралниот развој за период 2018-2022 година

**НПАА-поглавје:** 11 -Земјоделство

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Зголемување на нивото на конкурентност преку развој на растителното и сточарското производство

**Фискални импликации:** Има: Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

## *Предлог - програма за спроведување на мониторинг во областа на производство, преработка, складирање, дистрибуција, употреба и сообразност на производите за заштита на растенијата и резидуи од производи за заштита на растенијата во производи од примарно земјоделско производство за 2021 година*

**Образложение:** Со програмата се обезбедува:Мониторинг на производство на производи за заштита на растенијатаМониторинг во складирање,

дистрибуција, употреба и сообразност на производите за заштита на растенијата Мониторинг на резидуи од производи за заштита на растенијата кај производи од примарно земјоделско производство од растително потекло

**НПАА-поглавје:** 3.12 безбедност на храна и фитосанитална политика

**НПАА-подрачје:** фитосанитарна политка

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Контрола на производство на производи за заштита на растенијата, складирање, дистрибуција, употреба и сообразност на производите за заштита на растенијата и резидуи од производи за заштита на растенијата кај производи од примарно земјоделско производство од растително потекло со цел заштита на животот на луѓето и животните и заштита на животната средина |

**Фискални импликации:** Има: Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |

## *Предлог - програма за спроведување на мониторинг во областа на производството, преработката складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на ѓубрињата, како и контрола на квалитетот на ѓубрињата за 2021 година*

**Образложение:** Со Програмата се обезбедува : Мониторинг при внатрешен промет на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата, кој опфаќа земање на мостри од неоргански и органски ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата, како и исполнување на квалитетот и сообразноста на компоненти со декларираните податоци мониторинг на производство на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата

**НПАА-поглавје:** 3.12 - безбедност на храна и фитосанитарна политика

**НПАА-подрачје:** фитосанитарна политика

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Заштита на здравјето на луѓето и животните и заштита на животната средина |

**Фискални импликации:** Има: Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |

## *Предлог - Годишна програма за финансиска поддршка во руралниот развој за 2021 година*

**Образложение:** Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2021 година се носи врз основа на член 7 од Законот за земјоделство и рурален развој и претставува континуитет на мерките од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2019 година и 2020 особено заради обврските превземени од претходните програми за реализација на предвидените капитални инвестиции во јавната инфраструктура. Програмата за финансика поддршка на руралниот развој опфаќа мерки за финансиска поддршка на руралниот развој и мерки преку која е опфатена техничката помош во руралниот развој.Како нова мерка за финансиска поддршка на руралниот развој за 2020 година се воведува мерката 113 „Поддршка за поттикнување на земјоделско производство" со која се стимулира зголемување на одржливоста на земјоделската дејност на земјоделските стопанства чии носители се лица од младото население (18-40 години), а висината на поддршката може да биде најмногу до 1.200.000 денари за период на реализација на деловниот план. Воедно, во мерката 123 „Инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделски производи" се проширува опсегот на финансиска поддршка за инвестиции за кои е склучен договор за користење на инструментот за претпристапна помош за рурален развој за инвестиции во постбербени и преработувачки капацитети, а е наменета за мали, микро и средни претпријатија и земјоделски задруги кои имаат склучено договор за користење на претпристапна помош за рурален развој, кои по реализирање на инвестицијата се должни да го вратат износот на добиена поддршка во период од осум годишни рати. Во програмта за потребите на мерката за техничка поддршка во земјоделството и руралниот развој се именуваат саемите и манифестациите на кои ќе биде претставена државата од областа на земјоделството. Исто така преку техничката поддршка предвидени се средства за:-

агрометеоролошки мониторинг станици вклучително и софтверски алатки за обработка и анализирање на добиените податоци, кои ги спроведува Агенцијата за поттикнување и развој на земјоделството и- услуги за авионско засејување на облаците за превенција од природни непогоди и неповолни климатски настани врз земјоделски посеви кои ги спроведува Управата за хидрометеоролошки работи. Најголем дел од вкупната финансиска поддршка за 2020 година се средства предвидени за исплата на неподмирени обврски од реализација на програмата од претходни години. Динамиката на планирање не е во согласност со реалното извршување на мерката, односно плаќањата не се реализираат во планираниот обем за тековната година, и исплатата доцни што повлекува акумулирање на пренесени обврски кои не се во корелација со буџетот наменет за Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој и во одреден момент проекцијата на исплата ќе биде поголема од вкупно програмираната финансиска поддршка по сите мерки. Висината, мерките и активностите се програмирани со цел да бидат остварени политките на рурален развој и државна помош во земјоделството, кои се насочени кон :- поддршка на инвестиции во земјоделскиот сектор, во водостопанството и јавната инфраструктура и подобрување на животот во руралните средини-обезбедување на стабилно производство на квалитетна храна-зголемување на конкурентна способност на земјоделствотообезбедување на стабилно ниво на доход на земјоделското стопанство-промовирање на нови начини на организирање на локално ниво, преку основање на јавни приватни партнерства (ЛАГ)-поддршка на економско здружување на земјоделски производители во форма на земјоделски задруги-зачувување на генетската разновидност на автохтони земјоделски растенија и автохтони раси на добиток-помош за вршење на земјоделска дејност во подрачја со ограничени можности за земјоделска дејност-одржлив развој на руралните подрачја-кредитна политика и финансиски инженеринг во земјоделството и руралниот развој.

**НПАА-поглавје:** 11 - Земјоделство

**НПАА-подрачје:** Рурален развој

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Мерките од програмата за рурален развој се очекува да придонесат |

кон модернизација, специјализација и поголема пазарна ориентираност на производителите и преработувачите, намалување на производните трошоци, подобрување на продуктивноста на факторите на производство, зголемување на развојниот потенцијал во согласност со реалните компаративни предности и полесен пристап до финансиски средства за реализација на проектите поврзани со земјоделството и руралниот развој преку финансиските институции (банки и штедилници). Мерките треба да овозможат подобри инфраструктурни услови за живот и одвивање на економските активности во руралните средини, како и да помогнат во подобрување на структурата на секторот од аспект на концентрирање на понудата, намалување на старосната граница на учесниците во секторот, зголемување на просечната големина на земјоделското стопанство и намалување на фрагментираноста на земјишните парцели.

**Фискални импликации:** Има: Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

## *Предлог-програма за рамномерен регионален развој во 2021 година*

**Образложение:** Во Програмата за рамномерен регионален развој вкупните средства за поттикнување рамномерен регионален развој се распределуваат по намени, во согласност со одредбите утврдени во Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на РМ" бр.63/07,187/13, 43/14, 215/15 и 64/18). Во таа смисла, во Програмата се определуваат износи на средства за тековната година наменети за финансирање на задачите и активностите на центрите за развој на планските региони, како и за проекти за поттикнување рамномерен регионален развој на државата.

**НПАА-поглавје:** 3.22 Регионална политика и координација на структурни фондови

**НПАА-подрачје:** Правна рамка

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Со донесувањето на Програмата за рамномерен регионален развој во 2021 година ќе се создадат законски услови за спроведување на активности кои придонесуваат за намалување на разликите во

| | |
|---|---|
| | степенот на развиеност помеѓу планските региони и во рамки на планските региони, како и за подршка на тековното работење на центрите за развој на планските региони, за ефикасно извршување на нивните задачи утврдени со закон. |

**Фискални импликации:** Има: 440,000,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Министерство за локална самоуправа

***Предлог - програма за формирање, чување, обновување и користење на стоковните резерви за 2021 година***

**Образложение:** Годишната програма е законска обрска на Агенцијата за стоковни резерви која произлегува од Законот за стоковни резерви („Службен весник на Република Македонија" бр.84/08, 77/09, 24/11, 43/14 и 83/18) и е услов за користење на средствата од Буџетот согласно Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија. Владата на Република Северна Македонија со годишната програма за стоковните резерви утврдува: вид, количина и вредност на стоките во стоковните резерви кои се набавуваат и обновуваат, рокови и начин на обновување, износ на средства потребни за финансирање на годишната програма, изградба и купување на сместувачки капацитети, тековно и инвестиционо одржување на постојните сместувачки капацитети во сопственост на Република Северна Македонија и други прашања поврзани со стоковните резерви.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Со реализација на Програмата за формирање, чување, обновување и користење на стоковните резерви ќе се овозможи редовно обновување на стоковните резерви, со што Агенцијата за стоковни резерви ќе располага со квалитетни стоки за интервенција во услови на воена состојба, вонредна состојба, елементарни непогоди, еколошки катастрофи, како и про поголемо нарушување на пазарот.

**Фискални импликации:** Има: Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Агенција за стоковни резерви

***Предлог- одлука за учество на припадници на Армијата на меѓународни вежби во странство-***

***вежба COMMON CHALLENGE 21***

**Образложение:** Меѓународна соработка, подобрување на интероперабилноста помеѓу Република Северна Македонија и земјите партнери за заедничко учество во меѓународни мисии за поддршка на мирот.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Позитивно влијание во стекнување на искуство и знаење на персоналот кој ќе учествува на вежбата, достојно презентирање на Армијата и зголемување на угледот на Република Северна Македонија на меѓународен план.

**Фискални импликации:** Има: 696,760 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Министерство за одбрана

Б) Материјали

***Информација за воспоставување на проектна единица „Истражувачки центар" во рамките на Агенцијата за млади и спорт***

**Образложение:** Агенцијата за млади и спорт, согласно Законот за младинско учество и младински политики, ќе основа Проектна единица во склоп на самата Агенција.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со воспоставување на Истражувачкиот центар ќе се овозможи полесен пристап до статистички податоци од различни теми поврзани со младите. |

**Фискални импликации:** Има: 500,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Агенција за млади и спорт |

## *Информација за обезбедување на објект за потребите на централниот дел на Државен архив на Република Северна Македонија*

**Образложение:** Иницијатива за изградба на нов или преотстапување на веќе постоечки објект во државна сопственост по меѓународни архивски стандарди за да може да се исполни функцијата на архивот. Постоечкиот објект во кој е сместен архивот не е соодветен за чување на архивски материјал од трајна вредност (бидејќи протекува и може да се уништат документите), недоволен простор за чување на истите, како и несоодветни работни простории за вработените (работни простории без соодветно проветрување, а се работи со стари документи кои се полни со прашина, а и врз себе имаат соодветна хемикалија која треба да ги заштити од глодари и инсекти).

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Овозможување на подобри услови: за чување, обработка и дигитализација на архивскиот материјал, како и подобри услови за работа на вработените. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Државен архив на Република Северна Македонија |

## *Информација со Акционен план за периодот 1 јануари - 31 декември 2021 година, за прием на барања и издавање на пасоши преку дипломатските и конзуларните претставништва на Република Северна Македонија во Мелбурн, Канбера, Чикаго, Њујорк, Детроит, Торонто, Берлин вклучително*

***и Конзуларното одделение во Бон, Минхен, Стокхолм, Копенхаген, Хаг, Брисел, Лондон, Париз, Берн, Рим, Венеција, Виена, Љубљана***

**Образложение:** Унапредување на конзуларните услуги кон државјаните на Република Северна Македонија во странство.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Подобрување на конзуларни услуги, зголемување на јавната безбедност, спречување на прекуграничниот криминал и илегалната миграција

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за надворешни работи

***Предлог -годишна наредба за извршување на ветеринарните мерки и контроли за заштита на јавното здравство од контаминенти или резидуи кои се пренесуваат од животни или производи од животинско потекло во 2021година***

**Образложение:** Определување на ветеринарните мерки и контроли за заштита на јавното здравство од контаминенти или резидуи кои се пренесуваат од животни или производи од животинско потекло за 2021година.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Обезбедување на висок степен на заштита на здравјето на луѓето и интересите на потрошувачите во однос на храната.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Агенција за храна и ветеринарство

### *Иформација за воведување на службеник за млади*

**Образложение:** Согласно Законот за младинско учество и младински политики, член 23, Органите на државната управа, општините, општините во градот Скопје и град Скопје се должни да определат службеник за млади од редот на вработените.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Со воведување на службеник за млади полесно младиот човек ќе стапува во контакт со одредена институција и полесно ќе ги остварува своите барања. Вооедно службеникот за млади ќе биде одговорен за работењето на Канцеларијата за млади за координирање, спроведување и следење на прашања од интерес на младите во делокругот на надлежностите на институцијата.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Агенција за млади и спорт

### *Информација за поврзување на даватели на квалификувани доверливи услуги и на шеми за електронска идентификација со Централниот регистар на население*

**Образложение:** Издавањето на дигитални сертификати во издавачите се спроведува со проверка на лични документи. Имајќи во предвид дека во Централен регистар на население се содржани последните статуси на личните документи, преку оваа иницијатива се предлага да се направи поврзување на системите на Кибс, Телеком и MasterCard со Централниот регистар на население и проверка на податоците во реално време.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со спроведување на оваа иницијатива се очекува дека сите лица кои имаат издадени дигитални сертификати ќе имаат унифицирани податоци во системите кај издавачите на дигитални сертификати и системите на државата прикажани преку Централен регистар на население. |

**Фискални импликации:** Има: Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за информатичко општество и администрација |

## *Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија*

А) Подзаконски акти

### *Предлог - програма за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации за 2021 година*

**Образложение:** Целта на Програмата е да се поттикне учеството на граѓанскиот сектор во реализирање на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година. Програмата содржи опис на приоритетите, план за распределба на средства и вид на финансирање, како и областите на финансирање.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Донесувањето на Програмата е во функција на обезбедување транспарентна распределба и создавање на поповолни услови за финансиска одржливост на граѓанскиот сектор, што е заложба на Владата на Република Северна Македонија согласно Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации, како и Одлуката за критериумите и постапката за распределба на средства за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија. |

**Фискални импликации:** Има: 20,000,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Генерален Секретаријат

***Предлог-програма за работа на Центарот за обука на Секретаријатот за европски прашања (ЦОСЕП / ИПАТСФ) за 2021/2022 година во јакнење на административните капацитети на ИПА оперативната структура***

**Образложение:** Спроведување на Програмата за работа на Центарот за обука на Секретаријатот за европски прашања (ЦОСЕП) во текот на 2020/21година, изработена врз основа на спроведен Прашалник за утврдување потреби од обука и анализа за во јакнење на административните капацитети на ИПА оперативната структура, преку користење на достапните буџетски средства за работа на Центарот, како и ангажирање на внатрешните човечки ресурси од администрацијата на Владата на Република Северна Македонија, односно обучувачи во реализација на Програмата за работа на Центарот за обука на СЕП / ИПАТСФ.

**НПАА-поглавје:** IV.2 јакнење на капацитетите за ЕУ и ИПА - хоризонтални обуки и во НПАА поглавја

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Зголемување на ефикасноста во искористувањето на ИПА фондовите.

**Фискални импликации:** Има: 1,794,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Секретаријат за европски прашања

***Предлог - закон за управување со батерии и акумулатори и отпад од батерии и акумулатори***

**Образложение:** Основни цели на регулативата се: - намалување на количината на создаден отпад од батерии и акумулатори - зголемување на количината на искористување на корисните компоненти од отпадот од батерии и акумулатори - поттикнување на економските

активности за искористување на корисните компоненти на отпадот од батерии и акумулатори - намалување на негативното влијание врз животната средина - усогласување со законодавството на Европската унија ( Директивата 2006/66 / ЕК )

**НПАА-поглавје:** 3.27-Животна средина

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2016.0000.7316

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Намалување на депонирањето односно намалени количини на отстранет отпад, а зголемување на преработката и рециклирањето на отпадот; - намалување на нелегално депонирање, кое покрај заштитата на животната средина меѓу другото ќе доведе до зголемување на приходите; - зголемување на вработеноста во индустријата за отпад и обезбедување на поврзан пораст на приходите што ќе придонесат за зголемување на бруто домашниот производ; - развивање на циркуларна економија со што ќе се овозможи поголема искористенот на ресурсите, а самото тоа ќе доведе и до економски развој. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за животна средина и просторно планирање

Б) Материјали

***Информација за подготовка на шестнаесеттиот состанок на Поткомитетот за внатрешен пазар и конкуренција во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, 25 февруари 2021 година, во Скопје***

**Образложение:** Оваа Информација има за цел да ги информира членовите на Владата за подготовката на шестнаесеттиот состанок на Поткомитетот за внатрешен пазар и конкуренција помеѓу Европската унијиа и Република Северна Македонија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација што ќе се одржи во Скопје, на 25

февруари 2021 година.

**НПАА-поглавје:** Редовен годишен циклус на состаноци на здедничките тела на ССА - Поткомитет за внатрешен пазар и конкуренција

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Се очекува Владата со заклучок да ги задолжи институциите да ги исполнат преземените нереализирани обврски од претходниот Поткомитет што се одржа на 13 февруари 2020 година во Брисел. Навремена и квалитетна подготовка на претстојниот состанок со Европската комисија. |

**Фискални импликации:** Има: 38,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Секретаријат за европски прашања |

***Информација за одржување на седумнаесеттиот состанок на Поткомитетот за економско-финансиски прашања и статистика во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, одржан на 6 октомври 2020 година, во Брисел***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Информацијата има за цел да ги информира членовите на Владата за одржувањето на седумнаесеттиот состанок на Поткомитетот за економско-финансиски прашања и статистика помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој се одржа на 6 октомври 2020 година, како и за превземените обврски од страна на државните институции и реализација на истите. |

**НПАА-поглавје:** Редовен годишен циклус на состаноци на заедничките работни тела на ССА - Поткомитет за економско-финансиски прашања и статистика

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани** | Навремено и квалитетно остварување на обврските преземени од |

| | |
|---|---|
| **влијанија:** | Поткомитетот. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Секретаријат за европски прашања |

## *Квалитетно образование достапно за сите согласно побарувачката на пазарот на трудот*

Б) Материјали

### *Информација за именување на членови на Национален совет за високо образование и научно-истражувачката дејност*

**Образложение:** Согласно член 42, став (1) од Законот за високото образование, шест членови во Националниот совет за високо образование и научно-истражувачката дејност се од редот на професорите во работен однос на универзитетите во Република Северна Македонија, кои се избираат на предлог на Владата на Република Северна Македонија.

**НПАА-поглавје:** 3.26 - Образование и култура

**НПАА-подрачје:** 3.26.1 - Образование

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Подобрување, развој и унапредување на квалитетот во високото образование, имајќи предвид дека Националниот совет ќе го следи развојот на високото образование, и научно-истражувачката дејност и нивната усогласеност со европските и меѓународните стандарди. |

**Фискални импликации:** Има: Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за образование и наука |

### *Информација за нова Концепција за основно образование*

**Образложение:** Концепцијата за основно образование и воспитание, е клучен документ за развојот на основното образование. Во моментот постои стара Концепција која не е усогласена со новиот Закон за основно

образование

**НПАА-поглавје:** 3.26-Образование и култура

**НПАА-подрачје:** 3.26.1 Образование

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Унапредување на квалитетот на основното образование |

**Фискални импликации:** Има: Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за образование и наука |

***Модерна и ефикасна јавна администрација базирана на дигитализација која обезбедува квалитетни и брзи услуги за граѓаните и деловните субјекти***

Б) Материјали

***Информација за изработка на идеен проект за развој и имплементација на нов информациски систем во Државниот архив на Република Северна Македонија според потребите на архивот согласно со меѓународните архивски стандарди и новите ИКТ технологии***

**Образложение:** Информација за изработка на идеен проект за развој и имплементација на нов информациски систем во Државен архив на Република Северна Македонија, според потребите на архивот согласно меѓународните архивски стандарди и новите ИКТ технологии; развој на софтвер и хардвер за информациски систем, миграција на постоечките податоци (бази) во постоечкиот систем, спроведување на обуки, развој и имплементација на нов информациски систем во Државен архив на Република Северна Македонија. Овозможување на современо работење согласно меѓународните архивски стандарди и согласно новите ИКТ технологии. Со примена на нов информациски систем се зголемува бројот на корисниците, како и овозможување подобра и побрза услуга на корисниците. Со тоа ќе се зголеми ефикасноста во процесите на архивското работење и поголема искористеност на ИКТ сервисите.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Зголемен број на корисници и давање подобра услуга на корисниците, повисока достапност на ИКТ сервисите; Зголемување на ефикасноста во процесите на архивското работење, поголема искористеност на ИКТ сервисите. |

**Фискални импликации:** Има: 3,650,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Државен архив на Република Северна Македонија |

## *Информација за Предлог -стратегија за физичка заштита на архивскиот материјал преку негова дигитализација*

**Образложение:** Физичка заштита на архивскиот материјал преку негова дигитализација (намалено ракување со чуствителен и често користен изворен материјал, со креирање на резерви, односно копии на загрозениот материјал како што се стари книги и ракописи); зголемување на безбедноста на архивскиот материјал (можност да се заштити од: кинење, губење, крадење), минимализирање на ризикот од контаминација на оригиналниот траен архивски материјал; централизирање на податоците за евиденциите на архивскиот материјал во централниот архив и подрачните одделенија; скратување на време за услужување на корисниците и обезбедување на побрз пристап до изворите на информации; овозможување на електронски пристап до архивското богатство што се чува во депоата на Државниот архив на Република Северна Македонија.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Потребна е набавка на опрема за дигитализација и обука на кадар за истата, скенирањето на конвенционалниот архивски материјал и |

| | |
|---|---|
| | поврзување на дигитализираниот архивски материјал со информацискиот систем, а со тоа и модернизација и влез во дигиталното општество (скенирани, средени и обработени фондови со приоритет на користени и најстари фондови на архивскиот материјал). |

**Фискални импликации:** Има: 2,900,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Државен архив на Република Северна Македонија |

## *Заштита на животната средина, зелен развој, намалување на аерозагадувањето и влијанието на климатските промени*

А) Подзаконски акти

### *Предлог-програма за финансиска поддршка за производство на електрична енергија од повластени производители кои користат премија*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Согласно Законот за енергетика Службен весник на РМ, бр. 96/18 и 96/19, Владата, на предлог на Министерството, по претходно донесено решение од Комисијата за заштита на конкуренцијата, донесува годишна програма за финансиска поддршка за производство на електрична енергија од повластени производители кои користат премија. |

**НПАА-поглавје:** 3.15 Енергетика

**НПАА-подрачје:** 3.15.4 Обновлива енергија

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со реализацијата на оваа програма се очекува зголемување на инсталираната моќност од фотонапонски електроцентрали и со тоа зголемување на произвоидтвото на електрична енергија од обновливи извори на енергија. |

**Фискални импликации:** Има: 21,600,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за економија |

### *Предлог-програма за промоција на обновливи извори на енергија и потикнување на енергетска ефикасност во домаќинствата за 2021 година*

**Образложение:** Согласно Законот за енергетика Службен весник на РМ, бр. 96/18 и 96/19, како и Стратегијата за развој на енергетиката до 2040 потребно е поттикнување на развој на обновливи извори на енергија и енергетска ефикасност

**НПАА-поглавје:** 3.15 -Енергетика

**НПАА-подрачје:** 3.15.4 -Обновлива енергија

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Министерството за економија, како надлежно Министерство за работите поврзани со енергетиката превзема мерки и активности кои се во правец на промоција на обновливите извори на енергија како и унапредувањето на енергетската ефикасност како обврски кои произлегуваат од стратешка, законска регулатива и меѓународни договори од областа на енергетиката.

**Фискални импликации:** Има: 47,000,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Министерство за економија

## Иницијатива со среден приоритет

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

А) Подзаконски акти

### *Предлог-годишна програма за националната инфраструктура на просторните податоци за 2021 година*

**Образложение:** Обврската за доставување на Годишната програма за националната инфраструктура на просторни податоци за 2021 година произлегува од член 22 став 3 од Законот за национална инфраструктура на прсторни податоци на Република Северна Македонија според кој

Годишната програма за националната инфраструктура на просторни податоци ја донесува Владата на Република Северна Македонија, по предлог на Агенцијата за катастар на недвижности, по претходно добиено мислење од Советот на НИПП. Годишната програма содржи активности поврзани со хармонизација на националното со европското законодавство во областа на просторните податоци, промоција на националната инфраструктура на просторни податоци, креирање на метаподатоци, креирање на веб услуги, хармонизација и стандрадизација на просторните податоци и услуги, како и информација за средствата потребни за нивна реализација и изворите на средствата. Наведените активности се во корелација со европската INSIRE директива.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Одржување и управување на националната инфраструктура на просторни податоци на Република Северна Македонија и олеснување на пристапот, размената, употребата и дистрибуцијата на стандардизираните просторни податоци и услуги помеѓу владините институции на ефикасен, ефективен и усогласен начин. |

**Фискални импликации:** Има: Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година/ Други извори

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Агенција за катастар на недвижности |

## *Предлог-програма за субвенционирање на дел од трошоците за вградување на уред за погон на ТНГ, метан или друг вид на алтернативно гориво за 2021 година*

**Образложение:** Врз основа на член 36 став (5) од Законот за Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15 и 142/16), и член 5-в од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ број 140/08, 53/11, 123/12, 70/13, 164/13, 138/14, 154/15, 192/15, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 161/19), произлегува Програмата .

**НПАА-поглавје:** 3.28 –Заштита на потрошувачите и јавно здравје

**НПАА-подрачје:** Внатрешен пазар

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Владата на Република Северна Македонија да ја усвои програмата |

**Фискални импликации:** Има: 13,000,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за економија |

## *Предлог - програма за заштита на потрошувачите за периодот 2021-2022 година*

**Образложение:** Информацијата произлегува од член 121 од Законот за заштита на потрошувачите („Службен весник на Република Македонија" број 38/04, 77/07, 103/08, 24/11, 164/13, 97/15,152/15 и 180/18), според кој министерот ја предлага Предлог - програма за заштита на потрошувачите за периодот 2021-2022 година на Владата на Република Северна Македонија за усвојување.

**НПАА-поглавје:** 3.28 – Заштита на потрошувачите и јавно здравје

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Владата на Република Северна Македонија донесе Програмата за заштита на потрошувачите 2021-2022 година. |

**Фискални импликации:** Има: 2,000,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за економија |

## *Предлог-годишна програма за реализација на стратешкиот план на Агенцијата за катастар на недвижности за 2021 година*

**Образложение:** Обврската за доставување на Годишната програма за реализација на стратешкиот план на Агенцијата за катастар на недвижности за 2021 произлегува од член 4 став 3 од Законот за катастар на недвижности според кој: Годишната програма за реализација на стратешкиот план на Агенцијата за катастар на недвижности ја донесува Агенцијата, на која согласност дава Владата на Република Северна Македонија.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Навремени и квалитени услуги за граѓаните и бизнис заедницата, зголемен процент на запишани недвижности во катастарот на недвижности, ажурни, усогласени и унифицирани податоци во катастар на недвижности, усогласување на геодетска референтна инфраструктура во Република Северна Македонија со современи европски стандарди со референтни системи, воведување на Графички регистар на улици и куќни броеви кој ќе овозможи воведување на стандарди поврзани со адресите и куќните броеви, нивен графички приказ, можност за пребарување и идентификација на улиците, зградите и становите во просторот, одржување на Регистар на преземен недвижен имот наменет за продажба, ласерско скенирање на територијата на Република Северна Македонија, површина на која е извршено ласерско (LIDAR) скенирање на теренот и за која е изготвен соодветен DTM/DSM, изработени нови картографски производи и ставена во примена нова државна картографска проекција.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Агенција за катастар на недвижности

## *Предлог - Националната програма за координација и преземање на ефективни мерки за надзор на пазарот за 2021 и 2022 година*

**Образложение:** Националната програма за координација и преземање на ефективни мерки за надзор на пазарот за 2019 и 2020 година, се подготвена

согласно член 9 од Законот за надзор на пазарот („Службен весник на Република Македонија” број 48/10 и 79/13), со кое се задолжува Координативното тело да достави до Владата на Република Северна Македонија.

**НПАА-поглавје:** 3.1 - Слободно движење на стоки

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Владата на Република Северна Македонија да донесе Националната програма за координација и преземање на ефективни мерки за надзор на пазарот за 2021и 2022 година. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за економија |

## *Предлог - одлука за утврдување на видот и количината на лекови и медицински помагала во стоковните резерви*

**Образложение:** Одлуката се носи врз основа на член 8 став (6) од Законот за стоковните резерви („Службен весник на Република Македонија“ бр.84/08, 77/09, 24/11, 43/14 и 83/18).

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Агенцијата за стоковни резерви ќе располага со лекови и медицински помагала, по структура и количини соодветни за современиот начин на живеење, со кои може да се интервенира во услови на воена состојба, вонредна состојба, елементарни непогоди, еколошки катастрофи како и при поголемо нарушување на пазарот. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Агенција за стоковни резерви |

Б) Материјали

### *Информација за подготвителните активности во пресрет на претседавањето на Република Северна Македонија со Организацијата за безбедност и соработка во Европа во 2023 година*

**Образложение:** Информацијата произлегува од Заклучокот на Владата по Информацијата за Предлог за поднесување на кандидатура за претседавање на Република Северна Македонија со Организацијата за безбедност и соработка во Европа во 2023 година, бр.44-10600/1 од 10.11.2020 година со кој Министерството за надворешни работи се задолжува во рок од 60 дена да поднесе план за реализација на претседавањето од денот на усвојувањето на одлуката од страна на Министерскиот состанок на Организацијата за безбедност и соработка во Европа.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Информацијата ќе ги опфати следните чекори во подготовките за претседавањето на Република Северна Македонија со Организацијата за безбедност и соработка во Европа во 2023 година во функција на успешно претседавање.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за надворешни работи

### *Шестмесечен извештај за работата на Агенцијата за катастар на недвижности за периодот јули-декември 2021 година*

**Образложение:** Обврската за доставување на Шестмесечен извештај за работењето на Агенцијата за катастар на недвижности произлегува од член 15 став 2 од Законот за катастар на недвижности според кој: Директорот на Агенцијата е должен секои шест месеци да доставува извештај заработата на Агенцијата до Владата на Република Северна Македонија.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Запознавање на Владата на Република Северна Македонија со реализацијата на Годишната програма за реализација на стратешкиот план на Агенцијата за катастар на недвижности за период од шест месеци. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Агенција за катастар на недвижности |

## *Годишен извештај за користење на средствата од резервите на Централниот буџет*

**Образложение:** Иницијативата се предлага со цел да се информира Владата на Република Северна Македонија за користењето на средствата од резервите на Централниот буџет за изминатата година. Обврската за изготвување на Извештај за користењето на средствата од резервите на Централниот буџет произлегува од Законот за буџетите. Во рамките на Централниот буџет на Република Северна Македонија се планираат средства за непредвидени случаи како буџетска резерва. Планираните средства за непредвидени случаи се наменети за покривање на расходи во случај на виша сила, елементарни непогоди и други непредвидени случаи, како и за програми кои во текот на подготовката на буџетот не можеле да бидат предвидени. Постојаната и тековната резерва не можат да надминат 3% од вкупните тековни расходи на основниот буџет. За користење на средствата од резервите одлучува Владата на Република Северна Македонија.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Извештајот за користењето на средствата од резервите на Централниот буџет се изготвува со цел информирање за намените за кои се искористени средствата од резервите. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

***Информација за одржување на втора заедничка седница на Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Бугарија, во Република Бугарија***

**Образложение:** Одржувањето на Заеднички седници на Влади се дополнителен поттик кон унапредувањето на билатералните односи и соработка со земјите од соседството и јакнењето на регионалната соработка кои остануваат високо на листата на приоритети.

**НПАА-поглавје:** 1.3 - Национален план за адаптирање на Европското законодавство, регионални прашања и меѓународни обврски

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Интензивирање и продлабочување на севкупните билатерални односи и регионална соработка со земјите од непосредното соседство.

**Фискални импликации:** Има: 242,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Министерство за надворешни работи

***Информација за одбележување 25-годишнина од воспоставување дипломатски односи со Државата Израел***

**Образложение:** На 7-ми декември 2020 година се навршуваат 25 години од воспоставување на дипломатските односи со Државата Израел. Одбележувањето на годишнината е со цел одржување на добрите билатерални односи меѓу двете држави.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Унапредување на добрите билатерални односи со Државата Израел. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за надворешни работи |

## *Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија*

Б) Материјали

### *Информација за програмата и приоритетите на Претседавањето на Португалската Република со Советот на ЕУ, со календар за одржување на неформалните министерски состаноци на Европската Унија*

**Образложение:** Информирање на членовите на Владата на Република Северна Македонија за Португалското претседателство со Советот на Европската Унија и учеството на претставници од Република Северна Македонија на неформалните министерски состаноци на Еевропската Унија.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Информирање на членовите на Владата на Република Северна Македонија за неформалните министерски состаноци на Европската Унија за време на Португалското претседателство со Советот на Европската Унија. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за надворешни работи |

## *Владеење на правото, независност на правосудството, доследна и неселективна борба против криминалот и корупцијата со широка и обврзувачка транспарентност*

Б) Материјали

***Извештај за реализација на Програмата за обесштетување на дете кое е жртва или е оштетено со дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело на насилство и на други акти на индивидуално или групно насилство за 2020 година***

**Образложение:** Министерот за правда, согласно член 151 став 2 од Законот за правда за децата, по претходно прибавено мислење од Државниот совет за превенција за детско претстапништво, секоја година донесува Програма за обесштетување на дете кое е жртва или е оштетено со дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело на насилство и на други акти на индивидуално или групно насилство. Во Програмата се предвидени средства кои се издвојуваат од Буџетот на Министерството за правда, начинот и динамиката на реализација на истата, односно реализација на средствата.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Информирање на Владата на Република Северна Македонија за реализација на Програмата. Во Извештајот ќе бидат опфатени постигнатите резултати и финансиски показатели како и образложението за евентуалните отстапувања од планираните активности.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за правда

***Модерна и ефикасна јавна администрација базирана на дигитализација која обезбедува квалитетни и брзи услуги за граѓаните и деловните субјекти***

Б) Материјали

***Информација за набавка на софтверско решение за изработка на унифицирани веб страни на Владата на Република Северна Македонија и министерствата***

**Образложение:** Набавка на софтверско решение за изработка на унифицирани веб страни со кое ќе се подобри квалитетот и пристапноста на web страните.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Подобрување на квалитетот на web страните и олеснување на пристапот на корисниците до Веб страните со имплементација унифициран дизајн.

**Фискални импликации:** Има: Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Министерство за информатичко општество и администрација

## *Информација за набавка на хардверско и софтверско решение за издавање на документи*

**Образложение:** Ефикасно работење на јавната администрација, во функција на намалување на бројот на вработени во јавниот сектор, а во исто време подобрување на услугите кон граѓаните и бизнисите е една од клучните цели на процесот на дигитализација. Со ова решение ќе се промовидаат дигиталните услуги за сите слоеви во општеството со тоа што ќе се направат уште подостапни и лесни за користење за сите граѓани.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Намалување на бројот на граѓани услужени на шалтерите, намалување на просечното време начекање, подобро функционирање на центрите за Една точка за услуги, доближување науслугите до граѓаните во подалечните населени места вон центрите, каде што има недостиг од услуги, зголемување на задоволството и довербата кон институциите од страна на граѓаните, заштеда на финансиски

средства со намалување на улогата на човечкиот фактор.

**Фискални импликации:** Има: Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Министерство за информатичко општество и администрација

## *Информација за Предлог – Национална долгорочна ИКТ стратегија 2021 – 2026 година*

**Образложение:** Подготовката на Национална долгорочна ИКТ стратегија за периодот 2021 – 2026 година вклучува сет на документи за анализа на тековната состојба, Предлог-стратегија за наведениот период и Акциски план за реализација на предвидените стратешки цели. Стратегијата се изготвува со поддршка на Европската Унија и има за цел да служи како патоказ и рамковна стратегија за целокупниот развој на ИКТ во јавната администрација.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** По конечното усогласување на содржината на трите клучни стратешки документи : Анализа на тековната состојба, Национална долгорочна ИКТ стратегија 2021 -2026, Акциски план . Се очекува да се воспостави јасна рамка и водилка во процесот на дигиталната трансформација на работењето на јавната администрација а со тоа и директно да се влијае во подобрувањето на работењето на администрацијата и услугите кои таа ги дава кон граѓаните и бизнисите.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за информатичко општество и администрација

## *Заштита на животната средина, зелен развој, намалување на аерозагадувањето и влијанието на климатските промени*

Б) Материјали

***Елаборат за санација и реконструкција на системот за одведување и пречистување на отпадните води во Југохром Алзар ДООЕЛ - Јегуновце***

**Образложение:** Министерството за животна средина и просторно планирање има обврска за редовното одржување на системот за зафаќање, одведување и пречистување на отпадните води што потекнуваат од поранешната работа на ХЕК ЈУГОХРОМ. Во Договорот за купопродажба склучен помеѓу Владата на тогашната Република Македонија, Друштвото SCMM (Societe Commerciale des Metaux et Minerals) и ХЕК ЈУГОХРОМ АД Јегуновце 2002 година и Договорот помеѓу СИЛМАК/ЕКОМАК и Министерството за животна средина и просторно планирање се дефинирани договорните обврски за работата на пречиселната станица. Работењето на системот за зафаќање, одведување и пречистување на отпадните води што се загадени со шестовалентен хром е од исклучително значење за обезбедување на чиста/незагадена вода за пиење за жителите на Скопје, која се обезбедува од изворот Рашче.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Елаборатот ќе даде сеопфатна анализа и проценка на неопходните работи за санацијата и реконструкцијата на овој систем, а со тоа ќе се спречува и евентуалното загадување на изворот Рашче.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за животна средина и просторно планирање

***Информација за спроведување на ИПА проектот „Подобрување на спроведувањето на Директивата за поплави (подготовка на Планови за управување со ризици од поплави со мерки за спроведување и итност)"***

**Образложение:** Информацијата има за цел да ја запознае Владата на Република Северна Македонија за прогресот на активностите од спроведувањето на ИПА проектот.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Позитивни влијанија со тоа што ќе се подобри подготвеноста на земјата корисник за пристапување кон ЕУ преку подобрување на спроведувањето на Директивата за поплави. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за животна средина и просторно планирање |

# Февруари

## Иницијатива со висок приоритет

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

А) Подзаконски акти

***Предлог - одлука за учество на припадници на Армијата на меѓународни вежби во странство-***

***вежба SYBER RANGE 21***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Меѓународна соработка, подобрување на интероперабилноста помеѓу Република Северна Македонија и земјите партнери за заедничко учество во меѓународни мисии за поддршка на мирот. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Позитивно влијание во стекнување на искуство и знаење на персоналот кој ќе учествува на вежбата, достојно презентирање на Армијата и зголемување на угледот на Република Северна Македонија на меѓународен план |

**Фискални импликации:** Има: 73,315 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Министерство за одбрана

## *Предлог-одлука за потпишување на Меморандум за разбирање со НАТО за поддршка од земја домаќин (Host Nation Support – HNS)*

**Образложение:** Република Северна Македонија почитувајќи ги обврските од членството во Организацијата на Северно-Атлантскиот Договор (НАТО) потребно е да воспостави национален систем за поддршка од земјата домаќин (ПЗД). Меѓународните договори и спогодби претставуваат основа за ПЗД. Договорот за статусот на силите (СОФА) го регулира статусот на силите и нивниот однос со земјата домаќин, додека пак со Меморандумот за разбирање, се уредуваат обврските на страните кои учествуваат и се потписнички на истиот. Тој обезбедува заедничка договорена воено-политичко-правна основа за развој на дополнителни документи потребни за негово спроведување (Технички договори).

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Концептот за ПЗД е применлив на целиот спектар на НАТО/ЕУ операции и вежби за време на мир, кризна состојба и војна како и на операции во кои учествуваат Обединетите нации (ОН), Органиацијата за безбедност и соработка на Европа (ОБСЕ), невладините организации и земјите партнери. Со потпишувањето на Меморандумот за разбирање Република Северна Македонија ќе ја постави основата за воспоставување на национален систем за поддршка од земја домаќин.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за одбрана

## *Предлог - одлука за учество во операцијата на НАТО во Косово-КФОР во 2021 година.*

**Образложение:** Се потврдува посветеноста на Република Северна Македонија кон мирот и безбедноста во регионот, како и одлучноста кон почитување на вредностите и целите на Алијансата и подготвеноста за споделување на предизвиците како нејзина полноправна членка. Во 2021 година ке биде извршена ротација на постоечкиот придонес и ке бидат упатени нови сили заедно со Националната гарда на Вермун САД.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Придонесуваме кон меѓународните напори за развој на стабилни и демократски институции на Косово, способно самостојно да се грижи за својата безбедност.

**Фискални импликации:** Има: 369,757,702 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Министерство за одбрана

## *Предлог - одлука за реализација на стратешки приоритет - Опремување на лесна пешадиска баталјонска група (ЛПБГ) и 2 тима на специјални сили на Армијата*

**Образложение:** Имајќи ги во предвид проектите за опремување на лесна пешадиска баталјонска група (ЛПБГ): набавка на лесни оклопни возила, хаубици 105мм, против воздушна одбрана со многу мал дострел, пешадиско вооружување, средства за извидување и разузнавање, индивидуална и колективна АБХО опрема, индивидуална и балистичка заштитна опрема, како и опремувањето на 2-та тима на специјалните сили, како најважна воена способност во процесот на исполнување на побаруваните воени способности од страна на НАТО, а како земја членка на Алијансата, неопходна е реализација на плановите за опремување и модернизација согласно Долгорочниот План за развој на одбранбените способности 2019-2028. За оваа намена ќе се користи и финансиската помош од САД.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Унапредување на одбранбените капацитети и способности, како и исполнување на обврските од Целите на способности, согласно обврските од членството во НАТО. |

**Фискални импликации:** Има: 2,300,000,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за одбрана |

## *Предлог - програма за сузбивање и ерадикација на бруцелоза кај говедата*

Образложение: Агенцијата за храна и ветеринарство години наназад како еден од врвените приоритети ја има контролата и сузбивањето на бруцелозата кај говедата. Бруцелозата кај говедата претставува една од најзначајните зоонози (тоа се болести кои по директен или индиректен пат се пренесуваат од животните на луѓето) и се од особена важност, поради што е неопходно да се заштити здравјето на луѓето и на животните. Преку спроведувањето на овие програми за сузбивање и искоренување се исполнуваат обврските кои ги имаме во областа на здравствената заштита на животните и нивна хармонизација со соодветната легислатива на ЕУ. Мерки кои се пропишани во овие програми претставуваат појдовна точка за заштита на здравјето на животните и луѓето како и постигнување и одржување на статуси официјално слободни од болеста бруцелоза на одгледувалишта и региони. На овој начин се обезбедуваат основните предуслови за непречена трговија и извоз на живи животни и нивни производи

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Поддршка на индустриско производствените капацитети со цел овозможување на основни предуслови за ставање во промет и извоз на говеда и нивни производи како и зголемување на извозниот потенцијал на овие производи |

**Фискални импликации:** Има: 33,000,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Агенција за храна и ветеринарство |

Б) Материјали

### *Информација за регистар на младински организации*

**Образложение:** Согласно Законот за младинско учество и младински политики, член 13 Агенцијата за млади и спорт е обврзана да го води регистарот на младински организации и организации за млади

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со воспоставување на регистарот на младински организации и организции за млади се овозможува и се создава предуслов за формирање на сите тела предвидени во Законот (Националното собрание на млади, Националното советодавно тело за младински политики и локално собрание за млади). |

**Фискални импликации:** Има: 1,000,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Агенција за млади и спорт |

### *Информација за реализација на проектот за конзервација на црквата „Св. Ѓорѓи“ во с. Курбиново, Ресенско*

**Образложение:** Со Информацијата за реализација на Проектот за конзервација на црквата „Св. Ѓорѓи“ во с. Курбиново, Ресенско, Владата ќе се информира за тековните активности во насока на обезбедување на соодветен третман за заштитата на црквата црквата „Св. Ѓорѓи“ во с. Курбиново која претставува врвен дострел на византиската уметност од XII век.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Соодветна заштита, научна обработка, презентација и промоција на културното наследство |

**Фискални импликации:** Има: 3,000,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за култура |

## *Годишен план за набавки со склучување на договори на Владата на Република Северна Македонија со влади на странски држави*

**Образложение:** Согласно член 8 став (1) од Законот за јавни набавки во областа на одбраната и безбедноста ("Службен весник на Република Македонија" бр.180/2019 година), Владата на Република Северна Македонија донесува Годишен план за набавките кои ќе се реализираат со склучување на договори за набавка на Владата на Република Северна Мекедонија со влади на странски држави. Министерството за одбрана како договорен орган кој врши ваков тип на набавки согласно законот и Одлуката за утврдување на индикативен список на договорни органи од областа на одбраната и безбедноста ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.246/2019 година), предлогот за набавки согласно член 8 став (1) од Законот за јавни набавки во областа на одбраната и безбедноста, за свиоте потреби, ќе го достави до Владата на Република Северна Македонија до крајот на месец февруари 2021 година. Во предлогот ќе биде дефиниран предмет на набавките и поединечна вредност за секоја од набавките.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Реализирање на годишниот план за набавките во областа на одбраната. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за одбрана

***Информација за Предлог - проект „Дигитализирање на Европска младинската картичка“***

**Образложение:** Европската младинска картичка е проект на Агенцијата за млади и спорт, која нуди разни поволности за младите во различни категории од нивното секојдневие. Култура, здравство, транспорт, обуки за стручни вештини, едукација, угостителство, спорт и останати области кои се важен сегмент од животот на младите.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Преку воведување на можноста сега младинската картичка да биде електронска, се овозможува обезбедување на бројни бенефиции, попусти на услуги и производи за младите, можности за вмрежување, информирање и мобилност.

**Фискални импликации:** Има: 1,000,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Агенција за млади и спорт

***Информација за одбележување на 25-годишнина од воспоставување на дипломатски односи со Република Латвија***

**Образложение:** Одбележувањето на 25 годишнината од воспоставувањето на дипломатските односи на Република Северна Македонија со Република Латвија која ќе биде во функција на потврда на одличните билатерални односи, како и презентација на нашата земја како фактор на мирот и стабилноста во Регионот, кооперативност, толеранција и дијалог.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Очекуваме позитивни ефекти, како од Република Латвија, така и од земјите- членки на НАТО и Европската Унија. |

**Фискални импликации:** Има: 30,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за надворешни работи |

***Информација за предлог - проект „Формирање на Совет за млади“***

**Образложение:** Агенцијата за млади и спорт ќе формира Совет за млади во рамки на самата Агенција, од надворешни членови.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со формирање на Советот за млади ќе се обезбеди потранспарентно, инклузивно учество на младите во носењето на одлуки во Агенцијата за млади и спорт. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Агенција за млади и спорт |

***Информација за предлог - проект „Инклузивно вклучување на лица со попреченост во сите сегменти на спортот“***

**Образложение:** Еднаквоста и недискриминацијата на човековите права, претставуваат дел од основните начела и принципи гарантирани со Уставот и законите на Република Северна Македонија. Почитувањето на човековите слободи и права подразбира обезбедување не само на формални, туку и материјални предуслови за непречено остварување на овие права на граѓаните, без оглед на различноста по каков било основ.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со рапмоправно вклучување на лица со попреченост во сите сегменти на спортот, целосно и еднакво ќе се уживаат човековите права и основните слободи, како и почитувањето на нивното достоинство |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Агенција за млади и спорт |

***Информација за Предлог- Национална стратегија за безбедност на храната на Република Северна Македонија за период 2021-2025 година***

**Образложение:** Одржување и понатамошно унапредување на националниот систем за безбедност на храна и ефективо спроведување на евроинтегративни процеси и преговори со Европската Унија во областа на безбедност на храна и ветеринарно здравство.

**НПАА-поглавје:** 3.12 – Безбедност на храна, ветеринарна и фитосантарна политика

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | 1. Интегрирање и создавање на заедничка платформа за координиран и интегриран приод на 3 области на храната: Безбедност на храна, Обезбеденост со храна и Сигурност на храна. 2. Унапредување на институционалниот капацитет 3. Превентива и контрола на измами со храна и сериози закани за безбедност на храната 4. Унапредување на системот на научна подршка, професионална експертиза и евиденција 5. Надградба на системот на комуникација, едукација и соработка во областа на безбедност на храна 6. Обезбедување на подршка на политиката на исхрана на Министерството за здравство |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Агенција за храна и ветеринарство |

## *Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија*

А) Подзаконски акти

***Предлог-одлука за доделување средства за стипендии за државни службеници „Габриела Коневска Трајковска“ од областа на правото, економијата и политиките на ЕУ во странство***

**Образложение:** Активноста за доделување стипендии се одвива од 2003 година и се покажа како значајна мерка за јакнење на капацитетите на македонската администрација во процесот на европска интеграција и во идниот процес на преговарање. Досега се доделени 88 стипендии и најголем дел од стипендистите станаа дел од државната администрација. Конкурсот за доделување стипендии кој се распишува врз основа на оваа предлог одлука, вообичаено се објавува во првиот квартал од календарската година. Предлог одлуката ги содржи сите детали околу активноста, конкурсот, доделувањето и обврските за договорните страни.

**НПАА-поглавје:** НПАА Поглавје IV.2 јакнење на капацитетите - од областа на правото, економијата и политиките на ЕУ во странство во рамки на политиките на јакнење на човечкиот капитал и политиките на задржување на кадри во процесот на ЕУ интеграција

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Јакнење на капацитетите на администрацијата и институционална надградба.

**Фискални импликации:** Има: 4,000,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Секретаријат за европски прашања

Б) Материјали

***Информација за одржаниот седумнаесетти состанок на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој се одржа на 12 ноември 2020 година, во Скопје***

**Образложение:** Информацијата има за цел да ги информира членовите на Владата за

одржувањето на седумнаесеттиот состанок на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој се одржа на 12 ноември 2020 година, како и за превземените обврски од страна на државните институции и реализација на истите

**НПАА-поглавје:** Редовен годишен циклус на состаноци на заедничките работните тела на ССА -Поткомитет за трговија, индустрија, царина и оданочување

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Навремено и квалитетно остварување на обврските презмени од Поткомитетот. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Секретаријат за европски прашања |

## *Информација за отпочнување на реформи во културата согласно ЕУ принципите за јавна администрација*

**Образложение:** Иницијативата е произлезена од европската рамка за процесите на проширување, каде еден од трите фундаментални принципи е издвоен Принципот за реформи во јавната администрација за земјите кои отпочнуваат со процесот на преговори за членство во Европската Унија.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Независно и ефективно функционирање, ефикасен контролен систем на управување, развивање на интер-секторската соработка како и подобруваање на административните капацитети на Министерството за култура. |

**Фискални импликации:** Има: 18,600,000 ден, Користење и имплементација на фондови од ЕУ ИПА

**Предлагач:** Министерство за култура

***Информација за подготовка на Седумнаесетти состанок на Поткомитетот за транспорт, животна средина, енергетика и регионален развој, во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, 18 март 2021 година, во Скопје***

**Образложение:** Информацијата има за цел да ги информира членовите на Владата за текот на подготовките за одржување на седумнаесеттиот состанок на Поткомитетот за транспорт, животна средина, енергетика и регионален развој. Воедно, Информацијата содржи преглед на наодите на ЕК во последниот Извештај за напредокот на Република Северна Македонија, како и предлог ставовите кои ќе бидат презентирани од страна на македонската делегација во однос на точките од Дневниот ред. Поткомитетот ги опфаќа следниве области: 3.14 Транспортна политика, 3.15 Енергетика, 3.21 ТЕН, 3.22 регионална политика и координација на структурни инструменти и 3.27 Животна средина и климатски промени

**НПАА-поглавје:** Редовен годишен циклус на заедничките работни тела на ССА - Поткомитет за транспорт, животна средина, енергетика и регионален развој

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Навремена и квалитетна подготовка на претстојниот состанок со Европската комисија.

**Фискални импликации:** Има: 38,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Секретаријат за европски прашања

***Информација за учество на Република Северна Македонија во програмите и агенциите на Унијата во периодот 2021-2027 година***

**Образложение:** Република Северна Македонија со години наназад учествува во повеќе програми и агенции на Унијата, со хоризонтална координација на истото од страна на Секретаријатот за европски прашања, кој обезбедува дел од влезните билети преку годишните ИПА програми. Потребно е да се дефинира натамошното учество на земјата во истите, базирано врз реални показатели од досегашното искуство. Согледување на успешноста во користењето на претпристапните инструменти на ЕУ и донесување на одлуки/заклучоци во насока на нејзино унапредување.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Дефинирање на програмите и агенциите на Унијата во кои Република Северна Македонија ќе продолжи да учествува во периодот 2021-2027 година.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Секретаријат за европски прашања

## *Информација за статус на реализација на билатерални програми за развојна соработка*

**Образложение:** Информацијата има за цел запознавање на Владата со статусот на реализација на билатералните развојни програми во кои учествува Република Северна Македонија.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Информирање за статусот на реализација на билатералните развојни програми и можностите за соработка.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Секретаријат за европски прашања

Б) Материјали

### *Информација за формирање на Меѓуресорска работна група за меѓусебно усогласување и измена на законите и подзаконските акти поврзани со градење и електронските комуникации*

**Образложение:** Со формирањето на Меѓуресорската работна група ќе се усогласат меѓуинституционалните активности во доменот на градењето, со цел поедноставување на процедурите за изградба на оптички мрежи, а посебно 5G технологијата. Активноста произлегува од Националниот оперативен Бродбенд План (НБОП).

**НПАА-поглавје:** 10 -Информатичко општество и медиуми

**НПАА-подрачје:** 10.1 Електронски комуникации и информациски технологии

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Обезбедување на бродбенд за сите области во државата, развојот на електронските комуникации а особено на 5G мрежите.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за информатичко општество и администрација во соработка со Министерство за транспорт и врски

### *Информација за апликацијата до WBIF за техничка помош за подготовка на Студија за изводливост за изградба и развој на Национална Транспортна Оптичка Мрежа (НТОМ)*

**Образложение:** Под координација на МИОА, а во соработка со Светска банка, поднесена е апликација за техничка помош за подготовка на Студија за изводливост за изградба и развој на Национална транспортна Оптичка Мрежа (НТОМ), како дел од Националниот Оперативен Бродбенд План (НОБП), а во рамки на програмата на WBIF. Студија за

изводливост за изградба и развој на Национална транспортна Оптичка Мрежа произлегува и од Програмата за работа на Владата (2020-2024)

**НПАА-поглавје:** 10. Информатичко општество и медиуми

**НПАА-подрачје:** 10.1 Електронски комуникации и информациски технологии

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** /

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Секретаријат за европски прашања во соработка со Министерство за информатичко општество и администрација

## *Информација за имплементирање на методологија за оценка на индекс на квалитет на институциите*

**Образложение:** Со процесот на имплементација на Методологијата за оценка на квалитетот на работата на институциите се очекува да го подобри работењето на институциите од јавниот сектор преку мобилизирање и фокусирање на работата на сите вработени, оние кои даваат услугите, вработените од првата линија на комуникација со клиентите, вработените задолжени за политики, стратегија и истражување, како и раководителите – околу заедничката цел: подобрување на услугите и задоволството на клиентите. Методологијата за оценка на квалитетот на работата на институциите опфаќа собирање податоци, правење анализи и известување со цел добивање информации за напредокот во имплементацијата на целите и реформите, како и евентуалните проблеми во работењето. Процесот опфаќа мерење на начинот на управување со ресурсите на институцијата, нејзините процеси на работење и испорачување на услуги и резултатите од работењето.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Мерењето на квалитетот на работата на институциите ќе даде информации за тоа кои области од работењето на институциите функционираат, а кои не, што е од особена важност за врвното раководство во процесот на донесување одлуки за работењето на институциите. Наодите од спроведеното мерење на квалитетот на работата на институциите ќе и користат на Владата во носењето на соодветни и спроведливи одлуки.

**Фискални импликации:** Има: 870,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Министерство за информатичко општество и администрација

## *Информација за иницијатива за поврзување на системите на клучните институции со Централниот регистар на население*

**Образложение:** Министерството за информатичко општество и администрација во Октомври 2019 година го пушти во употреба системот Централниот регистар на население. Во регистарот се содржат последните измени на личните податоци за целото население во Република Северна Македонија, како и за странци со регулиран претстој кои имаат право на услуги во државата. Сите институции заради сопствените потреби имаат изградено локални бази на лични податоци кои во одреден период ги ажурираат преку собирање на податоци директно од граѓаните. Квалитетот на ваквите податоци и нивната унифицираност е на многу лошо ниво. Во таа насока потребна е итна координација со институциите и поврзување на нивните системи со Централниот регистар на население при спроведување на услугите за граѓаните. Како клучни институции се: Министерство за внатрешни работи, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за образование и наука, Министерство за правда – Управа за водење на матичните книги, Министерство за здравство – Управа за електронско здравство, Државна изборна комисија, Централен регистар, Фонд на здравствено осигурување, Фонд на панзиското и инвалидското осигурување, Агенција за вработување и Министерство за финансии – Управа за јавни приходи.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Преку надградување на системите и поврзување на институциите со Централниот регистар на население се обезбедува подобар квалитет во податоците за населението, точност и унифицираност на личните податоци за граѓаните. Граѓаните нема да ги пријавуваат промените на сопствените личните податоци кај сите институции во државата. Централниот Регистар на население овозможува поврзаните институциите да имаат редовна ажурна состојба за личните податоци на населението. |

**Фискални импликации:** Има: Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за информатичко општество и администрација |

# Иницијатива со среден приоритет

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

А) Подзаконски акти

## *Предлог - одлука за давање на согласност на Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2021 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Министерството за култура Согласно член 70-в од Законот за културата донесува годишна Програма за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата, на која согласност дава Владата. Преку оваа програма се реализираат капиталните инвестициони проекти на Министерството за култура. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Донесување на одлука за давање на согласност на Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2021 година. |

**Фискални импликации:** Има: 30,000,000,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за култура |

## *Предлог-одлука за Дваесетта емисија на обврзници за денационализација*

**Образложение:** Владата на Република Северна Македонија со Одлука го утврдува годишниот износ на обврзниците за денационализација што ќе се издаваат. Со Предлог Одлука ќе се утврди износот на Деветнаесеттата емисија на обврзници за денационализација.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со Деветнаесеттата емисија на обврзници за денационализација се очекува да се збогати понудата на хартии од вредност со кои ќе се тргува на пазарот на капитал во Република Северна Македонија. |

**Фискални импликации:** Има: Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за финансии |

## *Предлог-програма за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026 година*

**Образложение:** Нова шестгодишна програма за развој на локалната самоуправа во Република Северна Македонина

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

**Очекувани влијанија:** Развој на системот на локална самоуправа

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за локална самоуправа

Б) Материјали

***Предлог - акциски план за спроведување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021 - 2026 година, за период 2021 - 2023 година***

**Образложение:** Нов тригодишен акциски план за спроведување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021 -2026

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

**Очекувани влијанија:** Развој на системот на локалната самоуправа

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за локална самоуправа

***Извештај за работа на Комисијата за извоз на стоки и технологии со двојна употреба***

**Образложение:** Извештајот се поднесува врз основа на Законот за контрола на извозот на стоки и технологии со двојна употреба. Со извештајот Комисијата ја информира Владата на Република Северна Македонија за бројот на издадени дозволи, правни и физички лица на кои се издадени дозволите, бројот на одбиени барања за добивање дозволи за извоз и причините за одбивањето, како и за покренатите жалби за неиздадени дозволи, покренатите прекршочни постапки или кривични пријави за непочитување на одредбите од законот.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со материјалот се информира Владата на Република Северна Македонија за работата на Комисијата за извоз на стоки и технологии со двојна употреба. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за економија |

## *Информација за збогатување на културната понуда преку проекти насочени кон одредени целни групи*

**Образложение:** Поаѓајќи од начелото на рамноправна положба на сите граѓани и корисници на културните добра на Република Северна Македонија, збогатувањето на културната понуда преку поддршка на проекти насочени кон одредени целни групи е еден од приоритетите на Министерството за култура.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Достапност до културните вредности преку следење на културните настани и создавање предуслови за развој на творештво преку развивање на програми и проекти на одредените целни групи. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за култура |

## *Информација за одржување на прва заедничка седница на Владата на Република Северна Македонија со Владата на Република Косово, во Република Северна Македонија*

**Образложение:** Одржувањето на Заеднички Седници на Влади се дополнителен поттик кон унапредувањето на билатералните односи и соработка со земјите од соседството и јакнењето на регионалната соработка кои остануваат високо на листата на приоритети.

**НПАА-поглавје:** 1.3 - Национален план за адаптирање на Европското законодавство, регионални прашања и меѓународни обврски

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Интензивирање и продлабочување на севкупните билатерални односи и регионална соработка со земјите од непосредното соседство.

**Фискални импликации:** Има: 40,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Министерство за надворешни работи

## *Годишен извештај за работа на Агенција за храна и ветеринарство за 2020 година*

**Образложение:** Согласно одредбите од членот 20 став (3) од Законот за безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија" бр.157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14, 72/15, 129/15, 239/15, 39/16 и 64/18) се изготвува и најдоцна до 31 март во тековната година, до Владата на Република Северна Македонија се доставува Годишен извештај за работењето на Агенцијата на одобрување. Во функција на законските обврски и политиките на Владата, врз основа на член 36 став 4 од Законот за Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15 и 142/16), а во врска со Методологијата за стратешко планирање и подготвување на Годишна програма за работа на Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 124/08, 58/18 и 223/2019") и Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на следење, оценување и известување на спроведувањето на стратешкиот и годишниот план за работа („Службен весник на Република Македонија бр.131/18) Агенцијата за храна и ветеринарство

подготвува Годишен извештај за работа за 2020 година.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** /

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Агенција за храна и ветеринарство

## *Извештај за активностите на Координативното тело за надзор на пазарот за 2020 година и на надлежните органи за надзор на пазарот*

**Образложение:** Извештај за активностите на Координативното тело за надзор на пазарот за 2020 година и на надлежните органи за надзор на пазарот, е подготвена согласно член 8 од Законот за надзор на пазарот ( "Службен весник на Република Македонија" број. 48/10 и 79/13), со кое се задолжува Координативното тело да достави до Владата на Република Северна Македонија, Извештај за својата работа за претходната календарска година. Активностите кои се преземени од страна на надзорните органи е согласно Националната програма за координација и преземање на ефективни мерки за надзор на пазарот за 2019 и 2020година ( "Службен весник на Република Македонија" број. 100/19).

**НПАА-поглавје:** Поглавје 3.1 Слободно движење на стоки

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Владата на Република Северна Македонија да се информира за активностите на Координативното тело за надзор на пазарот за 2020 година и на надлежните органи за надзор на пазарот.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за економија

***Информацијата за реализирани активности во 2020 година од Програмата за заштита на потрошувачите за периодот 2019-2020 година***

**Образложение:** Информацијата произлегува од член 121 од Законот за заштита на потрошувачите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/04, 77/07, 103/08, 24/11, 164/13, 97/15,152/15 и 180/18), според кој министерот за економија еднаш годишно ја известува Владата на Република Северна Македонија за спроведувањето на Програмата за заштита на потрошувачите.

**НПАА-поглавје:** 3.28 – Заштита на потрошувачите и јавно здравје

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Владата на Република Северна Македонија да се информира за реализираните активности во 2020 година од Програмата за заштита на потрошувачите.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за економија

***Предлог-акциски план за спроведување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026 година, за период 2021-2023 година***

**Образложение:** Нов Акциски план за спроведување на Програмата за одржлив локален развоји децентрализација 2020-2026 година

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** -

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Развој на системот на локалната самоуправа

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за локална самоуправа

Б) Материјали

***Извештај за спроведените мерки и активности од Стратегија на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, со Акциски план 2018-2020, во 2020 година***

**Образложение:** Извештајот дава приказ на спроведените мерки и активности од страна на органите на државната управа предвидени во Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, во 2020 година.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Разгледувањето на извештаите за спроведените мерки и активности предвидени во Акцискиот план за спроведување на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор 2018-2020, од страна на Владата и нивно објавување на веб-страницата на Одделението за соработка со невладини организации (www.nvosorabotka.gov.mk) на Генералниот секретаријат ќе придонесе кон зајакнување на довербата и унапредување на соработката помеѓу Владата на Република Северна Македонија и граѓанските организации.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Генерален Секретаријат

***Извештај за работа на Комисијата за организации со статус од јавен интерес во 2020 година***

**Образложение:** Извештајот дава приказ за работата на Комисијата за организации со статус од јавен интерес во 2020 година, бројот на одржани седници, разгледани деловни и финансиски извештаи на организациите со статус од јавен интерес и предложени решенија за доделување статус

на организации од јавен интерес.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Разгледувањето на годишни извештаи за работата на Комисијата за организации со статус од јавен интерес од страна на Владата и нивно објавување на веб-страницата на Одделението за соработка со невладини организации (www.nvosorabotka.gov.mk) на Генералниот секретаријат ќе придонесе кон афирмација на работата на Комисијата и поттикнување на граѓанските организации да поднесуваат барања за добивање статус на организација од јавен интерес |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Генерален Секретаријат |

## *Извештај за спроведување на Програмата за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации за 2019 година*

**Образложение:** Извештајот дава приказ за спроведување на Програмата за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации за 2019 година, бројот на доделени грантови и начинот на користење на доделените средства, со финансиски показатели и образложение на постигнатите резултати, согласно доставените извештаи од здуженијата и фондациите.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Разгледувањето на Извештајот за реализација на Програмата за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации за 2019 година од страна на Владата ќе придонесе кон зголемена транспарентност во користењето на финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија од страна на здруженија и |

фондации и јакнење на довербата во граѓанските организации.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Генерален Секретаријат

***Извештај за работа на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор за 2020 година***

**Образложение:** Извештајот дава приказ на работата на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор во 2020 година, број на одржани седници и разгледани материјали, мислења и иницијативи доставени до Владата и ресорните министерства поврзани со јавните политики кои се однесуваат и/или влијаат на граѓанскиот сектор.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Иницијативата ќе придонесе кон унапредување на соработката и дијалогот помеѓу Владата на Република Северна Македонија, органите на државната управа и граѓанскиот сектор и ќе го поттикне развојот на граѓанскиот сектор во Република Северна Македонија

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Генерален Секретаријат

## *Владеење на правото, независност на правосудството, доследна и неселективна борба против криминалот и корупцијата со широка и обврзувачка транспарентност*

Б) Материјали

***Информација за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до Владата на Република Северна Македонија, органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања, за периодот октомври-декември 2020 година***

**Образложение:** Целта на оваа иницијатива е квартално да се информира Владата на Република Северна Македонија за преземените мерки и активности по обраќањата и препораките на Народниот правобранител, упатени до Владата, органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Воспоставениот механизам на известување на Владата на Република Северна Македонија за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител придонесува кон унапредување на соработката со Народниот правобранител во насока на целосно почитување на уставните гаранции и меѓународните стандарди за почитување на човековите слободи и права, одговорно, совесно и навремено постапување и одлучување за правата на граѓаните, како и транспарентност во работењето на органите на државната управа

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Генерален Секретаријат

## *Модерна и ефикасна јавна администрација базирана на дигитализација која обезбедува квалитетни и брзи услуги за граѓаните и деловните субјекти*

Б) Материјали

### *Информација за воведување на Електронски систем за автоматизација на административни постапки (еСДП)*

**Образложение:** Со воведување на Електронски систем за автоматизација на административни постапки (еСДП) секоја работна задача кон вработените кои спроведуваат управни постапки ќе се задава јасно и прецизно со можност во реално време да се следи нејзиното извршување. Владата на Република Северна Македонија планира до крајот на 2021 година го воведе овој систем во најмалку 30% од вкупниот број на органите на државната управа, а до крајот на 2024 година во сите органи на државната управа.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Зголемување на ефективноста и отчетноста за работата на административните службеници кои спроведуваат управни постапки и полесен и побрз пристап на граѓаните до административна правда. |

**Фискални импликации:** Има: Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за информатичко општество и администрација |

## *Информација за воведување на ISO 9001, 27001, 14641 стандарди*

**Образложение:** Подготовка на интегриран систем за управување со квалитет кој ќе се состои од барањата на меѓународниот стандард за системите за управување со квалитет. ISO согласно барањата на меѓународниот стандард за системите за управување со квалитет ISO 9001:2015, барањата на меѓународниот стандард за системот за управување со информациска безбедност ISO 27001:2013 и барањата на меѓународниот стандард за управување со електронски документи-дизајн и финкционирање на информативен систем за чување на електронски документи ISO 14641:2018 за подобрување и унапредување на ефикасноста и ефективноста на работењето.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | По извршената имплементација на интегрираниот систем за управување со квалитет согласно барањата на меѓународните стандарди ISO 9001:2015, ISO 27001:2013 и ISO 14641:2018, влијанија се : добро дефиниран и документиран систем за управување со процесите во организацијата; добро дефиниран и документиран систем за управување со информациската безбедност во организацијата; добро дефиниран и документиран систем за управување со електронските |

| | |
|---|---|
| | документи во организацијата - дизајн и функционирање на информативен систем за чување на електронски документи. |

**Фискални импликации:** Има: 600,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за информатичко општество и администрација |

### *Информација за иницијатива за отворање на податоци од Регистерот за вработени во јавниот сектор во отворен формат*

**Образложение:** Согласно законските овластувања, Министерството за информатичко општество и администрација води електронски Регистер за вработени во јавниот сектор. Во насока на целосна транспарентност на јавната администрација, МИОА да ги објави организациските шеми на сите институции за кои има податоци во Регистерот, како и пополнетост на работните позиции, и истите ќе ги објави во отворен формат како отворени податоци. Овие податоци ќе се ажурираат автоматски со секоја измена во регистерот.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Зголемување на транспарентноста во кадровската политика и работењето на јавната администрација |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за информатичко општество и администрација |

## *Целосно спроведување на Охридскиот рамковен договор и градење на граѓанска држава со етничка и социјална кохезија врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување*

Б) Материјали

### *Информација за Предлог - стратегија за развој на верски туризам и поддршка на активните манастири (2021-2025 година)*

**Образложение:** Усвојувањето на стратегијата за развој на верскиот туризам и поддршка на активните манастири е од големо значење имајќи во предвид дека со години верскиот туризам и активните манастирски монашки заедници се презентирани како најсилен адут за нашата туристичка понуда која има за цел промоција и афирмација на нашите национални културни богатства, вредности и специфики. Стратегијата би опфатила детална анализа на состојбите и можностите за развој на верскиот туризам како и за практичните модалитети и мерки преку кои би се извршила ефективна и суштинска поддршка во неговиот развој. Истото се однесува и на детална анализа на потенцијалите и предвидување на активни мерки за поддршка на монашките заедници кои создаваат уникатно духовно и културно наследство. Стратегијата ќе опфати програма со мериторни мерки чиј придонес би бил лесно воочлив, изработени во согласност со последните трендови на државите од Европската унија и позитивните меѓународни искуства. Древните христијански и отомански светилишта се дел од светското културно наследство кое нашата држава мора да ги афирмира.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Со усвојувањето државата би ја покажала својата свесност за важноста и вредноста на нашата културна понуда и нејзино усовршување. Имплементацијата би имала покрај културни и едукативни и економски придобивки.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи

***Заштита на животната средина, зелен развој, намалување на аерозагадувањето и влијанието на климатските промени***

Б) Материјали

***Информација за спроведување на ИПА проектот „Подготовка на долгорочна стратегија и Закон за климатска акција "***

**Образложение:** Информацијата има за цел да ја запознае Владата на Република Северна Македонија за прогресот на активностите од спроведувањето на ИПА проектот.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Позитивни влијанија со тоа што ќе се подобри подготвеноста на земјата корисник за пристапување кон ЕУ преку подготовка на долгорочна стратегија и Закон за климатска акција со цел да се воспостави силна и одржлива рамка за климатска акција до 2050 година.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за животна средина и просторно планирање

# Иницијатива со низок приоритет

**Приоритет:**

***Не е поврзан со стратешки приоритет***

Б) Материјали

## *Информација за спроведување на Годишна програма за генерички обуки за административни службеници за 2021 година*

**Образложение:** Зајакнување и унапредување на професионалните квалитети и капацитети на вработените во јавниот сектор, односно зголемување на довербата во институциите и квалитетот на услугит

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Со предвидените активности се очекува на воспоставување на одржлив и стабилен систем за координирање на професионална

обука на администрацијата и со долгорочна цел развивање култура на континуирано учење и развој на човечкиот потенцијал во јавниот сектор и крајна цел да се обезбеди соодветен и квалитетен сервис на граѓаните и бизнисите.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за информатичко општество и администрација

## *Информација за спроведување на Годишната програма за обука за административно управување за 2021 година*

**Образложение:** Зајакнување и унапредување на професионалните квалитети и капацитети на вработените во јавниот сектор, односно зголемување на довербата во институциите и квалитетот на услугите.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Со предвидените активности се очекува на воспоставување на одржлив и стабилен систем за координирање на професионална обука на администрацијата и со долгорочна цел развивање култура на континуирано учење и развој на човечкиот потенцијал во јавниот сектор и крајна цел да се обезбеди соодветен и квалитетен сервис на граѓаните и бизнисите.

**Фискални импликации:** Има: Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Министерство за информатичко општество и администрација

## *Информација за содржинско одржување на платформа за Е-учење (Систем за управување со учење –LMS)*

**Образложение:** Зајакнување и унапредување на професионалните квалитети и капацитети на вработените во јавниот сектор, односно зголемување на довербата во институциите и квалитетот на услугите

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со предвидените активности се очекува на воспоставување на одржлив и стабилен систем за координирање на професионална обука на администрацијата и со долгорочна цел развивање култура на континуирано учење и развој на човечкиот потенцијал во јавниот сектор и крајна цел да се обезбеди соодветен и квалитетен сервис на граѓаните и бизнисите. |

**Фискални импликации:** Има: Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за информатичко општество и администрација |

# Март

## Иницијатива со висок приоритет

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

А) Подзаконски акти

***Предлог-одлука за пристапување во Центарот за координација на движење Европа (Movement Coordination Centre Europe - MCCE)***

**Образложение:** Пристапувањето е иницирано заради подобра координација околу транспорт и поддршка при учество во операциите и мисиите на ЕУ, НАТО и ОН.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Се очекува подобра координација во транспортот и поддршка при учество во операциите и мисиите на ЕУ, НАТО и ОН. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за одбрана |

### *Предлог-одлука за учество на припадници на Армијата на меѓународни вежби во странство*

### *- вежба CMX 21*

**Образложение:** Меѓународна соработка, подобрување на интероперабилноста помеѓу Република Северна Македонија и земјите партнери за заедничко учество во меѓународни мисии за поддршка на мирот.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Позитивно влијание во стекнување на искуство и знаење на персоналот кој ќе учествува на вежбата, достојно презентирање на Армијата и зголемување на угледот на Република Северна Македонија на меѓународен план. |

**Фискални импликации:** Има: 519,610 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за одбрана |

### *Предлог- одлука за учество на припадници на Армијата на меѓународни вежби во странство- вежба COMBINE RESOLVE XV*

**Образложение:** Меѓународна соработка, подобрување на интероперабилноста помеѓу Република Северна Македонија и земјите партнери за заедничко учество во меѓународни мисии за поддршка на мирот.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Позитивно влијание во стекнување на искуство и знаење на персоналот кој ќе учествува на вежбата, достојно презентирање на Армијата и зголемување на угледот на Република Северна Македонија на меѓународен план |

**Фискални импликации:** Има: 805,200 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за одбрана |

Б) Материјали

## *Информација за степен на реализација на проектот „Ремонт на железнички Коридор 10, делница Неготино-Ногаевци“*

**Образложение:** Со цел да се обезбедат ефикасни, соодветни и квалитетни железнички услуги управителот на инфраструктурата има испланирано дека на наведената делници има потреба од ремонт т.е. комплетна замена на горниот строј на пругата (шини, колосечен прибор, прагови, свртници, решетање, зајакнување на косините, дополна на засторот), санација на долниот строј и елементите на долниот строј. Подолг период управителот на инфраструктурата се соочува со постојани интервенции на овие делници и одвојување на финансиски средства за одржување со цел да го задржи квалитетот на услугите кои треба да се исполнети за сигурен железнички сообраќај.

**НПАА-поглавје:** 3.21

**НПАА-подрачје:** 3.21.1

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Управителот на инфраструктурата ќе ги намали финансиските средства за одржување на овие делници на Коридорот 10, ќе го намали времето на патување на возовите и ќе се обезбеди сигурен и непречен сообраќај на патните премини кои се наоѓаат на споменатите делници. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за транспорт и врски

### *Извештај за реализација на Буџетските средства од 2020 година наменети за реализација на Договор за вршење на јавна патничка услуга како услуга од јавен интерес во железнички превоз на патници и компензирање на дел од загубите при давање на услугата, согласно возен ред 2019/2020 година*

**Образложение:** Врз основа на Одлука на Влада на Република Северна Македонија за определување на услуга од јавен интерес во железничкиот превоз на патници (СВРСМ бр. 277 од 28.12.2019), Министерството за транспорт и врски и ЖРСМ Транспорт АД - Скопје склучија Договор за вршење на јавна патничка услуга како услуга од јавен интерес во железнички превоз на патници и компензирање на дел од загубите при давање на услугата, за период 2020-2022 година.

**НПАА-поглавје:** 3.21

**НПАА-подрачје:** 3.21.1

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Преку извештајот ќе се извести Владата на Република Северна Македонија за наменското искористување на Буџетските средства согласно Договорот.

**Фискални импликации:** Има: Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Министерство за транспорт и врски

### *Информација за степен на реализација на проект „Изградба на железнички Коридор 8, делница Куманово-Бељаковци-Крива Паланка“*

**Образложение:** Изведување на градежни активности на рехабилитација на постојната пруга, како и изградба на нова на делниците Куманово-Бељаковце-Крива Паланка ќе придонесат до подобрување на техничките карактеристики на пругата, постигнување на брзина на возење од 100 км/час, замена на старите и дотрајани прагови со замена на нови, замена на шините, положување на нов толчаник; поправање на темелните стопи и лежиштата; обновување на

изолацијата и дренажата; дополнителни работи за поставување на сигнално-сигурносни уреди, обновување постојните и изградба на нови мостови и тунели; инсталирање на кабелски водови и огради; поставување безбедносни бариери и заштита од бука и вибрации.

**НПАА-поглавје:** 3.21

**НПАА-подрачје:** 3.21.1

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Подобрување на состојбата на железничката инфраструктура во Република Северна Македонија. Овозможување на врска на Република Северна Македонија со Република Бугарија, заштеди во време на патување и еколошки придобивки. Исто така, кога ќе биде оперативен овој коридор значително ќе се зголеми транспортот преку Република Северна Македонија со обезбедување на пократка врска до Истанбул, со што ќе се овозможи регионалната интеграција на државите кои се наоѓаат на истиот и стимулација на регионалната економија. На локално ниво ќе се подобрат условите на сообраќај на жители кои гравитираат во подрачјето каде ќе се изврши рехабилитацијата на железничата линија, преку побрз и побезбеден проток на патници и тежок товар.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за транспорт и врски

## *Информација за работата на Советот за управување со јавни финансии со Нацрт – Годишен извештај за напредок во спроведувањето на Акцискиот план за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за 2020 година*

**Образложение:** Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии 2018-2021 година се спроведува преку годишни Акциски планови. Акцискиот план за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за 2020 година беше усвоен од страна на Владата на 21 јули 2020 година, по негово одобрување од Советот за управување со јавни финансии. Истиот ги содржи активностите кои започнаа/продолжија со реализација во текот на 2020 година. Извештајот е основна алатка за следење на напредокот во

спроведување на Акцискиот план за 2020 година и истиот пред доставување на усвојување до Владата ќе биде одобрен од страна на Советот за управување со јавни финансии.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со Информацијата за работата на Советот за управување со јавни финансии со Извештај за напредок во спроведувањето на Акцискиот план за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за 2020 година ќе се информира Владата за напредокот во спроведувањето на реформите во областа на управувањето со јавни финансии и ќе се обезбеди основа за донесување на информирани одлуки, како и посветеност на највисоко ниво кон процесот на реформи. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за финансии |

***Предлог- акциски план за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за 2021 година***

**Образложение:** Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии 2018-2021 година се спроведува преку годишни Акциски планови. Подготовката на Акцискиот план за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за 2021 година ја координира Министерството за финансии, врз основа на интензивна соработка на релевантните институции во областа на управување со јавни финансии (Министерство за финансии, Министерство за економија, Државен завод за ревизија, Државен завод за статистика, Управа за јавни приходи, Царинска Управа, Биро за јавни набавки, Државна комисија за жалби по јавни набавки). Акцискиот план за 2021 година детално ги разработува активностите чија подготовка или спроведување ќе започне / продолжи во текот на 2021 година и истиот пред доставување на усвојување до Владата ќе биде одобрен од страна на членовите на Советот за управување со јавни финансии.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со усвојување на Акцискиот план за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за 2021 година од страна на Владата ќе се обезбеди посветеност на највисоко ниво во спроведувањето на реформите во областа на управувањето со јавни финансии. |

**Фискални импликации:** Има: Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за финансии |

## *Извештај за реализација на средства од Годишна програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2020 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | ЈПЖ Република Северна Македонија изготвува Годишна програма за финансирање на железничката инфраструткура која мора да биде временски усогласена со роковите за изработка и донесување на Буџетот на Република Северна Македонија. На предлог на ЈПЖ Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија ја усвојува. Согласно член 26 став (6) од Законот за железничкиот систем, ЈПЖ Република Северна Македонија преку Министерството за транспорт и врски доставува извештај за реализацијата на Годишната програмата. |

**НПАА-поглавје:** 3.21

**НПАА-подрачје:** 3.21.1

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Преку извештајот Владата на Република Северна Македонија ќе се информира за наменското користење на Буџетските средства. |

**Фискални импликации:** Има: Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за транспорт и врски |

***Годишен извештај за степенот на реализација на Годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2020 година***

**Образложение:** Обврската на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија-Секторот за стратегија, планирање и следење да подготвува Годишен извештај за степенот на реализација на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија, со мониторинг индикатори е согласно Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа при подготвувањето и следењето на спроведувањето на ГПРВМ („Службен весник на Република Македонија“ број 22/15 и 222/19).

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Со Годишниот извештај, Владата на Република Северна Македонија се информира за степенот на реализација на Програмата за работа на Владата за 2020 година.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Генерален Секретаријат

***Информација за надлежностите на субјектите од системот на храна во Република Северна Македонија***

**Образложение:** Со информацијата се дава информација за надлежностите на субјектите во фитосанитарниот информативен систем како и нивно преклопување и гаповите во функционирањето

**НПАА-поглавје:** 12 - Безбедност на храна и фитосанитарна политика

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Разграничување помеѓу надлежностите во системот на безбедност на храна |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |

## *Информација за Предлог - проект „Излези и гласај"*

**Образложение:** Агенцијата за млади и спорт во соработка со ДИК ќе реализира кампања „Излези гласај".

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со реализацијата на кампањата се очекува поголем број на млади луѓе да го искористат своето право на глас. |

**Фискални импликации:** Има: 300,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Агенција за млади и спорт |

## *Информација за степенот на реализација на Законот за младинско учество и младински политики*

**Образложение:** Законот за младинско учество и младински политики донесен на 16.01.2020 година предвидува низа активности и обврски кој се предвидени да се реализираат во определен рок. Дел од надлежностите при формирање на телата ги има и Владата на Република Северна Македонија.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Информирање за степенот на спроведување на Законот за младинско учество и младински политики. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Агенција за млади и спорт |

***Информација за Предлог - проект „Вложување во Младински центри, инфраструктурно и програмски“***

**Образложение:** Целта на овие центри е да обезбедат различни информации за младите луѓе како и да спроведат низа обуки и едукации од различни области од животот на младите луѓе. Истите ќе бидат користени од Младинските организации и младите луѓе.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Преку младинските центри младите ќе бидат информирани за слободни работни места, волонтирање и пракса, понудата на образовни, рекреативни, културни институции и установи, мобилност, следење на различни обуки, преквалификација и патување, други информации кои се од интерес на младите луѓе, како и вклучување на младите во активностите на Младинскиот сектор. |

**Фискални импликации:** Има: 2,000,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Агенција за млади и спорт |

## ***Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија***

Б) Материјали

***Информација за одржаниот петнаесети состанок на Поткомитетот за правда и внатрешни работи во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, одржан на 18 и 19 ноември 2020 година, во Брисел***

**Образложение:** Информацијата има за цел да ги информира членовите на Владата за текот и заклучоците од петнаесетиот состанок на Поткомитетот за правда и внатрешни работи кој ќе се одржи на 18 и 19 ноември 2020 година преку видео конференциска врска.

**НПАА-поглавје:** Редовен годишен циклус на состаноци на заедничките работни тела на ССА - Поткомитет за правда и внатрешни работи

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Навремено и квалитетно остварување на обврските превземени од Поткомитетот

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Секретаријат за европски прашања

***Информација за подготовка на седумнаесеттиот состанок на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, на 23 март 2021 година, во Брисел***

**Образложение:** Информацијата има за цел да ги информира членовите на Владата за текот на подготовката на седумнаесеттиот состанок на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика меѓу Република Северна Македонија и Европската комисија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација кој ќе се одржи на 23 март 2021 година, со Предлог заклучоци (предвиден да се одржи во Брисел). На состанокот ќе бидат разгледани следните области: информатичко општество и медиуми, социјална политика и вработување, наука и истражување и образование и култура. Информацијата дава преглед на моменталната состојба и дадените оценки од страна на Европската комисија по одделните области, отворените прашања, насоки за реализација на одредени прашања, како и ставови кои треба да бидат презентирани на состанокот во однос на постигнатиот напредок.

**НПАА-поглавје:** Редовен годишен циклус на работните тела на ССА - Поткомитет за иновации, информатичко општество и социјална политика

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Навремена и квалитетна подготовка на претстојниот состанок со Европската комисија. |

**Фискални импликации:** Има: 130,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Секретаријат за европски прашања |

## *Информација за нова методологија за пристапни преговори и преговарачката рамка за МКД*

**Образложение:** Информацијата има цел да даде преглед на новитетите во водењето на пристапните преговори согласно новата методологија на Европската Комисија и евентуалните модалитети за подобрување и прилагодување на преговарачката структура и елаборирање на преговарачката рамка за МКД која ќе го утврди форматот и текот на преговорите до самото членство на земјата во Европската Унија

**НПАА-поглавје:** НПАА сите поглавја и воопшто системот на координација на процесот на европска интеграција, имплементација на Спогодбата за стабилизација и асоцијација и пристапните преговори за членство

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Воспоставување на ефикасна преговарачка структура за пристапни преговори и успешно координирање на процесот на преговори согласно новата Методологија. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Секретаријат за европски прашања |

## *Информација за реализираниот објаснувачки аналитички преглед и подготовка за билатерален аналитички преглед (скрининг) за 2021 година*

**Образложение:** Информацијата има за цел да даде преглед на состојбите, статусот на усогласеност на националното законодавство со правните акти на ЕУ презентирани на објаснувачкиот аналитички преглед (скриниг), идентификуваните GAP-ови и динамиката и потребните ресурси за понатамошно усогласување и јакнење на капацитетите како подготовка за билатералниот аналитички преглед (скрининг) и дефинирање на преговарачки позиции

**НПАА-поглавје:** НПАА сите поглавја, спроведени објаснувачки состаноци за сите 33 поглајва како прв дел од аналитичкиот преглед (скрининг)

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Ефикасна координација на преговарачката структура во процесот на преговори. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Секретаријат за европски прашања |

## *Информација за политиката за задржување на ИПА кадарот*

**Образложение:** Иницијативата има за цел да се зајакне ИПА Оперативната структура преку адекватен систем за задржување и мотивација на вработените, со што ќе се обезбеди и ќе се зачува институционалната меморија, долговечноста и стабилноста на структурата. Како резултат ќе се добие ефикасна јавна администрација која ќе придонесе кон поголема апсорпција на ИПА средствата. ИПА структурата е комплексно тело која брои околу 400 високо обучени административни службеници. И покрај тоа што Република Северна Македонија има воспоставено институции и системи за управување со европските фондови и прави максимални напори за апсорбција на ИПА фондовите, слабите институционални капацитети, чести одливи на искусните вработени административци и тн. резултираат со губење на значаен дел од ИПА средствата.

**НПАА-поглавје:** НПАА Поглавје IV.2 за административни капацитети-за градење на капацитетите на координативните структури во процесот на пристапување и преговори - НПАА работни групи и ИПА структури/преговарачки структури

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Зголемена апсорпција на фондовите на ЕУ Зајакнување на административниот капацитет на структурите за управување со фондовите на ЕУ; Ефикасно задржување на вработените; Намален одлив Зголемување на атрактивноста на позициите на структурите кои управуваат со ЕУ фондовите; Можности за развој на кариера на вработените; Зголемување на интегритетот на вработените; Награди базирани на перформанса; Зголемување на мотивацијата за обезбедување на обуки; Подобрена координација и комуникација меѓу структурите. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Секретаријат за европски прашања |

## *Информација за подготовка на програма и план за јакнење на административните капацитети на ЕУ структурата за периодот 2021/23 година, врз основа на спроведен прашалник за утврдување потреби од обука и негова анализа*

**Образложение:** За развој во рамки на процесот на прилагодување и идно придружување кон ЕУ како и внатрешните реформи во земјата кои тој ги опфаќа, Центарот за Обуки на Секретаријатот за европски прашања (ЦОСЕП) спроведува годишната анкета за утврдување на административните капацитети и потреба од соодветни мерки за нивно јакнење и надградување, а со тоа и јакнење на институционалниот капацитет. Врз основа на направената анализа на одговорите на анкетата/прашалникот, ЦОСЕП ќе подготви програма и план за јакнење на административните капацитети на ЕУ структурата за периодот 2021/23 година, како интегрален дел од НПАА.

**НПАА-поглавје:** НПАА Поглавје IV.2 за административни капацитети-за градење на капацитетите на координативните структури во процесот на пристапување и преговори-НПАА работни групи и ИПА структури/преговарачки структури

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Зголемување на подготвеноста и компетентноста на администрацијата и ефикасноста на институциите во спроведување на реформите во рамки на процесот на пристапување кон ЕУ. |

**Фискални импликации:** Има: 7,720,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Секретаријат за европски прашања |

## *Заштита на животната средина, зелен развој, намалување на аерозагадувањето и влијанието на климатските промени*

Б) Материјали

### *Информација за предлог - проект за зголемување на функционалноста на Националниот совет за одржлив развој и имплементација на Агендата 2030 и Целите за одржлив развој на Обединетите нации*

**Образложение:** Следењето на имплементацијата на Агендата 2030 и Целите за одржлив развој ќе се реализира преку Националниот совет за одржлив развој како советодавна платформа на Владата која е составена од претставници од владиниот, приватниот, граѓанскиот сектор и академијата. Советот има за дел да ја следи имплементацијата на Агендата 2030 и Целите за одржлив развој на Обединетите нации, како и Националната стратегија за одржлив развој. Советот го следи процесот на интегрирање на Целите за одржлив развој при изработка на национални стратешки документи, разгледува прашања од областа на политиките за одржлив развој и дава мислења по предлоги на документи од областа на одржливиот развој, економијата, социјалниот развој, заштитата на животната средина, енергетиката, земјоделството, здравството, образованието и други релевантни документи. Дополнително, преку Иницијативата ќе се развиваат соработки на регионално и меѓународно ниво.

**НПАА-поглавје:** Иницијативата ги опфаќа сите Поглавја од ЕУ

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Иницијативата ќе придонесе за зајакнување на институционалните капацитети, квалитетно образование, квалитетен здравствен систем, зголемена конкурентност на компаниите, обезбедување средства за истражување и развој, зголемување на вработеноста, подобрување на економијата, одржливо користење на ресурсите, а во исто време постигнување економски развој и креирање услови за одржлив развој. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Заменик претседател на Влада на РСМ за економски прашања |

### *Предлог - Национален акциски план за енергетска ефикасност*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Согласно Законот за енергетска ефикасност за постигнување на целите за енергетска ефикасност на ниво на Република Северна Македонија на предлог на Министерството, Владата донесува Национален акциски план за енергетска ефикасност. Со донесување на Националниот акциски план за енергетска ефикасност ќе бидат утврдени мерките за намалување на енергетските потреби и учеството на фосилни горива преку ефикасно користење на енергијата, со цел намалување на негативното влијание врз животната средина. |

**НПАА-поглавје:** 3.15 - Енергетика

**НПАА-подрачје:** 3.15.5 - Енергетска ефикасност

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** Донесувањето на овој стратешки документ е обврска која Република Северна Македонија е должна да ја исполни како земја потписничка на ратификуваниот Договор за основање на енергетска заедница, согласно Законот за енергетска ефикасност, во кој е транспонирана Директивата за енергетска ефикасност (2012/27/ЕУ).

ЕПП: 2019.0400.7878

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Намалување на потрошувачката на енергија, намалување на учеството на фосилни горива и намалување на негативното влијание врз околината. |

**Фискални импликации:** Има: Други извори

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за економија |

# Иницијатива со среден приоритет

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

А) Подзаконски акти

***Предлог-одлука за развој на капацитети за борба против дезинформации и лажни вести во државата, регионот и НАТО, во безбедносен контекст***

**Образложение:** Согласно насоките на Владата на Република Северна Македонија кои произлегуваат од стратешкиот приоритет наречен „Влеговме во НАТО, можеме и во ЕУ“, во доменот на клучната област „Без безбедност нема развој“, Министерството за одбрана започнува со развој на концепт, систем и процес на развој на капацитети за борба против дезинформации и лажни вести во рамките на идниот Сектор за стратегиски комуникации, со целосна вклученост на Регионалниот центар за односи со јавноста како веќе етаблиран и познат партнерски центар во Алијансата. Развојот на овие капацитети е од клучно значење и највисок приоритет за безбедноста на државата, но и на евроатлантската област. Системот и процесот за борба против дезинформации ќе биде развиван во следните неколку години со проектирана функционалност кон крајот на 2022 година.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Иницијативата има круцијална вредност за безбедноста на државата и на евроатлантската област, а особено значење има и за реномето на државата како полноправна членка на Алијансата, имајќи предвид дека потребата за развој на ваков тип специфични капацитети е потреба и во Алијансата. Исклучително голема придобивка е фактот дека Северна Македонија веќе има капацитет кој е НАТО – визибилен и препознат како вредност – Регионалниот центар за односи со јавноста, кој заедно со останатите организациски единици во идниот Сектор за стратегиски комуникации ќе го оформат јадрото во функционалноста на овој систем.

**Фискални импликации:** Има: 600,000 ден

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за одбрана |

### *Предлог - програма за контрола и сузбивање на болести на пчели*

**Образложение:** Агенцијата за храна и ветеринарство преку спроведувањето на оваа програма за сузбивање и искоренување на болестите кај пчелите со што се исполнуваат обврските кои ги имаме во областа на здравствената заштита на животните и нивна хармонизација со соодветната легислатива на ЕУ. Со оваа програма се пропишуваат мерки за заштита на здравјето на пчелите и се обезбедуваат основни предуслови за ставање во промет и извоз на пчели и нивни производи.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Поддршка на индустриско производствените капацитети со цел овозможување на основни предуслови за ставање во промет производи како и зголемување на извозниот потенцијал на овие производи. |

**Фискални импликации:** Има: 210,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Агенција за храна и ветеринарство |

### *Предлог - уредба за придонес со цивилини експерти и капацитети во меѓународни операции, мисии и иницијативи од областа на одбраната*

**Образложение:** Уредбата се донесува согласно Законот за одбрана член 19, став 10. Република Северна Македонија се вклучи во НАТО Процесот на одбранбено планирање во јуни 2019 година. Во рамките на овој процес на Република Северна Македонија и беа доделени Цели на способности, а Владата го задолжи Министерството за одбрана да ги прифати предложените Цели на способности и распоредливи капацитети за НАТО предводени операции (одлука на Влада бр. 44-8459/1 од 29 септември 2020 г.). Согласно доделените цели Република

Северна Македонија има обврска за подготовка и распоредување и на цивили во НАТО предводени операции и мисии (Еден хируршки тим со високо ниво на готовност до 30 дена – распоредлив од 2028 г. и Еден тим за координација за стабилизација и реконструкција со ниско ниво на готовност преку 90 дена – распоредлив во 2028 г.). Со Уредбата ќе се надмине правната празнина за подготовка и распоредување на цивили во меѓународни операции и мисии.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Креирање на функционален систем на национално ниво, кој ќе се заснова на принципот "whole of government approach" и кој ќе овозможи изградба на цивилни капацитети, функционални експерти, кои по потреба ќе бидат упатувани во меѓународни мисии и операции (со фокус на НАТО водени операции), а воедно ќе биде исполнета и обврската за распоредување на цивилни капацитети, согласно НАТО процесот на одбранбено планирање. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за одбрана |

## *Предлог-одлука за забрана на продажба на одделни нафтени деривати*

**Образложение:** Одлуката се носи врз основа на член 30 од Законот за трговија. Со Одлуката како времена мерка, на правни и физички лица кои вршат промет на нафтени деривати се забранува да вршат промет на маслото за горење екстра лесно масло за домаќинство ЕЛ-1 со содржина на сулфур најмногу до 0,1% (m/m) на бензинските станици за временскиот период од 15 април 2021 година до 15 октомври 2021 година, од причина што грејната сезона завршува на 15 април, а маслото за горење екстра лесно е наменето само за греење и не смее да се користи како погонско гориво.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Регулирање и контрола на употребата на маслото за горење.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за економија

## *Предлог - програма за африканска чума кај свињите*

**Образложение:** Цел на оваа Програма е спречување и рано откривање на африканската чума кај свињите.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Поддршка на индустриско производствените капацитети со цел овозможување на основни предуслови за ставање во промет и извоз на свињи и нивни производи како и зголемување на извозниот потенцијал на овие производи

**Фискални импликации:** Има: 6,000,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Агенција за храна и ветеринарство

## *Предлог - програма за мониторинг на класична чума кај свињите*

**Образложение:** Цел на оваа Програма е постигнување и одржување на статус за земјата слободна од болеста класична чума кај свињите во период од 2020 до 2021 година.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Поддршка на индустриско производствените капацитети со цел овозможување на основни предуслови за ставање во промет и извоз на свињи и нивни производи како и зголемување на извозниот потенцијал на овие производи |

**Фискални импликации:** Има: 11,000,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Агенција за храна и ветеринарство

### *Предлог - програма за мониторинг на болест на чвореста кожа*

**Образложение:** Обновување и одржување на статусот на земја слободна од болест на чвореста кожа преку докажување на отсуство на причинителот (вирусот) на болеста преку спроведување на активен и пасивен надзор на одгледувалиштата на говеда.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Враќање на статусот на земја повторно слободна од болест на чвореста кожа кај говедата. |

**Фискални импликации:** Има: 4,100,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Агенција за храна и ветеринарство

### *Предлог-одлука за утврдување на листата на стоки и технологии со двојна употреба*

**Образложение:** Согласно член 5 точка 1 од Законот за контрола на извозот на стоки и технологии со двојна употреба, Комисијата за извоз на стоки и технологии со двојна употреба и предлага на Владата на Република Северна Македонија донесување Одлука за утврдување на Листа на стоки и технологии со двојна употреба. Листата на стоки и технологии со двојна употреба ќе се усогласи со новата Листа на стоки и технологии со двојна употреба на ЕУ за 2020 година, а која е усвоена

на 7 Октомври 2020 (Регулатива на ЕУ бр. 2020/6784).

**НПАА-поглавје:** 3.30. Надворешни односи.

**НПАА-подрачје:** 3.30.1. Заедничка трговска политика.

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** Нема

**ЕПП:** 201904007806

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со донесувањето на листата ќе се оствари напредок во усогласувањето на националното законодавство со законодавството на ЕУ и ќе се исполнат меѓународните обврски на Република Северна Македонија во меѓународната борба против современите безбедносни закани и предизвици, вклучително тероризмот, насилниот екстремизам и феноменот на странските борци. Оваа листа ја имаат прифатено сите земји кои го поддржуваат меѓународниот режим за контрола на извозот и имаат донесено национална легислатива по однос на контролата на извозот, брокеринг и транзит на стоки и технологии со двојна употреба. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за економија |

## *Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно регулативите на Европската Комисија (4 допонување)*

**Образложение:** Со донесувањето на Уредбата, Република Северна Македонија ја исполнува обврската утврдена во Националната програма, како земја кандидат за членство во Европската унија, а воедно се обезбедува правна основа за еднообразна примена на Комбинираната номенклатура за стоките што се распоредени во прилозите од Уредбата и во Република Северна Македонија.

**НПАА-поглавје:** 3.29- Царинска Унија

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2020.0700.8100

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Усогласеност со Комбинираната номенклатура на Европската Унија |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

***Предлог - програма за инфективна анемија кај копитарите***

**Образложение:** Целта на оваа програма е спречување на инфективна анемија кај копитарите и утврдување на преваленцијата на инфективна анемија кај копитари

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Дефинирање на политики за превентивни и контролни мерки против инфективна анемија кај копитарите и изработка на планови за итни мерки за болести кај копитарите.

**Фискални импликации:** Има: 1,150,000 ден, Други извори, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Агенција за храна и ветеринарство

Б) Материјали

***Годишен извештај за имплементацијата на Оперативниот план и Националната Програма за развој на социјалната заштита 2011-2021 година, за 2020 година***

**Образложение:** Координативното тело за утврдување на имплементацијата на Националната Програма за развој на социјалната заштита 2011-2021 година ќе спроведе евалуација на спроведените активности и мерки во Оперативниот план за имплементација во 2020 година, со цел: - увид во реализацијата на предвидените стратешки правци, - идентификација на спорни стратешки прашања во имплементацијата, - ревидирање на Програмата, согласно со утврдените потреби и состојби.

**НПАА-поглавје:** 3.19- социјална инклузија

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Координативното тело врз основа на спроведена евалуација, ќе ја информира Владата на Република Северна Македонија за постигнатите стратешки активности и остварените резултати во спроведувањето на Програмата. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за труд и социјална политика |

## *Информација за учество на трипартитна делегација на Меѓународната конференција на трудот во Женева, во јуни 2021 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Република Северна Македонија е членка на МОТ чијшто главен орган е Меѓународната конференција на трудот, која се одржува во месец јуни секоја година. Нашата делегацијата треба да биде трипартитна, со претставници од МТСП, репрезентативните здруженија на работодавачи и синдикати. Делегацијата ја предводи министерот за труд и социјална политика. |

**НПАА-поглавје:** 3.19 Социјална политика и вработување

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Размена на искуства од областа на трудовото право и трудовите стандарди, со посебен акцент на справување со последиците на пандемијата на Ковид 19 кои се предизвикани во светот на работата. |

**Фискални импликации:** Има: 600,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за труд и социјална политика |

## *Извештај за реализацијата на Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2020 година*

**Образложение:** Извештајот се подготвува согласно дел V од Програма за конкурентност, иновации и претприемништво за 2020, согласно кој Министерството за економија за реализацијата на оваа програма и за наменско користење на средствата, ќе достави извештај со финансиски показатели до Владата на Република Северна Македонија, заклучно со 31 Март 2021 година.

**НПАА-поглавје:** 20: Претпријатија и Индустриска политика: Имлементирање на проактивна индустриска политика која води кон раст, зголемување на конкурентноста базирана на знаење, иновации, истражувања, развој, инвестиции и технологии, понатамошен раст и развој на МСП

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Нема

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за економија

## *Информација за имплементација на Работниот план за Преглед за занимања (Occupation Outlook)*

**Образложение:** Овој модел за Преглед на занимања на пазарот на трудот произлегува од Акцискиот план за вработување на млади лица 2016-2020 година и е поврзана со ЕСРП 2020 и Стратегијата за вработување 2016-2020 година. Прегледот на занимања, како и Работниот план, се базираат на податоците од Анкетата на работна сила, Анкета за побарувани занимања на АВРСМ, анкетни истражувања на работодавачите и слободните работни места, податоци за образованието, проекции за вработеноста и секторски студии. Целта е да се обезбеди поверодостојни информации за побарувачката на работна сила, како и подобрување на усогласеноста на понудата на занимањата со барањата на пазарот на трудот. За дисеминација на информациите е подготвена интернет страната www.zanimanja.mk на која можат да се добијат информации за опис на работно место, образование, обука и работно искуство, услови за работа (плата, работно време, работна средина, професионални заболувања и повреди) и сл.

**НПАА-поглавје:** 3.19 Социјална политика и вработување, Потпоглавје 3.19.4 Политики за вработување и Европскиот социјален фонд

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Информацијата ќе даде увид во реализираните активности и постигнатиот напредок во досегашната имплементација на постоечкиот Работен план за Прегледот на занимања. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за труд и социјална политика |

## *Информација за одржување на втора заедничка седница на Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Албанија, во Република Северна Македонија*

**Образложение:** Одржувањето на Заеднички седници на Влади се дополнителен поттик кон унапредувањето на билатералните односи и соработка со земјите од соседството и јакнењето на регионалната соработка кои остануваат високо на листата на приоритети.

**НПАА-поглавје:** 1.3 Национален план за адаптирање на Европското законодавство, регионални прашања и меѓународни обврски

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Интензивирање и продлабочување на севкупните билатерални односи и регионална соработка со земјите од непосредното соседство. |

**Фискални импликации:** Има: 40,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за надворешни работи |

### *Годишен извештај за работата и функционирањето на Економско-социјалниот совет*

**Образложение:** Годишниот Извештај за работата и функционирањето на Економско-социјалниот совет претставува преглед на реализираните активности на ова тело во текот на претходната година, согласно Годишната програма за работа на ЕСС и согласно Програмата на Владата за донесување или изменување и дополнување на Закони. Со Извештајот, Владата ќе се информира за работењето на Економско-социјалниот совет и за неговото влијание во процесот на креирање и имплементација на економски и социјални политики.

**НПАА-поглавје:** 3.19 Социјална политика и вработување, Потпоглавје 3.19.3 Социјален дијалог

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Зголемена транспарентност и видливост на Економско-социјалниот совет како советодавно и консултативно тело на Владата.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за труд и социјална политика

## *Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија*

Б) Материјали

### *Годишен извештај за спроведување на „Ревидираната програма за реформи во вработувањето и социјалната политика 2022 – (р) ЕСРП 2022“ за 2020*

**Образложение:** ВРСМ ја усвои „Ревидираната програма за реформи во вработувањето и социјалната политика 2022 – (р) ЕСРП 2022“ во декември 2019 година. Овој стратешки документ ги утврдува реформите и политиките во три приоритетни области и тоа: 1. Пазар на труд и вработување, 2. Човечки капитал и вештини и 3. Социјална инклузија и социјална заштита. Со усвојувањето на ревидираната (р) ЕСРП 2022, Владата на РСМ ја утврди обврската за годишно известување на

постигнатите резултати. За следење, оценка, напредокот на (р) ЕСРП 2022 е задолжена Работната група за секторот „Образование, вработување и социјална политика“. МТСП ја координира подготовката на извештајот за напредокот. (р) ЕСРП 2022 претставува механизам на заемен дијалог со ЕК по однос на приоритетите во секторот „Образование, вработување и социјална политика“. ГИ за спроведувањето на (р) ЕСРП 2022 е неопходен и за повлекување на средствата од ИПА програмата „ЕУ за младите“, што се спроведува како секторска буџетска поддршка.

**НПАА-поглавје:** 19 Социјална политика и вработување

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Штитење и унапредување на економските и социјалните човекови права на граѓаните, како и спроведување на реформите кои се во насока на интегративните процеси на Република Северна Македонија.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за труд и социјална политика

## *Информација за реорганизација на националните структури надлежни за управување со средства од Европската Унија со цел нивна подготовка за ефикасно управување со структурните и кохезионите фондови*

**Образложение:** Целта на оваа иницијатива е да се зајакнат и/или реорганизираат административните национални капацитети со цел подготвување за ефикасно управување со структурните и кохезионите фондови. Согласно тоа има можност да се јави потреба од подготовка на подзаконска регулатива. Економскиот развој на земјата е во користењето и управувањето со Кохезионата политика на ЕУ, која е насочена кон намалување на економските и општествените диспаритети кај земјите членки. Процесот на кохезија се спроведува преку внатрешни инструменти и надворешни инструменти. За РСМ од големо значење е успешното управување со ИПА и структурните и кохезиони фондови. Доколку РСМ го засили својот капацитет за искористување на ИПА, тоа практично значи и засилен капацитет за

искористување на структурните и кохезионите фондови на ЕУ. Овие фондови предвидуваат поголема финансиска поддршка (во споредба со ИПА) откако една земја ќе стане членка на ЕУ. Затоа, потребно е да се реорганизира постојната ИПА структура за успешно управување со овие фондови.

**НПАА-поглавје:** Во рамките на поглавје 22 - Регионална политика и координација на структурни инструменти, потребно е да се зајакнат и/или реорганизираат административните национални капацитети со цел нивно подготвување за ефикасно управување со структурните и кохезионите фондови.

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Воспоставување на соодветно национално законодавство - Реорганизација на административните национални капацитети со цел подготвување на структурите за ефикасно управување со структурни фондови. - Измени и дополни на подзаконски акти и други акти со цел нивно усогласување со новата воспоставена/реорганизирана национална структура . |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за финансии |

***Извештај за спроведување на Програмата за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации за мерки за справување со COVID-19 кризата***

**Образложение:** Извештајот дава приказ за спроведување на Програмата за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации за мерки за справување со COVID-19 кризата, бројот на доделени грантови и начинот на користење на доделените средства, со финансиски показатели и образложение на постигнатите резултати, согласно доставените извештаи од здруженијата и фондациите.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Разгледувањето на Извештајот за реализација на Програмата за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации за мерки за справување со COVID-19 кризата од страна на Владата ќе придонесе кон зголемена транспарентност во користењето на финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија од страна на здруженија и фондации и јакнење на довербата во граѓанските организации. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Генерален Секретаријат |

### *Информација за отворање „Национална куќа на Република Северна Македонија” во Брисел*

**Образложение:** Проектот ќе има за цел да ја промовира македонската економија, извозните капацитети, туристичкиот потенцијал и природните убавини како и културата, културното наследство и традицијата на соживот и кохабитација како пример во регионот и пошироко.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Промоција на Република Северна Македонија во европската престолнина Брисел во насока на прикажување на европската ориентираност на државата во сите сегменти на нашето општество, како и капацитет за што поскоро приклучување кон големото европско семејство – Европската Унија. |

**Фискални импликации:** Има: 93,000,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за надворешни работи |

## *Владеење на правото, независност на правосудството, доследна и неселективна борба против криминалот и корупцијата со широка и обврзувачка транспарентност*

А) Подзаконски акти

***Предлог - упатства за намалување на трошоци на функционери во делот на репрезентација и службени картички, службени телефони и службени автомобили***

**Образложение:** Заменик претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за корупција и криминал, одржлив развој и човечки ресурси ќе предложи унифицирани упатства кои ќе ги дефинираат трошоците за репрезентација, ограничувањата на трошоците за репрезентација евиденцијата на трошоците за репрезентација во органите на државната управа како и трошоците за службени телефони и службени автомобили како и нивно евидентирање и органичување за [(министерства, самостојни органи на државната управа / (дирекции, архив, совет, агенции и комисии) или како органи во состав на министерствата (управа, биро, служба, инспекторат и капетанија)], институти итн.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Намалување на привилегиите на именуваните функционери; Заштеда на непотребни трошоци од користење на репрезентации, службени картички, телефони и автомобили; Јасно дефинирање на упатствата по кои ќе се водат сите органи на државна управа

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Кабинет на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси

***Предлог-одлука за воспоставување институционална мрежа за сузбивање на неправилности и измами при управување со средствата од Европската Унија***

**Образложение:** Целта на оваа иницијатива е да се донесе одлука од страна на Владата на Република Северна Македонија за формирање на институционална мрежа за сузбивање на неправилности и измами

при управување со средствата од Европската Унија, (АФКОС мрежа) за подобра координација на законодавните, оперативните и управните активности и јакнење на меѓу институционалната соработка во борбата против неправилности и измами при имплементацијата на ЕУ фондовите со цел заштита на финансиските интереси на Европската Унија. Активноста за подготовка на правен акт за воспоставување на АФКОС мрежа е планирана со Акцискиот План за имплементација на Националната стратегија за борба против измама за заштита на финансиските интереси на Европската Унија во Република Северна Македонија 2020 – 2021. АФКОС мрежата ќе вклучи претставници од различни национални институции инволвирани во процесот на управување со неправилности и измами: превенција, откривање, истрага, гонење, поврат и санкции. Правниот основ за носење на наведената Предлог-одлука од страна на Владата на Република Северна Македонија е член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Северна Македонија (Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 26/01, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19).

**НПАА-поглавје:** Во рамките на поглавје 3.32 - финансиска контрола како приоритет согласно усвоената Национална стратегија за борба против измама за заштита на финансиските интереси на ЕУ е воспоставување на АФКОС мрежа со донесување Одлука за воспоставување институционална мрежа за сузбивање на неправилности и измами при управување со средствата од Европската Унија.

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Воспоставување на институционална мрежа за сузбивање на неправилности и измами при управување на средствата од Европската Унија, преку обезбедување на ефикасен систем за координација на законодавните, оперативните и управните активности и јакнење на меѓу институционалната соработка во борбата против неправилности и измами при имплементацијата на ЕУ фондовите со цел заштита на финансиските интереси на Европската Унија во Република Северна Македонија. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за финансии |

Б) Материјали

***Предлог - Национален акциски план за родова еднаквост 2021-2023 година***

**Образложение:** Воспоставување на ефективен и ефикасен систем на постигнување родова еднаквост, преку функционални механизми за поддршка на национално и локално ниво, хармонизирани индикатори за мерење на прогресот на родовата еднаквост и обезбедена родова разделена статистика.

**НПАА-поглавје:** 19 Социјална политика и вработување

**НПАА-подрачје:** 19.7 Антидискриминација и еднакви можности

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Унапредување на еднаквите можности на жените и мажите во сите области на општественото живеење и намалување на сиромаштијата.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за труд и социјална политика

***Информација за Предлог - стратегија за родова еднаквост за 2021-2026 година***

**Образложение:** Воспоставување на ефективен и ефикасен систем на постигнување родова еднаквост, преку функционални механизми за поддршка на национално и локално ниво, хармонизирани индикатори за мерење на прогресот на родовата еднаквост и обезбедена родова разделена статистика.

**НПАА-поглавје:** 3.19 -Труд и социјална политика / подпоглавје 19.7 Антидискриминација и еднакви можности

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани** Унапредување на еднаквите можности на жените и мажите во сите

| | |
|---|---|
| **влијанија:** | области на општественото живеење и намалување на сиромаштијата. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за труд и социјална политика |

## *Заштита на животната средина, зелен развој, намалување на аерозагадувањето и влијанието на климатските промени*

А) Подзаконски акти

### *Предлог-одлука за распределба на средства остварени по основ на надоместок на производство на енергија од фосилни горива како наменски дотации на општините за 2021 година*

**Образложение:** Основа за донесување на одлуката е член 2 од Уредбата за методологијата за распределба на сресвата остварени како приход од надоместокот за производство на енергија од фосилни горива, согласно кој средствата остварени по основ на надоместокот за производство на енергија од фосилни горива ги распределува Владата на Република Северна Македонија преку буџетот на Министерството за животна средина и просторно планирање како наменски дотации, на предлог на министерот за локална самоуправа. Средствата остварени по основ на надоместокот се распределуваат на општините на чиешто подрачје обврзникот за плаќање на надоместокот за производство на енергија од фосилни горива ја остварува својата дејност во воздушен радиус од 10 км од местоположбата на инсталацијата и тоа преку фиксен и варијабилен дел.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Зголемена заштита на животната средина во однос на влијанијата од енергетскиот сектор на подрачјето на општините корисници на средствата. |

**Фискални импликации:** Има: Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Министерство за локална самоуправа

***Предлог-уредба за начинот на вршење на техничкиот преглед на изведените рударски објекти и висината на трошоците за вршење на техничкиот преглед***

**Образложение:** Уредбата за начинот на вршење на техничкиот преглед на изведените рударски објекти и висината на трошоците за вршење на техничкиот преглед се менува заради потребата од усогласување со одредбите на Законот за минерални суровини.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Постапката на вршење на технички преглед на рударски објекти ќе биде усогласена со одредбите од Законот за минерални суровини.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за економија

Б) Материјали

***Информација за спроведување на ИПА проектот „Затворање на непрописните депонии и ѓубришта во Источниот и Североисточниот регион" (градба и надзор)***

**Образложение:** Информацијата има за цел да ја запознае Владата на Република Северна Македонија за прогресот на активностите од спроведувањето на ИПА проектот.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Позитивни влијанија преку поддршка во спроведување на регионален систем за управување со отпад во Источниот и Североисточниот регион со затворање на непрописните депонии и ѓубришта во овие региони. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за животна средина и просторно планирање |

***Информација за реализиран надзор на спроведување на законодавството од областа на животната средина во 2020 година од страна на општините со прилог кратко упатство за формирање на организационен облик кој ќе ги опфаќа сите надлежности кои треба да ги спроведуваат општините од областа на животната средина и тоа посебно за мали, средни и големи општини***

**Образложение:** Во текот на 2020 година се направи надзор на работата на дел од општините во делот на спроведување на законите од областа на животната средина, при што се уочија определени непостапувања по законските надлежности, се дадоа укажувања а како генерално укажување беше непостоење на организационен облик во општината на вработени кои ги извршуваат работите од областа на животната средина. Оваа информација дава приказ на состојбата во општините како и прикажување на модел на организационен облик со категоризација на работни места во областа на заштитата на животната средина.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Подобра примена на законската регулатива во пракса. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за животна средина и просторно планирање |

### *Информација за ревитализација на хидросистемот „Дојранско езеро“*

**Образложение:** Главна цел е подобрување на одржливоста на управувањето со хидросистемот Дојранско Езеро при што ќе се намалат трошоците за електрична енергија

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Ќе се овозможи корисниците на услугата да платат надоместок за наводнување кои го плаќаат правни и физички лица, сопственици и/или корисници на земјоделско земјиште кои користат вода за наводнување врз основа на склучен договор.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за животна средина и просторно планирање

### *Информација за спроведување на ИПА проектот „Поддршка во спроведувањето на директивите за квалитет на воздух”*

**Образложение:** Подобрување на квалитетот на амбиенталниот воздух и хоризонталното законодавство преку изработка на релевантни документи во согласност со законодавството на ЕУ и зајакнување на административните капацитети за нивно спроведување.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Информацијата има за цел да ја запознае Владата на Република Северна Македонија за прогресот на активностите од спроведувањето на ИПА проектот.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за животна средина и просторно планирање

# Април

## Иницијатива со висок приоритет

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

А) Подзаконски акти

***Предлог- одлука за учество на припадници на Армијата на меѓународни вежби во странство- SEVEN STARS 21***

**Образложение:** Вежбата е во организација на командата на СЕЕБРИГ. Потребна е координација која ќе ја изработи Одлуката на Владата за престој на странски трупи во државата.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Позитивно влијание во стекнување на искуство и знаење на персоналот кој ќе учествува на вежбата, достојно презентирање на Армијата и зголемување на угледот на Република Северна Македонија на меѓународен план

**Фискални импликации:** Има: 104,920 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Министерство за одбрана

***Предлог - одлука за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија во 2022 година со Анализа на остварени резултати од спроведувањето на стратешките приоритети за 2020 година***

**Образложение:** Согласно член 15, став 1 од Законот за буџетите (Службен весник на РМ бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16) и член 27-а, став 3 од Деловникот за работа на Владата на РСМ („Службен весник на Република СМ“ бр. 38/01, 98/02, 9/03, 47/03, 64/03,

67/03, 51/06, 5/07, 15/07, 26/07, 30/07, 58/07, 105/07, 116/07, 129/07. 157/07, 29/08, 51/08, 86/08, 144/08, 42/09, 62/09, 141/09, 162/09, 40/10, 83/10, 166/10, 172/10, 95/11, 151/11, 170/11, 67/13,145/14, 62/15, 41/16, 153/16, 113/17, 228/19, 72/20 и 215/20), Владата донесува одлука за утврдување на стратешките приоритети и истите ги вградува во Годишната програма и Буџетот на РСМ. При подготвување на одлуката како појдовна основа за утврдување на стратешките приоритети се земаат Програмата за работа на Владата во периодот 2020-2024 година, развојните стратешки плански документи, секторските стратегии и проценката на актуелните општествено-економски и социјални состојби со кои се соочува Владата.

**НПАА-поглавје:** 4. Административни капацитети

**НПАА-подрачје:** 4.1. Хоризонтални прашања - Реформа на јавната администрација

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Предлог-одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија во 2022 година се доставува до Владата, со барање за нејзино разгледување и усвојување. Со донесување на Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија во 2022 година, започнува буџетскиот процес со што започнува и новиот циклус на стратешко планирање. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Генерален Секретаријат

## *Предлог - Национален акциски план за одржлива употреба на фитофармацевтски производи 2021-2031 година*

**Образложение:** Со Националниот акциски план се утврдуваат целите, мерките, индикаторите и роковите за постигнување на одржлива употреба на фитофармацевтските производи и има за цел да се намалат ризиците и влијанијата на фитофармацевтските производи врз здравјето на човекот, животните и на животната средина и намалување на потребата од користење на фитофармацевтските производи, преку воведување и развој на интегрирана заштита на растенијата и други алтернативни пристапи или техники.

**НПАА-поглавје:** 3.12 - Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика

**НПАА-подрачје:** Фитосанитарна политика

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2020.0800.8069

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Намалена употреба на пестициди како и зголемена промоција на интегрална заштита на ратсенијата и побезбедни примарни земјоделски производи. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

Б) Материјали

## *Информација за искористување на можностите на Зелениот климатски фонд за финансиска поддршка за ублажување и прилагодување кон климатските промени*

**Образложение:** Преку иницијативата ќе се овозможи обезбедување на дополнителна финансиска, техничка и експертска помош во насока на прилагодување кон климатските промени и ублажување на последиците кои се резултат на климатските промени.

**НПАА-поглавје:** 27 Животна средина и климатски промени

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Преку иницијативата ќе се унапредат капацитетите на националните институции, приватниот сектор и граѓанскиот сектор, како и на други засегнати чинители за справување со предизвиците од климатски промени и постигнување одржлив развој. Дополнително, ќе се посгитне повисоко ниво на заштита на животната средина, подобрување на координацијата за ублажување и прилагодување кон климатските промени, особено во областите на земјоделството, водите, шумите, енергетската ефикасност, енергетиката, транспортот, градските и руралните средини за живеење, здравјето и културните богатсва, и други области засегнати од климатските промени. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Заменик претседател на Влада на РСМ за економски прашања

### *Извештај за реализација на Програма за спроведување на мониторинг во областа на производство, преработка, складирање, дистрибуција, употреба и сообразност на производите за заштита на растенијата и резидуи од производи за заштита на растенијата во производи од примарно земјоделско производство за 2020 година*

**Образложение:** Со извештајот за реализација на програмата се обезбедува мониторинг на производство на производи за заштита на растенијата мониторинг во складирање, дистрибуција, употреба и сообразност на производите за заштита на растенијата се обезбедува следење од употребата на пестицидите како и мониторинг на следење на резидуите од производи за заштита на растенијата кај производи од примарно земјоделско производство од растително потекло.

**НПАА-поглавје:** 12 - безбедност на храна, ветеринарство и фитосанитарна политика

**НПАА-подрачје:** фитосанитарна политика

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Контрола на производство на производи за заштита на растенијата, складирање, дистрибуција, употреба и сообразност на производите за заштита на растенијата и резидуи од производи за заштита на растенијата кај производи од примарно земјоделско производство од растително потекло со цел заштита на животот на луѓето и животните и заштита на животната средина

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

### *Информација за реализација на Програма за фитосанитарна политика за 2020 година*

**Образложение:** Член 9-б од Законот за здравјето на растенијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 29/2005, 81/2008, 20/2009, 57/2010, 17/2011, 148/2011, 69/2013, 43/2014, 158/2014, 149/2015, 36/16 и 83/18) го уредува фитосанитарниот мониторинг што опфаќа систематско прибирање и

чување на податоци за присуство на штетни организми, кое вклучува здравствен преглед, земање на примероци, следење на здравствената состојба на растенијата итн. Оваа програма е во рамките на програмата за Фитосанитарна програма која ја подготвува Фитосанитарната управа во соработка со Државната фитосанитарна лабораторија и Државниот инспекторат за земјоделство.

**НПАА-поглавје:** 3.12 - безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика

**НПАА-подрачје:** Фитосанитарна политика

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Владата на Република Северна Македонија се информира со степенот на реализација и добиените резултатит при спроведување на Програмата за фитосанитарната политика за 2020 година. Во оваа програма се вклучени активности кои се поврзани со спроведување на фитосанитарниот мониторинг за здравје на растенијата кај стратешки земјоделски култури (семенски и меркантилен компир, овошни видови и винова лоза, градинарски производи на отворени и во заштитени простои и тутун) и други активности

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

## *Информација за Предлог - проект „Поставување на системи за загревање на спортските сали“*

**Образложение:** Подобрување на спортската инфраструктура. Со затоплување на спортските сали, ги правиме енергетско ефикасни, им даваме мултифункционална димензија и ги ставаме во функција сите постоечки спортски објекти за потребите на сите спортисти и граѓани.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Преку подобрување на спортската инфраструктура, односно преку поставување на сисеми за загревање на спортските сали ќе се

овозможи подобрување на уловите за професионалниот спорт.

**Фискални импликации:** Има: 20,000,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Агенција за млади и спорт

***Извештај за реализација на Програма за спроведување на мониторинг во областа на производството, преработката складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на ѓубрињата, како и контрола на квалитетот на ѓубрињата за 2020 година***

**Образложение:** Со извештајот за реализација на Програмата за спроведување на мониторинг при внатрешен промет на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата, опфаќа резултати од земени на мостри од неоргански и органски ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата, како и исполнување на квалитетот и сообразноста на компоненти со декларираните податоци. Со извештајот се дава препораки за унапредување во областа од политиките за следење на оваа програма.

**НПАА-поглавје:** 12 - Безбедност на храна, ветеринарство и фитосанитарна политика

**НПАА-подрачје:** Фитосанитарна политика

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Заштита на здравјето на луѓето и животните и заштита на животната средина

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

***Информации до Комисијата за одбрана и безбедност на Собранието Република Северна Мекедонија пред склучување на договори со влади на странски држави за набавки од Годишениот план за набавки со склучување на договори на Владата на Република Северна Македонија со влади на странски држави***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Согласно член 8 став (5) од Законот за јавни набавки во областа на одбраната и безбедноста ("Службен весник на Република Македонија" бр.180/2019 година), Владата на Република Северна Македонија ја информира Комисијата за одбрана и безбедност на Собранието Република Северна Мекедонија пред склучување на договор за набавка од страна на Владата на Република Северна Мекедонија со влади на странски држави, кои се склучуваат согласно член 8 став (1) од Законот за јавни набавки во областа на одбраната и безбедноста и Уредбата за начинот на доделување на договори за набавки на Владата на Република Северна Македонија со Влади на странски држави ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.245/2019 година) . |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Министерството за одбрана како договорен орган кој врши ваков тип на набавки согласно законот и Одлуката за утврдување на индикативен список на договорни органи од областа на одбраната и безбедноста ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.246/2019 година), за набавките планирани со Годишниот план за набавки донесен од Владата, пред да биде склучен договор со Влада на странска држава за потребите на Министерството за одбрана, ќе изготви и преку Владата ќе достави Информација до Комисијата за одбрана и безбедност на Собранието Република Северна Мекедонија, за набавката за која следи склучување на договор со влада на странска држава. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за одбрана |

## *Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија*

Б) Материјали

### *Информација за одржаниот шеснаесетти состанок на Поткомитетот за внатрешен пазар и конкуренција во рамките на Комитетот за*

***стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, 25 февруари 2021 година, во Скопје***

**Образложение:** Оваа Информација има за цел да ги информира членовите на Владата за одржувањето на шестнаесеттиот состанок на Поткомитетот за внатрешен пазар и конкуренција помеѓу Европската унија и Република Северна Македонија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација, во Скопје, на 25 февруари 2021 година.

**НПАА-поглавје:** Редовен годишен циклус на работата на зедничките тела на ССА - Поткомитет за внатрешен пазар и конкуренција

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Се очекува Владата со заклучок да ги задолжи институциите да ги исполнат преземените обврски обврски од Поткомитетот во предвидениот рок. Навремено и квалитетно остварување на обврските преземени од Поткомитетот.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Секретаријат за европски прашања

## *Информација за подготовка на седумнаесеттиот состанок на Поткомитетот за земјоделство и рибарство, во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој ќе се одржи на 18 мај 2021 година, во Брисел.*

**Образложение:** Информацијата има за цел да ги информира членовите на Владата за текот на подготовките за одржување на седумнаесеттиот состанок на Поткомитетот за земјоделство и рибарство. Воедно, Информацијата содржи преглед на наодите на ЕК во последниот Извештај за напредокот на Република Северна Македонија, како и предлог ставовите кои ќе бидат презентирани од страна на македонска делегација во однос на точките од Дневниот ред. Поткомитетот ги опфаќа следниве области: Билатерална трговска размена - земјоделски производи; Земјоделство и рурален развој; Безбедност на храната, ветеринарна и фитосанитарна политика и Рибарство.

**НПАА-поглавје:** Редовен годишен циклус на состаноци на заедничките работни тела на ССА - Поткомитет за земјоделство и рибарство

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Навремена и квалитетна подготовка на претстојниот состанок со Европската комисија. |

**Фискални импликации:** Има: 130,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Секретаријат за европски прашања |

## *Владеење на правото, независност на правосудството, доследна и неселективна борба против криминалот и корупцијата со широка и обврзувачка транспарентност*

Б) Материјали

### *Информација за Извештајот на ГРЕКО за усогласеност на Република Северна Македонија- Петти круг*

**Образложение:** ГРЕКО ( Групата на држави против корупција на Совет на Европа ) го усвои Извештајот за евалуација на Република Северна Македонија- Петти круг во март 2019 година, при што упати вкупно 23 препораки, од кои 9 се однесуваат на централната власт, а 14 на органите за спроведување на законот односно Министерството за внатрешни работи. Рокот за реализација на препораките кој е даден од страна на ГРЕКО е 31 декември 2020 година. Во рамките на наведениот рок до ГРЕКО ќе биде доставен Ситуациски извештај кој ќе ја презентира состојбата со степенот и статусот на реализација на дадените препораки. Врз основа на доставените информации ГРЕКО ќе подготви Прв извештај за усогласеност, кој е предвидено да се усвои на наредната пленарна седница на ГРЕКО закажана за 22-26 март 2021 година.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Обезбедување податоци за информирање во врска со Извештајот за евалуација на Република Северна Македонија - Петти круг ( тема:" Превенција на корупција и промоција на интегритет кај централната власт-највисоките извршни органи и органите на спроведување на законот" ) |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за правда |

# Иницијатива со среден приоритет

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

А) Подзаконски акти

***Предлог - програма за надзор на болести кај аквакултурата***

**Образложение:** Агенцијата за храна и ветеринарство преку спроведувањето на оваа програма за надзор (активен и пасивен) на болестите кај рибите ја утврдува епидемиолошката состојба на болестите кај рибите и обезбедува основни предуслови за ставање во промет на риби и нивни производи.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Поддршка на индустриско производствените капацитети со цел овозможување на основни предуслови за ставање во промет на аквакултурата и нивни производи. |

**Фискални импликации:** Има: 6,000,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Агенција за храна и ветеринарство

***Предлог - методологија за следење на реализација на Акциски план на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026 година***

**Образложение:** Нова методологија за следење на реализација на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026 година

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Развој на системот на локална самоуправа

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за локална самоуправа

***Предлог - уредба за методологијата за утврдување на критериумите за распределба на блок дотациите за јавните установи за деца - детски градинки и центри за ран детски развој во состав на јавни детски градинки по општини за 2022 година***

**Образложение:** Уредбата за методологијата за утврдување на критериумите за распределба на блок дотациите за јавните установи за деца детски градинки и центри за ран детски развој во состав на јавни детски градинки по општини за 2022 година.ја носи Владата на Република Северна Македонија во согласност со одредбите на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа на предлог на Министерството за труд и социјална политика, по претходна согласност на Министерството за финансии и Комисијата за следење на развојот на системот за финансирање на општините. критериумите за распределба на блок дотациите за јавните установи за деца - детски градинки.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Реализација на Уредбата за методологија за утврдување на критериумите за распределба на блок дотациите за јавните установи за деца - детски градинки по општини за 2022 година. |

**Фискални импликации:** Има: 2,075,000,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за труд и социјална политика |

Б) Материјали

## *Информација за здравствената состојба на шумите во Република Северна Македонија за 2020 година*

**Образложение:** Целта на оваа информација е да ја прикаже општата здравствена состојба на шумите во Република Северна Македонија во 2020 година. Центарот за извештајно-дијагнозно-прогнозната служба (ИДП служба) при Шумарскиот факултет - Скопје, во соработка со правните субјекти кои стопанисуваат и вршат одгледување и заштита на шумите, ја следи здравствената состојба на шумите, а добиените податоци од терен ги систематизира, обединува, дава прогноза и предлага мерки за сузбивање на болестите и штетните инсекти, доколку се јават во поголем обем.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Позитивни влијанија: Превентивна заштита на шумите, намалување на штетите на шумите од биотски и абиотски фактори и заштита и подобрување на животната средина. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

***Информација за потребата од воведување на систем за следење и менацирање на возилата на итна медицинска помош во сите градови во Република Северна Македонија***

**Образложение:** На територијата на Република Северна Македонија има вкупно 33 центри за итна медицинска помош, кои се распространети во исто толку градови. Овој систем треба да претставува централизирано решение кое ќе ги опфати сите центри за итна медицинска помош од сите градови. Системот е замислен како интегрирано решение кое повиците на бројот 194 на територија на Република Северна Македонија ќе пристигнуваат на едно место, а од тоа место ќе бидат соодветно распределувани до регионалните центри на итна медицинска помош соодветно нивната географска локација и локацијата од каде доаѓа повикот. Примањето на повиците кон итната помош треба да биде интегрирано со системот, додека системот треба да обезбедува интерактивно мени (IVR- Interactive voice response), и сите повици треба да бидат снимени.

**НПАА-поглавје:** 3.28 -Заштита на потрошувачи и јавно здравје

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Подигање на нивото на здравствена заштита на граѓаните и намалување на нееднаквостите и негативниот ефект на социјалните детерминанти на здравјето преку зголемување на пристапот до универзални услуги особено во примарната здравствена заштита. Интеграцијата на системот треба да им овозможува на операторите одговор на повик, пренасочување на повик и завршување на повик преку нивните работни станици со кликање во софтверот со користење на глувче или кратенки преку тастатура. Говорните функции треба да се вршат преку компјутерот на операторот со користење на headset уред (микрофон и слушалка со висок квалитет).

**Фискални импликации:** Има: 12,000,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Министерство за здравство

## ***Информација за статусот на реализација на мерките за подобрување на деловната клима согласно извештајот „Doing Business" на Светска банка***

**Образложение:** Извештајот на Светска банка „Doing Business" ги анализира и мери состојбите поврзани со условите за водење на бизнис во земјите во светот. Со цел подобрување на деловната клима и условите за водење бизнис во земјата, како и подобрување на рангот на земјата, Владата на Република Северна Македонија утврдува мерки и активности за подобрување на бизнис климата. Оваа информација има за цел следење на спроведувањето на активностите за подобрување на деловната клима, согласно извештајот „Doing Business" на Светска банка.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Подобрување на условите за водење бизнис во земјата.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

## ***Информација по Стратегијата за заштита и благосостојба на животните и акциски план***

**Образложение:** Заштитата и благосостојбата на животните во Република Северна Македонија е уредена со донесувањето на Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен Весник на Република Македонија" бр.149/14, 149/15 и 53/16) и релевантните подзаконски акти. Овој закон и подзаконските акти се усогласени со нормативната рамка која се применува во Европската Унија. Легислативата е прилагодена за да го следи развојот во областа и остава доволен простор за вклучување на сите засегнати страни кои треба да ја обезбедат благосостојбата на животните. На основа на наведените законски прописи на предлог на Агенцијата за храна и ветеринарство

Владата на Република Северна Македонија во 2018 година донесе Стратегија за заштита и благостојба на животните. Со Информација по Стратегијата за заштита и благосостојба на животните и акциски план Агенцијата ја информира Владата на Република Северна Македонија за тековното реализирање на Стратегијата.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Благосостојба на животните за време на превоз; Благосостојба на кокошки несилки; Благосостојба на животните за време на колење во кланица, со фокус на колење на јагниња; Контрола на популација на бездомни кучиња; Подигнување на јавната свест во однос на заштитата и благосостојбата на животните; |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Агенција за храна и ветеринарство |

## *Информација за одржување на втора седница на заедничкиот совет за соработка со Република Грција, во Република Грција*

**Образложение:** Одржувањето на Заеднички седници на Влади се дополнителен поттик кон унапредувањето на билатералните односи и соработка со земјите од соседството и јакнењето на регионалната соработка кои остануваат високо на листата на приоритети.

**НПАА-поглавје:** 1.3 - Национален план за адаптирање на Европското законодавство, регионални прашања и меѓународни обврски

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Интензивирање и продлабочување на севкупните билатерални односи и регионална соработка со земјите од непосредното соседство. |

**Фискални импликации:** Има: 242,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Министерство за надворешни работи

### ***Информација за одбележување на 25-та годишнина од воспоставување на дипломатски односи со Република Србија, воспоставени на 08.04.1996 година***

**Образложение:** Одбележувањето на 25 годишнината од воспоставувањето на дипломатските односи меѓу Република Северна Македонија и Република Србија ќе претставува уште една потврда на добрите билатерални односи, како и презентација на нашата земја како фактор на мирот и стабилноста во Регионот, кооперативноста, толеранцијата и дијалогот.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Очекуваме позитивни ефекти од Република Србија и пошироко, од земјите од Регионот, земјите членки на ЕУ и САД.

**Фискални импликации:** Има: 25,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Министерство за надворешни работи

### ***Информација за тек на преговори за пристапување кон Спогодбата на Светската трговска организација за јавни набавки***

**Образложение:** Информирање на Владата на Република Северна Македонија за тековните преговори за пристапување кон плурилатералната Спогодба на СТО за јавни набавки, за реализирани активности согласно утврдената динамика за процесот на пристапување и за следни активности потребни за продолжување на преговорите.

**НПАА-поглавје:** 3.30. Надворешни односи.

**НПАА-подрачје:** 3.30.1. Заедничка трговска политика.

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со Информацијата се овозможува Владата на Република Северна Македонија да се информира за текот на преговорите за пристапување кон Спогодбата на СТО за јавни набавки како обврска преземена со членството во СТО, за сите досегашни реализирани активности, како и за следните активности потребни за продолжување на процесот за пристапување кон спогодбата. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за економија |

### *Извештај за работа на Агенцијата за стоковни резерви за 2020 година*

**Образложение:** Законска обврска на Агенцијата за стоковни резерви согласно член 16 став (4) од Законот за стоковните резерви („Службен весник на Република Македонија" бр.84/08, 77/09, 24/11, 43/14 и 83/18).

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Агенцијата за стоковни резерви дава отчет пред Валадата на Република Северна Македонија за сработеното во претходната година и реализацијата на годишната програма. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Агенција за стоковни резерви |

## *Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија*

Б) Материјали

### *Информација за зачленувањето на Република Северна Македонија во Организацијата за Црноморска економска соработка*

**Образложение:** Зајакнување на регионалната соработка преку развивање на економската соработка и подобрување на деловното окружување, со цел поефикасно искористување на човечките, природните и други

ресурси за постигнување одржлив раст на националните економии, во различни области.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Запознавање на членовите на Владата со целта, придобивките и активностите кои произлегуваат од членството во Организација за Црноморска економска соработка. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за надворешни работи |

## *Владеење на правото, независност на правосудството, доследна и неселективна борба против криминалот и корупцијата со широка и обврзувачка транспарентност*

Б) Материјали

### *Годишен извештај за спроведување на Националната стратегија за борба против измама и заштитата на финансиските интереси на ЕУ во 2020 година*

**Образложение:** Министерството за финансии согласно заклучокот од Нацрт-записникот од Сто и единаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 20.12.2018 година, е задолжено еднаш годишно да ја информира Владата за реализација на Акцискиот план за спроведување на Националната стратегија за борба против измама и заштитата на финансиските интереси на Европската унија 2019-2022 година, како материјал за информирање“.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани** | Целта на годишниот извештај е транспарентно информирање на |

**влијанија:** Владата на Република Северна Македонија за актуелната состојба во врска со спроведувањето на целите и мерките од Националната стратегија за борба против измама и заштитата на финансиските интереси на Европската унија 2019-2022 година и Акцискиот план и за работењето на Одделението за координација на борба против измама на ЕУ средствата (АФКОС), во периодот јануари - декември 2020 година.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

## *Предлог за ратификација на Дополнителен протокол на Конвенцијата на Советот на Европа за превенција на тероризмот*

**Образложение:** Комитетот на Министри го усвои Дополнителниот протокол на Конвенцијата на Советот на Европа за превенција на тероризмот на својата 125 седница во Брисел на 19 мај 2015 година и на 22 октомври 2015 година во Рига го отвори за потпишување и ратификација Дополнителниот протокол на Конвенцијата. Република Северна Македонија е потписник на Дополнителниот протокол на Конвенцијата на Советот на Европа за превенција на тероризмот од 18 јануари 2017 година.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Хармонизација на правото на Европската Унија за превенција на заканата од страна на лица кои патуваат во странство со цел за извршување на тероризам, кои придонесуваат или учествуваат во терористички акти, или давање или добивање обука за тероризам на територијата на друга држава.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за правда

***Информација за кадровската екипираност и материјално-техничката опременост на судската полиција***

**Образложение:** Информацијата содржи анализа за кадровската екипираност и материјално- техничката опременост на припадниците на судската полиција во сите судови во Република Северна Македонија.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Подобрување на состојбите и функционирањето на судската полиција во Република Северна Македонија.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за правда

***Годишен извештај за работата на финансиската инспекција во јавниот сектор во 2020 година***

**Образложение:** Министерството за финансии согласно член 22 од Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/13, 43/14, 153/15 и 164/18) „до Владата на Република Северна Македонија доставува годишен извештај за работата на финансиската инспекција во јавниот сектор во претходната година, најдоцна до 31 март во тековната година".

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Целта на годишниот извештај е транспарентно информирање на Владата на Република Северна Македонија за спроведените постапки на финансиска инспекција над трошењето на јавните средства и заштита на финансиските интереси на субјектите од јавниот сектор согласно закон.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

***Извештај за работењето на Комисијата за разгледување на барања за добивање на дозвола за вршење на извоз-увоз, транзит, брокерски услуги и офсет на вооружување и воена опрема***

**Образложение:** Извештајот се поднесува врз основа на Законот за производство и промет на вооружување и воена опрема. Со извештајот Комисијата ја информира Владата на Република Северна Македонија за бројот на издадени дозволи на трговски друштва и трговец поединец на кои се издадени дозволите за промет (извоз-увоз,транзит и брокерски услуги), бројот на одбиени барања за добивање дозволи за промет (извоз-увоз, транзит и брокерски услуги), соработката со меѓународните институции за контрола на извоз на воени стоки, одржани обуки во државата и странство.

**НПАА-поглавје:** 3.30 Надворешни односи.

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Со материјалот се информира Владата на Република Северна Македонија за работата на Комисијата за разгледување на барања за добивање на дозвола за вршење на извоз-увоз, транзит, брокерски услуги и офсет на вооружување и воена опрема .

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за економија

***Модерна и ефикасна јавна администрација базирана на дигитализација која обезбедува квалитетни и брзи услуги за граѓаните и деловните субјекти***

Б) Материјали

### *Информација за поддршка од САД во реконструкција на објект на Центарот за управување со кризи во Куманово, а со цел воспоставување Центар за обука*

**Образложение:** Основ за предметната информација е член 29 од Законот за управување со кризи (Сл.Весник .а РМ.бр. 29/05 и 36/11). Центарот за управување со кризи има обврска да организира, подготвува и реализира обука, вежби и други активности за вработените во Центарот и учесниците во Системот за управување со кризи. Поради недостиг на буџетски средства за воспоставување Центар за обука, овие активности се реализираат со поддршка од странски партнери и во соработка со други институции, случај по случај. Како резултат на соработката со Амбасадата на САД во РСМ одобрен е проект и обезбедена е поддршка во реконструкција на соодветен објект на ЦУК во Куманово во износ до 500.000 САД долари, при што целокупната активност ќе биде спроведена од страна на донаторот во период 2021-2022 година.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Реконструкцијата на објектот на Центарот за управување со кризи во Куманово ќе овозможи воспоставување Центар за обука. Со тоа се создаваaат услови за организирано планирање и реализација на обуки, вежби и други активности со кои ќе се обезбеди зголемување на координацијата, ефикасноста и благовремената реакција на учесниците во Системот за управување со кризи (член 29 став 2 од Законот за управување со кризи). Реконструкцијата на објектот исто така ќе овозможи еден дел од истиот да се адаптира за 24/7 работа на подрачното одделение на ЦУК во Куманово, со што трајно се решава со простор за работа, како и адаптација на еден дел од објектот за потребите на Е-112 системот предвидени за предметното подрачје.

**Фискални импликации:** Има: 25,299,350 ден, Донација од САД

**Предлагач:** Центар за управување со кризи

***Годишен извештај за спроведувањето и унапредувањето на процесот на проценка на влијанието на регулативата (ПВР), за периодот јануари-декември 2020 година***

**Образложение:** Согласно Методологијата за ПВР, МИОА во соработка со министерствата го следи спроведувањето и квалитетот на процесот и методологијата за ПВР. Врз основа на анализа на нацрт Извештаите за ПВР доставени од министерствата и мислењата дадени во однос на примената на актите кои ја уредуваат материјата која се однесува на ПВР и спроведените консултации на ЕНЕР, од страна на МИОА во соработка со министерствата и Генералниот секретаријат на ВРМ се подготвуваат полугодишни извештаи и Годишен извештај за Владата на Република Северна Македонија во однос на спроведување и унапредување на процесот на ПВР.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Препораките од годишните анализи треба да обезбедат унапредување на процесот на ПВР кој треба да обезбеди почитување на основните начела за добро владеење преку постигнување на поголема транспарентност и отвореност при подготовка на предлог законите, нивно ефективно и ефикасно спроведување, а со тоа и зголемување на отчетноста на работата на Владата на Република Северна Македонија.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за информатичко општество и администрација

## *Заштита на животната средина, зелен развој, намалување на аерозагадувањето и влијанието на климатските промени*

Б) Материјали

***Информација за одржување на предвидената акредитација на лабараторијата и започнување на акредитација на нови дополнителни методи***

**Образложение:** Имајќи во предвид дека во тек е постапка за акредитација на лабораторијата и истата се очекува да биде акредитирана во текот на 2021 година од особена важност е одржување на акредитацијата и започнување на акредитација на нови дополнителни методи. Ова е особено важно имајќи во предвид дека лабораторија за животна средина претставува поддршка на Државниот инспекторат за животна средина во неговата улога на спроведување на законите, самомониторингот на инсталациите да биде контролиран од инспекторатот периодично. Мерењата спроведени од лабораторија за животна средина ќе ги проверат податоците добиени од самомониторингот и ќе делуваат превентивно во точно презентирање на резултатите добиени од инсталациите.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Мерењата спроведени од лабораторија за животна средина ќе ги проверат податоците добиени од самомониторингот и ќе делуваат превентивно во точно презентирање на резултатите добиени од инсталациите.

**Фискални импликации**: Има: 400,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Министерство за животна средина и просторно планирање

# Мај

## Иницијатива со висок приоритет

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

А) Подзаконски акти

***Предлог-одлука за учество на припадници на Армијата на меѓународни вежби во странство- вежба BEYOND HORIZONT 21***

**Образложение:** Меѓународна соработка, подобрување на интероперабилноста помеѓу Република Северна Македонија и земјите партнери за заедничко учество во меѓународни мисии за поддршка на мирот

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Позитивно влијание во стекнување на искуство и знаење на персоналот кој ќе учествува на вежбата, достојно презентирање на Армијата и зголемување на угледот на Република Северна Македонија на меѓународен план

**Фискални импликации:** Има: 1,346,130 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Министерство за одбрана

***Предлог- одлука за учество на припадници на Армијата на меѓународни вежби во странство- вежба DEFENDER21/DECISIVE STRIKE 21***

**Образложение:** Меѓународна соработка, подобрување на интероперабилноста помеѓу Република Северна Македонија и земјите партнери за заедничко учество во меѓународни мисии за поддршка на мирот

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Позитивно влијание во стекнување на искуство и знаење на персоналот кој ќе учествува на вежбата, достојно презентирање на Армијата и зголемување на угледот на Република Северна Македонија на меѓународен план

**Фискални импликации:** Има: 1,521,300 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Министерство за одбрана

***Предлог- одлука за учество на припадници на Армијата на меѓународни вежби во странство- вежба CWIX 21***

**Образложение:** Меѓународна соработка, подобрување на интероперабилноста помеѓу Република Северна Македонија и земјите партнери за заедничко учество во меѓународни мисии за поддршка на мирот

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

**Очекувани влијанија:** Позитивно влијание во стекнување на искуство и знаење на персоналот кој ќе учествува на вежбата, достојно презентирање на Армијата и зголемување на угледот на Република Северна Македонија на меѓународен план

**Фискални импликации:** Има: 595,005 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Министерство за одбрана

***Предлог - одлука за учество на припадници на Армијата на меѓународни вежби во странство - вежба ADRIATIC STRIKE 21***

**Образложение:** Меѓународна соработка, подобрување на интероперабилноста помеѓу Република Северна Македонија и земјите партнери за заедничко учество во меѓународни мисии за поддршка на мирот

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

**Очекувани влијанија:** Позитивно влијание во стекнување на искуство и знаење на персоналот кој ќе учествува на вежбата, достојно презентирање на Армијата и зголемување на угледот на Република Северна

Македонија на меѓународен план

**Фискални импликации:** Има: 379,560 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Министерство за одбрана

### *Предлог-одлука за учество на припадници на Армијата на меѓународни вежби во странство- вежба SABER JUNCTION 21*

**Образложение:** Меѓународна соработка, подобрување на интероперабилноста помеѓу Република Северна Македонија и земјите партнери за заедничко учество во меѓународни мисии за поддршка на мирот

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Позитивно влијание во стекнување на искуство и знаење на персоналот кој ќе учествува на вежбата, достојно презентирање на Армијата и зголемување на угледот на Република Северна Македонија на меѓународен план.

## *Информација за организирање на НАТО – конференција за информации и комуникатори во Република Северна Македонија*

**Образложение:** По иницијатива на Министерството за одбрана, Владата на Република Северна Македонија донесе одлука за организација и реализација на годишната НАТО – конференција за информации и комуникатори, главна годишна конференција од областа во НАТО – Алијансата. Во

рамките на иницијативата, потребно е детално да се утврди начинот на реализација на Конференцијата, а во соработка со НАТО и темите кои ќе бидат опфатени на истата. Поради кризата со пандемијата, физичката реализација на оваа конференција во 2020 година беше откажана (настанот беше реализиран on-line), а физичкото одржување на конференцијата во нашата земја со одлука на Алијансата е пренесен за следната, 2021 година.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Со реализација на Конференцијата, Северна Македонија ќе биде ставена на мапата како полноправна членка која дава свој реален придонес во едно поле кое се смета за приоритетно и за НАТО и за нашите сојузници. Воедно со реализацијата на оваа Конференција, ќе се зголеми визибилноста на земјата и нејзините капацитети во доменот на односите со јавноста и стратегиските комуникации. Организацијата на ваков тип на конференција од висок профил, уште во почетокот по стекнувањето на полноправното членство ќе го потврди фактот дека Северна Македонија е активен учесник и контрибутор кон политиките и директивите на Алијансата.

**Фискални импликации:** Има: 3,500,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Министерство за одбрана

## *Годишен извештај за управување со јавниот долг на Република Северна Македонија за 2020 година*

**Образложение:** Изготвувањето на Годишниот извештај за управувањето со јавниот долг има за цел поблиску и на редовна основа да ги информира Владата на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија и да ја запознае јавноста со карактеристиките на вкупниот јавен долг на Република Северна Македонија, како и со чекорите кои се преземени во текот на минатата година за ефикасно управување со должничкото портфолио на Република Северна Македонија.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Целта на Извештајот за управување со јавниот долг на Република Северна Македонија за 2020 година е информирање на јавноста со стратешките цели за управувањето со јавниот долг и гаранциите, презентирање на детални информации за состојбата и карактеристиките на јавниот долг, ризиците на кои е изложено портфолиото, како и активностите преземени во насока на негово подобрување. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за финансии |

## *Информација за поддршката од страна на Армијата на другите државни институции (во случај на природни и други настанати катастрофи)*

**Образложение:** Во поддршка на институциите на државата при справување со последиците од пандемијата на COVID-19 неопходно е ангажирање на одредени капацитети на Армијата со цел остварување на нејзината стратешка цел за активно учество во операции за поддршка на полицијата, државни институции, единици на локалната самоуправа и други субјекти и институции во случај на вонредна или кризна состојба. Армијата на Република Северна Македонија, ангажираше капацитетите со кои активно учествуваше во операции за поддршка на силите на МВР, за извршување на задачи за поддршка на институциите на државата при справување со последиците од пандемијата на COVID-19, во поддршка на единици на локалната самоуправа и други субјекти и институции во справување со поплави и пожари на цела територија на Република Северна Македонија.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Соодветна поддршка на институциите на националниот систем и полесно надминување на последиците од COVID-19 во интерес на здравјето на граѓаните и спречување на можноста здравствената криза да прерасне во безбедносна криза. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за одбрана

## *Информација за реализираните активности во рамки на имплементирањето на Националните Акциони планови од Стратегијата за Роми во Република Северна Македонија и Иницијативата за Интеграција на Ромите 2020 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Република Северна Македонија е членка на Меѓународната иницијатива Интеграција на Ромите 2020 година во чии рамки има и обврската за доставување на редовни извештаи за имплементација на целите од Националните Акциони планови од приоритетните области (вработување, образование, здравство и домување). Во истите ќе се прикаже нивото на имплементација на Стратегијата за Роми во Република Северна Македонија. |

**НПАА-поглавје:** 3.19 Социјална политика и вработување

3.23 Фундаментални права

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Подобрување на информираноста за реализираните активности во рамки на Националните Акциони планови и Стратегијата за Роми во Република Северна Македонија како и разгледување на можностите за подобрување и унапредување на состојбата на Ромите на ниво на носење на одлуки и политики од страна на претставниците на Владата на Република Северна Македонија. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за труд и социјална политика

***Информација за одржување на прва заедничка седница на Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Хрватска, во Република Северна Македонија***

**Образложение:** Одржувањето на Заеднички Седници на Влади се дополнителен поттик кон унапредување на билатералните односи и соработка со земјите од поширокото соседството и јакнењето на регионалната соработка.

**НПАА-поглавје:** 1.3 - Национален план за адаптирање на Европското законодавство, регионални прашања и меѓународни обврски

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Интензивирање и продлабочување на севкупните билатерални односи и регионална соработка со земјите од поширокото соседство.

**Фискални импликации:** Има: 50,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Министерство за надворешни работи

***Предлог - Национален план за енергија и клима до 2030 година***

**Образложение:** Согласно препораките на Секретаријатот на енергетската заедница, Република Северна Македонија како земја членка на енергетската заедница планира да го усвои Националниот план за енергија и клима до јуни 2021 година, со цел целокупна модернизација и трансформација на енергетскиот сектор во согласност со енергетските трендови на ЕУ, придонесувајќи за зголемен пристап, интеграција и достапност на енергетските пазари и услуги и намалување на локалното и на глобалното загадување земајќи ги предвид развојниот потенцијал на Република Северна Македонија и домашните специфики.

**НПАА-поглавје:** 3.15 - Енергетика

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** Донесувањето на овој стратешки документ сеуште не е обврска за Република Северна Македонија но е препорака од Секретаријатот на енергетска заедница за државите потписничка на Договорот за основање на енергетска заедница, согласно Регулативата (EU) 2018/1999 на Европскиот парламент и на Советот од 11 декември 2018 за Управување со енергетската унија и климатска акција.

ЕПП: 2019.0400.7883

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Сигурност на снабдување, целосно интегриран внатрешен енергетски пазар, зголемена енергетска ефикасност, декарбонизација на економијата, развој во истражувањето, иновациите и конкурентноста, зголемено учество на обновливи извори на енергија и намалување на негативното влијание врз животната средина. |

**Фискални импликации:** Има: Други извори

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за економија |

### *Информација за реализација на проектот за непосредна заштита, конзервација на црквата Св. Богородица во Лешочкиот манастир во село Лешок-Тетово*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со Информацијата за реализација на Проектот за непосредна заштита и конзервација на црквата Св. Богородица во Лешочкиот манастир во село Лешок-Тетово, Владата ќе се информира за тековните активности во насока на обезбедување на соодветен третман за заштитата на црквата Св. Богородица во Лешочкиот манастир која ги има карактеристиките на поствизантиското уметничко творештво на XVII век на нашата територија. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Соодветна заштита, научна обработка, презентација и промоција на културното наследство |

**Фискални импликации:** Има: 6,000,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Министерство за култура

***Информација за имплементирани активности за решавање на проблемот со нерегистрирани лица во Матична книга на родени во Република Северна Македонија, преку имплементација на Законот за лицата без регулиран граѓански статус***

**Образложение:** Подготвен е нов Закон за лицата без регулиран граѓански статус, со кој се уредува на чинот на прибирање и евиденција на личните податоци, видот на податоците што се евидентирани и стекнување на својството со посеебен граѓански статус. Законот е усвоен за 16 февруари 2020 година од страна за Собранието на Република Северна Македонија. По усвојувањето почнати се активности за негова имплементација. Со овие документи за идентификација овие лица ќе може да ги остварат своите права (здравствена заштита, социјално осигурување, вработување и образование).

**НПАА-поглавје:** Поглавје 3.19 Социјална политика и вработување

Поглавје 3.23 Правосудство и Фундаментални права

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Да се сведе на минимум или да нема воопшто граѓани кои не се евидентирани во Матичната книга за евиденција во Република Северна Македонија. Да може секој граѓанин да си извади свои лични потребни документи за идентификација.

**Фискални импликации:** Има: 237,600 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Министерство за труд и социјална политика

***Информација за Програмата на економски реформи 2022-2024 година со Акциски план за реализација на препораките усвоени на Економско – финансискиот дијалог во мај 2021 година***

**Образложение:** Секоја година, Европската Комисија спроведува детална анализа на

буџетскиот план, макроекономските и структурни реформи претставени во Програмата на Економски реформи. Програмата е основа за дефинирање на заеднички насоки за политики (т.н. "Policy guidance") со препораки за наредниот период, за кои земјата треба да преземе соодветни активности и за нивното спроведување да извести при подготовка на следниот циклус на Програмата. Препораките во форма на заеднички заклучоци формално се усвојуваат во рамки на Економско-финансискиот дијалог со Европската Унија, со учество на министрите за финансии и гувернерите на централните банки на земјите од Западен Балкан и Турција. Европската Комисија го следи степенот на исполнувањето на препораките согласно методологија која се користи за оценување на земјите членки. Во таа насока, се подготвува акциски план со конкретни активности и носители за исполнување на препораките. За степенот на реализација на препораките, земјата треба да извести при подготовка на наредната Програма на економски реформи. Правен основ за донесување на Програмата на економски реформи е „Законот за ратификација на Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Северна Македонија и Европските заедници и нејзините земји членки", објавен во Службен весник на Република Македонија, бр.28 од 13 април 2001 година.

**НПАА-поглавје:** Економски критериуми; 3.17 Економска и монетарна унија

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Спроведување на препораките придонесува за подобрување на макроекономската политика на земјата, управувањето со јавните финансии и квалитетот на структурните реформи, со што директно влијае на конкурентноста на земјата и растот на економијата. Воедно, исполнување на препораките е во насока на исполнување на економските критериуми за пристап во ЕУ, како и јакнење на капацитетите на земјата за преземање на обврските во делот на економската и монетарна политика по пристапот во ЕУ. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за финансии |

## *Информација за Предлог - Национална Стратегија за вработување 2021-2026 година*

**Образложение:** Тековната Национална стратегија за вработување 2016-2020 година е документ во кој се содржани среднорочните и долгорочните стратегии и предизвици на пазарот на трудот кои се однесуваат на периодот од 2016 до 2020 година, од аспект на макроекономските, микроекономските политики и политиките за вработување на пазарот на трудот. Согласно временската рамка на Стратегијата за вработување 2020, таа истекува во 2020 година и потребно е да продолжи со стратешкиот пристап во имплементацијата на политиките за вработување, за што ќе се подготви нова Стратегија за вработување за периодот по 2020 година.

**НПАА-поглавје:** 3.19 -Труд и социјална политика и вработување

Потпоглавје 3.19.4 Политики за вработување и Европскиот социјален фонд

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Стратегијата за вработување за периодот по 2020 година треба да обезбеди координиран и стратешки пристап во креирањето на работни места и намалување на невработеноста во државата.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за труд и социјална политика

## *Информација за предлог- проект за зголемување на функционалноста на Националниот совет за рамномерен регионален развој преку воспоставување Систем за воспоставување на координација во планирањето, спроведувањето, следењето и оценувањето на политиката за рамномерен регионален развој во Република Северна Македонија*

**Образложение:** Овој проект опфаќа активности за креирање механизми за координација и усогласување на секторските политики и програми на хоризонтално ниво (меѓу ресорните министерства) и вертикално ниво (меѓу национално и регионално ниво).

**НПАА-поглавје:** Поглавје 22 - Регионална политика и координација на структурни инструменти

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Зголемена функционалност и ефикасност при следењето на распределбата и дистрибуцијата на средствата за рамномерен регионален развој од централниот буџет што ќе води кон подобрување на спроведувањето на политиките за рамномерен регионален развој. |

**Фискални импликации:** Има: 2,450,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година, Други извори

**Предлагач:** Заменик претседател на Влада на РСМ за економски прашања во соработка со Министерство за локална самоуправа

## *Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија*

А) Подзаконски акти

### *Предлог - одлука за распределба на средствата од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година наменети за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации*

**Образложение:** Согласно Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, средствата наменети за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации планирани во Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, ќе се користат врз основа на Одлука на Владата на Република Северна Македонија, на предлог на Комисија формирана од Владата. Распределбата на финансиските средства се спроведува во согласност со Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации, Програмата за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации за тековната година и Одлуката за критериумите и постапката за распределба на средства за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија, а врз основа на оглас што Генералниот секретаријат на Владата на Република

Северна Македонија го објавува во дневните јавни гласила и на веб-страницата на Одделението за соработка со невладини организации www.nvosorabotka.gov.mk

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Донесувањето на Одлуката е во функција на создавање поповолни услови за финансиска одржливост на граѓанскиот сектор, што е заложба на Владата на Република Северна Македонија согласно Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор. |

**Фискални импликации:** Има: 20,000,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Генерален Секретаријат |

## *Предлог-уредба за листа на држави чии државјани треба да поседуваат аеродромска транзитна виза кога поминуваат меѓународна транзитна зона на аеродромите во Република Северна Македонија*

Образложение: Обврска од Закон за странци и хармонизација со ЕУ легислатива.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Подобрување на конзуларни услуги, зголемување на јавната безбедност, спречување на прекуграничниот криминал и илегалната миграција. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за надворешни работи |

Б) Материјали

***Информација за одржани ИПА Заеднички Мониторинг комитет и Секторски мониторинг комитети за ИПА 2***

**Образложение:** Информација за текот на расправата и заклучоците од ИПА Мониторинг комитетот и Секторски мониторинг комитети за ИПА 2, со специфични заклучоци за понатамошно унапредување на процесот на користење на ИПА средствата.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Зголемување на ефективноста и ефикасноста во искористувањето на ИПА финансиската помош. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Секретаријат за европски прашања |

***Информација за Предлог - стратегија на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанскиот сектор (2021 -2023)***

**Образложение:** Иницијативата има за цел унапредување на околината во која функционира и се развива граѓанското општество и градење на континуиран, транспарентен и целосно инклузивен дијалог со граѓанските организации, како рамноправен партнер во процесот на креирање на јавните политики и пристапување во Европската Унија.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Унапредување на соработката помеѓу Владата на Република Северна Македонија и граѓанските организации и унапредување на околината во која функционира и се развива граѓанското општество. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Генерален Секретаријат

***Владеење на правото, независност на правосудството, доследна и неселективна борба против криминалот и корупцијата со широка и обврзувачка транспарентност***

Б) Материјали

***Информација за склучување на билатерален Договор за меѓународна правна помош во граѓанска материја меѓу Република Северна Македонија и Република Косово***

**Образложение:** Помеѓу Република Северна Македонија и Република Косово, како две соседни земји, постојат тесни економски, политички и културни врски кои имаат за последица често движење на граѓаните од една во друга држава, голем број на склучени бракови, оставински постапки, алиментациони побарувања, кои ја наметнаа потребата од воспоставување на правна рамка за негово регулирање.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Развивање на соработката во областа на правосудството, поефикасно остварување на правата и интересите на државјаните на двете земји, како и унапредување на односите и соработката меѓу правосудните органи.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за правда

***Квалитетно образование достапно за сите согласно побарувачката на пазарот на трудот***

А) Подзаконски акти

***Предлог - уредба за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации за средно образование по општини и Градот Скопје за 2022 година***

**Образложение:** Распределба на средствата за блок дотации за средно образование по општини и Градот Скопје за 2022 година.

**НПАА-поглавје:** 3.26 - Образование и култура

**НПАА-подрачје:** 3.26.1 - Образование

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Финансирање на дејноста средно образование за средните училишта кои се во надлежност на општините и Градот Скопје.

**Фискални импликации:** Има: Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Министерство за образование и наука

***Модерна и ефикасна јавна администрација базирана на дигитализација која обезбедува квалитетни и брзи услуги за граѓаните и деловните субјекти***

Б) Материјали

***Информација за следење и подобрување на состојбата на дигиталната трансформација во контекст на електронските услуги, клучни институции, пречки и следни чекори за дигитализација***

**Образложение:** Дигитализацијата на јавните услуги и другите деловни процеси, модернизација и зголемување на ефикасноста и ефективноста на администрацијата со крајна цел давање брзи и едноставни услуги на граѓаните и бизнисите, како национален приоритет бара сите напори да бидат следени и координирани во насока давање препораки и координирани активности за зголемување на ефектот од напорите.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Дигитализација на услугите со цел нивно поефикасно и побрзо добивање за граѓаните и бизнисите. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за информатичко општество и администрација |

## *Информација за воспоставување на електронски ситем за инспекциски надзор, е-инспектор*

**Образложение:** Електронскиот систем за инспекциски надзор подразбира електронско поврзување и постапување на сите 28 инспекциски служби во надлежност на Инспекцискиот совет. Овој систем овозможува електронска распределба на надзорите по инспектори, следење на реализацијата на надзорите и генерирање на записници и решенија, генерирање на месечни планови, координација на инспекторите од различни инспекциски служби. Со овој систем ќе се намали субјективното влијание на инспекторот при вршење на инспекциски надзор. Со ставање во функција на електронски систем е- инспекција ќе се олесни и комуникацијата како со инспекциските служби така и со УЈП, Царинска управа, АВРСМ, Централен регистар и сл.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | 1.Намалување на антикоруптивни влијанија: -Со овој систем ќе се намали субјективното влијание на инспекторот при вршење на инспекциски надзор. 2. Подобрување на инситуционалните капацитети -Ќе се подобри целокупната работа на инспекциските служби со електронска распределба на надзорите, усогласување на надзорите (системот ќе следи која инспекциска служба во кој ден врши надзор), записниците и решенијата од извршениот надзор ќе се генерираат при самиот извршен надзор. 3. Зголемена меѓуинситуционална соработка - Со ставање во функција на електронски систем е- инспекција ќе се олесни и комуникацијата |

како со инспекциските служби така и со УЈП, Царинска управа, АВРСМ, Централен регистар и сл.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Кабинет на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси во соработка со Министерство за финансии, Министерство за информатичко општество и администрација и Инспекциски совет

# Иницијатива со среден приоритет

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

А) Подзаконски акти

***Предлог - уредба за изменување и дополнување на Уредбата за начинот на пресметка на данокот на моторни возила и на износите потребни за пресметка на данокот на моторни возила***

**Образложение:** Доуредување на одредбите од Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за начинот на пресметка на данокот на моторни возила и на износите потребни за пресметка на данокот на моторни возила.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Подобра и поефикасна имплементација на одредбите од Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за начинот на пресметка на данокот на моторни возила и на износите потребни за пресметка на данокот на моторни возила.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за финансии

Б) Материјали

## *Информација за имплементација на Акцискиот план за вработување 2018-2020 година*

**Образложение:** Во изминатиот период, во соработка со МОТ, Светска Банка, УНДП и Европската Комисија се изработи Национална стратегија за вработување 2016-2020, за која согласно планираната динамика за имплементација, се подготви и Акциски план за вработување 2018-2020 година. Овој АП е усвоен од Владата во 2018 година. Со цел целосно и навремено имплементирање на активностите, МТСП има обврска да ја известува Владата на РСМ на годишна основа, почнувајќи од 2019 година. За таа цел се планира за имплементацијата на АП за 2020 година, Владата да се извести во 2021 година.

**НПАА-поглавје:** Поглавје 3.19 Социјална политика и вработување; Потпоглавје 3.19.4 Политики за вработување и Европскиот социјален фонд

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Акцискиот план за вработување треба да ја операционализира Стратегијата за вработување 2020 година, во насока на остварување на приоритетната цел - Зголемување на вработеноста, квалитетот на работните места и продуктивноста, со посебен фокус кон ранливите групи на население.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за труд и социјална политика

## *Извештај за реализација на средства за подршка на општините за имплементација на локални акциски планови за 2019 година*

**Образложение:** Информација за Извештајот за реализација на средствата од Буџетот на РСМ за подршка на општините за имплементација на Лакални акциски планови.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Развој на локална самоуправа |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за локална самоуправа |

## *Информација за иницијатива за одбележување 25-годишнина од воспоставување дипломатски односи со Канада*

**Образложение:** Наредната година се навршуваат 25 години од воспоставувањето на дипломатски односи со оваа пријателска земја.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Унапредување на политичкиот дијалог, продлабочување на билатералните односи и на севкупната соработка во сите домени од заемен интерес, преку градење на силно партнерство и поддршка од страна на влијателната Канада. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за надворешни работи |

## *Предлог - Акциски план за вработување на млади 2021-2025 година*

**Образложение:** Во изминатиот период, во соработка со МОТ, се изработи Акциски план за вработување на млади 2016-2020 година, документ во кој се содржани среднорочните предизвици со кои се соочуваат младите невработени лица од 15-29 години на пазарот на трудот, од аспект на макроекономските, образовните политики и политиките за вработување на пазарот на трудот. Во 2018 година се подготви периодична Информација за текот на реализација на активностите од АП, како и ревизија на предвидените активности. Имајќи во предвид дека постоечкиот АП истекува до крајот на 2020 година, ќе се

подготви нов Акциски план за периодот од 2021 година.

**НПАА-поглавје:** 3.19 Социјална политика и вработување

**НПАА-подрачје:** 3.19.4 Политики за вработување и Европскиот социјален фонд

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Акцискиот план за вработување на млади 2021-2025 година треба да влијае на усогласување на стекнатите вештини и компетенции на младите лица со потребите на пазарот на трудот, да даде поттик на домашниот приватен сектор за отворање на нови работни места за младите лица и намалување на долгорочната и неформална невработеност кај младите лица. |

**Фискални импликации:** Има: 450,000,000 ден, Користење и имплементација на фондови од ЕУ ИПА

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за труд и социјална политика |

## *Информација за реализацијата на планот за конверзија на несуштински имот на Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Министерството за одбрана да изгради соларна централа на АП Криволак за производство на електрична енергија, и да ги трансформира своите воила на погон на водородни модули кои ќе се напојуваат со складираната енергија. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Од иницијативата се очекуваат позитивни влијанија за МО заради намалување на трошоците за одржување на несуштинскиот недвижен имот. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за одбрана |

***Информација за иницијатива за воспоставување дипломатски односи со Република Филипини***

**Образложение:** Зајакнување на позицијата на Република Северна Македонија на меѓународен план, преку соодветен развој на билатералните и мултилатералните односи со земји од вон-европскиот простор. Поконкретно, развој на билатералните односи и соработката, како и на договорната рамка со Република Филипини.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Основа за севкупно унапредување на билатералните односи, а посебно на економската и на други видови на соработка, во сите домени од заемен интерес за двете земји.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за надворешни работи

***Информација за потпишување и ефектуирање на Програмата за соработка во областа на културата, науката и воспитувањето меѓу Владите на Република Северна Македонија и Република Австрија***

**Образложение:** Република Северна Македонија и Република Австрија негуваат одлична соработка во областа на културата во последната деценија, која беше подвлечена и со потпишување на првиот билатерален документ меѓу државите во оваа сфера. Во изминатите години беа реализирани голем број на проекти и иницијативи на националните установи, граѓанските здруженија и поединци во двете земји. Новата Програма за соработка во областа на културата, науката и воспитувањето меѓу Владите на Република Северна Македонија и Република Австрија ќе овозможи уште поинтензивна соработка меѓу институциите од двете земји, поголемо искористување на ресурсите со кои тие располагаат во смисла на реализација на проекти, размена на искуства и експерти.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со потпишувањето на овој билатератерален документ и неговото ефектуирање ќе се создадат услови за унапредување на културната соработка меѓу Република Северна Македонија и Република Австрија, а воедно ќе се моделира формално-правна рамка која ќе биде основа за поголема институционална размена меѓу установите и културните работници од двете земји. Мешовитата комисија која ќе се формира во наредниот период дополнително ќе ја следи и поттикнува имплементацијата на овој билатерален документ. Крајна цел ќе биде секако ефективна промоција и афирмација на македонската култура конкретно во Република Австрија и во меѓународен контекст воопшто. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за култура

## *Информација за текот на преговори за ревидирање на Договорот за слободна трговија меѓу Република Северна Македонија и Турција*

**Образложение:** Информирање на Владата на Република Северна Македонија за статусот на тековните преговори за ревидирање на Договорот за слободна трговија меѓу Република Северна Македонија и Турција.

**НПАА-поглавје:** 3.30. Надворешни односи.

**НПАА-подрачје:** 3.30.2. Билатерални договори со трети земји.

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со Информацијата се овозможува Владата на Република Северна Македонија да се информира за текот на преговорите за ревидирање на Договорот за слободна трговија меѓу Република Северна Македонија и Турција, за сите досегашни реализирани активности, како и за следните активности потребни за продолжување на преговорите. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за економија

***Информација за иницијатива за одбележување 25-годишнина од воспоставување дипломатски односи со Држава Катар***

**Образложение:** Наредната година се одбележуваат 25 години од воспоставувањето на дипломатски односи со оваа пријателска држава.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Продлабочување на билатералните односи, а посебно на економската и други видови на соработка со споменатата воневропска држава, во домените од заемен интерес.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за надворешни работи

***Информација за иницијатива за одбележување 25-годишнина од воспоставување дипломатски односи со Обединети Арапски Емирати***

**Образложение:** Наредната година се навршуваат 25 години од воспоставувањето на дипломатски односи со оваа пријателска земја.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Продлабочување на билатералните односи, а посебно на економската и други видови на соработка со споменатата воневропска држава, во домените од заемен интерес.

**Фискални импликации:** Има: Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Министерство за надворешни работи

***Информација за подготовка на Акциски план за потребите на развој на Центри за палијативна грижа во рамките на утврдените можности во болниците***

**Образложение:** Палијативното згрижување е активно, севкупно згрижување на лица со напредната, неизлечива, прогресивна болест чија цел е да му се помогне на пациентот од сите аспекти на неговото страдање. Потребата за палијативно згрижување станува еден од приоритетните проблеми, за чие решавање Министерството за здравство и здравствените професоналци кои ја работат оваа проблематика, здруженијата, пациентите и нивните семејства како и целокупната јавност, развиваат Национална здравствена политика за палијативно згрижување. Во таа насока палијативното згрижување мора да биде интегрален дел од здравствениот систем и како такво мора да биде дел од плановите за здравствена заштита како и специфични здравствени програми.

**НПАА-поглавје:** 3.28 - Заштита на потрошувачите и јавно здравје

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Унапредување на квалитетот на здравствената заштита на секундарното и терциерното ниво преку зголемена достапност на здравствените услуги за населението и зголемување на функционалноста на институциите Сместувањето во установата за социјална заштита се однесува на лица кои немаат соодветни услови за живеење во своето семејство или од други причини им е потребно сместување во установа за социјална заштита, а не може да се примени друг облик на социјална заштита. Установата за сместување на стари лица обезбедува сместување, исхрана, помош и нега, здравствена заштита, културно забавни, работно-рекреативни активности, услуги на социјална работа и други услуги, зависно од потребите, способностите и барањата на корисникот. Покрај овие услуги установа од овој вид, може за старите лица да организира и вонинституционални облици на заштита, во вид на давање помош дома и дневен престој на стари лица.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за здравство

## *Информација за имплементација на Акцискиот план за формализација на неформалната економија 2018-2020 година*

**Образложение:** На почетокот на 2018 година се донесе првата среднорочна Стратегија за формализација на неформалната економија 2018-2022 година, која има за цел намалување на неформално вработените, намалување на уделот на нерегистрираните деловни субјекти и неформалните активности во рамките на формалната економија. Се подготви и Акциски план за формализација на неформалната економија 2018-2020 и истиот се усвои од Владата во 2018 година. Со цел целосно и навремено имплементирање на активностите МТСП ја известува Владата на Република Северна Македонија на годишна основа почнувајќи од 2019 година. Во таа насока се планира и изготвувањето на оваа Информација.

**НПАА-поглавје:** Поглавје 3.19 Социјална политика и вработување

Потпоглавје 3.19.4 Политики за вработување и Европскиот социјален фонд

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Со информацијата, членовите на Владата на Република Северна Македонија ќе бидат информирани за текот и резултатите од имплементацијата на Акцискиот план за формализација на неформалната економија 2018-2020 година.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за труд и социјална политика

## *Предлог - Акциски план за формализација на неформалната економија 2021-2022 година*

**Образложение:** На почетокот на 2018 година се донесе првата среднорочна Стратегија за формализација на неформалната економија 2018-2022, која има за цел намалување на неформално вработените (во неформалните и формалните бизниси, како и во рамки на домаќинствата),

намалување на уделот на нерегистрираните деловни субјекти и неформалните активности во рамките на формалната економија. Согласно планираната динамика за имплементација на Стратегијата, се подготви Акциски план за формализацијата на неформалната економија 2018-2020 година и истиот истекува во 2020 година. За да се продолжи со операционализацијата на Стратегијата, ќе се подготви нов Акциски план за периодот 2021 и 2022 година.

**НПАА-поглавје:** Поглавје 3.19 Социјална политика и вработување

Потпоглавје 3.19.4 Политики за вработување и Европскиот социјален фонд

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Имплементацијата ќе има влијание врз унапредување на процесот на мерење, следење и детекција на неформалната економија, врз подобрување на деловното окружување за основање, раст и развој на компаниите, врз стимулирање и поддршка на формализацијата на неформалните економски активности, како и јакнење на даночниот морал и намалување на толеранцијата кон неформалната економија.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за труд и социјална политика

## *Информација за Предлог - Национална стратегија за развој на социјалното претприемништво во Република Северна Македонија 2021–2024 година*

**Образложение:** Со донесување на Стратегијата ќе се утврдат целите и приоритетите, со што ќе се овозможи поддршка на воспоставувањето на одржлив еко-систем, кој ќе биде поткнувачки и овозмножувачки за социјалните претпријатија во земјата.

**НПАА-поглавје:** 3.19 Труд и социјална политика

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани** Воспоставување на стратешка рамка за развој и поттикнување на

**влијанија:** социјалното претприемништво во земјата.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за труд и социјална политика

### *Информација за Предлог - стратегија за промовирање и развој на волонтерството во Република Северна Македонија 2021–2025 година*

**Образложение:** Со донесување на Стратегијата ќе се дефинираат стратешки цели и приоритети во периодот 2021 до 2025 година, со јасно утврдени насоки на делување за унапредување и развој на волонтерството во земјата.

**НПАА-поглавје:** 3.19 -Труд и социјална политика

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Унапредување и поттикнување на волонтертсвото во државата.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за труд и социјална политика

### *Информација за Предлог-Национална стратегија за безбедност и здравје при работа 2021-2025, со Акциски план*

**Образложение:** Тековната Национална стратегија за безбедност и здравје при работа 2020, заедно со Акцискиот план за нејзина имплементација, се документи во кои се утврдени стратешката рамка и приоритети за развој на безбедноста и здравјето при работа во Република Северна Македонија, заедно со конкретните мерки и активности, рокови за реализација и одговорни институции. Согласно временската рамка на Стратегијата и АП за БЗР, тие истекуваат до крајот на 2020 година, поради што е неопходно да се ревидираат постоечките или да се утврдат нови стратешки приоритети, како и специфични мерки и активности за периодот по 2020 година.

**НПАА-поглавје:** 3.19 Труд и социјална политика

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Стратегијата за безбедност и здравје при работа 2021-2025, заедно со Акцискиот план за нејзина имплементација, ќе обезбедат континуитет во стратешкиот пристап кон унапредувањето и понатамошниот развој на безбедноста и здравјето на работните места во државата. Истовремено, со процесот на подготовка на овие стратешки и оперативни документи, ќе се продолжи воспоставената координирана соработка и консултации со сите релевантни субјекти во областа. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за труд и социјална политика |

## *Информација за Предлог - стратегија за заштита на потрошувачите 2021-2023 година*

**Образложение:** „Сообразување на законодавството и спроведување на законите", член 68 приспособување на законите на Република Северна Македонија со правото на Европската унија.

**НПАА-поглавје:** 3.28 – Заштита на потрошувачите и јавно здравје

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Политиката за заштита на потрошувачите во Република Северна Македонија во следниот петгодишен период ќе се фокусира на понатамошен развој на стандарди за заштита на потрошувачите што имплицира дека заштитата на потрошувачите е комплементарна со сите секторски политики и обезбедува високи стандарди за заштита на потрошувачите на начин со кој се заштитуваат економските интереси на потрошувачите, се овозможува информирање и едуцирање на потрошувачите, и се утврдуваат едноставни процедури за решавање на поплаките на потрошувачите. Стратегијата за заштита на потрошувачите ќе овозможи: Подобро информирање и едуцирање на потрошувачите за нивните права; Обезбедување на |

| | |
|---|---|
| | потрошувачите со инструменти за брзо решавање на споровите; Подобро остварување на правата на потрошувачите преку ефективен надзор на пазарот; Понатамошен развој на политиката за безбедност на производите; Зајакнување на независноста и репрезентативноста на здруженијата за заштита на потрошувачите; Зајакнување на улогата на локалната и регионалната самоуправа во реализација на политиката за заштита на потрошувач. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за економија

## *Информација за Предлог Национална Стратегија за здравство 2021-2030*

**Образложение:** Предлог Националната стратегија за здравство 2021-2030 претставува стратешки документ кои ќе ги даде определбите за развој и унапредување на здравствениот сектор во наредните десет години. Стратегијата треба да го олесни подинамичното и флексибилно креирање политики и капацитети со цел да се прилагоди и да одговори на брзиот развој во здравствениот сектор, вклучувајќи ги аспектите на финансирање на здравството, како и епидемиолошките и демографските трендови.

**НПАА-поглавје:** 3. 28-Заштита на потрошувачи и јавно здравје

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Подобрен здравствен статус на населението; Поодржлив, достапен и поефикасен систем за обезбедување на здравствена заштита на населението; Обезбедување на финансиски оддржлив здравствен систем; Подобрен квалитет на здравствените услуги и обезбедување на услуги насочени кон повеќе пациенти; Зголемен акцент на унапредување на здравјето и здравствена заштита заснована на заедницата; Здравствен систем способен да одговори на предизвиците на глобализацијата и подготвен за пристап во Европската Унија

**Фискални импликации:** Има: Други извори

**Предлагач:** Министерство за здравство

## *Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија*

А) Подзаконски акти

### *Предлог-уредба за определување на држави чии државјани мора да поседуваат виза кога ја преминуваат границата на Република Северна Македонија и на оние држави чии државјани се изземени од таа обврска*

**Образложение:** Обврска од Законот за странци и хармонизација со ЕУ легислатива.

**НПАА-поглавје:** 3.24-Правда, слобода и безбедност

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: 2020.1200.8171

**Очекувани влијанија:** Подобрување на конзуларни услуги, зголемување на јавната безбедност, спречување на прекуграничниот криминал и илегалната миграција.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за надворешни работи

## *Владеење на правото, независност на правосудството, доследна и неселективна борба против криминалот и корупцијата со широка и обврзувачка транспарентност*

Б) Материјали

### *Информација за поведување на постапка за водење на преговори за склучување на Договор за соработка од областа на правосудството меѓу Владата на Република Северна Македонија и Државата Катар*

**Образложение:** Договорот за соработка во правосудството меѓу Владата на Република Северна Македонија и Државата Катар ќе претставува правна основа за соработка меѓу двете држави, која ќе се реализира преку размена на искуства и експерти, организирање на симпозиуми, обуки и семинари.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Развивање на соработката во областа на правосудството, поефикасно остварување на правата и интересите на државјаните на двете земји, како и унапредување на односите и соработката меѓу правосудните органи. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за правда |

## *Информација за примената на Законот за нотаријатот за 2020 година*

**Образложение:** Се презентираат податоци за спроведување на Законот за нотаријатот од аспект на редовна нотарска дејност, надлежноста на нотарите да ја потврдуваат задолжницата согласно Законот за задолжница, надлежноста на нотарите да спроведуваат оставински постапки како повереници на судост. Едновремено Владата ќе биде запознаена со бројот и ефектите од извршени надзори над нотарите и поднесените предлои за поведување на дисциплински постапки постапки против нотари, а во правец на обезбедување на законитост во работењето на нотарите.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Унапредување на нотаријатот и обебедување на законите и ефикасно давање на нотарските услуги на граѓаните и правните лице преку извршениот надзор над работата на нотарите. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за правда |

## *Информација за Предлог стратегија за управување, користење и одржување на објектите за спорт во сопственост на Република Северна Македонија и Единците на Локалната самоуправа*

| | |
|---|---|
| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Подобрување на животниот стандард и квалитетот на живеење на населението, како и интензивирање на економската активност во градежништвото. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за финансии |

***Информација за подготовка на Национален развоен план 2021 - 2041***

**Образложение:** Оваа иницијатива предвидува активности за дизајн и креирање на долгорочен Национален развоен план во 2021 година и негово спроведување од страна на националните институции. НРП ќе доведе до долгорочно планирање на развојот и ќе го трасира патот по кој ќе се развива Северна Македонија, во неколку области меѓу кои: економија, вработување и пазар на труд, образование, иновации, просторно планирање, инфраструктура, здравство, борба против корупција, јавни услуги, општество, рурален развој, безбедност и сл.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Унапредување на социо-економското опкружување, деловната и инвестициска клима како и стратешкото долгорочно планирање во земјата. Воедно оваа иницијатива ќе придонесе за зајакнување на институционалните капацитети и обезбедување поквалитетно образование, поефикасен здравствен систем, зголемена конкурентност на компаниите, вложувања во истражување и развој, зголемување на вработеноста, подобрување на економијата и одржливо користрење на ресурсите на долгорочен план.

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Заменик претседател на Влада на РСМ за економски прашања |

***Информација за Предлог - Национална стратегија за развој на воздухопловството во Република Северна Македонија за периодот 2022-2032 година***

**Образложение:** Врз основа на член 6 од Законот за воздухопловство Министерството за транспорт и врски подготвува Национална стратегија за развој на воздухопловството во Република Северна Македонија, како

оперативен документ со период на важност од 10 години. Проектот за подготовка на Стратегијата е предвиден во рамки на Планот за набавки 2014-2020 со алоцирани средства од ИПА 2 инструментот. Следејќи ги насоките на стратегијата и во тесна соработка со надлежните државни институции и органи, МТВ ќе ја имплементира политиката за развој на цивилното воздухопловство на државата.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Создавање оптимални услови за натамошен развој на потребните институции кои ќе обезбедат ефикасен транспорт на патници и стока како и проценување, обезбедување и одржување на неопходната инфраструктура со цел обезбедување транспортни услуги со висок квалитет и високо ниво на безбедност. |

**Фискални импликации:** Има: 2,771,990 ден, Користење и имплементација на фондови од ЕУ ИПА

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за транспорт и врски |

## *Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија*

Б) Материјали

### *Информација за Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Северна Македонија и Република Албанија во рамки на ИПА 3*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Информирање за новата програма за прекугранична соработка помеѓу Република Северна Македонија и Република Албанија во рамки на ИПА 3. |

**НПАА-поглавје:** 3.22 - регионална политика и координација на структурни инструменти

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Зголемување на ефикасноста во искористувањето на ИПА фондовите.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Секретаријат за европски прашања

## *Информација за финансиска спогодба за годишна акциска Програма за ИПА 2022*

**Образложение:** Информацијата има за цел да ги запознае членовите на Владата со содржината на финансиската спогодба за Годишната акциска Програма за ИПА 2022 (за која во овој момент нема податоци што ќе содржи), клучните фази во нејзината подготовка и краток опис на акциите во рамките на Програмата.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Поддршка во спроведувањето на реформите во областите кои ќе бидат поддржани преку инструментот за предпристапна помош ИПА 3 (во овој момент не се знае кои области ќе бидат поддржани)

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Секретаријат за европски прашања

## *Информација за донесување на Национален патоказ за истражувачка инфраструктура*

**Образложение:** Националниот патоказ за истражувачка инфраструктура ќе овозможи мапирање на постоечките истражувачки капацитети. Патоказот ќе обезбеди сеопфатен преглед на тековните и планираните активности на национално ниво, поврзано со областа на истражувачката инфраструктура, нивна синергија и ефективна дистрибуција на достапните средства, да послужи како фокусна точка за владините органи со цел да се направат идни планови за инвестиции во истражувачката инфраструктура на национално ниво

**НПАА-поглавје:** 3.25-Наука и истражување

**НПАА-подрачје:** 3.25.1. Политика на истражување

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Бенефит на македонската истражувачка заедница, но и поврзување и достапност на стопанството до истражувачката инфраструктура |

**Фискални импликации:** Има: Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за образование и наука |

***Информација за Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Северна Македонија и Република Косово во рамки на ИПА 3***

**Образложение:** Информирање за новата програма за прекугранична соработка помеѓу Република Северна Македонија и Република Косово во рамки на ИПА 3.

**НПАА-поглавје:** 3.22 - Регионална политика и координација на структурни инструменти

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Зголемување на ефикасноста во искористувањето на ИПА фондовите. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Секретаријат за европски прашања |

***Информација за одржан единанесети состанок на Специјалната група за реформа на јавната администрација кој ќе се одржи во октомври 2021 година во Скопје***

**Образложение:** Информацијата има за цел да ги информира членовите на Владата за одржаниот единаесети состанок на Специјалната група за реформа на јавна администрација кој ќе се одржи во октомври 2021 година во Скопје, вклучувајќи ги преземените обврски.

**НПАА-поглавје:** Редовен годишен циклус на работата на заедничките тела на ССА - Специјална група за реформа на јавната администрација

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Навремено задолжување и спроведување на преземените обврски од состанокот со Европската Комисија. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Секретаријат за европски прашања |

***Информација за национална е-база на податоци за истражувачи, научни трудови, истражувачки податоци, истражувачка инфраструктура***

**Образложение:** Во сегашната ера на дигитална информациска технологија, современите трендови изискуваат брз и лесен начин на консултирање на истражувачките резултати. Дигитализацијата на општеството подразбира и дигитализација на науката и научно-истражувачките активности. Создавањето на дигитален систем на знаење придонесува кон видливост на науката во национални и глобални рамки.

**НПАА-поглавје:** 3.25-Наука и истражување

**НПАА-подрачје:** 3.25.1 Политика на истражување

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Побрзо ширење на научната мисла, зголемување на соработката во одредено научно поле и интердисциплинарно како и приближување на науката кон граѓаните. |

**Фискални импликации:** Има: Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Министерство за образование и наука

## *Владеење на правото, независност на правосудството, доследна и неселективна борба против криминалот и корупцијата со широка и обврзувачка транспарентност*

А) Подзаконски акти

### *Предлог-правилник за образец на барање за исплата на паричен надоместок на жртви од кривично дело со насилство*

**Образложение:** Овој подзаконски акт го донесува министерот за правда, врз основа на член 38, став 1 во рок од 30 дена од денот на влегување на сила законот за исплата на паричен надоместок на жртви од кривично дело со насилство.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Овој правилник е клучен за навремена примена и имплементација на законското решение.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за правда

Б) Материјали

### *Информација за борба против корупцијата во спортот, реализиарна во 2021 година*

**Образложение:** Промовираме добро владеење, борба против корупција, борба против местењето на натпревари и борба против допингот. Корупцијата како современ општествено економски и политички проблем не го поштедува и заобиколува спортот. Напротив се манифестира и чувствува во сите сегменти на опстојување на дејноста спорт, во која се лоцирани значителни финансиски и матријални средства, човечки

ресурси, сложени системи на делување во земјата и надвор од неа, појава на отворен пазар на трудот со ангажирање и склучување на нереални договори, мешан систем на делување на здруженија и трговски друштва.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:**

Уредување на дејноста спорт.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Агенција за млади и спорт

## *Информација за Вториот времен Извештај на ГРЕКО за усогласеност на Република Северна Македонија*

**Образложение:** ГРЕКО (Групата на држави против корупција на Совет на Европа) го усвои Времениот извештај за усогласеност на Република Северна Македонија- Четврт круг во септември 2020 година и даде рок до септември 2021 година за доставување на информации (извештај) за реализацијата на препораките кои беа оценети како нереализирани и делумно реализирани. Врз основа на тие информации ГРЕКО ќе усвои Втор времен Извештај за Република Северна Македонија -Четврт круг, на пленарна седница која ќе се одржи после септември 2021 година. Со оглед на случувањата предизвикани од пандемијата со КОВИД-19 вирусот, ГРЕКО сеуште не го усвои својот Календар на активности за 2021 година, така што не се знае точно кога ќе се одржат пленарните седници. (Декември 2021 година е ставен како најверојатен рок за одржување на пленарна седница.) После усвојување на овој Извештај на пленарната седница на ГРЕКО, Министерството за правда ќе подготви информација за извештајот и ќе ја достави до Владата.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Обезбедување податоци за информирање во врска со Извештајот за евалуација на Република Северна Македонија - Четврт круг ( тема:" Превенција на корупција кај членовите на собранијата, судиите и обвинителите" ). |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за правда |

## *Квалитетно образование достапно за сите согласно побарувачката на пазарот на трудот*

А) Подзаконски акти

### *Предлог - програма за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2022 година*

**Образложение:** Согласно член 7 од Законот за ученичкиот стандард, Владата на Република Северна Македонија во согласност со развојните документи го планира и утврдува развојот на ученичкиот стандард. Преку Програмата за 2022 година ќе се реализираат активностите за остварување и подобрување на ученичкиот стандард на учениците кои користат сместување и исхрана во ученичките домови во Република Северна Македонија, како и унапредување на системот на стипендирање на учениците во Република Северна Македонија.

**НПАА-поглавје:** 3.26 - Образование и култура

**НПАА-подрачје:** 3.26.1 - Образование

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

ЕПП: /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Регулирање на работењето и финансирањето во сферата на ученичкиот стандард. |

**Фискални импликации:** Има: 255,350,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за образование и наука |

### *Предлог - уредба за мерила и критериуми за финансирање на високото образование во Република Северна Македонија*

**Образложение:** Согласно член 43, став 5 од Законот за високото образование, Владата на Република Северна Македонија донесува Уредба за мерила и критериуми за финансирање на високообразовните установи во Република Северна Македонија, на предлог на Националниот совет за високо образование. Со донесување на нова Уредба за мерила и критериуми за финансирање на високообразовните установи ќе се воведе нов начин на финансирање на универзитетите, кој ќе допринесе за поефикасно, потранспарентно и автономно работење на истите.

**НПАА-поглавје:** 3.26 - Образование и култура

**НПАА-подрачје:** 3.26.1 - Образование

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Функционирање на високото образование според уставните и законските одредби во функција на зголемување на негова ефикасност и транспарентност.

**Фискални импликации:** Има: Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Министерство за образование и наука

### *Предлог - пограма за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2022 година*

**Образложение:** Согласно член 8 од Законот за студентскиот стандард, Владата на Република Северна Македонија, во согласност со развојните документи, донесува програма за остварување и развој на дејноста студентски стандард. Преку Програмата ќе се реализираат активностите за остварување и подобрување на студентскиот стандард на студентите кои користат сместување и исхрана во студентските домови во Република Северна Македонија, како и на студентите кои се стипендирани од Министерството за образование и наука.

**НПАА-поглавје:** 3.26 - Образование и култура

**НПАА-подрачје:** 3.26.1 - Образование

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Регулирање на работењето и финансирањето во сферата на студентскиот стандард. |

**Фискални импликации:** Има: 802,770,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за образование и наука |

## *Предлог-програма за изградба и реконструкција на средни училишта за 2022 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Министерството за образование и наука секоја година предлага Програма за изградба и реконструкција на средни училишта во Република Северна Македонија, согласно која ги спроведува активностите во тековната година. |

**НПАА-поглавје:** 3.26 Образование и култура

**НПАА-подрачје:** 3.26.1 Образование

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Подобрување на условите за настава во средните училишта, подобра енергетска ефикасност и намалување на тековните трошоци за потрошувачка на енергија. |

**Фискални импликации:** Има: 39,700,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за образование и наука |

## *Предлог-програма за изградба и реконструкција на основни училишта за 2022 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Министерството за образование и наука секоја година предлага Програма за изградба и реконструкција на основни училишта во |

Република Северна Македонија, согласно која ги спроведува активностите во тековната година

**НПАА-поглавје:** 3.26 - Образование и култура

**НПАА-подрачје:** 3.26.1 - Образование

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Подобрување на условите за настава во основните училишта, подобра енергетска ефикасност и намалување на тековните трошоци за потрошувачка на енергија |

**Фискални импликации:** Има: 321,080,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за образование и наука |

***Предлог - пограма за научно-истражувачката дејност за 2022 година***

**Образложение:** Програмата ќе претставува основа за финансирање на активностите од научно-истражувачката дејност во Република Северна Македонија. Активности кои ќе се финансираат: програмите на јавните научни установи и единици насочени кон науката при државните универзитети, научно-истражувачки проекти (национални и билатерални), организирање на научни собири, учество на научни работници од Република Северна Македонија на научни собири во странство, студиски престои на научни работници од РС.Македонија во странство, објавување на научни трудови во странски научни списанија со импакт фактор, стипендирање на млади научно-истражувачки кадри-магистерски и докторски студии во земјата и странство, техничка култура, Нацонален патоказ за истражувачка инфраструктура (National Research Infrastructure Roadmap) и сл.

**НПАА-поглавје:** 3.25 - Наука и истражување

**НПАА-подрачје:** 3.25.1 - Политика на истражување

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Интензивирање и унапредување на научно-истражувачката дејност на Република Северна Македонија, подигање на квалитетот во |

|  | високото образование и науката, што ќе допринесе за зголемување на економскиот развој на земјата. |
|---|---|

**Фискални импликации:** Има: 80,500,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

| **Предлагач:** | Министерство за образование и наука |
|---|---|

## *Предлог - уредба за мерила и критериуми за финансирање на научно-истражувачката дејност во Република Северна Македонија*

**Образложение:** Согласно член 43, став 24 од Законот за високото образование, Владата на Република Северна Македонија донесува Уредба за мерила и критериуми за финансирање на научните установи во Република Северна Македонија, на предлог на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност .

**НПАА-поглавје:** 3.26 - Образование и култура

**НПАА-подрачје:** 3.26.1 - Образование

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| **Очекувани влијанија:** | Со донесување на нова Уредба за мерила и критериуми за финансирање на научно-истражувачка дејност во Република Северна Македонија ќе се воведе нов начин на финансирање на научните установи, кој ќе допринесе за зголемување на научно-истражувачката дејност во земјата |
|---|---|

**Фискални импликации:** Има: Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

| **Предлагач:** | Министерство за образование и наука |
|---|---|

## *Заштита на животната средина, зелен развој, намалување на аерозагадувањето и влијанието на климатските промени*

А) Подзаконски акти

## *Предлог - програма за инвестирање во животната средина за 2022 година*

**Образложение:** Програмата за инвестирање во животната средина ја реализира

Министерството за животна средина и просторно планирање согласно член 172 од Законот за животна средина. Со Програмата се утврдува намената и се доделуваат средства за финансирање и реализирање на програми, проекти и други активности од областа на животната средина за тековната година.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со спроведување на Програмата за инвестирање во животната средина ќе се реализираат следните активности и проекти: Изработка на техничка документација и реализирање на проекти и активности за заштита, зачувување и подобрување на квалитетот на водите; Реализирање на проекти и активности за заштита на природата и биолошката разновидност; Реализирање на проекти и активности за подигање на јавната свест, едукација и обука во област на животна средина; Поттикнување на образовни, истражувачки и развојни студии, програми, проекти и други слични активности за заштита и унапредување на животната средина и природата; Кофинансисрање на тековни проекти од област животна средина. |

**Фискални импликации:** Има: 98,000,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за животна средина и просторно планирање |

# Иницијатива со среден приоритет

**Приоритет:**

***Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните***

А) Подзаконски акти

## *Предлог-програма за мониторинг за безбедност на храната за животни за 2022 година.*

**Образложение:** Програмата за мониторинг за безбедност на храната за животни се

спроведува заради утврдување на микробиолошката исправност на храната за животни, одредување на нивото на непожелни супстанции во храната за животни и утврдување на присуството на забранети супстанции во храната за животни согласно Правилникот за општи и посебни барања за безбедност на храната за животни, Правилникот за листа на непожелни супстанции во храната за животни и максимално дозволено ниво како и критичните точки за спроведување на истражување за идентификација на изворот и причините за пречекорување на максимално дозволеното ниво, Правилникот за начинот и постапката на земање примероци, начин и методи на вршење на лабораториски анализи на храната за животни и Листата на суровини, материјали и други производи чие ставање во промет и употреба се забранети.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Цел на оваа програма е утврдување на одредени несообразности во однос на прописите за безбедност на храната за животни. Оваа програма се применува во сите фази на производство, преработка и дистрибуција на храната за животни, со исклучок на примарното производство на храна за животни наменета за исхрана на животни кои се одгледуваат за производство на храна за луѓе за сопствени потреби во домаќинството.

**Фискални импликации:** Има: 3,000,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Агенција за храна и ветеринарство

## *Предлог-програма за здравствена заштита на мајки и деца во Република Северна Македонија за 2022 година*

**Образложение:** Намалување на морбидитетот и морталитетот на мајките и новороденчињата, преку интегриран пристап во унапредување на здравјето на мајките и новороденчињата, и континуирано унапредување на здравјето на децата и жените во репродуктивен период кој ги содржи во себе мерките на планирање на семејството,

пренаталната заштита и здравствената заштита во текот на породувањето и леунството, како и пристап до соодветни здравствени пакети за социјално вулнерабилни и популациони групи.

**НПАА-поглавје:** 3.28 - Заштита на потрошувачи и јавно здравје

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Програмата ќе овозможи континуитет на активностите кои државата ги превзема за унапредување на здравјето на мајките и децата и превентивни активности за навремено откривање и лекување на поедини заболувања и намалување на матернална и доенечката смртност.

**Фискални импликации:** Има: 17,000,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Министерство за здравство

## *Предлог-програма за мониторинг на безбедноста на храната во Република Северна Македонија за 2022 година*

**Образложение:** Со Програмата за мониторинг на безбедноста на храната во Република Северна Македонија за 2022 година се утврдуваат одредување на присуството и концентрациите на контаминентите во храната, присуство на резидуи од пестициди во и на храната, миграцијата на одделни супстанции од материјалите и производите кои доаѓат во контакт со храната, мониторирање на можно присуство на ГМО храна, мониторирање на органските производи, мониторирање на храната третирана со јонизирачко зрачење, утврдување на безбедноста на храна за различни други параметри, микробиолошки критериуми и други опасности во храната, како и евалуација на нивното влијание врз здравјето на човекот. Мониторингот на безбедноста на храната се спроведува на различни видови или категории храна и во однос на различни параметри, кои се критериуми за безбедноста на храната.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со донесување на Програмата за мониторинг на безбедноста на храната во Република Северна Македонија за 2022 година, се обезбедува мониторинг на безбедноста на храната. Мониторингот се спроведува на различни видови или категории храна и во однос на различни параметри, кои се критериуми за безбедноста на храната. |

**Фискални импликации:** Има: 3,600,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Агенција за храна и ветеринарство |

## *Предлог-програма за здравствена заштита на лица со душевни растројства во Република Северна Македонија за 2022 година*

**Образложение:** Во Програмата се содржани мерки и активности на болничко лекување на лица со изречена од надлежен суд мерка „задолжително лекување и чување", лекување на пациенти во Центрите за ментално здравје (дневни болници), промотивни активности за астигматизација на ментално болните пациенти и отворање на нови Центри за ментално здравје. Исто така, преку Програмата обезбедени се средства за исплаќање на медицинските тимови кои работаат надвор од работното време во Центрите за депресија во рамките на здравствените домови.

**НПАА-поглавје:** 3.28 - Заштита на потрошувачи и јавно здравје

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Програмата ќе овозможи навремено згрижување и лекување на лица со изречена од надлежен суд мерка „задолжително лекување и чување", лекување на лица во Центрите за ментално здравје (партиципација), промотивни активности за астигматизација на ментално болните пациенти и отворање на нови центри за ментално здравје. |

**Фискални импликации:** Има: 65,000,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Министерство за здравство

***Предлог - програма за партиципација при користењето на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата во Република Северна Македонија за 2022 година***

**Образложение:** Оваа програма се изготвува заради реализација на мерките и активностите предвидени во Програмата кои се обврска од Законот за здравствена заштита и Законот за здравствено осигурување. Во Програмата се содржани мерки и активности за основна здравствена заштита на лицата кои се заболени од потешки специфични заболувања кои се од посебен интерес на државата како и на родилките и доенчињата до 1-на годишна возраст. Целта на реализација на оваа програма е целосно спроведување на мерките и активностите заради заштита и чување на здравјето на родилките и доенчињата до 1-на годишна возраст, како и лицата без разлика на возраста кои се заболени од одредени специфични заболувања. Во програмата предвидени се средства за неизмирени обврски од минати години кои средства ќе се измируваат согласно обезбедените средства за реализација на програмата.

**НПАА-поглавје:** 3.28 - Заштита на потршувачи и јавно здравје

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Со реализација на оваа Програма ќе се обезбедат средства за партиципација при користењето на здравствена заштита на родилките и доенчињата и на лицата кои се заболени од наведени заболувања, со што се обезбедуваат услови за лекување на овие лица особено заради заболувањата со што се избегнува можноста истите да претставуваат опасност за здравјето на целото население на Република Северна Македонија.

**Фискални импликации:** Има: 350,000,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Министерство за здравство

## *Предлог - програма за лекување на ретки болести во Република Северна Македонија за 2022 година*

**Образложение:** Со „Програмата за лекување на ретки болести во Република Северна Македонија ", се обезбедува медикаментозна/терапија за лицата со ретки заболувања во Република Северна Македонија кои се вклучени во листата/регистерот на лицата ретки болести по основ на специфични критериуми и без разлика на статусот на осигурување.

**НПАА-поглавје:** 3.28 - Заштита на потрошувачи и јавно здравје

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Програмата ќе овозможи континуитет на активностите кои државата ги превзема за набавка на медицинска терапија за лекување и третман за пациентите со ретки болести во Република Северна Македонија и обезбедува стандард на лекување на лицата со ретки болести сличен на стандардот на лекување на другите болести во здравствениот систем (ќе се применуваат лекови препорачани во меѓународни раководства за лекување на одредена болест и нема да опфаќа експериментална терапија или терапија без докажан ефект) и ќе ги покрива само лековите кои спаѓаат во листата на Орфандрагс а нема да покрива лекови кои се применуваат регуларно во здравственииот систем преку ФЗОРСМ.

**Фискални импликации:** Има: 570,000,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Министерство за здравство

## *Предлог- програма за задолжителна имунизација на населението во Република Северна Македонија за 2022 година*

**Образложение:** Во програмата се наведува моменталната состојба, односно опфатот со вакцинација на територијата на државата, мерки за подобрување на состојбите, цели и активности, очекувани резултати (индикатори на успешност). Со средствата предвидени во програмата се обезбедуваат потребните количини вакцини за континуирана имунизација на населението и минимални потребни количини на вакцини по епидемиолошки индикации.

**НПАА-поглавје:** 3.28 - Заштита на потрошувачи и јавно здравје

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Основна цел на оваа програма е постигнување на опфат над 95% на национално и регионално, и над 90% на локално ниво со сите вакцини, согласно Календарот за имунизација. Оваа цел ќе се постигне преку ажурно спроведување на рутинската, задолжителна континуирана вакцинација, како и дополнителните активности за зголемување на опфатот (Европска недела на имунизација, национални и регионални денови на имунизација, едукативни семинари, кампањи за промоција на вакцинацијата и др.). |

**Фискални импликации:** Има: 484,040,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за здравство |

***Предлог-програма за обезбедување на трошоци за болни кои се третираат со дијализа и активности за пациентите со хемофилија во Република Северна Македонија за 2022 година***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Програмата за обезбедување на трошоците заболни кои се третираат со дијализа, за започнување и континуирано вршење на хемодијализа на пациенти за нивен поквалитетен и поздрав живот обезбедување здравствена заштита за лицат а кои се опфтени со Спогодбата меѓу Македонската Влада и Албанската Влада за соработка во областа на здравството и медицинските науки и активности за пациентите со хемофилија во Република Северна Македонија, подобрување на состојбата на лица заболени од хемофилија преку рано препознавање и навремено нивно лекување. |

**НПАА-поглавје:** 3.28 -Заштита на потрошувачи и јавно здравје

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани** | Програмата ќе овозможи навремено згрижување на пациентите со |

**влијанија:** дијализа и превентивно едукативни активности за хемофилијата.

**Фискални импликации:** Има: 7,000,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Министерство за здравство

## *Предлог- програма за организирање и унапредување на крводарителството во Република Северна Македонија за 2022 година*

**Образложение:** Програмата претставува поддршка на крводарителството во Република Северна Македонија, а во неа се содржани мерки и активности за организирање и спроведување на крводарителски акции, изготвување на здравствено-воспитни пропагандни материјали, мотивациски средства за крводарителите, надоместок на трошоци за организирање на крводарителски акции за општинските организации на Црвениот Крст на Република Северна Македонија по единица крв, активности на Институтот за трансфузиологија и партиципација при користење на здравствени услуги на дарители со над 10 крводарувања. Недостаток во обезбедување крв во државата, ќе предизвика застој на хируршки и други интервенции за кои е потребно апликација на крв и спасување на многу животи.

**НПАА-поглавје:** 3.28 - Заштита на потрошувачи и јавно здравје

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Програмата ќе овозможи континуитет на активностите кои државата ги презема за обезбедување на доволни количини крв во државата, ќе се овозможи навремена и квалитетна здравствена заштита при интервенции за кои е потребно крв и спасување на многу животи.

**Фискални импликации:** Има: 45,000,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Министерство за здравство

## *Предлог - програма за рана детекција на малигни заболувања за 2022 година*

**Образложение:** Програмата за рана детекција на малигни заболувања во Република Северна Македонија се изготвува со цел навремено откривање на бенигни и на пре-канцерозни состојби, рано откривање на рак на дојката, рано откривање на пре-канцерозни состојби на грлото на матката и пре-канцерозни состојби на дебелото црево, заболувања за кои постои можност за навремено откривање а со тоа и навремено лекување.

**НПАА-поглавје:** 3.28 -Заштита на потрошувачи и јавно здравје

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Подигање на свеста на населението за потребата од превентивни мерки за рано откривање на карциномите односно малигните заболувања и нивно навремено лекување, со што во голема мера ќе се намали морбидитетот и морталитетот од овие најчести малигни заболувања.

**Фискални импликации:** Има: 23,000,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Министерство за здравство

## *Предлог – програма за спроведување на ентомолошки мониторинг на популацијата на инсекти од родот Culicoides (куликоиди), вектори на вирусот на болеста син јазик*

**Образложение:** Целта на овој мониторинг е утврдување на присуството, динамиката на појавување, географската распространетост, бројност и ширење на докажаните векторски видови од родот Culicoides во Република Северна Македонија.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Со донесување на програмата за утврдување на докажани векторски видови е утврдување на подрачјата како и времето во годината со најголем ризик за појава, ширење на болеста син јазик но и на други вектор преносливи болести како и утврдување на потенцијалниот ризик за пренос на патогени преку векторските видови со цел проценка на ризикот за можна појава на болести.

**Фискални импликации:** Има: 9,800,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Агенција за храна и ветеринарство

## *Предлог - програма за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2022 година*

**Образложение:** Програмата се носи од страна на Владата на Република Северна Македонија на предлог на Министерството за труд и социјална политика, а врз основа на однапред утврдена методологија и критеруими за рангирање на општините ,кои поднеле апликации за добивање на финансиски средства од Министерството за труд и социјална политика.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** подобрување на опфатот на децата од предучилишна возраст во Република Северна Македонија, - постепено приближување до опфатот на деца во детски градинки на земјите во ЕУ. - создавање услови за згрижување на децата од предучилишна возраст и во општините кои немаат детски градинки/центри за ран детски развој преку изградба,доградба, адаптација и опремување на нови објекти.

**Фискални импликации:** Има: 67,650,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Министерство за труд и социјална политика

***Предлог - програма за изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита за 2022 година***

**Образложение:** Со оваа иницијатива се врши подобрување на просторните услови каде се даваат услугите од социјална заштита.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Со оваа програма се уредува финансирањето за изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита, вкупните средства потребни за извршување на оваа програма во целина и изворот на средствата.

**Фискални импликации:** Има: 10,000,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Министерство за труд и социјална политика

***Предлог - програма за трансплантација на Република Северна Македонија за 2022 година***

**Образложение:** Програмата има за цел да го зголеми бројот на донори од починато лице во интерс на пациентите кои чекаат за трансплантација и за кои не постои друг начин на лекување и терапија, проширување на трансплантации освен на бубрези и во делот на срце, црн дроб, корнеа, коски и коскени ткива, воспоставување систем (Национални листи за трансплантација) кои ќе обезбедат правичен пристап кон органите и ткивата, подигнување на свеста кај населението за донирање на органи и ткива, особено преку информирање на јавноста за важноста на трансплантацијата, подигнување на свеста кај медицинскиот персонал за важноста на трансплантацијата и организирање на курсеви и обуки за доедукација и на крајот воспоставување на мрежа на болници спремни да препознаат потенцијален донор, болници кои можат да го извадат органот и да се осигураат дека истиот ќе стигне во центрите каде би се изведувала трансплантацијата.

**НПАА-поглавје:** 3.28 - Заштита на потрошувачи и јавно здравје

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Министерство за здравство ги врши сите свои законски обврски, создавајќи предуслови покрај трансплантацијата на бубрези од жив донор, да се започне и со трансплантација на кадавери како и заживување на трансплантацијата на црн дроб. |

**Фискални импликации:** Има: 8,222,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за здравство |

## *Предлог - програма за Интеграција на лица на кои им е признаено правото на азил во Република Северна Македонија за 2022 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Иницијативата има за цел поддршка на лицата со признаено право на азил во процесите на нивна интеграција во рамки на општеството. Оваа иницијатива има за цел продолжување на мерката за обезбедување на парична помош потребна за обезбедување на простории за сместување, за закупнина на индивидуален станбен објект или негов дел и за комунални трошоци за лицата на кои им е признаено правото на азил во Република Северна Македонија за 2022 година. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со оваа програма се ќе се обезбеди парична помош потребна за обезбедување на простории за сместување, за закупнина на индивидуален станбен објект или негов дел и за комунални трошоци, што во голема мера ќе го олесни процесот на интеграција на семејствата до период на нивно осамостојување и целосна независност од системот на социјална заштита. |

**Фискални импликации:** Има: 2,500,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Министерство за труд и социјална политика

***Предлог - програма за заштита на населението од ХИВ инфекција во Република Северна Македонија за 2022 година***

**Образложение:** Главна цел на Програмата е одржување на ниска преваленца на ХИВ во Република Северна Македонија преку универзален пристап до превенција, лекување, грижа и подршка, базиран на почитување на човекови права и недискриминација. Програмата е развиена врз основа на национално стратешко планирање за ХИВ. Програмата ги структурира активностите според следните области на делување : - Координација, - Собирање и употреба на стратегиски информации, следење и проценка, - Активности за превенција, рано откривање и поддршка со фокус на клучните популации засегнати од ХИВ - Лекување, грижа и психосоцијална поддршка за лицата што живеат со ХИВ Програмата се имплементира преку Министерство за здравство, односно преку извршители на Програмски активности и тоа: (Инфективна Клиника, Институт за јавно здравје, Институт за имунологија, 10 Центри за јавно здравје, Општи болници во Република Северна Македонија преку центрите за превенција и третман на зависности и 14 Здруженија на граѓани).

**НПАА-поглавје:** 3.28 - Заштита на потрошувачи и јавно здравје

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Одржување на ниска преваленца на ХИВ во Република Северна Македонија преку универзален пристап до превенција, третман, грижа и поддршка, базиран на почитување на човековите права и недискриминација - 90% од лицата кои живеат со ХИВ го знаат сопствениот ХИВ статус, 90% од лицата кои го знаат својот статус примаат континуирана АРТ и кај 90% од нив е постигната супресија на ХИВ Специфични цели на програмата се: 1. Да се одржи ниска преваленца на ХИВ кај клучни популации во Република Северна Македонија 2. Да се зголеми бројот на лица од клучни популации кои го знаат својот ХИВ статус 3. Секое лице кое живее со ХИВ има пристап до квалитетен и сеопфатен третман за ХИВ и услуги за грижа и поддршка како дел од сеопфатен третман за ХИВ 4.

| | |
|---|---|
| | Одржување на интегриран и одржлив информациски систем за мониторинг на активностите и на постигнатите резултатите поврзани со превенција, грижа и третман на ХИВ. |

**Фискални импликации:** Има: 87,700,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Министерство за здравство

## *Предлог - правилник за посебните барања во однос на составот и информациите за храната презентирана како целосна замена на дневните оброци за регулирање на телесната тежина*

**Образложение:** Хармонизирање на македонското со Европското законодавство во однос на храната за посебни групи потрошувачи заклучно со 2021 година. Изработка на Правилник за посебните барања во однос на составот и информациите за храната презентирана како целосна замена на дневните оброци за регулирање на телесната тежина (усогласен со COMMISSION DELEGATED REGULATION (EU) 2017/1798 of 2 June 2017 supplementing Regulation (EU) No 609/2013 of the European Parliament and of the Council as regards the specific compositional and information requirements for total diet replacement for weight contro.)

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Воспоставување на современи законски мерки за контрола на безбедноста на храната за посебни групи потрошувачи согласно европските стандарди.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Агенција за храна и ветеринарство

## *Предлог -програма за реинтеграција на жени жртви на насилство*

**Образложение:** Програмата треба да биде донесена по усвојувањето на Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното

насилство кој беше усвоен од страна на Владата во 2020 година.

**НПАА-поглавје:** 19 Социјална политика и вработување односно под поглавје 19.7 Антидискриминација и еднакви можности

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Унапредување на еднаквите можности на жените и мажите и промовирање на концептот на родова рамноправност и вклучување на родовите перспективи во општествените текови. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за труд и социјална политика |

## *Предлог - програма за обезбедување инсулин, глукагон, инсулински игли, ленти за мерење шеќер и едукација за третман и контрола на дијабетесот за 2022 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со обезбедување на средства за централна набавка на инсулинот се постигнува редовно лекување на пациентите со шеќерна болест, заштита на здравјето на овие пациенти, намалување на компликациите кои настануваат како резултат од нередовното обезбедување на инсулин, намалување на инвалидитетот на оваа категорија на лица и зголемување на работна способноста, кое од друга страна претставува намален број на боледувања, 100% опфатеност на пациентите со терапијата, добра регулација на шеќерот во крв со помош на ленти и едукација. |

**НПАА-поглавје:** 3.28 - Заштита на потрошувачи и јавно здравје

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со централизираната набавка на инсулин на годишно ниво, што ја спроведе Министерството за здравство, навреме се обезбедуваат потребните количини на инсулин, а со оглед на фактот дека се работи за голема количина се доби и пониска цена за набавка. Централизирана набавка на инсулин, воведување водич за лекување |

| | |
|---|---|
| | на пациентите со инсулин и вмрежување на сите центри за дијабетичари се трите сегменти кои придонесоа за воспоставување на добар систем за современо лекување на пациентите со шеќерна болест, практицирање на медицина базирана на докази, унифицирање на третманот на инсулино зависни пациенти, притоа водејќи се според најсовремените светски и европски протоколи. |

**Фискални импликации:** Има: 820,000,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Министерство за здравство

### *Предлог - програма за задолжително здравствено осигурување на државјаните на Република Северна Македонија кои не се задолжително здравствено осигурани за 2022 година*

**Образложение:** Со Програмата се обезбедуваат услови за плаќање на придонесот за задолжително здравствено осигурување на државјаните на Република Северна Македонија кои немаат ниту еден основ на здравствено осигурување.

**НПАА-поглавје:** 3.28 - Заштита на потрошувачи и јавно здравје

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Да се обезбеди здравствено осигурување на сите државјани во Република Северна Македонија.

**Фискални импликации:** Има: 3,100,000,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Министерство за здравство

### *Предлог - национална програма за јавно здравје во Република Северна Македонија за 2022 година*

**Образложение:** Предвидените активности ќе овозможат континуитет на активностите кои државата ги превзема за спречување на појава и ширење на заразни и други заболувања кои настануваат преку храна,

вода, воздух и ќе овозможат мирна санитарно-хигиенска и епидемиолошка состојба во државата.

**НПАА-поглавје:** 3.28 - Заштита на потрошувачи и јавно здравје

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Програмата се изготвува со цел да се зачува и унапреди здравјето на населението, да се овозможи споведување на основните функции и задачи на јавното здравје, преку организирани мерки и активности што ги превземаат државните органи, институциите, единиците на локалната самоуправа и други правни и физички лица во соработка со здравствените установи, во случај на јавно здравствена потреба и итност при појава на јавно здравствена вонредна околност согласно Стратегијата и Националниот план за справување со климатските промени. |

**Фискални импликации:** Има: 80,000,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за здравство |

## *Предлог - програма за испитување на појавата, спречување и сузбивање на бруцелозата кај населението во Република Северна Македонија во 2022 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Програмата ги опфаќа следните активности: епидемиолошко набљудување за рано откривање на извори, патишта и начин на пренесување на заразата, рано и активно откривање на заболени, лабораториско докажување, навремено хоспитализирање и здравствено-едукативна дејност,со цел да се заштити населението од појава на бруцелоза, спречување и ширење на истата. . |

**НПАА-поглавје:** 3.28 -Заштита на потрошувачи и јавно здравје

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани** | Активностите предвидени во оваа програма ќе овозможат |

| | |
|---|---|
| **влијанија:** | континуитет на активностите кои ги превзема државата за спречување на појава и ширење на бруцелозата кои се спроведуваат повеќе години наназад. |

**Фискални импликации:** Има: 2,000,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за здравство |

## *Предлог-програма за едукација на лекари и медицински персонал и за кофинансирање на специјализација односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени во Република Северна Македонија за 2022 година*

**Образложение:** Со Програмата се опфатени потребите од едукација на лекари и медицински персонал од јавните здравствени установи, со цел продлабочување на постојните знаења и стекнување на нови знаења и вештини во дијагностиката и лекувањето, воведување на нови методи и др, со опфаќање на хируршките, интернистичките дејности, стоматологијата и фармацијата, можноста за надоместокот на дел од кофинансирани специјализации на здравствените работници и здравствените соработници кои не се вработени во јавна здравствена установа, ангажирање врвни странски лекари, еминентени медицински професионалци од најразлични области од медицината со цел стекнување на најнови знаења и примена на најсовремени техники на лекување, подигнување на нивото на стручно знаење и унапредување на квалитетот на здравствените услуги во сите облици на здравствена заштита во секојдневната пракса.

**НПАА-поглавје:** 3.28 -Заштита на потрошувачи и јавно здравје

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со стручното до-усовршување се очекува пружање на поквалитетни здравствени услуги за пациентите и обезбедување на дополнителни услуги. Оваа програма, исто така, обезбедува соодветни специјалистички кадри за населението на примарно и секундарно ниво во регионите, каде што има недостаток од истите. |

**Фискални импликации:** Има: 40,000,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Министерство за здравство

***Предлог-програма за превенција на кардиоваскуларни болести во Република Северна Македонија за 2022 година***

**Образложение:** Во програмата се содржани мерки и активности за превенција на кардиоваскуларните заболувања кои се однесуваат на целокупната популација во државата, средства за едукација на медицински кадри во областа на превенција, контрола и лекување на кардиоваскуларните заболувања, како и активности за кардиохирургијата и васкуларни интервентни процедури кои се користат за лекување на васкуларните болести во рана фазната адултна и детската хирургија.

**НПАА-поглавје:** 3.28 - Заштита на потрошувачи и јавно здравје

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Со цел навремено дијагностицирање и третман на кардиолошките заболувања кај адултните и педијатриските пациенти, Министерството за здравство интензивно вложува напори во растот и развојот на адултната кардиохирургија и педијатриската хирургија, како и интензивна хируршка нега.

**Фискални импликации:** Има: 21,000,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Министерство за здравство

***Предлог-програма за здравствена заштита на лица со болести на зависности во Република Северна Македонија за 2022 година***

**Образложение:** Основна цел на програмата е вклучување на што поголем број на лица зависни од droги во програмите за лекување со агонистичка терапија со опоиди ( бупренорфин и метадон), со што ќе се намали употребата на илегални дроги, смртноста од предозирање, честотата на

| | |
|---|---|
| | инјектирање, употребата на нестерилен прибор за инјектирање, ширење на инфекции со ХИВ/Хепатит Б и Ц и ќе се намалат криминалните активности. Ефикасноста на терапијата со метадон и бупренорфин се состои и во подобрување на квалитетот на животот, здравјето, можноста за вработување, социјалното функционирање и физичкото (телесното) функционирање. Во Програмата се содржани мерки и активности за лекување во дневни болници и болничко лекување на зависници од алкохол и дрога над 30 дена и зависници судски случаи како и обезбедување на метадон за околу 1600 лица и бупренорфин за 300 лица со болести на зависности. |

**НПАА-поглавје:** 3.28 -Заштита на потрошувачи и јавно здравје

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Напредок во однос на достапност на услугите за пациентите во местото на живеење преку отворање на нови Служби за превенција и третман од злоупотреба на дроги. Напредок во однос на достапност на услугите за пациентите во местото на живеење преку отворање на нови Служби за превенција и третман од злоупотреба на дроги. Вклучување на што поголем број на лица зависни од дроги во програмите за лекување со супституциона метадонска терапија и терапија со бупренорфин. Со овие мерки, ќе се овозможи : постигнување апстиненција, намалување на зачестеноста и остримата на рецидивите, намалување на морбидитетот и на морталитетот предизвикани со злоупотреба на незаконската опоидна дрога или како последица од тоа, особено ризикот од ХИВ, хепатитис Б и Ц и други по крвен пат преносливи болести од инјектирање со нестерилна опрема, подобрување на физичкото и психолошкото здравје, намалување на криминалното однесување за обезбедување на финансиски средства за злоупотреба на дрога, овозможување и поддршка за реинтеграција на работното место и во системот на образованието и унапредување на социјалното функционирање. |

**Фискални импликации:** Има: 103,000,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за здравство |

***Предлог - програма за обезбедување средства за болничко лекување без наплата на учество (партиципација) за пензионери и за обезбедување на средства за специјалистичко-консултативни и болнички здравствени услуги за корисниците на правото на социјална парична помош во Република Северна Македонија за 2022 година***

**Образложение:** Програмата за обезбедување средства за болничко лекување без наплата на учество (партиципација) за пензионери и за обезбедување на средства за специјалистичко-консултативни и болнички здравствени услуги за корисниците на правото на социјална парична помош во Република Северна Македонија за 2021 година, обезбедува грижа во чувањето, следењето и унапредувањето на здравјето на пензионерите и на корисниците на правото на социјална парична помош.

**НПАА-поглавје:** 3.28 - Заштита на потрошувачи и јавно здравје

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Целта на донесувањето на оваа програма е обезбедување грижа во чувањето, следењето и унапредувањето на здравјето на пензионерите и на корисниците на социјална парична помош како и на членовите на нивните домаќинства.

**Фискални импликации:** Има: 70,000,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Министерство за здравство

***Предлог- програма за превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај населението во Република Северна Македонија за 2022 година***

**Образложение:** Туберкулозата сеуште претставува актуелен проблем во светот и кај нас, истата е во пораст и доколку не се спроведат програмските активности можно е зголемување на бројот на заболени од туберкулоза. Со оваа програма се превземаат низа активности од надлежните институции со цел за поуспешна контрола на туберкулозата во Република Северна Македонија, намалување на ризикот од ширење на инфекцијата особено онаа предизвикана од

резистентни соеви на Mucobacterium tuberculosis. Се превземаат сите расположливи превентивни мерки кои придонесуваат за рано откривање и спречување на болеста, но сепак најдобра превентивна мерка е правилно и навремено лекување на секој болен од туберкулоза со што се прекинува ланецот на ширење на инфекцијата.

**НПАА-поглавје:** 3.28 - Заштита на потрошувачи и јавно здравје

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Програмата ќе овозможи континуитет на активностите кои државата ги превзема за превентивни мерки за спречување на појава на туберкулоза кај населението, навремено откривање и спречување на компликации кај заболените со што се очекува бројот на новозаболени туберкулозно болни лица да се намали.

**Фискални импликации:** Има: 25,000,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Министерство за здравство

## *Предлог - програма за систематски прегледи на учениците и студентите во Република Северна Македонија за 2022 година*

**Образложение:** Со програмата се обезбедуваат услови за зачувување и унапредување на здравјето на сите деца од училишна возраст и студентите, преку превенција и рана детекција на здравствените ризици и нарушување на здравјето.

**НПАА-поглавје:** 3.28 - Заштита на потрошувачи и јавно здравје

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Опфаќање на сите ученици од I, IV, VI и VIII одделение, I-ва, IV-та година средно и I–ва година студенти преку спроведување на превентивни систематски прегледи (тежина, висина, вид, лабораторија, крв и урина) на учениците, средношколците и студентите.

**Фискални импликации:** Има: 12,770,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Министерство за здравство

***Предлог - програма за користење на средства за здравствена заштита на животните***

**Образложение:** Во програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2022 година се утврдуваат финансиските средства за реализација на неопходни активности од областа на здравствената заштита на животите од јавен интерес со цел одржување и подобрување на здравствениот статус на животните и активно следење на болестите кај животните. Со донесувањето на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните се создаваат основни предуслови за имплементацијата на мерките за контрола и превенција на заразните болестите кај животните и спречување на нивно ширење и намалување на бројот на луѓе заболени од зоонози.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Со донесување на програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните се обезбедува финансиски средства за спроведување на континуиран надзор и следење на болестите кај животните на национално ниво, намалување на бројот на луѓе заболени од зоонози, компензација односно надомест на штета за одземени заболени животни, контролни и заштитни мерки на болести кои се предмет на планирање на итни мерки и имаат потенцијалот за брзо ширење на големи подрачја и надвор од границите на државата и сериозното социјално и економско влијание.

**Фискални импликации:** Има: 300,000,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Агенција за храна и ветеринарство

***Предлог -правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и постапката за земање примероци, начин и методи на вршење на лабораториски анализи на храната за животни***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Со донесување на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и постапката за земање примероци, начин и методи на вршење на лабораториски анализи на храната за животни ќе се изврши усогласување со Регулативата за спроведување (ЕУ) 2020/1560 од 26 октомври 2020 за изменување и дополнување на Прилогот VI од Регулативата (ЕЗ) бр. 152/2009 за утврдување на методите за анализа за одредување на присуството на состојки од животинско потекло за официјални контроли за храна за животни. |

**НПАА-поглавје:** 3.12 Безбедност на храна,ветеринарна и фитосанитарна политика.

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и постапката за земање примероци, начин и методи на вршење на лабораториски анализи на храната за животни овозможува правна рамка за соодветно транспонирање на Европското законодавство. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Агенција за храна и ветеринарство

Б) Материјали

***Информација за одржани преговори за склучување на Договор за социјално осигурување Административна спогодба за спроведување на Договорот со Руската Федерација***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Република Северна Македонија има интерес од склучување на договори за социјално осигурување со цел обезбедување на права од социјално осигурување на граѓани кои работеле во повеќе држави. Со склучување на Административна спогодба за спроведување на Договор за социјално осигурување со Руската Федерација ќе се операционализира имплементацијата на Договорот. |

**НПАА-поглавје:** 3.02 Слободно движење на работници

**НПАА-подрачје:** 3.02.3 Координација на системи за социјално осигурување

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Преку завршување на преговорите и усогласување на текстот на Административната спогодба ќе се овозможи постапка на ратификација и имплементација на истите а со тоа и остварување на права од социјално осигурување за македонски граѓани кои живеат и работат ( или работеле) во Руската Федерација. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за труд и социјална политика |

## ***Информација за иницијатива за одбележување 20-годишнина од воспоставување дипломатски односи со Соединетите Мексикански Држави***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Наредната година се навршуваат 20 години од воспоставувањето на дипломатски односи со оваа пријателска земја. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Натамошно севкупно унапредување на билатералните односи, а посебно на економската и други видови на соработка во сите домени од заемен интерес за двете пријателски држави. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за надворешни работи |

## ***Информација за одржани преговори за склучување на Договор за социјално осигурување со Француска Република***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Република Северна Македонија има интерес од склучување на договори за социјално осигурување со цел обезбедување на права од социјално осигурување на граѓани кои работеле во повеќе држави. Со |

Француската Република започнувањето на преговори за склучување на нов договор за социјално осигурување е од посебна важност, бидејќи се применува конвенција од 1950 година која не е усогласена со новите состојби во сферата на социјалното осигурување.

**НПАА-поглавје:** 3.02 Слободно движење на работници

**НПАА-подрачје:** 3.02.3 Координација на системи за социјално осигурување

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Преку завршување на преговорите и усогласување на текстот на Договорот ќе се овозможи постапка на ратификација и имплементација на истите а исто така и остварување на права од социјално осигурување за македонски граѓани кои живеат и работат (или работеле) во Француската Република.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за труд и социјална политика

## *Информација за подготвениот деветти Извештај за имплементација на Ревидираната Европска социјална повелба на Советот на Европа и деветиот извештај*

**Образложение:** Ревидираната Европска социјална повелба (РЕСП) претставува еден од основните документи на Советот на Европа кој ги штити социјалните и економски човекови права и слободи. Со ратификувањето на РЕСП Република Северна Македонија се обврза на почитување и имплементирање на правата содржани во неа. Поради тоа, секоја година Министерството за труд и социјална политика во координација со други министерства и институции, подготвува извештаи кон имплементацијата на РЕСП, кои по усвојувањето од страна на Владата на Република Северна Македонија до 31.12.2021 година се доставуваат до Генералниот секретар на Советот на Европа.

**НПАА-поглавје:** Поглавје 19 Социјална политика и вработување

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Штитење и унапредување на економските и социјалните човекови права на граѓаните, како и спроведување на реформите кои се во насока на интегративните процеси на Република Северна Македонија. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за труд и социјална политика |

## *Информација за Петтиот периодичен извештај по Меѓународниот Пакт за економски, социјални и културни права*

**Образложение:** Извештајот е дел од обврска за периодично известување по Меѓународниот Пакт за економски, социјални и културни права и претставува исполнување на меѓународно превземени обврски на земјата согласно пристапувањето под договорните тела за човекови права на Обединетите Нации.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со оглед на фактот дека доставата на периодични извештаи произлегува како обврска од одредбите на меѓународните инструменти за човекови права кон кои Република Северна Македонија има пристапено, со навремено исполнување на истите ќе се потврди определбата на земјата за доследно почитување, заштита и унапредување на човековите права. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за надворешни работи |

## *Информација за статусот на спроведување на ИПА програмите за прекугранична соработка, за периодот јули - декември 2021 година*

**Образложение:** Информацијата се доставува со цел да се информира Владата на Република Северна Македонија за статусот на ИПА програмата за територијална соработка.

**НПАА-поглавје:** Поглавје 22

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Иницијативата има позитивно влијание бидејќи ја информира Владата на Република Северна Македонија за напредокот во однос на ИПА програмата за територијална соработка. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за локална самоуправа |

***Информација до Собранието на Република Северна Македонија за учеството на припадници на Армијата и вработените во Министерството за одбрана во хуманитарни операции, меѓународни операции, во НАТО мисии и операции и операции во примената на правото на индивидуална или колективната самоодбрана, надвор од територијата на Републиката во 2021 година***

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Согласно член 41-г Владата еднаш годишно до Собранието, поднесува извештај за учеството на припадници на Армијата и вработените во Министерството за одбрана во активностите од членот 41 од овој Законот за одбрана. Воедно, согласно стратешките интереси како членка на НАТО и ООН, земја кандидат за членство во ЕУ, а водејќи се од планираниот придонес во меѓународни операции и мисии до 2023 година и расположливите капацитети, Република Северна Македонија континуирано го зголемува својот придонес во меѓународни операции и мисии предводени од ООН, НАТО и ЕУ. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Остварување на принципите на транспарентност и инклузивност во степенот на реализација на Одлуките на Собранието и заклучоците на Влада на Република Северна Македонија кои се однесуваат на учество на припадници на Армијата и вработените во Министерството за одбрана во меѓународни операции и мисии |

предводени од ООН, НАТО и ЕУ, надвор од територијата на Републиката во 2021 година.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за одбрана

## *Информација за иницијатива за одбележување 25-годишнина од воспоставување дипломатски односи со Кралството Бахреин*

**Образложение:** Наредната година се навршуваат 25 години од воспоставувањето на дипломатски односи со оваа пријателска земја.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Продлабочување на билатералните односи, а посебно на економската и други видови на соработка со споменатата вон-европска држава, во домените од заемен интерес;

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за надворешни работи

## *Предлог - годишен план за работа на Агенцијата за храна и ветеринарство за 2022 година*

**Образложение:** Согласно одредбите од членот 20 став (2) од Законот за безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија“ бр.157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14, 72/15, 129/15, 239/15, 39/16 и 64/18) се изготвува и најдоцна до 31 декември во тековната година, до Владата на Република Северна Македонија се доставува Годишен план за работа на Агенцијата на одобрување.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Нема |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Агенција за храна и ветеринарство

## *Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија*

Б) Материјали

### *Предлог- Шенгенски акциски план*

**Образложение:** Целта на изработка и усвојување на „Шенгенски акциски план“ е донесување на документ во кој ќе бидат наведени сите мерки што треба да се спроведат за да се постигне пристапувањето во Шенген. Усвојувањето на документот е потребно заради поконкретно дефинирање на приоритетите во оваа област, нивно меѓусебно поврзување со другите постојни стратешки документи (Стратегија за интегрирано гранично управување, документи што ја покриваат борбата против корупцијата, организираниот криминал, трговијата со луѓе, тероризмот, перење пари и финансирање на тероризам, како и други релевантни стратешки документи опфатени во Поглавје 24 од НПАА) Во таа насока, во тек е реализирање на активности од твининг проект „Усогласување на национални системи со барањата на ЕУ и Шенген во областа на гранично управување“ во кој е предвидена изработка на Шенгенскиот акциски план, во соработка со твининг партнерите од Република Словачка и Република Словенија.

**НПАА-поглавје:** 24 -Правда , слобода и безбедност

**НПАА-подрачје:** 3.24.4 Надворешни граници и граници на Шенген зоната

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Соодветна подготовка на институциите за пристапување во ЕУ и во Шенгенската зона. |

**Фискални импликации:** Има: Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година, Користење и имплементација на фондови од ЕУ ИПА

**Предлагач:** Министерство за внатрешни работи во соработка со Министерство за финансии, Министерство за транспорт и врски, Министерство за правда,

Министерство за надворешни работи, Министерство за здравство и Министерство за труд и социјална политика.

***Информација за учеството на Република Северна Македонија во Заедничката надворешна и безбедносна политика на Европската Унија во периодот 1 јули - 31 декември 2021 година***

**Образложение:** Информацијата има за цел запознавање на членовите на Владата на Република Северна Македонија со актуелните состојби и активности на Заедничката надворешна и безбедносна политика на Европската Унија.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Редовното следење на овие состојби овозможува активно позиционирање на дипломатските активности и националните политики на земјата.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за надворешни работи

***Информација за учеството на Република Северна Македонија во Заедничката надворешна и безбедносна политика на Европската Унија во периодот 1 јануари – 30 јуни 2021 година***

**Образложение:** Информацијата има за цел запознавање на членовите на Владата на Република Северна Македонија со актуелните состојби и активности на Заедничката надворешна и безбедносна политика на Европската Унија.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Редовното следење на овие состојби овозможува активно позиционирање на дипломатските активности и националните политики на земјата. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за надворешни работи |

## *Владеење на правото, независност на правосудството, доследна и неселективна борба против криминалот и корупцијата со широка и обврзувачка транспарентност*

А) Подзаконски акти

### *Предлог-програма за обесштетување на дете кое е жртва или е оштетено со дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело на насилство и на други акти на индивидуално или групно насилство за 2022 година*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Вр основа на член 151 од Законот за правда за децата предвидено е обесштетување на дете кое е жртва или е оштетено со дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело на насилство и на други акти на индивидуално или групно насилство. Министерот за правда, по претходно прибавено мислење од Државниот совет за превенција на детско престапништво, донесува Програма за обесштетување на дете кое е жртва или е оштетено со дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело на насилство и на други акти на индивидуално или групно насилство. Со истата ги планира средствата кои се издвојуваат од Буџетот на Министерството за правда. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Информирање на Владата на Република Северна Македонија за изготвување на Програмата за обесштетување на дете кое е жртва или е оштетено со дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело на насилство и на други акти на индивидуално или групно насилство за 2022 година, со која се гарантира правото на обесштетување на дете-жртва. |

**Фискални импликации:** Има: 1,000,000 ден, Други извори, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Министерство за правда

Б) Материјали

### *Годишен извештај за имплементација на Стратегијата за родова еднаквост*

**Образложение:** Законска обврска согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите во насока на унапредување на состојбата со жените и мажите во сите сфери на општественото живеење по однос на Стратегијата за родова еднаквост.

**НПАА-поглавје:** Поглавјето 19 Социјална политика и вработување односно под поглавје 19.7 Антидискриминација и еднакви можности

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Подобрување на статусот и унапредување на еднаквите можности на жените и мажите со почитување на принципот на еднаквост и недискриминација по основ на пол.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за труд и социјална политика

### *Информација со предлог решенија за реформа во делот на бенефицираниот стаж*

**Образложение:** Со поддршка на Светска Банка подготвена е анализа на постојниот систем на бенефициран стаж во Република Северна Македонија и предложени се решенија за реформа и усогласување со европкисте станради. Можните решенија ќе бидат презентирани пред Економско социјалниот совет и стопанските комори, по што ќе се предложат законски решенија и активности за натамошна имплементација.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Дефинирање на критериуми кои работи(функции) се опасни и штетни по здравјето и животот на работникот и покрај превземање на сите заштитни мерки, дефинирање на нов концепт на предвремено пензионирање за работници кои работат на работни места кои се опасни и штетни по здравјето, креирање регистар на специфичните професии со дефинирање на возраста за пензионирање комбинирано со утврдени години поминати на бенефицирани работни места. |

**Фискални импликации:** Има: 800,000 ден, Светска Банка

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за труд и социјална политика |

## *Целосно спроведување на Охридскиот рамковен договор и градење на граѓанска држава со етничка и социјална кохезија врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување*

Б) Материјали

### *Информација за комбинираниот единаесетти, дванаесетти, тринаесетти и четиринаесетти извештај по Конвенцијата за елиминација на расна дискриминација*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Извештајот е дел од обврска за периодично известување по Конвенцијата на ОН за елиминација на расна дискриминација и претставува исполнување на меѓународно превземени обврски на земјата согласно пристапувањето кон договорните тела за човекови права на Обединетите Нации. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со оглед на фактот дека доставата на периодични извештаи произлегува како обврска од одредбите на меѓународните инструменти за човекови права кон кои Република Северна Македонија има пристапено, со навремено исполнување на истите ќе |

|  |  |
|---|---|
|  | се потврди определбата на земјата за доследно почитување, заштита и унапредување на човековите права. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за надворешни работи |

## *Заштита на животната средина, зелен развој, намалување на аерозагадувањето и влијанието на климатските промени*

А) Подзаконски акти

### *Предлог - годишна програма за финансирање на изработка на просторен план на Република Северна Македонија за 2022 година*

**Образложение:** Просторното планирање како интердисциплинарна дејност од стратешки карактер обезбедува рационална организација, користење и заштита на просторот. Неговата улога е воспоставување на баланс помеѓу расположивиот простор, економскиот и демографскиот развој, природните и културните ресурси односно дефинирање на просторен модел за рационална организација, уредување и заштита на просторот, усогласено функционирање на постојните и планираните инфраструктурни системи, рационално искористување на природните ресурси, заштита и ревитализација на создадените вредности.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Следење на состојбата со спроведување на просторниот план на Република Северна Македонија и спроведување на Законот за спроведување на просторниот план на Република Северна Македонија (Сл. Весник на Република Македонија бр.39/2004). |

**Фискални импликации:** Има: 51,250,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за животна средина и просторно планирање |

***Предлог - пограма за води за 2022 година***

**Образложение:** Со Програмата се утврдуваат средствата за извршување на работите согласно Законот за водите од член 212 и тоа за: управување и развој на водните ресурси и надоместување на трошоците за работење на органите на државната управа и органите и организациите кој имаат соодветни надлежности во управувањето со води, изградба на нови и одржување и унапредување на постојните јавни водоснабдителни објекти, изградба на нови и одржување и унапредување на постојните хидромелиоративните системи и хидросистеми, одржување и заштита на природните езера, одржување на водотеци, изградба и одржување на објекти за регулација на водотеци, заштита од штетните дејства на водите вон населени места, подготовка на планови за одбрана од поплави и замрзнување, планови за заштита од ерозија и порои, подготовка на соодветни планови за заштита од други штетни дејствија.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Подобрување со управувањето со водите во Република Северна Македонија.

**Фискални импликации:** Има: 60,000,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Министерство за животна средина и просторно планирање

Б) Материјали

***Информација за развој на Националниот информативен систем за животна средина***

**Образложение:** Воспоставување на единствена национална база на податоците за животната средина, како важен стратешки аспект на Република Северна Македонија, преку имплементација на централна база на податоци во која ќе се складираат сите релевантни податоци за животната средина. Развојот на Националниот информациски систем

за животна средина е континуиран процес кој ги опфаќа следните аспекти: 1. Спроведување на Директивата 91/692/EEC на Советот на Европа со која се стандардизираат и се рационализираат извештаите за спроведувањето на одредени Директиви за животната средина 2. Спроведување на Директивата 2003/4/ЕС на Европскиот парламент и Советот за јавен пристап до информациите за животната средина 3. Спроведување на Директивата 2007/2/ЕС на Европскиот парламент и Советот за воспоставување на инфраструктура за просторни информации во Европската заедница (INSPIRE).

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | „Зајакнати капацитети на МЖСПП за животна средина за собирање податоци за состојбата со животна средина и нивна обработка; " Сите податоци за животната средина се одржуваат во една централна база на податоци во рамките на МЖСПП; " Имплементација на автоматски систем за валидација на податоци " Овозможено автоматско генерирање на извештаи кон меѓународните тела во согласност со ЕУ директивите " Иницирање на е-влада принципи: презентација, сондажа на јавното мислење и комуникација преку електронски медиуми (најчесто Интернет); " Јавно достапни податоци за состојбата со животна средина до јавноста (презентација и дистрибуција на податоци), учество на јавноста и соработка. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за животна средина и просторно планирање |

## *Информација за проектот „Водоснабдување на Делчево”*

**Образложение:** Во рамките на проектот се предвидува да се реализираат активности за изградба дел од системот за водоснабдување на општина Делчево и зајакнување на капацитетите за управување со ЈПКД Брегалница од Делчево.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со реализација на Проектот се овозможува изградба на систем за водоснабдување и на систем за третман на отпадни води во општина Делчево како и зајакната капацитети на јавното комунално претпријатие и се пристапува кон директна имплементација на Законот за води. |

**Фискални импликации:** Има: 36,000,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Министерство за животна средина и просторно планирање

## *Информација за спроведување на ИПА проектот „Понатамошна поддршка во спроведувањето на реформите во секторот води"*

**Образложение:** Информацијата има за цел да ја запознае Владата на Република Северна Македонија за прогресот на активностите од спроведувањето на ИПА проектот.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Зајакнување на капацитетот на централно и локално ниво за планирање, подготвување и спроведување одржливи инвестиции во областа на водата за пиење и отпадни води и постигнување на повисоко ниво на ефикасност во работењето и одржувањето на средствата. |

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за животна средина и просторно планирање

## *Информација за спроведување на ИПА проектот „Изградба на пречистителна станица за отпадни води и рехабилитација и проширување на канализационата мрежа во Тетово" (градба и надзор)*

**Образложение:** Информацијата има за цел да ја запознае Владата на Република Северна Македонија за прогресот на активностите од спроведувањето

на ИПА проектот.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Позитивни влијанија врз заштитата на животната средина преку инвестирање во инфраструктура за собирање и прочистување на урбаните отпадни води пред нивно испуштање во Тетово.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за животна средина и просторно планирање

## *Информација за изработка на инвентаризација и вреднување на геодиверзитетот и геонаследство*

**Образложение:** Обврска од Законот за заштита на природата ("Сл.весник на Република Македонија" бр.67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16 и 63/16). Со изработка на инвентаризација и вреднување на геодиверзитетот и геонаследство ќе се обезбедат податоци за геолошкото и геоморфолошкото наследство на територијата на Република Северна Македонија (спелеолошки објекти, минерали, фосили и геообјекти) и картирање на истите со ГПС координати во државен координатен систем, во функција на заштита и зачувување на природата од антропгените влијанија (урбанизација, легализација на бесправно изградени објекти, доделување на концесии за експлоатација на минерални суровини и сл.) Со изработка на базата на податоци за геодиверзитет и геонаследство ќе се исполнат акцијата 6.2 од Програмата за заштита на природата за 2020 година и акцијата 1.1.4 - Национална цел 1 - Акциониот план од Национална стратегија за заштита на природата 2017-2028 година.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Добивање на релевантни податоци за состојбата со геодиверзитетот и геонаследството како составен дел на природното наследство на територијата на Република Северна Македонија. Збогатување на базата на податоци за природното наследство и ажурирање на Националниот информативен систем за природа. Добивање на податоци за состојбата со геодиверзитетот и геонаследството, во насока на соодветно спроведување на Законот за заштита на природата. |

**Фискални импликации:** Има: 200,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за животна средина и просторно планирање |

## *Предлог - поект за воспоставување на систем за управување со база на податоци за подземни води*

**Образложение:** Катастарот е согласно барањата од законот за водите и преставува планирачка дата база која ќе преставува однова во управувањето со водите во Република Северна Македонија. Исто така со документот ќе се обезбеди интегрално од едно место да се прикажаат најзначајните податоци за подземните води кое пак ќе обезбеди рационално употребување на водните тела во нашата држава. Активностите се предвидени да се реализираат во рамки на проект кој е финансиски поддржан од страна на Швајцарската Влада.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Воспоставување на база на податоци за подземните води кое пак ќе обезбеди рационално употребување на водните тела. |

**Фискални импликации:** /

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за животна средина и просторно планирање |

## *Информација за реализација на проекти за управување и заштита на водите*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Во рамките на Буџетот за 2021 година се предвидени проекти за заштита на водите, каде се предвидени нови проекти за заштита на водите, вклучително и проекти кои се во тек на реализација: Изградба на доводен цевковод- филтер станица / резервоар во н.м Сончев Брег , општина Тетово Реконструкција на колектор и пречистителна станица во Дојран Изградба на канализациона мрежа за н.м. Камење, Боговиње, Пирок и Палчиште, Изградба на колектор и фекална канализација во општина Гостивар, Урбан Блок 21 Каскадно уредување и поплочување на река Пена општина Тетово Изградба/реконструкција на водоснабдителен систем. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Со спроведување на проектите ќе се обезбедат заштита на водите на национално ниво, при што ќе се придонесе кон исполнување на ЕУ препораките за исполнување на Директивата за води. |

**Фискални импликации:** Има: 60,000,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Министерство за животна средина и просторно планирање |

## *Информација за иницијатива за воспоставување на систем за електронско издавање на водостопански дозволи*

| | |
|---|---|
| **Образложение:** | Главна цел е воспоставување на процедура и воведување на информатичка технологија за процесот на издавање на дозволите за водно право и нивното следење. |

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Воведување на информатичка технологија за процесот на издавање на дозволите е тековна активност која се спроведува преку МИОА, каде се работи на каталогот на услуги, во кои се вклучено и дозволите |

за водно право, следна фаза ќе биде нивно дигитализирање

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за животна средина и просторно планирање

## *Информација за спроведување на проекти за третман на отпадни води во Република Северна Македонија*

**Образложение:** Во рамките на Буџетот за 2021 година се предвидени проекти за третман на отпадните водите, каде се утврдени нови проекти како и проекти кои се во тек на реализација: Реконструкција/Изградба на колектор и пречистителна станица во Дојран; Изградба на канализациона мрежа за н.м. Камење, Боговиње, Пирок и Палчиште; Изградба на колектор и фекална канализација во општина Гостивар, Урбан Блок 21; Ревизија на основните проекти за градба на пречистителните станици за отпадни води и на канализацијата во Битола, Тетово и Кичево; Изградба на фекална канализација во општина Теарце ; Поврзување на пречистителна станица во Глумово-Шишево, о.Сарај; Изградба на фекална канализација во н.м Сушица, Самоилово и Ново Село.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

**Очекувани влијанија:** Со спроведување на проектите ќе се зголеми нивото на инвестициите во животна средина, заштита на медиумите, а посебно на водите, исполнување на ЕУ стандардите како и исполнување на барањата на Директивата за води.

**Фискални импликации:** Има: 420,800,000 ден, Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година

**Предлагач:** Министерство за животна средина и просторно планирање

## *Информација за Предлог - стратегија за климатска акција 2020 - 2050 година*

**Образложение:** Изработката и донесувањето на долгорочна стратегија за климатска акција е во согласност со препораките од извештајот на ЕУ за напредокот на државата и согласно заклучоците од 16-от состанок на поткомитетот за транспорт, животна средина, енергетика и регионален развој од месец март 2020 година.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** 2015.0000.7243

**Очекувани влијанија:** Да се зголеми свесноста кај вработените во државните институции за можноста на нивното влијание врз животната средина со постапување согласно барањата на стандардот.

**Фискални импликации:** /

**Предлагач:** Министерство за животна средина и просторно планирање

## Иницијатива со низок приоритет

**Приоритет:**

***Не е поврзан со стратешки приоритет***

Б) Материјали

***Информација за новиот концепт на законот за вработување на лица со попреченост***

**Образложение:** Со Информација за новиот концепт на законот за вработување на лица со попреченост ќе се воспостави нов концепт на вработување на оваа категорија на лица. Преку новиот систем вработување на лицата со попреченост треба да се насочи кон отворениот пазар на труд со обезбедување на поволности насочени кон лицето кое се вработува.

**НПАА-поглавје:** /

**НПАА-подрачје:** /

**ЕУ преговори /предвидена или усвоена преговарачка позиција:** /

**ЕПП:** /

| | |
|---|---|
| **Очекувани влијанија:** | Информација за новиот концепт на законот за вработување на лица со попреченост ќе се овозможи вработување на лицата со попреченост на отворениот пазар на труд, поголема инклузивност, проактивност на лицето со попреченост и работодавачот и усогласување со Конвенцијата за правата на лицата со попреченост |

**Фискални импликации**: Има: 209,103,690 ден, Светска банка

**Предлагач:** Министерство за труд и социјална политика

III. Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето.

**Бр. 40-198/1**
**19 јануари 2021 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА
МАКЕДОНИЈА

**Зоран Заев**